**Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„ - БИТОЛА**
**Ф А К У Л Т Е Т ЗА Б Е З Б Е Д Н О С Т- С К О П Ј Е**
**С К О П Ј Е**

**М-р Кире Јанев**

# Хибридни закани:Ранливоста на безбедноста и опстанокот на државите од тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал и корупцијасо посебен осврт на Република Македонија

**Скопје 2018 година**

МЕНТОР:Редовен. професор. Д-р ЗЛАТЕ ДИМОВСКИ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:

Редовен. професор Д-р ТОМЕ БАТКОВСКИ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Редовен. професор Д-р МИОДРАГ ЛАБОВИЌ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Редовен. професор Д-р МЕТОДИЈА ДОЈЧИНОВСКИ

Воена акедмија „Генерал Михаило Апостолки“ Скопје

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Вонреден професор Д-р МАРЈАН НИКОЛОВСКИ

Факултет за безбедност – Скопје

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

# ИЗЈАВА

Од м-р Кире Јанев

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

м-р Кире Јанев

**Апстракт**

Во 21 век државите добро се справуваат со безбедносните закани од другите држави. Дури и кога имавме меѓудржавна војна во која има голема разлика во соодносот на силите, пример инвазијата на Ирак на Кувајт, меѓународната заедница, со заеднички сили го спречуваше ваквото однесување на државите. Меѓутоа еден друг вид на закани кои станаа актуелни во 21 век а тоа се хибридните закани ја покажаа неспремноста на Обединетите Нации и на големите сили за справување со нив. Така поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал придонесе да секојдневно бидат загрозени голем број на луѓе, држави па и поголеми области ширум светот. Затоа се потребни поенергични мерки од меѓународната заедница за спречување на ваквите закани.

Република Македонија како млада држава со кревка демократија претставува плодна почва за создавање на услови за развој на хибридните закани. Тоа можеме да го видиме од конфликтот во 2001 година, случајот со Смиљковското езеро во 2012 година, па се до последните случувања во Куманово во мај 2015 година.

Врз основа на сето ова може да констатираме дека Република Македонија треба да превземе соодветни мерки за борба против тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал и корупција како што се: создавање на посебни единици за борба против тероризмот и бунтовништвото, поставување на способен и обучен раководен кадар во сите безбедносни и одбранбени институции, создавање на силни разузнувачки служби, департизација на ваквите институции, енергична борба за справување со организираниот криминал и корупција во сите ешалони од власта, модернизација на вооружените сили, опремување со современи технички средства, јакнење на моралот на припадниците на ваквите институции, унапредување на соработката на надлежните институции за справување со ваквиот вид на закани, размена на искуства со други држави, континуирана обука на припадниците на безбедносните, одбранбените и разузнавачките служби, усогласување на постоечките закони и прописи согласно меѓународните критериуми.

**Клучни зборови:** Хибридни закани, тероризам, бунтовништво, организиран криминал, безбедносни закани

**Abstract**

In the 21st century, countries are tackling well with the security threats from other countries. Even when we had an interstate war in which there was a great difference in the proportion of forces, for example, the invasion of Kuwait by Iraq, the international community, with common forces has prevented such behavior from the states. However, another type of threat has become predominant in the 21st century, and that is hybrid threats which demonstrated the unwillingness of the United Nations and the major forces to deal with them. Thus, the connection of terrorism, insurgence and organized crime has contributed to greatly threatening a large number of people, countries and larger areas around the world every day. Therefore, more aggressive measures are needed by the international community to prevent such threats.

The Republic of Macedonia, as a young country with fragile democracy, is a fertile soil for creating conditions for the development of hybrid threats. We can see this from the conflict in 2001, the case of Smiljkovo Lake in 2012, up until the latest developments in Kumanovo in May 2015.

Based on all this, we can conclude that Macedonia should take appropriate measures to combat terrorism, insurgency, organized crime and corruption, such as: formation of special units to combat terrorism and insurgency, appointment of capable and trained management personnel in all security and defense institutions, establishing strong intelligence services, depoliticisation of such institutions, vigorous fight against organized crime and corruption in all echelons of power, modernization of the armed forces, equipping with up-to-date technical means, strengthening the morale of the members of such institutions, promoting cooperation of the competent authorities for dealing with this type of threats, exchange of experiences with other countries, continuous training of the members of the security, defense and intelligence services, harmonization of the existing laws and regulations in line with international criteria.

**Keywords:** Hybrid threats, terrorism, insurgency, organized crime, security threats

Содржина ........................................................................................................6

Вовед..............................................................................................................11

1. Формулирање на истражувачкиот проблем .............................................13
2. Определување на предметот на истражување...........................................17
   2.1. Теоретскоопределување на предметот....................................................17
   2.2. Појмовно - категоријален апарат .............................................................22
   2.3. Операционално определување на предметот.........................................22
   2.4. Временско определување на истражувањето..........................................25
   2.5. Просторно определување на истражувањето..........................................26
   2.6. Дисциплинарно определување на истражувањето.................................26
3. Цели на истражувањето.................................................................................26
4. Хипотетска рамка............................................................................................27
5. Начини на истражување – методи и техники.............................................28
6. Научна оправданост на истражувањето.......................................................29

ЕТИОЛОШКИ И ФЕНОМЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРОРИЗМОТ, БУНТОВНИШТВОТО И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА

1. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на тероризмот.......................31
   1.1. Поим за тероризам.......................................................................................31
   1.2. Тероризмот низ историјата..........................................................................31
   1.3. Дефинирање на тероризмот.........................................................................34
   1.4. Појавни облици на тероризам.....................................................................38
   1.4.1. Внатрешен тероризам................................................................................38
   1.4.2. Меѓународен тероризам.............................................................................39
   1.4.3. Емигрантски тероризам..............................................................................40
   1.4.4. Нуклеарен тероризам..................................................................................41
   1.4.5. Хемиски тероризам.....................................................................................42
   1.4.6. Биолошки теоризам.....................................................................................44
   1.4.7. Сајбер тероризам.........................................................................................47
   1.4.8. Самоубиствен тероризам............................................................................49
   1.5. Причини за појава на тероризмот.................................................................53
   1.6. Карактеристики на тероризмот.....................................................................55
   1.7. Цели на тероризмот........................................................................................56
   1.8. Фази на терористичките активности............................................................57
   1.9. Структура на терористичките организации..................................................59
2. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на бунтовништвото.................60
   2.1. Поим за бунтовништво....................................................................................61
   2.2. Бунтовништвото низ историјата.....................................................................61

2.3. Дефинирање на бунтовништвото...61
2.4. Појавни облици на бунтовништво...63
2.5. Причини за појава на бунтовништвото...72
2.6. Карактеристики на бунтовништвото...72
2.7. Разлики помеѓу тероризмот и бунтовништвото...73
3. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на организираниот криминал и корупцијата...75
3.1. Поим за организиран криминал...75
3.2. Дефинирање на организираниот криминал...77
3.3. Појавни облици на организиран криминал...78
3.4. Типови на организиран криминал...80
3.5. Карактеристики на организираниот криминал...82
3.6. Дефинирање на корупцијата...83
3.7. Типови на корупција...85
3.8. Видови на корупција...85
3.9. Причини за појава на корупцијата...87
3.10. Поврзаноста помеѓу организираниот криминал и корупцијата и нивните разлики...89

МОДЕЛИ НА ХИБРИДНИ ЗАКАНИ ВО 21 ВЕК

1. Ал Каеда...92
1.1. Историски развој на Ал Каеда...92
1.2. Идеологија...94
1.3. Афилијации (придружнички) на Ал Каеда...96
1.4. Финансирање на Ал Каеда...96
1.5. Хибридни карактеристики на Ал Каеда...99
1.5.1. Тероризам...99
1.5.2. Криминални активности...99
1.5.3. Бунтовништво...100
1.5.4 Пропаганда и информациско војување...100

2. Исламска Држава во Ирак и Левант (ИСИЛ/ИСИС)...101
2.1. Создавање и развој на Исламска држава...101
2.2. Хибридни карактеристики на Исламска држава...103
2.2.1. Тероризам...104
2.2.2. Бунтовништво...105
2.2.3. Криминални активности...109
2.2.4. Пропаганда и информациско војување...109
2.3. Компаративна анализа...110
2.4. Можен тек на настаните поврзани со борбата против Исламската држава...111

3. Конфликтот во Украина....................................................................................113
3.1. Односот на Украина со НАТО и Русија(1991-2013)........................................114
3.2. Анексијата на Крим.........................................................................................115
3.3. Конфликтот во Источна Украина (Донбас)......................................................118
4. Конфликтот во Сирија.......................................................................................121
4.1. Причини за појава на конфликтот во Сирија...................................................125
4.2. Инволвирани страни во конфликтот...............................................................126

БОРБА ПРОТИВ ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Борба против тероризмот и бунтовништвото.......................................................132
1.1. Меѓународна конференција за спечување на финансирање на тероризмот.....140
1.2. Конвенција за перење, барање, заплена и конфискација на приходи стекнати криминал и за финансирање на тероризмот (Варшавска конвенција)....................141
1.3. Европска безбедносна стратегија.....................................................................142
2. Борба против организираниот криминал и корупцијата.......................................143
2.1. Позначајни документи за борба против организираниот криминал и корупцијата........................................................................................................144
2.1.1. Конвенција на ООН за незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанции (Виенска Конвенција)...............................................................144
2.1.2. Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал (Конвенција од
Палермо)...........................................................................................................145
2.1.3. Конвенција на ООН против корупцијата.......................................................146
3. Современи методи за спротвставување на хибридните закани..............................147
3.1. Оперативно –тактички мерки кои се превземаат во борбата против хибридните закани...............................................................................................................148
3.1.1. Патролна дејност............................................................................................148
3.1.2. Информативна дејност....................................................................................148
3.1.3. Криминалистички евиденции.........................................................................149
3.1.4. Заседа..............................................................................................................150
3.1.5 Употреба на службени кучиња.........................................................................151
3.1.6. Рација..............................................................................................................151
3.2. Употреба на посебните истражни мерки во борбата против хибридните Закани...............................................................................................................152
3.3. Специјални единици и нивната улога во борбата против хибридните закани.156
3.3.1. Оперативен одред на специјални сили – Делта..............................................157
3.3.2. Спецназ...........................................................................................................157
3.3.3. Специјална воздухопловна служба – САС......................................................158
3.3.4 . Европска атлас група......................................................................................158
3.3.5. Специјални единици во Република Македонија.............................................159

3.3.4.1. Полк за специјални операции – пСО.....................................................159
3.3.4.2. Единица за брзо распоредување – ЕБР.................................................160
3.3.4.3.Единица за специјални задачи – Тигар..................................................161
3.4. Репресивни мерки...................................................................................163
3.5. Превентивни акции..................................................................................164
3.6. Мерки за спречување на финансирање на хибридните закани.........................165
3.7. Дипломатија.............................................................................................168

УЛОГАТА НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КОНФЛИКТИТЕ ВО 21 ВЕК

1. Причини за појава на приватните воени организации.................................173
2. Употреба на приватните воени организации во решавањето на конфликти..........174
3. 3. Блекводер.................................................................................................177
   3.1. Кризата во Фалуџа .................................................................................177
   3.2. Убиството на цивили на плоштадот Ниазор – Багдад.................................178

РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Дефинирање на поимот разузнавање и разузнавачки служби..............................181
   1.1. Дефинирање на поимот разузнавање.........................................................181
   1.2. Дефинирање на разузнавачките служби......................................................181
2. Собирање на разузнавачки информации.............................................................182
3. Обработка на податоците..................................................................................183
   3.1. Изработка на разузнавачки документи.......................................................185
   3.2. Презентирање на разузнавачките податоци..................................................186
4. Улогата на разузнавачките служби во борбата против хибридните закани............186
   4.1. Разузнавањето во борба против тероризмот и бунтовништвото......................186
   4.2. Разузнавањето во борба против организираниот криминал...........................189
5. Разузнавачка соработка.....................................................................................192
6. Контраразузнавање............................................................................................193

РАНЛИВОСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И СУВЕРЕНИТЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ВЛИЈАНИЕТО НА ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Дефинирање и поставеност и функционирање на националната безбедност.........197
2. Националните интереси на Република Македонија и проценка на можностите за нивно загрозување од хибридните закани...............................................................199
3. Институции (субјекти) кои ја остваруваат безбедноста во Република Македонија.....................................................................................................200
4. Компоненти на системот за национална безбедност во Република Македонија...201

4.1. Вооружени сили на Република Македонија........................................................201
4.2. Полициски сили на Република Македонија........................................................202
4.3. Разузнавачко-безбедносни служби на Република Македонија..........................203
5. Облици на загрозување на националната безбедност на Република Македонија...205
5.1. Актуелни и потенцијални закани по националната безбедност на Република Македонија.........................................................................................................205
5.1.1. Директни безбедносни закани........................................................................205
5.1.1.1. Лица повратници од вооружените судири на Блискиот Исток..................205
5.1.1.2.Организираниот криминал и корупцијата....................................................208
5.1.1.3. Зелена трансверзала........................................................................................209
5.1.1.4. Проект Голема Албанија односно Република Илирида..............................210
5.1.2. Индиректни закани.........................................................................................214
5.1.2.1. Меѓународниот капитал и транснационалните компании..........................214
5.1.2.2. Странски дипломатски, конзуларни и други претставништва во Република Македонија.........................................................................................................216
6. Влијанието на сиромаштијата врз безбедноста на Република Македонија.............218
7. Анализа на случај (Case study).........................................................................219
7.1. Конфликтот во 2001 година.............................................................................219
7.1.1. Ослободителна Народна Армија (ОНА)..........................................................221
7.1.2. Структура наОНА.............................................................................................224
7.1.3. Хибридни карактеристики на ОНА.................................................................225
7.2. Тек и Разрешување на кризата..........................................................................230
7.3. Прекин на непријателствата..............................................................................235
8. Терористичкиот акт кај Смиљковското езеро – април 2012 година........................237
9. Борба против терористичко – криминалната група во Куманово..........................238

АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАПРАВЕНАТА АНКЕТА ЗА СТАВОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА ВО РМ И СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ, ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ОПСТАНОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ, БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Резултати од истражувањето..........................................................................241

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ..................................................................................276

Библиографија...................................................................................................281

## Вовед

Живееме во време на глобализација, каде што светот стана едно глобално село, глобализацијата како процес ја поврза економијата во целиот свет, но од друга страна ги поврза и терористичките, бунтовничките, криминалните организации од целиот свет. Нерамномерниот економски развој, империјалистичките претензии на големите сили пред се на САД и Русија, терористичките напади во САД, Европа, војните на Блискиот Исток пред се во Сирија, Ирак и Авганистан доведе до тоа да се создадат мошне комплексни политички односи помеѓу државите. Се почести се вооружените судири внатре во државите кои може да траат и со децении без изгледи за воена завршница или постигнување на некоја спогодба: Чеченија, Колумбија, Израел, Шри Ланка, новонастанатите конфликти во Либија, Украина и Сирија. Овие конфликти може да доведат до тоа да државата да нема власт над  одреден дел од својата територија случаите со Сирија и Украина, или пак до промена на целокупната власт во државата случајот со Либија. Карактеристично за  конфликтите во 21 век е тоа што бунтовниците и терористите имаат голема подршка од надвор, на пример бунтовниците и терористите во Сирија имаат подршка од САД, Турција, Катар, Саудиска Арабија и други, бунтовниците во Украина имаат подршка од Русија, бунтовниците во Либија имаа подршка од САД, ЕУ, НАТО.

Државите со стабилна економија и со правилна распределба на материјалните добра помеѓу населението, помалку се подложни на политички и социјални потреси за разлика од сиромашните држави во кои доаѓа до израз социјалната нееднаквост и економската нестабилност, иако денес и најразвиените Европски држави, САД, Русија не се потполно безбедни поготово од теророриозмот и организираниот криминал.

Кај младите и слабите држави со сеуште недоволно развиена демократија, кај што постојат економски проблеми, голема невработеност, сиромаштија, корупција, етнички и религиозно нехомогено население постои реална опасност за појава на хибридните закани. Уште ако овие држави се на линијата на огнот во борбата за новиот светски поредок помеѓу големите сили, пред се САД, ЕУ и Русија - примерите со Украина, Блискиот Исток и Балканот тогаш појавата на овие закани е сосема реална опасност.

Токму нерамномерниот економски развој и присуството на западните сили на Блискиот Исток беа една од причините за појавата на тероризмот и бунтовништвото во овој дел од светот. Како една од целите на Ал каеда е протерување на Американците и нејзините сојузници и создавање на една исламска држава. ИСИС (Исламската Држава на Ирак и Левант) ги споделува истите цели што ги има Бин Ладен а тоа е воспоставувањето на глобален калифат, гледајќи го Западот и нејзините сојузници како непријатели и го гледа насилството како најефикасен начин за постигнување на своите цели[1]. Честопати погрешните политики ( намерно или ненамерно), наместо да го спречат тероризмот тие уште повеќе го стимулираат, случајот со ИСИС  во Сирија и Ирак. Големите разурнувања во овие држави пак повлекоа голем бран на мигранти кон Европа, ставајки ја Европската Унија во независна ситуација особено што постои голема можност со мигрантите да бидат уфрлени и припадници на ИСИС кои подоцна би вршеле терористички напади на територијата на Европаската Унија. Така за  терористичките напади кои што се случија на 13.11.2015 година во Париз, каде во серија на терористички напади загинаа повеќе од 150 луѓе, беше пласирана и една информација дека еден од терористите е мигрант кој ја преминал грчката граница и преку Балканската рута заминал за Франција[2].

Република Македонија како млада демократија која по распадот на Југославија се соочува со голем број на проблеми како што се: слаба економија, голема стапка на невработеност која што во одредени периоди достигнуваше дури и над 40 %, нерешени проблеми со малцинствата пред се се мисли на Албанците во Република Македонија, нерешените проблеми со соседите – знаеме дека поради спорот со името со Република Грција веќе подолго време Република Македонија не може да влезе во Европската Унија и НАТО заради грчката блокада, нерешениот статус со Република Бугарија која што вели дека сме еден народ во две држави, интенцијата кај некои високи функционери во Косово и Албанија за создавање на една голема албанска држава која што би опфатила и еден дел од Западна Македонија, Организираниот криминал и корупцијата, сите овие елементи придонесуваат Република Македонија да биде мошне ранлива од овие хибридни закани. Во тој прилог оди и конфликтот во 2001 година, изјавата на американскиот државен

[1] M.Morel, The great war of our time, HachetteBookGroup, New York,2015,p.307.

[2]На островот Лерос на 3 октомври 2015 година, тој е регистриран согласно правилата на ЕУ – велат за Ројтерс  претставници на грчката полиција - http://vesti.mk/read/news/7067073/2632176/eden-od-teroristite-vo-pariz-stignal-vo-evropa-preku-makedonija(14.11.2015).

секретар Џон Кери во подкомитетот на американскиот сенат дека: Македонија, Србија, Косово, Црна Гора и другите држави, како Грузија, Молдавија, Придњестровје се на линијата на огнот во односите на САД и Русија во конфликтот во Украина[3], интересна коинциденција набргу потоа ни се случи борба против терористите во Куманово во мај 2015 година, од сето ова е јасно дека на Република Македонија под итно и е потребно јакнење на одбранбените, безбедносните и разузнавачките капацитети.

## 1. Формулирање на истражувачкиот проблем

Луѓето заради полесно остварување на своите основни животно – егзистецијални потреби се организирани во држави. Држава претставува политичко – правна, меѓународно призната, суверена општествена заедница со свои органи за остварување на законодавната, извршната и судската власт, организирана на определена територија. За државата пак како целина од витално значење е безбедноста. Секојдневно во светот има убиства, изгладнетост, тортура, силувања, осиромашувања, затварања, раселувања или неможност за школување во името на безбедноста. Што означува поимот безбедност? Во техничкиот жаргон на социјалната наука безбедноста често се објаснува како суштински оспоруван концепт[4]. Од една страна ова е секако точно – безбедност без сомневање значи различни нешта за различни луѓе – на апстрактно ниво повеќето научници по меѓународни односи работат со дефиницијата за безбедност која вклучува отстранување на закана од негативни влијанија[5]. Дефинирајќи ја на овој начин, безбедноста е неизбежно политичка, што значи дека игра важна улога во решавањето на тоа кој, што, кога и како добива во светската политика. Во минатото низ историјата сме сведоци за многуте војни кои што се воделе се со цел за освојување на што поголеми територии од туѓите држави за сметка на зголемување на моќта и пространството на сопствените држави. Денеска во 21 век класични војни скоро и да нема, меѓутоа се поголем е бројот на конфликтите во светот кои што се случуваат а каде што главната улога ја имаат хибридните закани. Ако ги земеме последните активни конфликти во Украина и Сирија ќе видиме дека опасноста по

[3] http://kapital.mk/keri-makedonija-e-na-linijata-na-ognot-vo-odnosite-megu-sad-i-rusija-vo-ukraina/ (20.09.2015).
[4] Пол Д. Вилијамс, Студии по безбедност, Арс Ламина ДОО, Скопје 2012, стр.1.
[5] Ибид.

безбедноста и опстанокот на државите доаѓа токму од хибридните закани како што се: организираниот криминал, бунтовништвото, тероризмот секако со значајна подршка и од надворешните актери. Загриженост за хибридните закани првпат се гледа во новиот стратешки концепт на НАТО од 2010 година инкорпорирани во Capstone концептот на НАТО, кој ги дефинира хибридните закани како "оние кои се поставени од страна на противниците, со можност за истовремено користење на конвенционални и неконвенционални средства приспособени за постигнување на своите цели[6].Во мај 2015 година, во Европската служба за надворешна акција кружи документ за дискусија на тема "Борбата против хибридните закани", кој потврдува дека ЕУ треба да биде во можност да го признае целосниот ефект на хибридни закани, и да им се спротивстави со градење на поголема еластичност[7].

Примери за Хибридни закани:

- Тероризам – терористичките организации како Боко Харам, Ал каеда, ИСИС, кои своите дејства ги имаат насочено низ териториите на повеќе држави, користејќи разни економски, воени и технолошки алатки за постигнување на своите цели,
- Бунтовништво – операциите на бунтовниците во Источна Украина, како и на бунтовниците во Либија подржани од НАТО за соборување на режимот на Моамер Ел Гадафи,
- Сајбербезбедност – операциите на хакерите кои се поврзани со државите како Русија и Кина, користејќи го сајбер оружјето во отсуство на користење на било какви норми на однесување во сајбер просторот,
- Организиран криминал- вооружени криминални групи и нарко картелите во Мексико кои користат насилство во борбата за територија и економски профит. Ерозијата на безбедноста, пак, има негативно влијание на мексиканската економија,
- Поморски спорови: Кина ги остварува своите цели во Јужното Кинеско Море, со комбинирање на економски и воен притисок со долгогодишни проекти мелиорација во архипелагот Спретли,

[6] http://epthinktank.eu/2015/06/24/understanding-hybrid-threats/(23.10.2015)
[7]Ибид.

- Тајни операции: стратегиско користење на специјалните сили и информации на Русија во Украина.

Проблемите од хибридните закани врз државите треба да се актулизираат во научната и пошироката јавност поради општествено – економските штети кои што настануваат од нив и поради тоа што претставуваат една од најголемите закани по безбедноста и опстанокот на државите. Неминовна е потребата од воведување на семинари и обуки на припадниците на безбедносните сили за справување со ваквите предизвици како и за изработка на државна стратегија со која би се создале услови за успешно превенирање и спречување на хибридните закани. За да ја утврдиме ранливоста на државите од хибридните закани треба да одговориме на повеќе прашања: Кои се причините за појава на тероризмот и бунтовништвото? Какви се последиците врз државите од поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал? Кои се начините на спречување на перењето на пари и финансирањето на тероризмот и бунтовништвото? Каква е улогата на приватните војски во решавањето на конфликтите? Кои се целите на спротивставените бунтовнички или терористички групи – дали се работи за : економски, политички, социјални, територијални, етнички, верски, верско – политички, етничко – верски, политичко – територијални, националистички, расни и други противречности? Какви се капацитетите на безбедносните, одбранбените, и разузнувачките структури на Република Македонија во однос на претпоставените загрозувања на безбедносен план?

Проблемот кај ова теоретско – емпириско истражување се однесува на ранливоста на државите од тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал, со посебен осврт на Република Македонија која што како и многуте други држави е изложена на влијанието од ваквите хибридни закани.

Во 2001 година Република Македонија беше зафатена со еден комплексен, комбиниран конфликт. Кризата започна по инцидентот во с.Танушевци а се заврши со потпишувањето на Охридскиот мировен договор.

Според д-р. Зоран Нацев:„ Во 2001 година во РМ беше манифестирано насилство од страна на организирани екстремистички групи кои преку вооружени дејствија тргнаа во остварувањето на проектираните интереси и цели. Екстремистичките групи беа длабоко

убедени дека насилните методи се единствена алтернатива за остварување на аспирациите во одделни историски околности и состојби“[8].

Ако знаеме дека војната претставува судир меѓу две или повеќе држави во кои организирано и масовно се применува вооруженото насилство поради остварување на политички цели. Во Република Македонија правно немавме војна, меѓутоа во тоа време се одвиваа воени дејства и акции. Односно Република Македонија како држава не беше нападната од други држави иако се чувствуваше надворешното влијание поготово од Косово од кај што се уфрлаа терористички групи на територијата на Република Македонија. Спореде сознанијата со кои се укажуваше на присуство на дел од поранешните припадници на УЧК и на заштитниот косовски корпус на наша територија заради извршување на терористички акции, сепак таквиот упад не може да се карактеризира како напад од друга држава. Во Република Албанија имаше кампови за обука на терористите а истотака од нејзина територија се вршеше и шверц на оружје за терористите во Македонија. Во ваква ситуација не можеше да се прогласи воена состојба па се даваа искази од типот:упад на екстремистички групи од странство, извршување на терористички акции од страна на терористички групи потпомогнати од странство и слично.

Според д-р. Митко Котовчевски:„ Воениот конфликт во РМ имаше некои обележја на судир со низок интензитет во кој доминираа терористичките дејства со променлив интензитет,и што е најзначајно, во ниедна фаза не дојде до нивна ескалација надвор од границите на овој вид конфликти[9].

Сеуште неразјаснет е и случајот со Смиљковското езеро. Доцна вечерта на 12 април 2012 година, полицијата откри пет убиени луѓе покрај Железарското езеро во близина на скопското село Смиљковци. Од петте убиени, четири беа млади жители на Радишани, а петтиот убиен беше жител на Црешово – село во близина на Скопје.На 1 мај, службите за безбедност приведоа 20 лица осомничени за поврзаност со петкратното убиство. Според МВР, осомничените наводно припаѓале на „радикална исламистичка

[8]Современа македонска одбрана , број 7, јуни 2003 година, стр. 19
[9]Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација Скопје 2003 година, стр.11

група“. Подоцна беше објавено дека дел од приведените беа задржани, односно тројца задржани, останатите ослободени а по двајца уште се трага.

На 9 мај 2015 година во Куманово беше изведена акција за разбивање на криминално – терористичка група.Во акцијата загинааосум припадници на специјалните полициски единици и 37 беа повредени[10], убиени се и 10 членови на групата а 28 се предадоа на полицијата[11].

Според изјавата на помошник министерот за внатрешни работи Иво Котевски - Акцијата во Куманово е преземена заради разбивање поголема добро вооружена и обучена терористичка група, која планирала напади на државни институции[12]. Сите овие настани јасно ни говорат дека Република Македонија не е имуна на овие закани и дека постои реална опасност по безбедноста и опстанокот на Република Македонија.

## 2. Определување на предметот на истражување

### 2.1.Теоретско определување на предметот

Следејки ја ситуацијата во најголемиот број на конфликти како главни актери се јавуваат бунтовниците, терористите и организираните криминални групи. Ако извршиме анализа на ваквите конфликти ќе увидиме колкава е ранливоста на државите од овие хибридни закани. Со оглед на тоа дека за опасноста од поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминл во минатото не се посветувало големо внимание, затоа и немаме голем избор на материјали за донесување на соодветни заклучоци. Постои можност за изведување на одредени заклучоци од досегашните теоретски истражувања од САД и некои од земјите од ЕУ. Во овој труд излагањето е преку теоретски модели и презентација на одредени факти од областа на безбедноста да се покаже поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал и нивното влијание врз опстанокот и безбедноста на државите со посебен осврт за влијанието на ваквите закани врз националната безбедност и опстанокот на Република

---

[10] http://meta.mk/mvr-za-aktsijata-vo-kumanovo-teroristite-planirale-napadi-vrz-drzhavni-institutsii/(23.10.2015)
[11]Ибид.
[12]Ибид.

Македонија. Воедно ќе извршиме проценка на безбедносните, одбранбените и разузнавачките служби на Република Македонија за нивнатата подготвеност и можност за успешно справување со ваквите закани. Исто така резултатите од истражувањето треба да ни дадат една реална слика за ставот на студентите на Факултетите за безбедност и одбрана во Република Македонија и стручната јавност во Република Македонија, каде што преку компаративна анализа на резултатите од анкетата ќе ги согледаме нивните мислења за безбедноста, какви се нивните ставови во врска со хибридните закани, дали постои опасност по националната безбедност на Република Македонија од ваквите закани.

Кога збориме за дефинирање на хибридниве појави за тероризмот, бунтовништвото, организираниот криминал и корупција иако се направени повеќе обиди досега ниедна дефиниција не е општоприфатена.

Постојат повеќе дефиниции за тероризмот првин ќе започнеме со дефинирањето на тероризмот според**проф. Злате Димовски** тероризмот го дефинира вака: „Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел[13].

**Според Кривичниот законик на Р.М. член 313**: Тероризмот правно се определува на следниов начин :

Тој што со намера да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија ќе предизвика или сериозно ќе се закани со предизвикување експлозија, пожар, поплава или друго општоопасно дејствие или акт на насилство, создавајќи чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со затвор најмалку десет години.[14].

Додека пак во член 394-б тероризмот е дефиниран како:

Тој што ќе изврши едно или повеќе дела на убиство, телесно повредување, грабнување на лица, уништување на јавни објекти, транспортни системи, објекти на

---

[13]Димовски, З.,Илијевски, И. Меѓународен тероризам,Факултет за безбедност, Скопје 2011 година, стр. 17.

[14]http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%9A%D1%80%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%87%D0%B5%D0%BD-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf .

инфраструктура, компјутерски системи и други објекти за општа употреба, грабнување на авиони или други средства на јавен транспорт, производство, поседување, транспорт, трговија, набавка или примена со нуклеарно оружје, биолошки, хемиски оружја и други видови на оружја и опасни материи, како и истражувања во насока на развој на биолошко и хемиско оружје, пуштање на опасни радиоактивни, отровни и други опасни супстанции или предизвикување на пожар или експлозија, уништување на постројки за снабдување со вода, енергија или други основни природни извори, со намера за загрозување на животот и телото и создавање чувство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со затворнајмалку десет години или со доживотен затвор[15].

Додека пак, според општоприфатената и актуелна дефиниција на **Федералното истражно биро(ФБИ)** на САД, тероризмот е: „Незаконска употреба на сила или насилство против лица или имот со цел да се застраши или присили влада, цивилно население или било кој сегмент од општеството, во остварувањето на политички или социјални цели“.

Во поново време поготово по терористичките напади врз САД расте и грижата на Европа од тероризмот па така со заеднички напори на 24 Јануари 2002 година парламентарното собрание на советот на Европа ја усвои **Резолуцијата 1271**[24] за борба против тероризмот и почитување на човековите права во која е вградена дефиницијата за тероризмот, општоприфатена од Европската Унија.

Според оваа дефиниција тероризам, односно терористички акт ќе се смета секој намерен акт, кој може сериозно да загрози една држава или меѓународна организација, што е дефинирано како повреда на националниот закон преку учество во спроведувањето на следните цели:

1. сериозно застрашување на популацијата;
2. нелегално присилување на влада или меѓународна организација да извршува или да се воздржува од извршување на некој акт;
3. сериозно дестабилизирање или уништување на фундаменталните политички,

[15]Ибид.

уставни, економски или социјални структури на една држава или меѓународна организација:

- напад на личниот живот кој би можело да предизвика смрт,
- напад на физичкиот интегритет на лица,
- киднапирање или  земање на заложници,
- предизвикување екстензивна деструкција на владата или јавните установи, системот за транспорт, инфраструктурата, јавната или приватната сопственост, со цел загрозување на човековиот живот или нанесување голема економска загуба,
- киднапирање на воздухоплови, бродови или други средства од јавниот превоз,
- производство, поседување, набавка, транспорт, снабдување или употреба на оружје, експлозиви или (Нуклеарно, Хемиско и Биолошко) НХБ оружје, како и истражување и развој на биолошко и хемиско оружје,
- ослободување опасни супстанции или предизвикување пожари, експлозии или ширење на ефектот со цел загрозување на човековиот живот,
- мешање или прекинување на снабдувањето со вода, енергија или секаков друг фундаментален природен извор чија цел би била загрозување на човековиот живот,
- закана за учество во било кој од претходно наведените дела,
- водење на терористичка група,
- учествување во активности на терористичка група, вклучувајќи собирање информации или извори на материјали или пак фундирање на своите активности на секој начин со знаење за фактот дека ваквото учество ќе придонесе за криминални активности на групата[16].

Бунтовништвото како поим иако се разликува од тероризмот честопати во минатото се поистоветувало со тероризмот или пак се нарекувало со различни имиња како востание, државен удар, револуција, нерегуларно војување и слично. Според НАТО бунтовништвото претставува: збир на активности на организирана, често идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да предизвика или да спречи политички

[16]Котовчевски М.„Современ тероризам“, , Македонска цивилизација, Скопје 2003година, стр.63-64.

промени од страна на владејачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија[17].

Во САД бунтовништвото се дефинира како : организирана употреба на субверзија и насилство за да превземе, предизвика и спречи политичка контрола на регионот[18].

Како тероризмот и бунтовништвото така и организираниот криминал претставува сложен и комплексен поим и за него не постои универзална дефиниција па така:
Според проф. Миодраг Лабовиќ организираниот криминал претставува: организирана криминална активност на група составена од три или повеќе лица, која што делува подолг временски период за извршување на сериозни кривични дела, со различен степен на организациска структура, со мешање на легалниот и нелегалниот бизнис преку инвестирање на криминални приноси во легални бизниси или други легални трансакции, со влијание врз државната администрација, полицијата, правосудството и политиката, кои што во определени ситуации може да се најдат под целосна контрола на организираниот криминал, што имплицира директна инволвираност на државно – политички структури се до целосно контролирање или влијание врз определени медиуми и невладини организации, при што, методите на насилство се користат доколку перфидните методи на притисок и корупција не дадат очекуван исход[19].

Акдемик Владо Камбовски го дефинира како: извршување на казнени дела од страна на злосторничко здружение заради остварување на профит и (или) моќ, со употреба на насилство или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење[20].

Во конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (Палермо 2000) член 2 под: организирана криминална група се подразбира структурирана група од три или повеќе лица, која постои за определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела, или дела определени со Конвенцијата заради остварување на директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист.

---

[17] NATO, Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP – 3.4.4, February 2011, chapter3,p.1.
[18]/www.dtic.mil/doctrine/new_pubs/jp1_02.pdf, p117.
[19]Лабовиќ М. Николовски М., Организиран криминал и корупција,Скопје,2010, стр.59.
[20] Камбовски В., Организиран криминал, 2-ри Август С,Штип,2005, стр.29.

## 2.2.Појмовно – категоријален апарат

Заради елиминирање на можните недоразбирања и различното толкување на помите, термините и категориите ќе извршиме нивно дефинирање.

- **Безбедноста** подразбира стабилна , релативно предвидлива средина во која поединец или група може да ги постигне своите цели без попречување или штета, или чувство на страв од вознемирување или од повреда[21].
- **Безбедносни закани** претставуваат појави кои што може да ја нарушат безбедноста на поединци, групи или цели држави.
- **Хибридни закани** – термин што опфаќа широк спектар на неповолни околности и постки како што се: тероризмот, миграцијата, пиратеријата, корупцијата, етничките конфликти итн[22].
- **Хибриден конфликт** е ситуација во која страните се воздржуваат од отворена употреба на вооружените сили едни против други, туку на комбинација на воено заплашување (куси напади), искористување на економските и политичките слабости, и со дипломатски или технолошки средства да се остварат своите цели[23].
- **Бунтовништво** – Организирано движење во насока на соборување на конституирана влада преку употреба на субверзија и вооружен конфликт[24].
- **Тероризам** – како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко,хемиско,радиолошко,нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел[25].

[21] Фишер Р.,Хелибозек Е.,Грин Г., Вовед во безбедноста, Арс Ламина ДОО, Скопје 2013, стр.31.
[22] http://www.act.nato.int/nato-countering-the-hybrid-threat ( 18.09.2015 )
[23] http://epthinktank.eu/2015/06/24/understanding-hybrid-threats/(23.10.2015)
[24] http://www.thefreedictionary.com/insurgency (20.09.2015).
[25] Димовски З.,,Илијевски И., Меѓународен тероризам, Факултет за безбедност, Скопје 2011, стр.17.

- **Терористичка организација** – се илегални организации кои ги организираат група на луѓе кои делуваат според однапред поставени политички или други цели.
- **Организиран криминал** – организирана криминална активност на група составена од најмналку три или повеќе лица, која што делува релативно подолг временски период за извршување на сериозни кривични дела, со различен степен на организациска структура, со мешање на легалниот и илегалниот бизнис преку инвестирање на криминални приноси во легални бизниси или други легални транскации, со влијание врз политиката, полицијата, правосудството, државната и јавна администрација, определни невладини организации и медиуми, кои што во определени ситуации може да се најдат под целосна контрола на организираниот криминал, што може да имплицира и директна инволвираност на државно-политички структури, при што, методите на насилство се користат само како ultima ratio доколку перфидните методи на притисок, конвенционална корупција или неконвенционалните облици на злоупотреба на високите позиции во институционалната хиерархија на системот, не дадат очекуван исход[26].
- **Организирана криминална група** според Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал е составена од три или повеќе лица, која што егзистира одреден период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни казниви дела установени со оваа Конвенција, заради остварување на директна или индиректна финансиска корист или друг вид материјална корист[27].
- **Корупција** – злоупотреба или искористување на јавната функција, положба или должност со пречекорување или неизвршување на доверените јавни овластувања, со цел остварување на лични, приватни или партиски интереси[28].
- **Разузнувањето** претставува организирана активност на општествена група, движење, партија и дел од државниот апарат ( државата ), насочена кон

[26]Лабовиќ М. Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност , Скопје,2016, стр.228.
[27] Лабовиќ М. Николовски М., Организиран криминал и корупција,Скопје,2010, стр.55.
[28] Ибид.,стр.191.

прибирање тајни податоци и информации од потенцијален или актуелен противник од воен, политички, економски и културен карактер, а со цел реализирање на сопствените витални интереси[29].

- **Разузнувачка служба** е организирана активност или организација – установа која по барање и интенција на водечките политички сили, собира, проценува и им презентира на водечките политички структури, класи или држави, одредени податоци за противникот, ги штити сопствените интереси од противникот и се ангажира на други активности со кои се допринесува за остварување на одредени политички цели[30].
- **Контраразузнавањето** може да се дефинира како разузнавање за непријателски разузнувачки активности и капацитети за демаскирање на непријателски разузнавачки операции[31].
- **Европска Унија** е регионална организација на европските држави низ која членките ги остваруваат своите заеднички цели како што се урамнотежен економски и општествен развој, висока стапка на вработенсот заштита на правата и интересите на граѓаните[32].

## 2.3.Операционално определување на предметот

Предметот на истражување во докторскиот труд се однесува на ранливоста на државите од хибридните закани и тоа:

- Дефинирање на тероризмот и неговото влијание врз безбедноста на државите;
- Дефинирање на бунтовништвото и неговото влијание врз опстанокот на државите ;
- Дефинирање на организираниот криминал и организирана криминална група и неговото влијание врз опстанокот на државите;
- Согледување на поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал и нивното влијание врз опстанокот на државите;

[29] Батковски Т., Разузнувачка, безбедносна, контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје 2008, стр.17.
[30] Џорџевич Ж. Обрен, Основи државне безбедности, Виша школа унутрашних послова, Београд,1980, стр.29.
[31]Дојчиновски М.,Оџаков Ф., Разузнавачки операции, Соларис принт,Скопје,2010 година,стр.157.
[32] http://www.seio.gov.rs/info-servis/ukratko-o-eu.242.html(15.11.2015)

- Утврдување на значењето и улогата на разузнавачките служби во борбата против хибридните закани;
- Утврдување на влијанието на корупцијата врз безбедноста на државите;
- Улогата на приватните корпорации во борбата против овие закани;
- Анализа за ранливоста на Република Македонија од хибридните закани и утврдување на способноста на безбедносните, одбранбените и разузнавачките сили за справување со ваквиот тип на закани;
- Насоки за превенирање и спречување на хибридните закани.

### 2.4.Временско определување на истражувањето

Истражувањето го опфаќа периодот од 2001 до 2016 година, период во кој хибридните закани ја забележуваат својата кулуминација како на меѓународната сцена, така и во Република Македонија. Причините за вакво определување на временската рамка се настаните што се случуваа во овој период односно:

- Терористичките напади врз САД од 11 септември 2001 година,
- Конфликтот во Република Македонија во 2001 година,
- Бомбашкиот напад во ноќен клуб во Бали, 12 октомври 2002 година
- Бомбашките напади врз возовите во Мадрид, 11 март 2004 година
- Масакрот во Беслан, 1 септември 2004 година
- Терористичките напади во Лондон, 7 и 21 јули 2005 година
- Терористичките напади во Мумбаи, 26 -29 ноември 2008 година
- Војната во Либија и симнувањето на Гадафи од власт 2011 година,
- Смиљковско езеро во 2012 година,
- Разбивањето на криминално – терористичката група 9 мај 2015 година
- Ситуацијата во Украина,
- Војната во Сирија од 2011 година па до сега,
- Состојбата на Балканот и Европа поради мигрантската криза,
- Борбата против терористичко-криминалната група во Куманово 9 мај 2015 година,
- Политичката криза во Република Македонија 2015 година,
- Терористичките напади врз Париз од 13 ноември 2015 година,

- Бомбашките напади во Брисел од 22 март 2016 година,
- Нападот во Ница на 14 јули 2016 година,
- Терористичкиот напад во Минхен 22 јули 2016 година.

Периодот од 15 години е сосема доволен за да се проучат  и анализираат податоците кои се однесуваат на хибридните закани и опасноста од нив по безбедноста и опстанокот на државите, да се утврдат причините кои доведуваат до нивна појава и какво е нивното влијание врз опстанокот на Република Македонија.

## 2.5.Просторно определување на истражувањето

Истражувањето ќе се занимава со хибридните закани на глобално ниво, меѓутоа посебен осврт ќе дадеме на влијанието на хобридните закани врз безбедноста и територијалниот интегритет на Република Македонија.

## 2.6.Дисциплинарно определување на предметот

Предметот на истражување на ова подрачје е мултидисциплинарен и припаѓа во научното поле на општествените науки.Тој припаѓа во научното поле: безбедност, криминологија, криминалистика, воени науки, психологија, социологија, правни науки, етиката и други сродни науки.

## 3. Цели на истражувањето

**Генералната цел**  на овој труд ќе биде преку научно истражувачките методи применети во емпириското истражување да се даде научна дескрипција и објаснување за ранливоста на државите од влијанието на хибридните закани, согледување и дефинирање на заканите и ризиците кои се однесуваат на меѓусебната поврзаност на тероризмот, бунтовништвото, организираниот криминал и корупција, нивното ефекти врз граѓаните, областите, критичната инфраструктура, националниот интерес и опстанокот на Република Македонија. Преку квалитативна и квантитативна анализа ќе се обидеме да ги дознаеме

причините кои доведуваат до појава на заканите, штетите кои настануваат од ваквите закани, да се детектираат пропустите кај институциите надлежни за зачувување на безбедноста и територијалниот интегритет на државите, посебно Република Македонија.

**Практична цел** – јакнење на одбранбените, безбедносните и разузнавачките капацитети на Република Македонија, детектирање на хибридните закани и ризиците од нив по националната безбедност, унапредување и поставување на високостручните кадри на клучни формациски места, воведување на соодветни програми и обуки на припадниците на овие служби за борба против хибридните закани.

## 4. Хипотетска рамка

### Генерална (општа) хипотеза

Хибридните закани – односно поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал претставува опасност за безбедноста, и ги зголемува заканите и ризиците по опстанокот на државите како и нејзините витални национални интереси.

### Посебни хипотези

- Хибридните закани имаат голема улога во опстанокот на државите односно овие закани со подршка од надвор се користат за внатрешно слабеење па дури и распаѓање на државите;
- Целите за хибридно дејствување се различни:
  - Менување на политичкиот систем;
  - Намалување на моќта на државите ;
  - Создавање на нови држави;
  - Финансиски придобивки.
- Потребна е поголема улога на ООН со која би се спречило искористувањето на овие закани од надвор се со цел спречување на државите кои што ги злоупотребуваат овие закани за остварување на своите геополитички цели;

- ❖ Поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал ја загрозува националната безбедност и опстанокот на Република Македонија;
- ❖ Постоењето на добри разузнувачки служби е еден од клучните фактори во борбата против хибридните закани;
- ❖ Во борбата против хибридните закани освен регуларните вооружени сили се користат и приватните вооружени сили;
- ❖ Организираниот криминал и корупцијата имаат разорни последици врз безбедноста на Република Македонија;
- ❖ Хибридните закани вклучуваат голем број на нелегални активности како што се: трговија со дрога, оружје, перење на пари, убиства, уцени и др.

## 5. Начин на истражување – методи и техники

*Индуктивно – дедуктивен метод* – утврдување на општи заклучоци преку поединечни конкретни ставови и обратно доаѓање до нови конкретни заклучоци преку општи ставови.

*Дескриптивна метода* со помош на која ќе се опишат влијанијата на хибридните закани врз националната безбедност на државите.Детално ќе бидат опишани последиците од хибридните закани,, достигнатото досега во борбата против истите, проблемите , искуствените сознанија за состојбите во државите каде е застапена појавата на хибридни закани, превенциите во сузбивањето на овие појави кои заземаат се поголем замав на глобално ниво, додека добиените резултати ќе се обработуваат преку соодветни математичко-статистички методи карактеристични за квантитативниот приод;

*Метода на анализа на случаи*каде што ќе извршиме анализа на случаи врз основа на кои ќе ги утврдиме причините за појава на хибридните закани, последиците кои што настануваат од нив и можните начини за спречување на ваквите закани.

*Аналитичко – синтетички метод* анализа на определени појави, расчленување на поединечни делови и нивно повторно групирање според други заеднички карактерисики и врз основа на тоа извлекување на нови заклучоци.

*Анкетен прашалник*за добивање на одредени резултати неопходни за нашето истражување ќе извршиме и анкетирање на студентите на Факултетите за безбедност и одбрана во Република Македонија како и на дел од стручната јавност во Република Македонија во чиј делокруг на работа се и хибридните закани .

*Метод на безбедносна проценка и прогноза*ќе се изврши анализа на причините, факторите и поводите кои доведуваат до појава на хибридни закани, како и вршење на проценка на способноста на безбедносните, одбранбените и разузнавачките сили за справување со ваквите закани. Со методот на прогноза ќе треба да се утврди динамиката на појава на ваквите закани во иднина, кои би биле причините за појава на заканите и начините за превенирање и спречување на хибридните закани.

## 6. Научна оправданост на истражувањето

Научната оправданост на трудот овозможува да ја согледаме на реалната ранливост на државите од хибридните закани посебно Република Македонија, условите, неопходните минимум сили и средства за справувањето со ваквите закани, соработката на локално, национално и глобално ниво. Со ова истражување ќе навлезем во една проблематика во која што се навлезени сите модерни општества, проблематика која пак има големо влијание врз безбедноста на младите држави со сеуште недоволно развиена демократија и недоволно функционирање на државните институции.

Научната оправданост на истражувањето се согледува и во тоа што со помош на ова истражување ќе се даде придонес кон научниот пристап и утврдување на одговорноста на безбедносните институции за справувањето со хибридните закани. Анализата на податоците за справувањето со ваквите закани ќе ни ги даде слабостите и недостатоците кои што се појавиле при справувањето со хибридните закани, и ќе ни овозможи емпириско поткрепување и продлабочување во разгледувањето на овој проблем.

Општествената оправданост на докторскиот труд е во тоа што со предложените мерки и препораки ќе се даде придонес во изградбата на одбранбени, безбедносни сили кои што ќе бидат способни да ги превенираат и спречуваат хибридните закани.

**<u>ГЛАВА I</u>**

## ЕТИОЛОШКИИ ФЕНОМЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРОРИЗМОТ, БУНТОВНИШТВОТО И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

1. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на тероризмот

## 1.1.Поим за тероризам

Тероризмот претставува феномен кој е потешко да се разбере отколку што изгледа на прв поглед. Самиот поим тероризам не асоцира на зло, најлошото нешто што може да го направи еден човек. Теророт се користи за да тероризира – историски, тоа е улогата на организираната сила, државата или војсктата, барем кога станувало збор за деспотските режими[33]. Тоа отсекогаш е случај со недемократските земји. Во другите земји, за време на војна, теророт може да се смета за легитимен, дури и кога се врши против цивили[34]. Таков пример ни се употребата на атомски бомби во Хирошима и Нагасаки во Втората Светска војна.Тероризмот влече корени од далечното минато но за прв пат се смета дека го употребил водачот на француската револуција Робеспјер во 1794 година.Имено зборот терор од францускиот збор **terreure** што значи сеење на страв[35]. **Теророт** значи ужас, страв и трепет, примена на застрашување, политичко насилство[36]. Тероризмот спаѓа во неконвенционалните вооружени конфликти, бидејќи тој не ги почитува меѓународните конвенции и права за водење на вооружена борба. Поради тоа се смета за нерегуларен односно асиметричен конфликт. Во последно време тероризмот се користи во комбинација со бунтовништвото,организираниот криминал и корупција, каде што поврзаноста меѓу нив е толку голема што самите тие се испреплетени една со друга, и се познати под името и како хибридни закани.

## 1.2.Тероризмот низ историјата

Со цел пошироко и покомплексно да се согледа и разбере феноменот тероризам се јавува потребата да се согледат неговите корени и зачетоци. Потребно е да се согледа тероризмот низ историјата и тоа: неговите почетоци, еволуирањето, како се приспособувал и манифестирал низ историјата, се до денеска кога тероризмот ја доживува својата експанзија.

[33]Шалијан Жерар и Блин Арно, Историја на Тероризмот – од Антика до Ал каеда, Табернакул, Скопје, 2009,стр.12.
[34]Ибид,стр.13.
[35]Политичка енциклопедија, Современа администрација, Белград, 1975 година, стр. 1079.
[36]Мала енциклопедија, ИП Просвета, Белград, 1970 година, стр. 94.

Како што војната го следи човекот уште од неговото постоење па до сега, така и тероризмот како појава се појавува во далечното минато. Ако се има предвид дека владејачката класа, низ историјата, во остварувањето на своите политички цели секогаш ја користела државата, за преку насилство (отворено или прикриено), кое во однос на ненасилните методи, претставува побрз и пократок пат, да ги обезбеди своите интереси, тогаш е разбирливо зошто веќе во најраните периоди од човештвото, на институционалниот терор е одговарано со индивидуален[37]. Една од неговите први забележани појави низ историјата е забележана на Средниот Исток, во Палестина, во првиот век по Христос[38]. Сектата на Зелеотите била една од првите групи, која ја практикувала техниката на терор на систематски начин и за која денес постои пишана трага[39]. Во овој контекст треба да се споменат и атентаторите во Персија и Асирија кои во единаесеттиот век ширеле огромен страв и терор низ Исламската империја[40].

Почетокот на модерниот тероризам најчесто се врзува за еден период од Француската револуција, од септември 1793, до јули 1794 година. Меѓутоа ако се има во предвид дек во тој период околу 20 000 револуционерни комитети, претставувале власт во Франција, применувале над сопствените граѓани насилство познато како терор, разбирливо е истакнувањето на значењето на поимите тероризам и терор[41]. Токму тероризмот потекнува од искуството на теророт во периодот од 1793 до 1794 година.Просветителската епоха на човештвото му ја дало идејата за народна власт. Токму во нејзиното име француската револуција продолжила истата да ја брани со посредство на еден државен терор, во кој целта ги оправдувала средствата, вклучувајќи ги и оние најнасилните[42].

Според други автори пак модерниот тероризам започнува со анархистите кон крајот на 19 век, тие верувале дека владејачката класа може да биде симната од власт како резултат

[37]Димовски Злате – Тероризам, Графотранс, Скопје 2007 година,стр.17;
[38]Шалијан Жерар и Блин Арно, Историја на Тероризмот – од Антика до Ал каеда, Табернакул, Скопје, 2009,стр.61.
[39]Ибид,стр.61.
[40]Котовчевски Митко – Современ тероризам, Макдеонска цивилизација, Скопје 2003 година,стр.19.
[41]Мијалковски Милан, Тероризам и организовани криминал, Факултет безбедности, Београд, 2010 година, стр.19.
[42]Шалијан Жерар и Блин Арно, Историја на Тероризмот – од Антика до Ал каеда, Табернакул, Скопје, 2009,стр.107.

на спонтано востание на масите[43]. Најпозната од анархистичките групи била Руската револуционерна групаNarodnaya Volya (Народна Волја) која го извршила убиството на царотАлександар II. Ова движење се појавува во 1879 година, и се стремело да изврши радикална трансформација на општеството преку тероризмот како привременапотребата за да се подигне свеста на масите[44]. Терор се користел со цел зголемување на политичката тензија и предизвикување на владата да одговори неселективно, а со тоа да го наруши сопствениот кредибилитет и легитимитет. Тероризмот одиграл клучна улога и во ерата на колонијалните борби за независност. Па така тероризмот одигрува клучна улога во убедувањето на колонијалните сили како Велика Британија и Франција да се откажат од контролата над своите колонијални територии на пример во Палестина во 1948 и Алжир во 1962 година[45].

Појавата на разни левичарски десидентни групи кои сакаат да користат насилство за да ги постигнат своите цели, во текот на шеесетите и седумдесетите години од минатиот век, доведува до зголемување на терористичките активности. За пораст на тероризмот допринесува и ангажманот на САД во Виетнам, како и Блискоисточната војна во 1967 година, по која ПЛО се одлучил да се потпре на тероризмот како дополнително оружје во борбата против Израел. Во наведениот период доаѓа до појава на левичарски групи кои се бореле против капиталистичкиот систем со насилни средства, каде што популарни цели биле Западните земји а пред се САД.

По завршувањето на Студената војна карактеристична е појавата на зголемување на религиозниот тероризам. Како најголема религиозна терористичка организација е Ал Каеда. Во овој период е зголемена употребата на самоубиствените терористички напади, таков пример ни се терористичките напади врз САД од 11 септември 2001 година каде што имало 2997 жртви. Денес тероризмот претставува претпочитана тактика на големите бунтовнички движења како и на организираните криминални групиво насока на исполнување на нивните цели.

[43]NEW TRENDS IN CONTEMPORARY INTERNATIONAL AND TRANSNATIONAL TERRORISM AS MANIFESTED IN THE ALQAEDA MOVEMENT,FRANCINA BESTER достапно на:http://repository.up.ac.za/bitstream/handle/2263/23925/dissertation.pdf?sequence=1
[44]Ибид.
[45]Ибид.

## 1.3. Дефинирање на тероризмот

"It can be argued - and there are good reasons for it - that state terrorism is the main terrorist problem in the world".

A.P. Schmid and J. de Graaf[46]

Тероризмот претставува сложена и комплексна појава, за која што нема единствена дефиниција на меѓународно рамниште. Причините зошто не може да се најде заедничка дефиниција за тероризмот се различни, една од нив е поради тоа што една личност за одреден слој од општеството е терорист, а од другата спротивната страна е претставуван како херој- борец за слобода,друга причина зошто не може да се најде заедничка дефиниција за тероризмот е динамичноста на самата појава и брзото менување на облиците на тероризмот.

Постојат огромен број на различни дефиниции за тероризмот, во трудот првин ќе бидат изложени дефинициите од македонските автори.

ПрофесоротЗлате Димовскитероризмот го дефинира: „Како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел[47].

Според проф. Митко Котовчевски**:** тероризмот во суштина претставува криминална повреда на скоро секој национален или меѓународен правен кодекс[48].

Професорот Јордан Спасевски ја дава следната дефиниција:под тероризам се подразбира владеење со застрашување, политичка борба со примена на различни видови на насилство, систематска употреба на страв со цел да се наметнат определени сфаќања и политичка контрола[49].

[46]Schmid A.P. and De Graaf J. Violence as Communication. (SAGE. London.1982.). p2.
[47]Димовски, З.,Илијевски, И. Меѓународен тероризам,Факултет за безбедност, Скопје 2011 година, стр. 17.
[48]Котовчевски М.Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје 2003 година, стр.24 .
[49]Спасески Ј., Систем на национална безбедност, Скопје, 2005. стр. 175.

Тероризам е смислено, систематско, противзаконско, специфично, самостално, или насилство во рамките на некој облик на вооружен конфликт со извесен човечки колективитет (не-државен, државен или транснационален), чии што припадници се во толкава мера сигурни во основаноста и оправданоста на сопствените екстремистички цели и се опседнати со омраза во однос на примарната жртва (крајниот, главниот непријател) и се решени да применат, или веќе применуваат, најгруба физичка сила над секундарната (непосредна) жртва, која претежно ја сочинуваат приватни лица – цивили – поради нејзино брутално убиство, привремено или трајно повредување (сакатење), киднапирање и психичко злоставување, со намера да предизвика ( произведе) максимален психолошки ефект ( страв) во однос на примарната жртва( влада, земјата која што ја напаѓаат) и да ја принудат да ги направи бараните отстапки, кои што значат остварување на крајнатата политичка цел на конкретниот терористички колективитет[50].

Дефиницијата која се користи во правните системи на Велика Британија и може да се најде во делот Акт на тероризам од 2000 година[51]:

Тероризам – интерпретација:

(1) Во овој закон тероризам значи користење или заканата од акција каде:

a) Дејството спаѓа во рамките на посебен дел,

b) Користењето или заканата за користење е дизајнирана да влијае на владата(или меѓународната невладина организација) или за заплашување на јавноста или дел од јавноста,

c) Користењето или заканата од користење е направено со цел унапредување на политичките, верските(расните) или идеолошките причини.

(2) Акцијата спаѓа во посебен дел ако:

a) Вклучува сериозно насилство против лице,

b) Вклучува сериозна штета на имотот,

c) Го загрозува животот на една личност, освен на личноста која ја извршила акцијата,

---

[50]Мијалковски Милан, Тероризам и организовани криминал, Факултет безбедности, Београд, 2010 година, стр.32.

[51] http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2000/11/section/1(11.08.2016).

d) Создава сериозен ризик по здравјето и безбедноста на јавноста или дел од јавноста или

e) Дизајниран сериозно да се меша или да го наруши електронскиот систем.

(3) Употреба или закана за акција која спаѓа во поточката (2), која вклучува и употреба на огнено оружје или експлозив е тероризам, додека точката (1)б не се исполни.

(4) Во овој дел е вклучена акција надвор од Велика Британија

a) „Акција“ подразбира акција надвор од Велика Британија,

b) Упатување на било кое лице или имот кој се однесува на некое лице или имот, каде се наоѓа,

c) Упатување на јавноста вклучувајќи повикување на јавноста од друга земја од Обединетото Кралство, и

d) „Влада“ значи владата на Обединетото Кралство, на дел од Велика Британија или друга земја од Обединетото Кралство.

(5) Соовој закон во активности превземени за целите на тероризмот се вклучени и акциите превземени во корист на одредена организација.

Оваа дефиниција има големо практично значење. Таа активира многу овластувања а придонесува и за описот на кривичните дела. Пример оваа дефиниција овозможува да се приведадт лица кои потикнуваат тероризам, приведување на лица осомничени за терористички акт без налог, да се запре и пребара лице кое не е осомничено и слично.

Според резулуцијата 1566 од 2004 година на Советот за Безбедност на Обединетите Нации, под тероризам спаѓаат[52]: Кривични дела, вклучително и дела против цивилите, извршени со намера да предизвкаат смрт или сериозна телесна повреда, или со земање на заложници, со цел да се предизвика состојба на терор во општата јавност, или група на лица или одредени лица, со цел да се заплаши населението или да се принуди владата или меѓународна организација нешто да направат или да се откажат од превземање на било какви мерки.

[52] https://dema.az.gov/sites/default/files/Publications/AR-Terrorism%20Definitions-BORUNDA.pdf(11.08.2016).

Дефиницијата што ја употребува владата на САД е со предумисла, политички мотивирано насилство против неборбени цели од субнационални групи или прикриени агенти, обично со цел да се влијае врз публиката[53].

ФБИ го дефинира тероризмот како незаконска употреба на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши или присили Владата, цивилното население, или било кој сегмент од владата или населението, се со цел за постигнување на одредени политички или општествени цели[54].

Според Рускиот Федерален закон (36-FZ) тероризмот е дефиниран како "идеологија нанасилство и практика на влијание врз донесувањето на одлука од страна на јавните власти, локалните самоуправи, или меѓународни организации преку застрашувањена населението и (или)други форми на незаконски насилни акции "[55].

Некои автори избегнуваат да го дефинираат тероризмот туку само ги даваат елементите кои го карактеризираат тероризмот. Па така:

Алекс П. Шмид, извршил квантитативна анализа на 109 дефиниции за тероризмот кои ги пронашол во литературата, и врз основа на направената анализа издвоил 22 елементи кои го карактеризираат тероризмот. Тоа се следните елементи[56]: употреба на сила и насилство; политички карактер; предизвикување на страв и ужас; закана; очекување, психолошки ефекти и реакции; разликување на жртви и поширока цел на напад; планирано, организирано, системско дејствување; метод, стратегија, тактика на борба; екстранормалност, кршење на прифатените правила, непостоење хуманитарни димензии; уцени, принуда, наведување на послушност; желба за публицитет; самоволие, лицемерие, непостоење на дискриминација; цивилни жртви, неборци, неутрални, лица неповрзани со активности ; застрашување ;нагласок на невиноста на жртвите;извршител е група, движење, организација;симболична природа, покажување на другите;непредвидливост, неочекуваност на појавата на насилство; тајност,прикриеност;повторување- кампања на акти на насилство;

[53]Вилијамс Д. Пол, Студии по Безбедност Арс Ламина ДОО, Скопје, 2012,стр.174.
[54] http://www.drstevebest.org/DefiningTerrorism.pdf,p.13.(12.08.2016)
[55]http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/ATAG/2015/571320/EPRS_ATA(2015)571320_EN.pdf(11.01.2017).
[56]Alex P. Schmidt: Political terrorism, Amsterdam, Nort-Holland, 1983, p.76-77.

криминален злосторнички чин и барање на трети лица.

Според Ј.Ј.Пауст тероризмот се состои од следните елементи[57]: извршителот;намерата;мотивот;нападот со закана или употреба на сила;средства за остварување на целта;примарен субјект- жртва;секундарен субјект;прекумерните жртви;резултатот од застрашувањето со кое примарниот субјект врши присилување за одредено однесување или став;

Врз основа на погоренаведеното можеме да заклучиме дека тероризмот го карактеризираат следните битни елементи:

- Закана од употреба или употреба на сила и насилство,
- Политички карактер,
- Предизвикување на страв и ужас,
- Насочен против цивилното население,
- Неконвенционалност,
- Извршител е група, движење, организација.

## 1.4. Појавни облици на тероризам

Облици односно форми на тероризам постојат многу исто како и што постојат многу дефиниции за тероризмот.

Па така постојат: внатрешен, меѓународен, емигрантски, нуклеарен, хемиски, биолошки, сајбер тероризам, самоубиствен тероризам.

### 1.4.1. Внатрешен

Кога станува збор за внатрешен тероризам пред се се мисли на тероризам кој се врши внатре во границите на една држава, па затоа овој тероризам уште се нарекува и државен тероризам.

[57]Paust, J, J., Preliminary Thoughts- on terorism – American Journal of International Law- 1974, No. 3 p.502.

Внатрешниот тероризам најчесто во практиката се сретнува преку три манифестни облици, и тоа:

- Внатрешен тероризам како облик на владеење или држава против недржавен субјект, (се користи со цел да се неутрализираат државнополитичките противници).

- Внатрешен тероризам од страна на опозицијата спрема власта.

- Индивидуален тероризам[58].

1.4.2. Меѓународен тероризам

Транснационалниот тероризам вклучува инциденти каде што сторителите, жртвите или публиката се од две или повеќе држави[59]. Во денешно време најголемиот дел на терористички групи бараат политичка поддршка, финансиски средства, оружје или засолништа надвор од нивните земји, со што нивните активности се надвор од рамките на една држава, а со самото тоа нивните терористички акти припаѓаат на меѓународниот тероризам. Класификацијата на меѓународниот тероризам во различни форми помага тој да се разликува од внатрешниот односно домашниот тероризам. Во овој поглед ја имаме следната класификација[60]:

- Како дел од еден поширок домашен бунт или манифестација како чист меѓународен тероризам,
- Спроведен од страна на автономни недржавни актери,
- Државно спонзориран тероризам спроведен од лица под контрола на суверена држава,
- Спроведен од страна на државата користејќи ги сопствените агенти.

[58]Bremer, L., P., New terrorist treat and how to counter them, The heritage foundation, heritage lectures, july 31, 2000, преземено од Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 126
[59] Todd Sandler, Daniel G. Arce, Walter Enders, The Challenge of Terrorism,Copenhagen Consensus 2008 project ,p.9, достапно на:http://www.copenhagenconsensus.com/sites/default/files/cp_terrorismcc08vol2.pdf
[60]Ибид.

Во извршувањето на терористичките активности важна улога имаат и државите, кои условно можеме да ги поделиме во три групи[61]:

- Држави кои што не го поддржуваат тероризмот, меѓутоа тој се спроведува на нивна територија,
- Држави кои не го спроведуваат тероризмот, меѓутоа го поддржуваат,
- Држави кои што го поддржуваат тероризмот, или од кои доаѓаат програмите и силите кои го спроведуваат.

Последните две групи на држави можеме да ги окарактеризираме како држави кои го спонзорираат тероризмот.

### 1.4.3. Емигрантски тероризам

За поврзаноста на миграциите со тероризмот постојат многу малку научни извори, за да со сигурност се извлече заклучок за нивната евентуална поврзаност. Со сигурност се знае само дека тероризмот и миграциите се појавуваат во места зафатени со конфликти. Емигрантскиот тероризам го спроведуваат претставници на определени незадоволни екстремни и политички емигрантски кругови, емигрантски групи (организации), незадоволни од нивниот севкупен статус и состојбите на севкупните општествени односи во земјата[62]. Терористичките акти се подготвуваат надвор од државата објект на нападот, а се спроведуваат со илегални уфрлувања на терористите во земјата (од која што потекнуваат) или со изведување на определени акции врз определени дипломатско-конзуларни претставништва и нивните претставници[63]. Прашањето со мигрантите стана актуелно по разгорувањето на војните во Ирак и Сирија и формирањето на Исламската Држава, кога илјадници мигранти не само од Ирак и Сирија, туку и од другите сиромашни, и земји зафатени со конфликти од Азија и Африка се упатија кон Европа, при што во 2015 година, Европа беше принудена да ги затвори своите граници поради енормно големиот бран на бегалци. Со огромниот број на мигранти, кои што се движеа кон Европа, постоеше опасност да се инфилтрираат и терористи од Исламската Држава. Така еден од стратешките документи на Исламската Држава кои што беа превземни од

[61]Котовчевски М., Современ тероризам, Македонска цивилизација,Скопје 2003 година, стр.167.
[62]Котовчевски М., Современ тероризам, Македонска цивилизација,Скопје 2003 година, стр.123.
[63]Ибид.

Исламската држава, јасно стави до знаење дека бегалските струи кон Европа ќе се користат за инфилтрирање на терористи[64]. Тука пак имаме спротивна ситуација од претходнонаведената, каде што мигрантите спроведуваат терористички акти во други држави како знак на револт за активностите кои што ги спроведуваат овие држави во нивните матични земји. Растот на глобалниот џихадизам во последните 30 тина години, доведе до ситуација да некои џихадисти се движат од еден конфликт во друг, на пример од Авганистан во Босна, Чеченија понатаму во Сирија[65]. Овие терористи се скитници делумно заради тоа што во нивната матична држава би биле уапсени, а делумно затоа што џихадизмот станал нивен начин на живот.

### 1.4.4. Нуклеарен тероризам

Денес светот живее во време на масовни жртви на тероризам, каде што одредени терористички групи бараат начини, или веќе имаат способност да нанесат огромен број на жртви, се со цел за да ги постигнат своите цели.Иако досега нуклеарното оружје сеуште не е употребено од страна на терористите се поголема е веројатноста од негова употреба во иднина. Односно нуклеарната уцена од терористите претставува закана за идното време. Производството на нуклеарна бомба не е лесно, но сепак не е и невозможно. Постојат се поголем број на случаи каде што се украдени одредени количества на плутониум и високозбогатен ураниум. Најмалку две терористички групи[66]: Ал Каеда и јапонскиот Аум Шинрикијо имаат направено сериозни обиди за да добијат нуклеарно оружје, а постојат и докази кои укажуваат на интерес и на чеченските терористи. Ал Каеда била фокусирана за добивање на нуклеарно оружје, и на неколку наврати се обидела да купи украдени нуклеарни материјали како и да регрутира нуклеарни експерти[67]. Исламската Држава во моментот е најмоќната хибридна организација за која што иако нема конкретни докази дека има намера да дојде до нуклеарно оружје, сепак имајќи ја во предвид нивната намера за војна со крстоносците, и предизвикување на масовни жртви,

[64] https://www.icct.nl/wp-content/uploads/2016/05/Alex-P.-Schmid-Links-between-Terrorism-and-Migration-1.pdf(15.01.2017).
[65]Ибид.
[66]http://belfercenter.ksg.harvard.edu/files/PreventingNuclearTerrorism-Web.pdf
[67]Ибид.

нивната финансиска моќ, имајќи под своја контрола големи територии и луѓе, способност да регрутира нуклеарни експерти на глобално ниво, не треба да се исклучи можноста таа да дојде до одреден вид на нуклеарно оружје. Сите овие показатели наведуваат на тоа дека постои опасност од употреба на нуклеарно оружје од страна на асиметричните актери.

Постојат три типа на нуклеарен или радиолошки тероризам[68]:

- Детонација на вистинска нуклеарна бомба, или нуклеарно оружје стекнати од арсеналот на некоја држава или импровизирани нуклеарни направи направени од украдени нуклеарни материјали,
- Саботажа на нуклеарен објект предизвикувајќи ослободување на огромана количина на радиоактивност,
- Употреба на радиолошка распрснувачка направа или валкана бомба која што би предизвикала ширење на радиоактивност и предизвикување на паника и нарушување на нормалниот живот.

Употребата на вистински нуклеарни бомби би имала најкатострофални резултати, додека употребата на радиолошки распрснувачки направи не би можела да убие луѓе, но би можело да предизвика огромни економски загуби, додека пак саботажата на нуклеарни објекти ќе зависи од специфичноста на нападот, и потенцијалот на нападнатиот нуклеарниот објект.

### 1.4.5. Хемиски тероризам

Хемиски тероризам е намерна употреба на токсични хемиски агенси со цел да се предизвика физичка и психичка штета на населението[69]. Овој вид на тероризам го карактеризира употребата на хемиски материи кои кога ќе се измешаат со воздухот преку дишните органи или преку непосредно паѓање на кожата продираат во организмот предизвикувајќи труење и разни повреди, онеспособувајќи ги луѓето врз кои е употребен. Постојат повеќе начини на поделба на бојните отрови еден од нив е и според нивното дејство врз организмот каде се делат на: задушливци, кијавци, отрови од општа токсичност , солзавци и кијавци.

---

[68]Ибид.
[69] http://www.nctsn.org/trauma-types/terrorism/chemical, пристапено на 09.11.2013 година.

Инциденти во минатото поврзани со хемиски тероризам[70]:

- Заканата на фронтот за ослободување на животните (алф) во Англија во ноември 1984 година дека во чоколадите Марс ќе уфрлат отров за глувци, како знак на протест затоа што производителите ги финансирале истражувањатаво кои се користеле мајмуни како експерименталини животни,
- Заканите на американските скинхедси во 1992 година дека ќе стават цијановодород во синангогите на САД,
- Обидот на германски бизнисмени во Виена да продадат нервен отров табун на палестински терористи,
- Внесување на течен метал на жива, во јужно овоштје произведено во Израел, од страна на палестинските терористи или нивните симпатизери во февруари 1978 година. Затруеното овошје било откриено во Холандија, Белгија и Англија,
- На 28 март 1992 година е утврдена смртоносна концентрација на калиум-цијанид ( 50 мг по литар), во резервоарот за вода на воздухопловните сили во Истанбул – Турција. Одговорноста за оваа акција ја превзела Работничката партија на Курдистан.

Инциденти со хемиски агенси кои се случуваат и во 21 век, како такви се:[71]

- Пакет кој содржи рицин и белешка со закана дека ќе го затрујат снабдувањето со вода е откриен во поштенски објект во Јужна Каролина во октомври 2003 година,
- Во 2004 година претседателскиот кандидат на Украина Виктор Јушченко е труен со диокасин кој што предизвикал деформации на лицето.
- Бел прав за кој штое потврдено дека бил рицин е пронајден во канцеларијата на сенаторот Бил Фрист во февруари 2004 година,
- Хемиски агенси кои се користат од страна на бунтовниците и против бунтовниците во Сирија во 2014 година.

---

[70]Поопширно:Иван Бабановски, Оружје за масовна деструкција,CityPrint, Скопје 2010 година, стр.413-420.
[71] http://acdemocracy.org/wp-content/uploads/2014/10/TERROR-CHEMICAL1.pdf(12.01.2017).

### 1.4.6. Биолошки тероризам

Биолошки тероризам претставува закана или употреба на биолошки агенси од страна на поединци или групи мотивирани од политички, верски, еколошки или други идеолошки цели[72]. Биолошки агенси претставуваат инфективни агенси на луѓето, растенијата иживотните, како и отрови, кои можат да бидат произведени од страна на микроби, и од генетски материјали потенцијално опасни по самите себе или кога се воведени во соодветен вектор73.Поделбата на биолошките агенси кои се користат како биолошко оружје според америчкиот центар за контрола на болести е направена во три категории: А, Б и Ц категорија[74].

Во оружја од А категорија се класифицирани биолошките агенси кои предизвикуваат висока смртност и паника кај луѓето, лесно се пренесуваат од човек на човек, тука спаѓаат:

- Антракс,
- Ботулизам,
- Чума,
- Големи сипаници,
- Туларемија,
- Вирусни хеморагични трески и
- Аренавируси.

Во оружја од Б категорија спаѓаат агенси кои се многу погодни за ширење а се со многу низок степен на смртност тука спаѓаат:

- Бруцелоза,
- Разни бактерии кои ја расипуваат храната ( како саламонела, ешерихија коли и др.),

---

[72] W. Seth Carus, Bioterrorism and Biocrimes,The Illicit Use of Biological Agents Since 1900, достапно на:http://www.dtic.mil/dtic/tr/fulltext/u2/a402108.pdf(08.01.2017).

[73] Ibrahim Khan,Bio-Terrorism,History, Challenges & Impact of Bio-terror достапно на: http://www.snz.unizg.hr/ph-see/full/u9-t1-khan.pdf

[74]http://www.bt.cdc.gov/agent/agentlist-category.asp пристапено на ден 10.11.2013 година.

- Мелиодиоза,
- Пситахоза,
- Рицин,
- Тифусна треска.

Во Ц категорија спаѓаат агенси со највисок приоритет вклучувајќи ги и новите патогени кои би можеле да се користат како оружје за масовно уништување во иднина бидејќи се лесни за производство и предизвикуваат висок степен на смртност тука спаѓаат:

- Нипа вирусот и
- Хантавирусот.

Биолошките агенси во човечкото тело може да влезат на неколку начини[75]:

- Преку вдишување во белите дробови,
- Со голтање на храната или водата,
- Со инјектирање преку кожата во телото и
- Апсорбирање преку кожата.

Биолошките агенси можат да бидат искористени како биолошко оружје. Прво нарачано убиство со биолошко оружје е извршено во 1978 година во Лондон кога е убиен бугарскиот дисидент Георги Марков по налог на бугарската разузнувачка служба, на тој начин што му е вбризган рицин со помош на чадор на чиј врв се наоѓала ампула со рицин. Прво лице оптужено за биолошки тероризам во САД е Даглас Бејкер кај кого е пронајдено 0,7 грама рицин. Истиот е притворен на 28 февруари 1995 година и му е судено според посебен пропис - Biological Weapons Antiterrorism Act[76]. Со понатамошната истрага се откриени и неговите соработници и нивните планови за ликвидација на поголем број на полициски службеници и други лица со премачкување на кваките на нивните врати од канцелариите со рицин. Предностите на биолошкото оружје е тоа што терористите можат да се заштитат самите себе, и да побегнат пред да бидат детектирани последиците од

[75] http://dead-planet.net/chemical-terrorism/med_cbw/Ch20.pdfпристапено на ден 10.11.2013 година.
[76] http://www.kpa.edu.rs/cms/data/akademija/nbp/NBP_2012_1.pdfпристапено на ден11.11.2013 година.

биолошкото оружје од луѓето или здравствените авторитети[77]. Биолошкото оружје се произведува тајно и полесно за разлика од хемиското или нуклеарното оружје.

Друг важен аспект на биолошкиот тероризам е неговата цена, односно биолошките агенси се многу ефтини за производство.

Табела бр. 1 Ефективно чинење на биолошкиот тероризам[78]

| Оружје за масовно уништување | Цена по жртва на квадратен километар (долари) |
|---|---|
| Конвенционално оружје(бомби) | 2000 |
| Нуклеарно оружје | 800 |
| Нервен гас | 600 |
| Биолошко оружје | 1 |

Од табелата се гледа дека за една жртва на квадратен километар, предизвикана со конвенционално оружје (бомби) цената е 2000 долари, додека со употреба на биолошко оружје цената по жртва на квадратен километар е само 1 долар.

Постојат повеќе докази за напорите на Ал – Каеда да дојде до вакво оружје, така за време на нападот врз Авганистан од страна на САД и коалицијата пронајдени се траги од рицин и антракс, на 13 декември телевизијата CNN има добиено 64 ленти со снимени материјали на кои јасно се гледаат ужасни експерименти најверојатно со нервен гас врз кучиња[79]. Потоа писмата со антракс во САД од кои беа повредени 22 лица а загинаа 5 лица за кои нема докази за вмешаност на Ал –Каеда. Во 2002 година биле уапсени 9 Марокански лица кои со цијанид сакале да ја затрујат водата што се доставувала во Американската амбасада во Рим, неколку од уапсените лица имале врска со Ал – Каеда.Нападите со антракс непосредно по терористичките напади врз САД во 2001 година иницираше да САД превземат пообемни мерки за спречување на биолошкиот тероризам. Мерките вклучуваат кроење на вонредни планови, идентификување на клучните цели,

[77] Ibrahim Khan,Bio-Terrorism,History, Challenges & Impact of Bio-terror достапно на: http://www.snz.unizg.hr/ph-see/full/u9-t1-khan.pdf
[78] Ibrahim Khan,Bio-Terrorism,History, Challenges & Impact of Bio-terror достапно на: http://www.snz.unizg.hr/ph-see/full/u9-t1-khan.pdf
[79] http://www.fas.org/irp/crs/RL31831.pdf(10.11.2013 година).

трупање на вакцини и обука на клучниот персонал. При проценката на безбедноста на САД до 2020 година ЦИА заклучи дека терористички напади со биолошко оружје се голема закана[80]. Биолошкото оружје е лесно за транспорт па терористите може да го транспортираат како течност или во сува форма односно како прашок. Ова оружје може да биде ослободено од терористите со помош на разни спрејови, експлозивни направи и со загадување на храната и водата. Колкава е опасноста од употребата на вакво оружје најдобро ни е прикажано во следниот пример[81]: Антракс во количини колку една вреќа полна со шекер распределен во идеални услови, би било доволно да усмрти половина од населението во Вашингтон. Пронаоѓањето и откривањето на биолошките програми е доста тешко затоа што голем дел од опремата има двојна намена – цивилна и воена. Во лабораториите во кои се произведуваат биолошки средства за цивилни потреби лесно може да се преадаптираат и за производство на биолошки агенси со помош на кои би се изведеле планираните терористички напади.

### 1.4.7. Сајбертероризам

Во последно време се поголемо внимание се посветува на сајбертероризмот од старна на медиумите, безбедносната заедница и индустријата за информатичка технологија. Новинари, политичари, експерти го популализираа сценариото според кое софистицирани сајбертерористи по електронски пат можат да ги пробијат компјутерските системи кои ги контролираат браните, воздушниот сообраќај и да предизвикаат хаос, загрозувајќи не само милиони животи туку и самата националната безбедност[82]. Големиот број на дефиниции за сајбер тероризмот ни укажуваат за коплексноста на овој феномен. Според Вулетич Дејан: Сајбертероризмот представува криминален акт во сајбер просторот кој има за цел заплашување на владата или нејзините граѓани заради остварување на политички цели[83]. Дебра Шиндер го класифицира сајбер криминалот во

[80]Пол Д. Вилијамс, Студии по безбедност, Арс Ламина , Скопје 2012 година,стр.281.
[81]Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје 2003 година, стр.209.
[82]WeimannGabriel, Cyberterrorism how real is the treat, available athttps://www.usip.org/sites/default/files/sr119.pdf (10.1.2016).
[83]Вулетич Дејан, Одбрана од претњи у сајбер простору, Институт за стратегијска истраживања, Београд, 2011, стр.29.

две категории[84]: Насилни или потенцијално насилни дела и ненасилни дела. Сајбертероризмот го сврстува во првата категорија. Таа под сајбертероризам подразбира тероризам кој е извршен, планиран и координиран со помош на компјутерски мрежи[85].

Иако досега не се случил некој посериозен сајбертерористички напад, навлегувањето на хакерите во софистицираните компјутерски системи не ја исклучува таа можност.Кларк Стејт, извршен директор на Институтот за истражување и итен одговор (Emergency Response & Research Institute) во Чикаго, предупредувал дека некои членови на радикалните исламистички организации пробуваат да развијат мрежа од хакери и дека постои можностистите да бидат ангажирани во сајбер нападите во иднина[86].

Додека вниманието на експертите е насочено кон спречување на терористите за извршување на сајбер напад, тие го искористија напредокот на информатичката технологија и ги препознаа предностите на сајбер операциите со помош на кои користејќи ја сајберинфраструктурата ги извршуваат следните макро-функции[87]:

- **Планирање** – Терористите ја користат сајбер инфраструктурата за комуницирање едни со други, за планирање на напади, одржување за идно користење. Користењето на програми за шифрирање кои што лесно може да се симнат од интернет им овозможува комуникација во сигурна средина. Користејќи стеганографија тие ги кријат своите планови, упатства, слики за нивните напади во виртуелни простори за разговор[88]. Всушност извештаите во кои се користи енкрипција се честа алатка на муслиманските екстремисти и за нив се предава во нивните кампови за обука[89].

- **Регрутирање** – интернет платформите терористите ги користат и за регрутирање на нови борци. Привлекувањето на нови регрути го прават на разни начини преку традиционалните објавувања на печатени публикации, CD

[84]Shinder Debra, Scene of the Cybercrime, computer forensics handbook, Syngress Publishing, Rockland,2002, Стр.19.
[85]Ибид.
[86] Denning D., Reflections on Cyberweapons Controls, dostapno na www.faculty.nps.edu
[87] DCSINT,Cyber operations and cyber terrorism, Handbook No1.02, Kansas,2005str I-1
[88]Ибид.
[89]Jack Kelly, Terror groups hide behind Web encryption достапно на:http://usatoday30.usatoday.com/tech/news/2001-02-05-binladen.htm(30.12.2016).

– ромови со материјали за нивната идеологија и слично. Терористичките групи покрај ова погоренаведените начини ги користат и своите веб сајтови за регрутирање на нови борци. Таков сопствен сајт на пример поседува ХАМАС - http://www.hamasonline.com.

- **Пребарување** – корисетејќи го интернетот терористите можат да пристапат до илјадници бази наподатоци, библиотеки, форуми за дискусија од целиот свет и да ги соберат информациите за било кои предмети кои им се цел на истражување. Информациите можат да бидат во форма на текст, карти, сателитски снимки, слики па дури и видео материјали[90] .

- **Пропаганда** - Пропагандата е обично во форма на мултимедијални комуникации кои обезбедуваат идеолошки или практични инструкции, објаснувања, оправдувања или промовирање на терористичките активности[91].Тука спаѓаат: виртуелни пораки, презентации, списанија, дискусии, аудио и видео датотеки и видео игри развиени од терористички организации или нивни симпатизери[92].

### 1.4.8. Самоубиствен тероризам

Во минатото самоубиствениот тероризам не бил честа метода при извршувањето на терористички напади. Познати по самоубиствениот тероризам  биле Тамилските тигри, но тоа не било вообичаена тактика. Кон крајот на 20 и почетокотна 21 век сведоци сме на се поголемиот број на терористички напади во кои главната улога ја има самоубиствениот тероризам кој станува една од главните методи при извршувањето на терористичките напади кај исламистичките терористички организации. Терористичките напади врз САД, самоубиствените напади во Ирак, Авганистан, нападите од Чеченските терористи- познатите црни вдовици, нападите во Турција, Франција, Белгија и голем дел од другите најголеми терористички напади што се извршени при крајот на претходниотниот и почетокот на 21 век, па до денес  се извршени токму од вакви терористи самоубијци. Така

[90] DCSINT,Cyber operations and cyber terrorism, Handbook No1.02, Kansas,2005str I-2.
[91] The use of the Internet for terrorist purposes, United Nations, 2012,p.3, dostapno na: https://www.unodc.org/documents/frontpage/Use_of_Internet_for_Terrorist_Purposes.pdf(04.08.2016).
[92]Ибид.

еден од поголемите терористички напади извршени од бомбаши самоубијци се нападите врз касарните на американската и француската војска во Бејрут 1983 година. Сепак како најголем и најпознат е самоубивствениот терористичкиот напад врз САД во 2001 година. Самоубиствениот тероризам се користи и во Ирак, Авганистан, Сирија, Либија, а во последно време се префрла и на тлото на Европа,такви примери се терористичките напади во Франција и Белгија. Самоубиствениот тероризам стана доста ефикасна метода за која нема ефективна одбрана.

Самоубиствените напади претставуваатпцелна употреба на само-уништувачки лица против перципираниот непријател за политички цели[93]. Самоубиствен бомбашки напад е смртоносно насилство, во кое што е вклучено самоубиство на извршителот насочено против перцепираниот непријател со цел да се предизвика страв и да се поткопа способноста на државата за одржување на јавниот ред[94]. Смртта на извршителот претставува клуч на успехот на извршителот на нападот, и тој однапред знае дека успехот во потполност зависи од неговата смрт[95]. Терористите самоубијци се супер предатори. Тие убиваат огромен број на невини луѓе во секој напад[96]. Поимот на самоубиствениот убиец се приспособува точно на природата на делото: да се убиеш себеси предизвикувајќи смрт кај противниците, со цел да се добие поволна промена на односот на материјални и морални сили во рамки на конфликтот[97].

Карактеристично за овој вид на тероризам е тоа што секоја операција е многу едноставна и евтина бидејќи не се прават планови за тоа како и каде да се нападне а да животот на терористот не се доведе во опасност, не се бараат алтернативни патишта при повлекување, нема опасност од тоа дека ако го уапсат терористот тој ќе предаде важни информации а истотака ако се изврши на право место и во право време ефектот од овој напад е неминовен.

---

[93]Тања Милошевска, Глобален самоубиствен тероризам, Современа македонска одбрана, бр.24 ,Скопје,2013 година.

[94]Riaz Hassan, Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, 2011.p.18, достапнонаhttp://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%202012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf (26.03.2016).

[95]ЗоранКрстић,Суициднибомбашкинапади исламистичких терористичких организација, достапно на http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2014-leto/66-2014-2-17-Krstic.pdf( пристапено на 26.03.2016).

[96] Robert A. Pape, James K. Feldman, Cutting the fuse,The university of chicagopress , Chicago, 2010, p.7

[97]Жерар Шалијан, Арно Блин, Историја на тероризмот, Табернакул, Скопје 2009, стр.422.

Вотабеларениот приказ на податоците од универзитетот во Чикаго преку проектот за безбедноста и тероризмот (CPOST)[98]се прикажани вкупниот број на самоубиствени терористички напади во периодот од 1982 до 2015 година, вкупниот број на жртви и повредени во овие напади како и просечниот број на мртви и ранети во еден напад.

Табела бр. 2 Вкупен број на самоубиствени терористички напади во периодот од 1982 -2015 год[99]

| | |
|---|---|
| Вкупно самоубиствени терористички напади | 4814 |
| Вкупно загинати | 48465 |
| Вкупно повредени | 122606 |
| Просечен број на мртви на еден напад | 10.1 |
| Просечен број повредени на еден напад | 25.5 |

Со анализа на податоците се гледа дека во периодот од 1982 до 2015 година се извршени 4814 самоубиствени терористички напади, во кои што напади вкупно 48465 лица го изгубиле животот а дури 122 606 се повредени, односно просечно во еден самоубиствен терористички напад животот го изгубиле 10,1 а повредени се 25,5 лица.

Самоубиствениот тероризам станува омилена алатка на терористичките организации за постигнување на своите цели. Па така според базата на Чикашкиот проект за безбедноста и тероризмот (CPOST)[100] од вкупно 103 терористички организации дури 95 терористички организации или 92,23% го користеле самоубиствениот тероризам како метода за постигнување на своите цели. Овие терористички организации извршиле вкупно 2449 самоубиствени терористички напади во кои што имало 27625 загинати и 73115 повредени лица, додека пак на 2365 самоубиствени терористички напади не е позната припадноста на извршителите.

Тероризмот често претставува составен дел од некој вооружен конфликт. Според основниот критериум за класификација на вооружените конфликти: Дали страните во конфликтот се држави или не, и дали страните во конфликтот претставуваат меѓународни

[98]Riaz Hassan, Suicide bombings, Taylor & Francis e-Library,New York, 2011.p.35достапнонаhttp://sacredartichoke.com/latarsha/Nonfiction%20Ebook%20Pack%20January%202012%20PHC/Suicide.bombings.Riaz.Hassan.9780415588867.pdf ( пристапено на 26.03.2016).

[99] Извор: http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php пристапено на 24.03.2016 година.

[100]http://cpostdata.uchicago.edu/search_new.php( пристапено на 24.03.2016).

субјекти или не? Во склад со овој критериум вооружените конфликти може да се поделат во две групи: внатрешни и меѓудржавни[101]. Кај внатрешните вооружени конфликти тероризмот може да биде дел од: вооружен бунт, герила или граѓанска војна[102]. Кај меѓудржавните вооружени конфликти каде што војната почнува со агресија од една, повеќе или сојуз на држави врз друга држава, група или сојуз на држави. Во таквата војна може да претходи еден, повеќе или комплекс од неконвенционални (специјални) дејства од државата агресор или државата жртва, меѓу кои посебно карактеристичен е токму тероризмот.

Тероризмот во светот преку многубројните облици на дејствување зема се поголем замав, користејќи ги податоците од базата на податоци на Националниот конзорциум за проучување на тероризмот и одговор на терористички напди (National Consortium for the Study of Terrorism and Responses to Terrorism), со седиште во универзитетот Мериленд за 2015 година го имаме следното:

Во 2015 година се случиле 11774 терористички напади, како резултат на овие напади имало повеќе од 28300 смртни случаи како и над 35300 повредени. Покрај тоа повеќе од 12100 луѓе биле киднапирани или земени како заложници[103]. Терористички напади во 2015 година се случиле во 92 држави. Повеќето од 55% од нападите се сконцентрирани во пет држави и тоа: Ирак, Авганистан, Пакистан, Индија и Нигерија, а дури 74% од смртните случи се сконцентрирани во следните пет држави: Ирак, Авганистан, Нигерија, Сирија и Пакистан[104].

---

[101]Мијалковски Милан, Тероризам и организовани криминал, Факултет безбедности, Београд, 2010 година, стр.50.
[102]Поопширно види:Мијалковски Милан, Тероризам и организовани криминал, Факултет безбедности, Београд, 2010 година, стр.50-65.
[103]National Consortium for the Study of Terrorism and Responses to Terrorism , Annex of Statistical Information,Country Reports on Terrorism 2015, June 2016, достапно на:https://www.state.gov/documents/organization/257738.pdf(02.01.2016).
[104]Ибид.

Графикон. Бр.1 Број на терористички напади во период од 2001-2015 година[105]




1.5.Причини и мотиви за појава на тероризмот

Постојат повеќе причини за појава на тероризмот, некои од нив кои што биле значајни во минатото, со промените во општествените односи во одредени моменти добивале на значење за да подоцна бидат тотално маргинализирани. Во минатото по тероризам најчесто се посегнувало заради симнување на тираните од власт и за ослободување од освојувачите. Подоцна преовладувале мотивите како што се антиимперијализмот, сепаратизмот и промените на државното и општественото уредување, за да во последно време верските мотиви ( милитантниот ислам) и мотивот на замена на војната со тероризам доаѓаат до израз.Освен тоа многу терористички напади во минатото а и денес, произлегле од психолошки потполно ирационални мотиви. Затоа некои автори тероризмот го сметаат како „синдром“, додека други го толкуваат исклучиво како средство за постигнување на одредени цели, најчесто од политичка природа[106].

[105]Податоците се превземени од: https://www.start.umd.edu/gtd/search/BrowseBy.aspx?category=date
[106] Kruglanski A. W., Fishman S., Terrorism between "Syndrome" and "Tool", *Current Directions in Psychological Science*, Vol. 15, No.1, February 2006, Washington, pp. 45-48.

Постојат две главни причини за појава на тероризам:

- Социјални и политички проблеми: Луѓето избираат тероризам, кога тие се обидуваат да ги исправат, оние што ги сметаат како општествена, политичка или историска грешка, кога тие се лишени од нивната земја или права, или ги негираат нив.
- Верувањето дека насилството или заканата од нивна страна се ефективни, и предизвикуваат промени. Односно според нив: пости верување дека насилните средства ги оправдуваат поставените цели. Голем број терористи во историјата, го избрале насилството по долго размислување, бидејќи тие сметале дека немаат друг избор[107].

Мотивите односно мотивациските категории ни даваат опис на терористичките групи според нивните цели и задачи. Постојат четири мотивациски категории и тоа: сепаратистички, етноцентрични, националистички и револуционерни[108].

**Сепаратистичките групи** имаат за цел одвојување од постојаните субјекти преку независност, политичка автономија или религиска слобода или доминација. Идеологиите кои ги промовираат сепаратистите се социјална правда и еднаковост, анти-импреијализам како и отпорот од освојување или окупација од некоја странска сила.

**Етноцентрични групи** имаат за цел да се претставаат како главна дефинирачка карактеристика на едно општество и негова кохезија. Овие групи го промовираат ставот дека една група е супериорна во однос на другите поради нивната етничка или расна припадност.

**Националистички групи**искажуваат лојалност и посветеност кон една нација, и националната свест ставена во интерес на една нација над другите нации или групи, токму ова претставува мотивирачки фактор на овие групи. Може да имаат за цел да се создаде една нова држава или да се зазме дел од постоечка држава со цел да се спои со друг народ кој го дели истиот национален идентитет.

[107] http://terrorism.about.com/od/causes/a/causes_terror.htm
[108] http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/army/guidterr/ch02.pdf,(13.08.2016).

**Револуционарни групи**се посветени на соборување на воспоставениот поредок и замена на управувањето со нова политичка или општествена структура. Често се поврзува со комунистички политички идеологии, други пак политички движења може да се залагаат за револуционарни методи за да ги постигнат своите цели.

Според некои автори постои и Антиимперијалистички мотив кој подразбира терористичка активност фокусирана на сегментот на надворешната политика на домашната влада, односно на прекинување на нејзините блиски релации (сојузништво) со некоја голема светска сила, спрема која се наоѓа во инфериорна положба. Практикувајќи политички убиства, киднапирање на државни функционери и бомбашки напади на цели кои представуваат симбол на врските помеѓу двете држави, терористите тежнеат да предизвикаат опаѓање и конечно запирање на влијанието на големата сила на некоја држава или пак да со симнување на старата и поставување на нова влада, склона кон интересите на терористите, пресудно влијаат за промена на надворешната политика на државата[109].

Борбата на големите сили и мултинацоналните компании за енормен профит изразено преку експлоатација на нафтата, гасот, минералните суровини, преовладување на пазарите во другите држави претставува една од најголемите причини за појава на тероризмот. Служејќи се со разни изговори како што се спречување на хуманитарни катастрофи, заштита на човековите права и ширење на демократијата како единствен според нив правилен систем на уредување, големите сили своите економски стратешки интереси настојуваат да ги остварат со своето воено присуство, кое пак претставува причина за појава на терористички организации што сакаат да се ослободат од странското присуство во нивните држави.

### 1.6.Карактеристики на тероризмот

Карактеристиките на тероризмот се врзани за неговото манифестирање и тоа го прави специфичен. Тероризмот се манифестира во терористички акти кои имаат одредени

[109]мр Бориша Лечић,Европски модели организације и надлежности служби безбедности у сузбијању тероризма, докторска дисертација,Стр102.

карактеристики[110]. Носител на секој облик на тероризам, а со самото тоа и на терористичкиот акт, е човекот и тоа како припадник на некоја терористичка организација. Тероризмот е условен со постоењето на некоја терористичка организација, како колективитет, човекот како поединец и непосредните актери на тероризмот. Понатаму карактеристично за тероризмот е дека терористичките акти во поголем случај се насочени против цивилното население, со цел тероризирање на поголем дел од општеството од непосредните жртви, со што пробуваат да ги остварат проектираните терористички цели[111].

Според Махди Н. Ниа вели дека постојат пет главни карактеристики на тероризмот и тоа[112]: насилство, сторител, мотиви, жртви и публика.

Како основни карактеристики на тероризмот се издвојуваат[113]: акт на насилство, предизвикување на страв, остварување на политички (криминални) цели, пренесување на одредена порака, организираност, бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт, избор на жртва и објект на нападот, противзаконитост на терористичкиот акт и осуда на тероризмот.

## 1.7.Цели на тероризмот

Целите на тероризмот се најчесто поврзани со крајниот ефект кој треба да се постигне со дејството, односно она што претходно било планирано и прогнозирано од страна на извршителите на актот. Најчест случај е кога терористичкиот акт е програмиран да постигне две или повеќе цели истовремено. Како најчести цели можат да се набројат следниве[114]:

- Добивање целосна светска, национална и регионална поддршка на целта на извршителите на терористичкиот акт;
- Провокација на власта и нејзините органи и предизвикување на ситуација каде е неизбежна потребата од брза, одлучна и строга акција на

[110] http://www.defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.htm
[111]Ибид.
[112] Mahdi Mohammad Nia, From Old to New Terrorism: The Changing Nature of International Security, достапно на:https://gsj.stonybrook.edu/wp-content/uploads/2010/06/0018Nia.pdf.(09.10.2016).
[113] http://www.defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.htm
[114]Димовски, З.,Илијевски, И. Меѓународен тероризам,Факултет за безбедност, Скопје 2011 година, стр. 117.

безбедносните органи, а потоа создавање атмосфера на наклонетост кон терористите;

- Преку директен напад со директни вооружени дејства да се постигне слабеење на безбедносните сили и ефект на недоверба кај населението во сопствените безбедносни органи;
- Отуѓување со цел да добијат пари, средства, оружје и опрема;
- Уништување на стратегиски, и тактички цели и инфраструктура потребна за непречено егзистирање;
- Одвраќање на странски инвестиции и национални планови за развој;
- Остварување на влијание врз решенијата на владата, законодавството, независните државни институции и наметнување на насилни решенија во текот на изборни кампањи или тековни национални избори и други демократски процеси;
- Одмазда и репресии;
- Промена на исходот или подршка на веќе започнати герилски, диверзантски, бунтовнички дејства на некоја држава;
- Подготовка на теренот за идни поконкретни и поизразени дејства;
- Поддршка и одбрана на разни криминогени операции и фактори.

## 1.8.Фази на терористичките активности

Пред изведување на самите терористички акции претходи период напланирање на самите терористички активности. Терористичките операции обично се планираат до најситни детали со цел да се минимизира ризикот, успешно да се изврши самата операција и да се постигне голем публицитет за своите активности. Фази за извршување на терористичките операции се[115]:

- Поширока селекција на цели
- Собирање на разузнувачки информации и набљудување
- Избор на специфични цели

[115]Counterterrorism, Joint Publication 3-26, 2009, p.53.

- Надзор и планирање на нападот
- Проби
- Напад на целта
- Бегство и експлоатација

**Првата фаза**– поширока селекција на цели е фаза кога се врши селекција на поголем број на потенцијални цели од кои некои никогаш нема да бидат цел на напад. Тука се врши проучување на целите врз основа на добиени информации преку медиумите, интернет или пак преку подржувачите на тероризмот. Се проучуваат цели за кои организацијата има капацитет да изврши напад и кои би предизвикале големо внимание во медиумите и паника и страв помеѓу граѓаните.

**Втората фаза** – собирање на разузнувачки информации и набљудување се состои од собирање на информацииза потенцијалните цели, ако се работи за објекти се собираат информации за работните смени, начинот на вршење на идентификација на вработените, начинот на обезбедување пристапни патишта до објектот, фреквенцијата на патиштата, ако се работи за лица се собираат информации за патеката на движење до работното место и назад, време на престој на работа, движења и контакти вон работното време.

**Трета фаза** – избор на специфични цели во оваа фаза терористите вршат избор на целта што ќе ја нападнат врз основа на:

- Дали нападот врз целта ќе предизвика големо медиумско внимание;
- Дали ефектот од падот е во согласност со целите на организацијата;
- Дали со нападот ќе се предизвика страв и ќе се демонстрира моќноста на групата;
- Кои се придобивките наспрема трошоците од извршувањето на терористичкиот напад.

**Четврта фаза** – надзор и планирање на нападот во оваа фаза се врши набљудување на целта со цел да се потврдат веќе добиените информации. Врз основа на добиените информации се врши избор на терористи кои што ќе го извршат нападот, се избира оружје за напад, правци на движење а се врши и извежбување за нападот.

**Петта фаза** – Пробите се вршат со цел терористите да бидат добро подготвени и подобро да ја извршат задачата, тука се испробуваат постапки на терористите во разни ситуации во кои што можат да се најдат во текот на извршувањето на терористичкиот акт.

**Шеста фаза** – Напад на целта се врши по завршувањето на сите подготовки при што многу битен елемент е изненадувањето, односно терористите напаѓаат на места каде што најмалку се очекува и каде што се безбедни бидејќи времето и местото за напад го избираат тие самите.

**Седма фаза** – Бегство и експлоатација, по завршениот напад терористите бргу се оддалечуваат од местото на нападот освен во случај кога се работи за бомбаш самоубиец а потоа настанува експлоатацијата од нападот. Односно ширење на снимките и сликите од нападот преку телевизија, интернет, известувања на радио и слично со што ќе му се даде голем публицитет на нападот а воедно ќе се створи паника и страв меѓу луѓето. Секој успешен напад го крева моралот на терористичката организација за планирање и извршување на други напади.

## 1.9. Структура на терористичките организации

Со поголеми или помали варијации во досегашните проучувања на сите врсти на терористички организации во светот, издеференцирани се два основни системи на кои се засноваат терористичките организации, тоа се : системот на тројки или петорки и системот на ограноци или ќелии[116]. Самото име тројка или петорка го означува самиот број на членови кои ја сочинуваат терористичката организација или некои од нејзините делови. Вака воспоставен систем им дава висок степен на безбедност на терористите бидејќи секој член кој што не е во раководниот кадар на терористите во секој момент може да идентификува најмногу два, три или четири други членови, додека за остатоткот на мрежата најчесто нема никакви познавања. За разлика од него, раководителот на првото најниско рамниште, освен три до пет извршители познава уште највеќе четворица раководители на свое рамниште и се така до највисокото рамниште. Во тој систем, кој ако се прикаже графички добива облик на пирамида, за организацијата и нејзините членови највеќе знае членот кој се наоѓа на врвот, односно врховниот водач. Затоа со ефикасна

[116] Стајић Љ., Основи система безбедности, стр. 270.

заштита на врховниот водач се постигнува заштита на целата пирамида. Современите терористи се собираат и во мали групи – ќелии, кои најчесто бројат пет до десет членови, со едноставен и ефикасен систем на раководење и одржување на врски со другите ќелии. Своите активности ги организираат по принцип на поделба на задачите на помали целини, при што еден дел од членовите е задолжен за обезбедување на материјални средства потребни за функционирање на групата – логистика, друг обука, трет за извршување на нападот и слично. Во случај да за извршување на акцијата се појавува потреба од друг, во ќелијата се воведуваат и други терористи со исто идеолошко определување кои поседуваат специфични знаења или вештини неопходни за успешно извршување на задачата. Секоја ќелија е релативно самостална при извршување на акции, а во одредени организации ќелиите се натпреваруваат меѓу себекоја ќе има повеќе жртви или ќе предизвика поголема материјална штета врз целта на нападот. Заради спречување на протекување на информации од одредени терористи или од инфилтрација на разузнавачките служби, водачите на организациите настојуваат да ќелиите една спрема друга останат конспиративни односно да податоците за пошироката организациска структура бидат достапни само за потесното раководство, а целосната слика да остане позната на само едно лице односно врховниот водач на терористичката организација. Приемот на нови членови со оглед на специфичноста на оваа појава нема строго формални обележја, може да биде пропратен со полагање на заклетва, потпишување или давање на усмена изјава за прифаќање на идеологијата, начелата на конспиративност или хиерархиската структура на организацијата и слично. Поедини терористички групи воведувањето на нови членови го спроведуваат со одредени ритуали во амбиенти исполнети со терористички симболи[117].

2. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на бунтовништвото;

   2.1.Поим за бунтовништво

Досегашниот период од 21 век се карактеризира со голема нестабилност, променлива меѓународна средина и огромен број на конфликти. Конфликтите како и во минатото и во 21 век се именуваат според политичкиот интерес на страните инволвирани во конфликтите. Така на пример одредени групации во Сирија кои што се борат против

[117] Бошковић М., Криминологија, стр. 316-317.

режимот на Асад, од страна на САД и неговите сојузници се нарекуваат умерени бунтовници, додека пак за режимот во Сирија тие се терористи. Бунтовништвото како и тероризмот е сложена појава за која што нема универзална дефиниција и честопати бунтовништвото е поистоветувано со тероризмот.

## 2.2.Бунтовништвото низ историјата

Во рамките на проектот "корелација на војната"(„Correlates of War“ ) на Универзитетот во Мичиген, научниците идентификувале и анализирале 654 војни меѓу 1816 и 2007 година. Тие откриле дека95 војни (14,5 проценти) имале карактеристики на класични конвенционални конфликти меѓу редовните армии на националните држави, додека пак 559 војни (85,5 отсто) биле граѓански војни, војнипротив бунтовниците, војни помеѓу не-државни елементи кои немале намера да ја преземат власта во некоја држава[118]. Во периодот од 1990 до 2007 година имало вкупно 76 војни во целиот свет. од кои девет од нив (11,85 проценти) биле класични конвенционални војни, 67 (88,15 проценти) имале карактеристики на другите групации на војни[119].

## 2.3.Дефинирање на бунтовништвото

Постојат различни дефиниции за бунтовништвото во САД, Германија, Франција, Велика Британија и другите држави.

САД го дефинираат бунтовништвото како: организирана, долга воено-политичка борба дизајнирана да ја ослабне контролата и легитимноста на воспоставената власт, окупаторските сили или друг политички авторитет, додека истовремено се зголемува контролата од страна на бунтовниците[120].

Во НАТО пактот бунтовништвото е дефинирано како збир на активности на организирана, често идеолошки мотивирана група или движење, кое има за цел да

---

[118] Robert Mikac, Antonija Buntak,NAČELA PROTUPOBUNJENIČKIH OPERACIJA: OD TEORIJSKOG MODELA DO REALIZACIJE достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2011-jesen/12.%20Nacela%20protupobunjenickih%20operacija%20-%20od%20teorijskog%20modela%20do%20realizacije,%20Robert%20Mikac%20i%20Antonija%20Buntak.pdf(19.02.2017).

[119]Ибид.

[120]Илиев А., Разузнавање во противбунтовништво, ЛУБ„Благој Јанков Мучето, Струмица 2014, стр.15.

предизвика или да спречи политички промени од страна на владејачките авторитети, фокусирајќи се на убедување и заплашување на популацијата користејќи насилство или субверзија[121].

Во Германската армија се употребува следната дефиниција: процес на дестабилизација предизвикан од политички, економски или социјални незадоволства, при што се влијае врзефикасноста и легитимноста на владиниот систем[122].Бунтовник пак е лице кое извршува или поддржува асиметрични активности како дел од бунтот[123].

Друга дефиниција која ни ги дава најбитните елементи за бунтовништвото е: Бунт е долготрајна политичко-воена борба насочена кон поткопување или преместување на легитимноста на владата или конституираната окупаторска сила, целосна или делумна контрола на ресурсите на одредена територија преку употреба на асиметрични сили и нелегални политички организации[124].

Заеднички именител за повеќето бунтовнички групи е нивната цел за стекнување на контрола врз населението или на одредена територија вклучувајќи ги и нејзините ресурси[125]. Оваа цел ги разликува бунтовничките групи од терористичките организации. Според Бард О'Нил – бунтот е најверојатно најраспространетиот вид на вооружен конфликт од создавањето на организирани политички заедници. Тој го дефинира бунтот како општо сеопфатен концепт кој се однесува на конфликт помеѓу влада и група или противник кој ги користи и политичките ресурси и насилствотото за да се промени, преформулира или да се придржуваат на легимитетот на еден или повеќе од четирите клучни аспекти на политиката[126]. Четирите клучни аспекти се[127]:

- Интегритет на границите и составот на националната држава,
- Политичкиот систем,
- Органите на власт,

[121] NATO, Alied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4,February 2011, p.1.
[122] German army office, Preliminary basics for the role of land forces in counterinsurgency, Cologne, 2010, str.1
[123]Ибид.
[124]ile:///C:/Users/kiro/Downloads/nps62-062512-01.pdf(22.08.2016)
[125]Ибид.
[126] Aaron M Young, David H. Gray, Insurgency, Guerilla Warfare and Terrorism: Conflict and its Application for the Future, стр.2, достапно на:http://globalsecuritystudies.com/Young%20Insurgency%20FINAL.pdf(17.01.2017).
[127]Ибид.

- Политиките кои што одредуваат кој што ќе добие во општеството.

## 2.4.Појавни облици на бунтовништво

Бунтовите не се ограничени од страна на регионалните или националните граници иможе да бидат[128]: локални, национални, транснационални или дури и меѓународни (глобални) по природа. Според Водичот за анализата на бунтовништвото на ЦИА - Бунтовништвото генерално е поделено на четири пошироки категории: политички организирано, воено организирано, традиционално организирано и урбано бунтовништво, некои бунтовништва ги имаат карактеристиките на повеќе од еден тип на бунтовништво[129].

Табела бр.3 Типови на бунтовништво

| Организациска структура | Цел/стратегија | пропусти | Останати карактеристики |
|---|---|---|---|
| **Политички организирано бунтовништво** | | | |
| Обемна, сложена политичка структура развиена пред започнување на воените операции | Влада во сенка создадена за да се поткопа авторитетот на постојниот режим, политичката консолидација претходи на воената консолидација во спорните области | Ранливи на концентриран напор во насока на неутрализирање на инфраструктурата и воспоставување на административна контрола во спорните области | Долготрајна војна, тенденција кон прекумерен револуционерен жар |

[128] https://info.publicintelligence.net/NATO-Counterinsurgency.pdf
[129]Guide to the analysis of insurgency достапно на:https://fas.org/irp/cia/product/insurgency.pdf(17.01.2017).

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Воено организирано бунтовништво** | | | |
| Мала, децентрализирана структура на вооружени бунтовници која служи како катализатор за мобилизирање на опозицијата против постојниот режим | Бунтовнички групи кои се надеваат дека ќе се формира фокусот на незадоволно население, уништување на легитимитетот на режимот со воена акција, воена консолидација претходи на политичката консолидација на спорните области | Ранливи на агресивната воена акција за време на раните фази на бунтот поради неразвиена политичка структура, релативно ранлива логистика и комуникациски мрежи, како и недостаток на тајни мрежи меѓу локалното население. | Се надеваат дека ќе го деморализираат режимот и ќе добијат моќ без голема конвенционална војна |
| **Традиционално организирано бунтовништво** | | | |
| Постоечка племенска или религиозна организациска структура | Нема единствена стратегија заедничка за сите, ќе донесе стратегија од другите видови | Ограничен капацитет за апсорпција на економска и воена казна, конфликитите помеѓу лидерите се вообичаени, лидерите често немаат доволно мотивација, бунтовничко | Регрутирање врз основа на етничката ексклузивност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | искуство и политички дисциплина. | |
| **Урбано организирано бунтовништво** | | | |
| Клеточна структура во урбана средина | Закана за легитимноста на режимот во урбана средина | Ограничени на мала област и мора да се кријат помеѓу населението, загуби кои произлегуваат од воен / полициски притисок и психолошки стрес на припадниците | Често во поддршка на поширок бунт што се води во рурална област |

Како многу битен сегмент за политичарите и безбедносните органи за спречување на бунтот е концептот бунтовништво во зачеток. Концептот бунтовништво во зачеток (incipient insurgency)[130] го опфаќа периодот пред бунтот и организациските фази на бунтовничкиот конфликт. Се однесува на ситуации во кои субверзивна активност од страна на неразвиената бунтовничка група е само потенцијална закана за владите каде што антивладините инциденти се случуваат често, каде што организацијата се појавува во јавноста, и може да се предвидат нејзините активности во иднина. Револуционерна група која има цел да премине во бунтовничка мора, во најмала рака, да изгради една организација, да изврши регрутирање и обука на луѓето, да добијат материјали и да ги прикаже своите верувања и цели. Исто така, групата може да избере да поттикнува немири или прекини на работата, да се инфилтрира во легитимниот политички апарат, како и и да се вклучи во тероризам, побројните знаци дека групата се вклучила во овие активности и нивната големина, може да се заклучи дека претставува посериозни

[130]Ибид.

закана[131].Најалармантни знаци-оние кои речиси сигурно ќе го сигнализира почетокот на сериозна бунтовничка закана-вклучуваат значителна странска помош, или од страна на владите или од искусни бунтовници, обемна герилска обука, стекнување на големи количини на герилската ресурси, како и создавање на една организација (со двете политички и воен крило) способна за значително зголемување на своето членство. Знаците поврзани со развојот на бунтот спаѓаат во рамките на следните шест категории[132]:

1. Организација и регрутирање
- ненадејно заминување на голем број на млади или квалификувани луѓе за некоја форма на обука или индоктринација,
- пребегнување на значителен број на членови, особено лидери, од една политичка партија или организација во радикална партија,
- видливо зголемување на идеолошко преобратување во руралните средини,
- зголемување на бројот на посетители од пробунтовничките земји или враќање на прогонетите,
- извештаи од ќелиите во урбаните средини,
- објавување на герилски планови и програми за промена на земјата.
2. Тренинг
- извештаи за обука на луѓето со оружје или идентификација на невладините сајтови за воена обука,
- извештаи за луѓето кои добиваат обука надвор од земјата или патуваат во земји симпатизери на бунтовниците.
3. Стекнување на ресурси
- Откривањето на складирано оружје и опрема, големи количини на полициски униформи или воена облека, складирани експлозиви,
- Докази за зголемени кражби на оружје,
- доказ дека групата има пристап или има украдено специјална или софистицирана опрема - на пример, повеќе кражби на примопредаватели, рачни VHF / UHF радио предаватели, антени, касетофони,

[131]Ибид.
[132]Ибид.

- доказ за кражби, киднапирање откуп, приход од наркотици, или рекет поврзани со радикалната група.

4. Надворешна подршка

- доказ за пари, оружје обука, и материјалните средства снабдени од странски влади,
- доказ за помош и соработка со странски бунтовнички групи.

5. Поддршка од народот

- докази дека бунтовниците имаат врски со легитимни групи - политички партии, синдикати, црква,
- Зголемено медиумско покривање на бунтовничките активности,
- доказ дека бројот на симпатизери расте - на пример, луѓето кои не се формални членови, но ги подржуваат демонстрациите.

6. Акција/употреба на насилство

- појавата на радикалниот насилство, вклучувајќи и бомбашки напади, напади против владиниот персонал и објекти, објекти од витално значење, симболични цели, или имот во странска сопственост,
- извештаи за инфилтрација во владата, синдикатите, политичките партии,
- фанатична поддршка на земјишни реформи, вклучувајќи неподржани од владата експропријација на земјишни реформи, илиза воспоставување на измамнички кампови,
- забележување на вооружени лица во руралните средини,
- извештаи за состаноци на кои во центарот на дискусијата е отпочнување на насилство,
- откривање на способност за производство на фалсификувани документи,
- убиството на авторитетни личности или верски лидери,
- насилство во странски земји насочено против дипломатската заедница на земјата за која се искажува загриженост,
- производство и циркулација на големи количини на материјали со радикална пропаганда,
- воспоставување на организации.

Според аспирациите на бунтовниците О'Нил ги издвојува следните видови на бунтовнички движења[133]:

- Анархистичко кое има далекусежни нереални цели. Тие бараат преку насилство и штрајкови да се елиминираат сите институции на системот кои за нив се нелегитимни и непотребни,
- Револуционерно бунтовништво или бунт за рамноправност, кое има за цел да наметне нов политички и општествен поредок на државата врз основа на систем на вредности. Раководството на овие движења формира централно контролиран апарат или организација, што го мобилизира народот за радикално да ја трансформира социјалната структура во рамките на постојаната политичка заедница,
- Традиционално бунтовништво кое има за цел фундаментална промена на политичкиот и општествениот поредок. Традиционалните бунтови често се идентификуваат како национални и ослободителни.
- Милениумски бунтови се движења кои не планираат да го заменат постојаниот систем со нов или со некој од минатите години, туку со режим што постоел во далечното минато и е со вкоренети врски со нивните предци и религијата. Милиениумските бунтови се света војна помеѓу силите на доброто и злото. Тие по обем се транснационални. Милениумските бунтови имаат многу заеднички елементи со револуционерните бунтови, а главна заедничка карактеристика им е почитта и посветеноста на идеологијата, како одраз на апсолутната вистина и правда. Радикалното исламско движење најчесто се идентификува како милениумски бунт.
- Плуралистички бунтови чија цел е револуционерна трансформација на политичкиот систем, во кој се потенцирани вредностите на индивидуалните слободи, права и компромис.
- Сецеонистички бунтови претставуваат обид за отцепување од државата и воспоставување независна политичка заедница.

[133]Ненад Танески, Глобални хибридни закани и асиметрични војни, Скопје, 2014, стр.71.

- Реформистички и заштитнички бунтови се помалку амбициозни во однос на нивните аспирации. Тие се стремат за правична распределба на политичките и на економските добра на системот, а не за радикални преуредувања.

Бунтовничките организации во својата структура вообичаено ги имаат следните шест типови на членови[134]: лидери, вооружени елементи, кадри, помошни членови, подземје, масовна база. Процентот на секој елемент ќе зависи од целите, степенот на развој, способноста и успехот на бунтот.

- Лидерите ги насочуваат и командувата бунтовниците. Во некои бунтовнички организаци позицијата лидер може да биде како резултат на верска, кланска или племенска власт,
- Вооружени елементи изведуваат операции, ги извршуваат наредбите, превземаат акции, и вршат одржување на локална контрола. Вооружени елементи исто така вршат заштита на кампoвите за обука, вршат обука и регрутирање на борци,
- Кадрите го формираат политичкиот дел на бунтот и се вклучени во борбата за постигнување на бунтовнички цели. Тие можат да создадат политичка партија и ги спроведуваат насоките и процедурите што се предвидени од страна на лидерското движење,
- Помошни членови се активни членови и симпатизери кои даваат одредени услуги и го поддржуваат бунтот, но не учествуваат во индиректни акции. Нивните активности може да бидат: одржување и безбедност на куќи, чување на оружје и материјално технички средства, да вршат курирки должности, да обезбедат пасивно прибирање на доверливи информации, да даваат рано предупредување за евентуални противбунтовнички активности, да обезбедат средства од легални или нелегални извори као и да обезбедат украдени или фалсификувани документи и пристап или воведување на потенцијални подржувачи,
- Подземје претставуваат скриени поддржувачи на бунтовниците кои може да водат нормален живот и да се на некои видни позиции во општеството,

[134] https://info.publicintelligence.net/NATO-Counterinsurgency.pdf

но тие паралелно водат и таен живот кој се однесува на активната поддршка на бунтовниците преку регрутирање и тренинзи на бунтовницте, пропагандни кампањи ислично.

- Масата се состои од членови на населението кои го поддржуваат бунтовницичкото движење. Овие членови често се регрутирани и индоктринирани од кадрите.Членовите на масовна база продолжуваат со нивнитенормални позиции како правни членови во општеството, а со тек на времето можат да станат постојани членови на бунтовничкото движење.

Стратегии и Тактики на бунтовниците

Бунтовништвото користи насилни и ненасилни тактики за да ги постигне своите цели. Ненасилните тактики се користат за да се постигнат политичките цели без употреба на сила. Насилните тактики вообичаено се користат во комбинација со ненасилните тактики. Користењето на комбинација од овие две тактики и подржани со пропаганда помагаат во регрутирањето на нови борци како и на добивањето на подршка од народот. Бунтовништвото по природа е асиметрична закана. Асиметрична војна е конфликт во кој послаб противник користи необични тактики на изненадување за напад врз слабите точки на посилен противник, како такви тактики се: тероризмот, герилска војна, криминалните активности, субверзија, или пропаганда[135]. Насилните тактики на бунтовништвото вклучуваат:тероризам, герилска војна,саботажа, или конвенционални операции[136].Бунтовниците, често ги користат тероризмот и герилската војна како тактики за да ги постигнат своите цели,затоа што тие немаат способност да се спротивстават на владата или противбунтовничките сили со конвенционални операции.Субверзијата и пропагандата се двете најзастапени форми на ненасилна борба.

Силни и слаби страни на бунтовништвото

Како силни страни на бунтовниците се:

- Тие обично имаат многу добро познавање на зоната на операции,

---

[135] FM 3-24.2,TACTICS IN COUNTERINSURGENCY,HEADQUARTERS DEPARTMENT OF THE ARMY,Washington, DC, 2009, p.2-20.

[136]Ибид.

- Бунтовниците вообичаено оперираат во својата земја и во сопствената етничка група, што го прави исклучително тешко идентификувањето на  бунтовниците во заедницата или идентификувањето на  луѓето поврзани собунтовниците,
- Бунтовниците ги знаат сите детали во зоната на операции, вклучувајќи ги и карактеристиките на локалното население и нивната култура, дневниот распоред, акценти, локални дијалекти кои им овозможуваат  да се вклопат во локалното население, што ја подобрува нивната способност да работат во тајност,
- Тие вообичаено носат слична облека, имаат исто држењето на телото, манири, гестови со рака, движења на телото, брзина на одење, честитки, и одржување на контакт со очите (или не) исти како населението на тоа подрачје. Исто така се придржуваат и на локалните општествени норми за употребана храна, пијалок и распоред на спиење,
- Бунтовниците обично не се одговорни за одржување на нормални владини обврски кон локалнатапопулација.  Бунтовниците може да спроведат некои владини функции и да формираат влада во сенка,меѓутоа од нив обично не се очекува да обезбедат владиниуслуги за населението. Ова вообичаено значи дека бунтовниците трошат малку ресурси на владини функции, штоовозможува користење на  повеќе ресурси  за спроведување на бунтот.[137].

Како слаби страни на бунтовниците се:

- Повеќето бунтови имаат ограничен персонал и ресурси. Долги периоди без повторно снабдување со ресурси, како  и губењето на клучниот персонал може негативно да влијае на способноста на бунтовниците да го одржат конфликтот,
- Бунтовничките движења се чувствителни на информативни операции со кои што информации е прикажана опасноста, бесцелноста, нивната бројчана инфериорност спрема владините сили. Сетоа ова може да доведе до страв дека ќе бидат третирани како криминалци тие и нивните семејства, па многу бунтовници често дезертираат. Доколку им се понудат некоин поволности од страна на владите како: помилување,

[137]FM 3-24MCWP 3-33.5INSURGENCIES ANDCOUNTERINGINSURGENCIESHeadquartersDepartment of the Army Washington, DC,  June 2014,п.5-4.

засолниште, храна и слично може да биде дополнителен стимул за дезертирање на дел од припадниците на бунтовничките сили,

- Децентрализираната природа на вмрежените бунтови што обезбедува сигурност на операциите, исто така, може да биде и слабост поради бавното движење на информациите, немањето на доволно ресурси, неможноста да повикуваат засилување може да направи бунтовниците да се чувствуваат изолирани, сами, збунети.

## 2.5.Причини за појава на бунтовништвото

Причини кои што доведуваат до појава на бунтовништвото најчесто се комбинација од следниве: сиромаштијата, невработеност, ниско ниво на образование, етнички, социјални, политички или верски предрасуди, конфликти или екстремистички тенденции, како и меѓувладини тензии и неправилности, или војни помеѓу државите[138]. Така социјалните, економските и политичките незадоволства кај дел од населението, доведуваат одреден дел од населението да мисли дека владата нема способност или легимитет да го воспостави или зачува државниот поредок, или да го обезбеди населението со основни продукти и услуги. Како резултат на сето ова владата ќе биде во опасност да ги изгуби ефективноста и легимитетот во спроведувањето на законите, или доколку веќе ги изгубила, државата да падне во хаос и анархија[139].

## 2.6. Карактеристики на бунтовништвото

Бунтовниците имаат интенција за дестабилизација на државните структури или спречување на нивното формирање. Тргнувајќи од нивните мотиви кои што можат да бидат од материјална, етничка, верска, политичка, национал-сепаратистичка или духовна природа, кои што мотиви се користат како изговор за да се оправда насилството, озаконувањето на бунтовничката организација и нејзините лидери, и да се мобилизираат

[138]German army office, Preliminary basics for the role of land forces in counterinsurgency, Cologne, 2010, str.1
[139]Ибид.

подржувачи. Бунтовниците може да бидат инфилтрирани и од странство, вообичаено тие имаат сосема различни цели кои не кореспондираат со ситуацијата во земјата.

Бунтовниците е многу тешко да бидат индентификувани особено кога се мешаат помеѓу населението. Истотака тие не се чувствуваат обврзани со меѓународниот хуманитарен закон или национален закон. Па така меѓународното право и човековите права може да не значат ништо за нив.

## 2.7. Разлики помеѓу тероризмот и бунтовништвото

Голем предизвик претставува одредувањето на разликите помеѓу тероризмот и бунтовништвото. Во научната јавност честопати тероризмот и бунтовништвото се поистоветуваат како едно исто. Сепак иако овие две појави се многу слични, некогаш имаат и слична идеолошка цел, постојат одредени разлики кои што ги издвојуваат бунтовничките движења од терористите.

Крајната цел на бунтот е да ја оспори постојната влада, за да воспостави контрола на целата или дел од нејзината територија, или да ги принуди властите на политички отстапки во споделувањето на политичката моќ[140]. Бунтовниците бараат активна или премолчена поддршка на дел од популацијата инволвирана во конфликтот. Надворешна поддршка, признавање или одобрување од други земји или политички субјекти може да биде корисно за бунтовниците, но не е неопходно.Терористичката група не бара, и ретко има активна поддршка или симпатизирање од поголемиот дел од населението.Тероризмот не се обидува директно да ги оспори владините сили, туку делува да ги промени перцепциите за ефективноста или легитимноста на самата влада[141]. Терористите вообичаено избегнуваат директни борби со владините сили, и невоспоставуваат контрола на одредена територија. Бунтовницте можат да се придржуваат до меѓународните норми

[140] Differences between terrorism and insurgency, available at: http://www.terrorism-research.com/insurgency/
[141] Ibid.

во врска со законите за војување, при постигнувањето на нивните цели, но терористите по дефиниција вршат кривични дела според цивилните и воените закони[142].

Тероризмот е алатка која се користи од страна на бунтовничките групи во нивната поширока стратегија во граѓанските војни и, од неодамна, во современите вооружени конфликти[143]. Значи бунтовничките групи го користат тероризмот како алатка за постигнување на нивните цели, но во одредени случаи бунтовничките групи намерно не го користат тероризмот поради стравот од осуда за извршените брутални терористички акти.

Стратешките избори и цели на бунтовниците и терористите, исто така, покажуваат како тие се разликуваат едни од други. Терористите по дефиниција ги напаѓаат цивилите, бунтовниците напаѓаат борци[144].

Бунтовниците при изведувањето на своите напади користат и единици организирани во класични воени формации, напаѓаат со водови, чети или баталјони. Нападите се насочени против регуларните воени сили, а по нивното протерување вршат чистење и обезбедување на освоената територија. Понатаму, бунтовниците вршат јавни услуги за населението, истовремено намалувајќи ја способноста на владата да го стори тоа. Хезболах тоа го прави постојано, нудејќи пристап до вода и школување во Либан, кога владата не може да го стори тоа.

Терористите не вршат класични воени напади врз регуларните вооружени сили, немаат класични воени формации за водење на борба, туку се организирани во вид на ќелии независни една од друга или како индивидуалци таканаречените осамени волци, кои изненадно вршат терористички напади, насочени пред се против цивилното население. Пример, терористичките напади врз Светскиот трговски центар во САД во 2001 година беа насочени против цивилното население, а не против регуларните вооружени сили на САД.

---

[142] Ibid.

[143] Mustafa Coşar Ünal,Terrorism versus insurgency: a conceptual analysis, available at:http://iusgentium.ufsc.br/wp-content/uploads/2017/03/1-3-Terrorism-versus-insurgency-a-conceptual-analysis.pdf,п.6.

[144]The Difference Between Terrorists and Insurgents, http://www.worldreportnews.com/us-foreign-policy-archived/the-difference-between-terrorists-and-insurgents

Да се направи дистинкција помеѓу бунтовништвото и тероризмот е од големо значење за успешна борба на легалните власти против истите. Затоа што за успешна борба против тероризмот главна цел е фаќање или неутрализирање на терористите ( без оглед дали се рабти за т.н. осамени волци или за некоја терористичка организација). Клучот на успехот против бунтовниците е нивна изолација, спречување на внатрешната подршката од населението, а со тоа и спречување на ескалација на конфликтот, додека апсењето на бунтовниците е во втор план.

## 3. Поим, дефинирање, цели и карактеристики на организираниот криминал и корупција;

### 3.1. Поим за организиран криминал

Поимот организиран криминал теоретски се појавува во понов датум. Па така некои автори како Мајкл Д. Лајман  и Гари В. Потер сметаат дека шпекулациите за вистинската природа на организираниот криминал во Соединетите Американски Држави се развиваат речиси сто години[145]. За поимот организиран криминал некои држави како Русија и Бугарија, до средината на деведесетите години, ретко официјално признаваа дека има организиран криминал, а уште поретко дека неговите размери се повеќе од загрижувачки[146]. Организираниот криминал исто како и тероризмот и бунтовништвото претставува еден од најкомплексните поими за кој што не постои универзална дефиниција. Тоа е така затоа што причините, факторите и условите  за појавата и развивањето на организираниот криминал не се исти од земја до земја. Ако причините не се исти, дури ниту слични , тогаш логично е дека ниту типовите, ниту појавните облици на организираниот криминал нема да бидат исти меѓу земјите[147]. Сепак најголемата иницијатива за борбата против организираниот криминал доаѓа од меѓународната заедница, што е и нормално бидејќи кај државите кои што се зафатени од организиран криминал и корупција тој обично е навлезен во највисоките државни институции, па единствен начин за искоренување на организираниот криминал и корупција е да се

[145]Мајкл Д. Лајман, Гари В. Потер, Организиран криминал, Магор, Скопје 2009 година, стр.3.
[146]Камбовски В., Организиран криминал, 2-ри Август С, Скопје, 2005 година, стр.21.
[147]Лабовиќ М. Николовски М., Организиран криминал и корупција,Скопје,2010, стр.37.

изврши меѓународен притисок на државата. Организацијата на Обединетите Нации (ООН), по низа конгреси за превенција и контрола од организираниот криминал како што се конгресите во Милано во 1985 година  и Хавана во 1990 година, конечно спречувањето и отстранувањето на организираниот криминал е кренато на ниво на меѓународен глобален проблем на Министерската конференција за организираниот транснационален криминал, одржана во Неапол во 1994 година[148]. Во документите од оваа конференција – Неаполската политичка декларација и Глобалниот план за акција против организираниот транснационален криминал, подоцна усвоени и од Генералното собрание на ООН[149], реафирмирани и во документите на IX конгрес на ООН за превенција на криминалот, Каиро 1995 година се истакнува драматичниот пораст на организираниот криминал и се повикуваат државите да ги следат искуствата на други држави за развивање на соодветно законодавство, на практика и на меѓународна соработка[150]. Во политичката декларација од Неапол и глобалниот план за акција се наброени следните 6 (шест) карактеристики на организираниот криминал:

- Групата да е организирана за извршување на кривични дела;
- Хиерархиски врски или лични односи кои овозможуваат лидерство за контрола на групата;
- Користење на насилство, заплашување и корупција заради профит или контрола на територии и/или пазари;
- Перење на нелегални приходи и одредени криминални активности со кои тој приход се инфилтрира во легитимната економија;
- Групата има потенцијал за проширување на своите активности надвор од националните граници;
- Соработка со други транснационални криминални групи.[151]

[148]Камбовски В., Организиран криминал, 2-ри Август С, Скопје, 2005 година, стр.22
[149](A/49/748, 1994)
[150]Камбовски В., Организиран криминал, 2-ри Август С, Скопје, 2005 година, стр.22.
[151] Economic and Social Council, *Implementation of the Naples Political Declaration andGlobal Action Plan against Organised Transnational Crime*, report of theSecretary-General, UN doc. E/CN.15/1996/2.

3.2. Дефинирање на организираниот криминал

Постојат огромен број на дефиниции за организиран криминал па така:

Во меѓународните организации се дефинира:

Во конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (Палермо 2000) член 2 под организирана криминална група се подразбира: структурирана група од три или повеќе лица, која постои за определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела, или дела определени со Конвенцијата заради остварување на директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист.

Според Советот на Европа[152]:Организираниот криминал значи: незаконски активности изведени од структурирани групи од три или повеќе лица што постојат подолг временски период и имаат цел да извршуваат сериозни кривични дела со насочена акција преку користење закани, насилство, корупција или други средства со цел да се добие, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист.

Интерпол пак го дефинира- секоја група која што има корпоративната структура, чија основна цел е да се добие пари преку нелегални активности, често преживувајќи со страв и корупција[153].

Странските автори го дефинираат вака:

Abadinsky, Howard: Организираниот криминал е неидеолошко претпријатие, вклучувајќи голем број на лица во непосредна социјална интеракција, во организација на хиерархиска основа, со најмалку три нивоа / редови, заради обезбедување на профит и моќ со ангажирање во незаконски и законски активности. Позициите во хиерархијата и позиции кои вклучуваат функционална специјализација може да се доделат врз основа на роднински врски или пријателство, или рационално доделуваат во согласност со способноста. Позициите не зависат од поединци кои ги окупираат во секое време. Постојаноста е преземена од страна на членовите кои се стремат претпријатието да се

[152] http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm#coe
[153] www.organized-crime.de/OCDEF1.htm#coe

задржи интегрално и активно во извршување на своите цели. Тоа ја избегнува конкуренцијата и се залага за монопол на индустрија или територијална основа. Постои подготвеност за употреба на насилство и / или поткуп за да се постигнат целите или за одржување на дисциплина. Членството е ограничено, иако лица кои што не се членови може да бидат вклучени на непредвидена основа. Постојат експлицитни правила, усни или писмени, кои што се спроведуваат и тоа од од разни санкции па до убиства[154].

ФБИ го дефинира организираниот криминал како секоја група која што има формална структура и чија основна цел е да се добие пари преку нелегални активности[155].

Институтот за меѓународни истражувања (Institute for Intergovernmental Research): "Организираниот криминал" се дефинира како: секоја организирана група која има свое раководство изолирано од директна вмешаност во кривични дела и обезбедува организациски интегритет во случај на губење на лидерството[156].

Мајкл Мајнц укажува на семантички проблем, истакнувајќи дека го нарекуваме специфично однесување или организиран криминален акт, но кога се однесува на организираниот криминал во генеричка смисла обично мислиме на ентитет, група на лица, следствено: „Организиран криминал е кривично дело во кое има повеќе од еден сторител, а сторителите се и имаат намера да останат поврзани еден со друг со цел да извршуваат кривични дела“[157].

Јаков Глински организираниот криминал е дефиниран како функционирање на стабилни, хиерархиски организации, вклучени во криминал, како еден вид на бизнис, како и воспоставување на систем за заштита од јавната контрола со помош на корупцијата.

### 3.3. Појавни облици на организиран криминал

Под облици на организиран криминал се подразбира криминалното поле на делување на организираните криминални групи, банди, здруженија (криминални

[154] http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm#abadinsky
[155] https://www.fbi.gov/investigate/organized-crime
[156] http://www.organized-crime.de/OCDEF1.htm#albanese
[157] Abadinsky H., Organized crime,ninth edition,Wadsworth,2009,p.22.

организации), односно кон кои кривични дела или групи кривични дела е насочена нивната криминална активност[158]. Како што во научната и стручната литература не постои еднобразна дефиниција за организиран криминал, така не постојат ни еднобразни сфаќања за облиците на организиран криминал.

Секретаријатот на ООН во припремите на документацијата за Петиот конгрес на ООН, по прашањето за превенција на криминалот и третман на престапниците во Женева во 1975 година, ги има идентификувано следните 18 категории на транснационален криминал и тоа:перење на пари, нелегална трговија со наркотици, корупција и мито на јавните службеници, инфилтрација во легалните бизниси, предизвикување на лажен банкрот, превари во врска со осигурувањето, компјутерски криминал, кражба на интелектуалната сопственост, нелегална трговија со оружје, терористички активности, киднапирање на авиони, морска пиратерија, киднапирање на земја, трговија со бело робље, трговија со човечки органи, кражба на уметнички дела и културни добра, еколошки криминал и други прекршоци кои припаѓаат во групата на организиран криминал.

Професорот Методија Ангелески диференцирал петнасет групации на начини на извршување, кои всушност претставуваат облици и тоа[159]: организиран економски криминалитет од типот на таканаречениот криминалитет на белите јаки, организиран економски корпорациски криминалитет, организиран криминалитет на моќници од власта, организиран воен криминалитет, организиран нарко-криминалитет(недозволена трговија со дрога), организиран криминалитет во врска со оружје и муниција, организиран криминалитет во врска со накит и скапоцености, организиран криминалитет во врска со културно – историски добра, организиран криминалитет со радиоактивни материи, организиран криминалитет во врска со фалсификување на пари и хартии од вредност, организирана недозволена трговија со автомобили, организирана проституција и трговија со бело робје, организиран криминалитет во врска со изнуди, организиран криминалитет во врска со трговија со луѓе, организиран криминалитет во врска со хазардни игри.

[158]Лабовиќ М. Николовски М., Организиран криминал и корупција,Скопје,2010, стр.97.
[159]Анѓелески М., Во борбата против организираниот криминалитет е потребно поорганизиран научно-стручен пристап, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2002, стр.101.

Така според авторите Татјана Теофилович и Небојша Теофилович појавни облици на организиран криминал спаѓаат[160]:

- Трговија со опојни droги,
- Трговија со луѓе,
- Илегална трговија со луѓе,
- Илегална трговија со оружје,
- Компјутерски криминал,
- Корупцијата и перењето на пари (како специфични облици на организиран криминал),
- Рекет,
- Организирана коцка,
- Еколошки криминал,
- Пиратерија, кражби и трговија со моторни возила,
- Кражба на интелектуална сопственост, уметнички и културни добра.

## 3.4. Типови на организиран криминал

Според објавените резултати на Обединетите Нации, од едно истражување направено во 2002 година, во кое биле опфатени 16 држави, каде што истражувањето се вршело врз 40 селектирани криминални групи дадени се 5 типови на криминални организации[161]:

- Стандардна хиерархија,
- Регионална хиерархија,
- Кластерирана хиерархија,
- Јадрена група,

[160] Teofilovic T, Teofilovic N., Organizovani criminal, Univerzitet u Novom Pazaru, Novi Pazar, 2014, str.45.
[161] United Nations, Results of a pilot survey of forty selected organized criminal groups in sixteen countries,2002,p.39 .https://www.unodc.org/pdf/crime/publications/Pilot_survey.pdf

- Криминални мрежи.

Според Миодраг Лабовиќпри одредувањето на типовите на организиран криминал освен критериумот на организациска структура,треба да се земат во предвид и следните нови пет критериуми[162]:

- Директната позиционираност во инстутиционалната хиерархија на системот во определени земји (етаблираност во системот) на главните носители на организирани криминални активности, кои претходно немале криминално досие,
- Поврзаноста на претставници на организираните криминални групи со одредени нивоа на државно-политички структури на една или повеќе земји,
- Инфилтрирање на претставници на организираните криминални групи, кои имале претходно криминално досие, во политички партии, извршната власт, правосудството, легалниот бизнис, медиумите на една или повеќе држави,
- Општествената опасност според проценката за степенот на безбедносните ризици и закани за националната, регионалната и глобалната безбедност,
- Обемот на материјални и нематеријалните штетни последици.

Па така имајќи ги во предвид горенаведените критериуми постојат[163]:

- Групен организиран криминал,
- Мрежен организиран криминал,
- Мафијашки тип на организиран криминал,
- Институционален тип организиран криминал,
- Институционален тип на организиран криминал на највисоко државно ниво како резултат на генералниот концепт на системски корумпираната политика , што ја водат големите сили, со силен импакт врз

[162]Миодраг Лабовиќ, Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност, Скопје, 2016,стр.241.
[163]Миодраг Лабовиќ, Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност, Скопје, 2016,стр.242.

меѓународните економски и политички односи во функција на остварување на долгорочните гео-стратешки и гео-економски интереси на најкрупниот глобален капитал, чии што домицилни земји се најмоќните држави во светот.

## 3.5. Карактеристики на организираниот криминал

Заеднички карактеристики на организираните криминални групи се[164]:

- Организираниот криминал се заснова на снабдување на нелегални стоки и услуги за кои што голем број на луѓе се подготвени да платат. На пример, во 1999 година бројот на Американци кои што користат дрога пораснал на петнаесет милиони , од нив дури 75 проценти користеле марихуана.
- Целта на организиранитекриминални групи е да направат што повеќе пари, а членовите, да се здобијат со чувство на гордост, моќ и заштита.
- Групите се со пирамидална моќна структура слични на легалните бизниси. Во легалните бизниси, постои шеф наречен главен извршен директор (ЦЕО), под извршниот директор се потпретседатели, благајници, советници, сметководители, адвокати, технички персонал, и така натаму. Организираните криминални групи имаат шеф, советници кои соработуваат тајно со газдата и доделуваат задачи на различни екипи, капетани кои работат со различни екипи, војници, кои ги извршуваат физичките работи и постапуваат по добиените задачи од собирање на пари до убивање на луѓе, користат и луѓе кои поседуваат одредени вештини кои се неопходни за извршување на одредени задачи.
.
- Членовите се многу лојални и посветени, тие се примаат преку одредени ритуали, и се колнат во тајност.
- Казна за членовите кои ги прекршуваат правилата може да биде уназадување во понизок ранг или, во зависност од прекршокот, смрт.

[164] http://law.jrank.org/pages/11942/Organized-Crime-Characteristics-organized-crime.html(07.10.2016).

### 3.6. Дефинирање на корупцијата

Корупцијата низа години е предмет на анализа во академските кругови. Како што започнува Џејмс Скот во своето дело[165]:Корупцијата ние сите ќе се согласиме вклучува отстапување од одредени стандарди на однесување. Но тука произлегува прашањето кои критериуми треба да се користат за да се воспостават овие стандарди? Доколку јавната корупција е од интерес, можеби е најдобро да се започне со: корупцијата го вклучува прекршување на законот[166]. Кога зборуваме за корупција на владините актери тенденција е да се мисли на кривични дела како што се: мито, измама, изнуда, мито за јавнидоговори, и така натаму.Се чини дека постои силна корелација помеѓу она што се смета за незаконски акти и за она што се вели дека е корумпирано. Корупцијата претставува општествено негативна појава која настанува, се развива и ги добива сите појавни облици зависно од постоечките политички, економски, социјални и други услови. Инаку зборот корупција потекнува од латинскиот збор corruptio, што во зависност од конкретната ситуација може да значи: расипаност, расипан, изопаченост, поткуплив, подмитлив, поквареност[167]. Универзално прифатена дефиниција за корупција не постои и не може да се очекува за сите држави да биде иста од една едноставна причина што некои коруптивни активности во некои држави не претставуваат кривични дела. Советот на Европа увидувајќи дека корупцијата претставува закана по демократијата и правната држава, на својата 19 конференција одржана во Валета на Малта во почетокот на 1994 година работел според следната привремена дефиниција: „Корупцијата опфаќа подмитување и секој друг облик на однесување во врска со лицата на кои што им се доверени овластувања во јавниот или приватниот сектор, а кои што ги кршат обврските кои што произлегуваат од нивниот статус на јавни службеници, запослени во приватниот сектор, независни агенти или некој друг од таа област, насочени за стекнување недозволена корист од било која врста за самите нив или за други лица[168].

---

[165] James C. Scott, *Comparative Political Corruption* ,Englewood Cliffs, 1972, p.3.

[166] Robert I. Rotberg,Corruption,Global Security,and World Order,World Peace Foundation and American Academy of Arts & Sciences,2009,p.29

[167] Види: Вујаклија М., Лексикон страних речи и израза, Просвета, Београд, 1975,стр.479.

[168] Мијалковски М., Тероризам и организовани криминал, Факултет Безбедности, Београд, 2010, стр.161.

Според Светска Банка[169]се дефинира како злоупотреба на јавната функција за лична корист.

Според Транспаренси интернешионал:„Злоупотреба на доверената моќ за приватни цели“[170].

Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации, корупцијата ја дефинира, набројувајќи ги нејзините елементи, и тоа: „митото може да ги опфати следниве елементи: а)понудување, ветување или давање на какво било плаќање, подароци или друга корист, директно или индиректно, од страна на која било приватна или јавна корпорација, вклучувајќи ги и транснационалните корпорации или лице на една држава, на кое било јавно официјално лице или избран претставник на друга земја, со цел истиот да изврши или да се воздржи од извршување на службени должности во врска со одредена меѓународна трансакција и б) давање, барање, присуство, директно или индиректно, од страна на некое официјално лице или избран претставник на една држава, било на некое плаќање, подарок или друга корист, поради извршување на должностите на таквото службено лице или претставник што се поврзани со некоја одредена деловна меѓународна трансакција“[171].

Кај нас во кривичниот законик корупцијата не може да се сретне како кривично дело, туку под корупција се подразбираат други кривични дела вкупно 23 кои што се наоѓаат во кривичниот законик на Република Македонија.

Според законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, таа се дефинира[172]: Искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе и за друг.

---

[169] http://www1.worldbank.org/publicsector/anticorrupt/corruptn/cor02.htm
[170] http://www.transparency.org/whoweare/organisation/faqs_on_corruption#defineCorruption
[171] UN General Resolution A/C 3/51/I 3, 26 September 1996: Action against corruption, точка 3: а) I b)
[172]Закон за изменување и дополнување на законот за спречуување на корупцијата достапно на:http://dksk.org.mk/images/stories/pdf/zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_zakonot_sprecuvanje_na_korupcijata_46-2004.pdf(08.10.2016).

## 3.7. Типови на корупција

Постојат повеќе типови на корупција во зависност од достигнатиот општествен развој на самите држави. Според некои извори постојат[173]: политичка, административна и професионална корупција.

СтивенМорис вели дека постојат два основни типа на корупција : висока и ниска[174].

Мозес Монтеш од универзитетот во Јужна Африка корупцијата ја дели на следните типови[175]: голема корупција, политичка корупција, корпоративна корупција, административна корупција, ситна корупција, системска корупција.

Според Лабовиќ во зависност од позиционираноста во државната и јавна хиерархија на сторителите на овие дела, како и од големината на штетата и општествената опасност што може да биде предизвикана, разликуваме три основни типа на корупција: ниска, средна и висока корупција[176].

## 3.8. Видови на корупција

Според критериумот на правната санкционираност на корутпивните однесувања и тежината, односно видот на санкциите, разликуваме[177]: криминална(црна), прекршочна(сива) и правно несанкционирана(бела) корупција.

### Криминална (црна) корупцијА

Ги претставува оние корутпивни поведенија, кои што се кривично-правно санкционирани во нашиот позитивен кривично правен систем во 25 кривични дела, распоредени во повеќе глави од Кривичниот законик на Република Македонија, од кои што[178]:

---

[173] http://www.indiastudychannel.com/resources/138785-The-different-types-Corruption.aspx
[174] http://w4.mtsu.edu/politicalscience/faculty/documents/Forms%20of%20Corruption%20Morris.pdf
[175] http://www.icac.org.hk/newsl/issue30eng/button4.htm
[176]Лабовиќ М., Власта корумпира, Де Гама, Скопје 2006, стр.67.
[177]Лабовиќ М. Николовски М., Организиран криминал и корупција,Скопје,2010, стр.199.
[178]Лабовиќ М.,Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност, Скопје, 2016, стр.52.

- 14 кривични дела од КЗМ во главата за кривични дела против службената положба,
- 7 кривични дела од КЗМ во главата за кривични дела против имотот,
- 1 кривично дело од КЗМ во главата за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството,
- 1 кривично дело од КЗМ во главата за кривични дела против изборите и гласањето,
- 1 кривично дело од КЗМ во главата за кривични дела против половата слобода и половиот морал,
- 1 кривично дело од КЗМ во главата на кривични дела против правосудството.

Прекршочна (сива) корупција

Некои од коруптивните однесувања кои се прекршочно санкционирани во позитивниот правен систем на една земја се нарекуваат метафорично како сива корупција. Во таа смисла посебни облици на сива корупција се: непотизмот и политичката патронажа[179].

Несанкционирана(бела) корупција

Под бела корупција се подразбираат оние коруптивни поведенија, кои што не се правно санкционирани. Во рамките на белата корупција може да има конвенционални и неконвенционални облици, а постојат и мешовити облици на бела корупција[180]. Конвенционални облици на белата корупција се: бакшиш,кронизам. Неконвенционални облици се: системската корупција, патрон-клиентелизмот, медијаторната политичка корупција и генералниот концепт на системски корумпирана надворешна политика[181].

[179]Ибид,стр.53.
[180]Ибид,стр57.
[181]Ибид,стр.59.

## 3.9. Причини за појава на корупцијата

Во последно време се повеќе се зборува за корупцијата како општествен проблем, како се повеќе се работи за унапредување на мерките за борба против корупцијата, координацијата помеѓу институциите, меѓутоа корупцијата ја има се повеќе. Утврдувањето на причините за појава на корупцијата претставува прв чекор за сузбивање на оваа општествено негативна појава. Да се бараат причините за овој феномен значи да да се разбере суштината на функционирање на човекот и меѓусебните односи во општеството. Оној момент кога некој ќе ги утврди причините поради кои се појавуваат себичност и алчност во човечкото однесување, ќе може и да го ослободи општеството од болеста наречена корупција[182]. Плодна подлога за појава на корупцијата е општеството во кое што нема механизми за контрола, каде што не постојат стандарди за личниот интегритет и професионалната етика, односно каде што има поволни прилики да се појави корупцијата. Ова посебно важи за општествата каде што концентрацијата на економска моќ е во рацете на мал број на луѓе и каде што постои јака поврзаност на центрите на економската и политичката моќ[183]. Корупцијата секогаш ќе цвета во општествата на тоталитаризам, ауторизам и диктатура – режими кои што ја концентрираат власта во рацете на мал број на луѓе – изјавил др.Ариас Санчез, бивш претседател на Костарика, добитник на Нобелова награда за мир во 1987 година и основач на Транспаренси Интернешионал[184]. Во теоријата која што се занимава со корупцијата и причините за корупцијата како одлучувачки фактори за настанувањето на оваа појава се истакнуваат постоењето и активностите на субјектите кое се носители на економката и политичката моќ. Со оглед на тоа дека во овие две сфери на општествениот живот најчесто се јавува корупцијата, причините за корупција можат да се поделат на политички и економски[185].

### Политички причини за корупција

Под системска политичка корупција се подразбира праксата на злоупотреба на јавните овластувања – доверени на власта, за приватни или помали групни цели, кои

[182] Стр16,достапно на:http://www.transparentnost.org.rs/images/stories/materijali/publikacije/korupcija_finale.pdf
[183] Ибид.
[184] Ибид.
[185] Ибид.

политичките актери ги прават со цел зголемување на моќта и богатството.[186]Со тоа политичкиот живот е фокусиран во потрага за рента (rent seeking) а не на развојни и регуларни активности, со што се разрушува демократската идеја за јавниот интерес и службата на политичарите и нивната одговорност спрема гласачите. Политичката корупција има повеќе облици, од свесно припремање и изгласување на дефектни и полни правни празнини на законите и подзаконските акти, преку проектирање на тешко применливи законски решенија со бројни изненадувања во прелазни решенија, до избегнување на даноци, осигурување на средства од црни фондови и нетранспарентно водење на приходи и расходи на политичките странки[187].

Економски причини за корупција

Се смета дека големите дискрециони овластувања на државниот апарат во сферата на економијата директно влијаат на високото ниво на корупција во општеството. Од ваквите широко поставени овластувања произлегуваат големи можности за различни злоупотреби. Доколку донесувањето на некоја одлука, од големо значење за некое економско прашање, директно зависи од волјата на државните службеници, реално е да се очекува дека тие ќе пробаат да со злоупотреба на својата положба за себе прибават одредена материјална корист. Ова поготово е возможно доколку се работи во област која не е уредена, па има повеќе можности за дискретно одлучување (кај јавните набавки, увозно-извозните ограничувања, различни курсеви на валути, диференцирани даночни политики кои стимулираат поедини економски субјекти или социјални групи и др.)[188]. Монополската положба на одредени економски субјекти се истакнува како една од економските причини за корупција. Монополската позиција не зависи од сопственичкиот облик во кој се наоѓа економскиот субјект, може да се работи и за државен и за приватен субјект. Како економски причини за корупција се сметаат и недостатоците во даночниот систем и системот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи кои ги

[186] Zoran Stojiljković, Politička korupcija i slaba država, стр12, достапно на:http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0353-5738/2013/0353-57381301135S.pdf
[187]Ибид.
[188]Стр17,достапно на:http://www.transparentnost.org.rs/images/stories/materijali/publikacije/korupcija_finale.pdf

регулираат работните односи, односно непостоењето на силни работнички организации кои би го контролирале почитувањето на овие прописи и би се бореле за истото, доведува до работа на црно, наметнување на подолго работно време отколку што предвидува законот, па и до подмитување на инспекциските органи ко би требало да водат сметка за почитувањето на овие прописи и да ги сузбиваат овие видови на нелегално стекнување на голема материјална корист на работодавачите. Избегнувањето на плаќањето на данок исто така овозможува голема материјална корист на сопствениците на капитал. Ова е карактеристично за ситуација во која политичката елита не осеќа одговорност спрема граѓаните кои ги бираат, туку спрема носителите на економската моќ од кои им зависи опстанокот на власт и од кои имаат директна материјална корист[189].

## 3.10. Поврзаноста помеѓу организираниот криминал и корупцијата и нивните разлики

Кога се зборува за поврзаноста на организираниот криминал и корупцијата слободно може да се каждедека организиран криминал е поттикнат од корупцијата. Така на пример: криминалните мрежи користат мито за олеснување на трговијата со луѓе, дрога,оружје и слично. Истотка со употреба на мито, уцена или изнуда организираните криминални групи влијаат врз политичари,судии, обвинители и т.н. во насока за остварување на своите цели.Според Роберто Гругер бразилски обвинител:Корупцијата е дел од она што денеска се нарекува транснационален организиран криминал. Тоа е криминал кој нема граници. И она што денес го гледаме е дека не е само врската со корупцијата, туку врската со криминалот како целина[190].

Според Лабовиќ корупцијата не е само една од формите на организираниот криминал, не е ниту само една од неговите основни методи, туку корупцијата во определени случаи претставува негова највисока развојна фаза, после која што од фазата

[189]Ибид.
[190]"Corruption is part of what today we call transnational organized crime", says the Brazilian General Prosecutor, Roberto Gurgel available at http://www.unodc.org/lpo-brazil/en/imprensa/entrevistas/2011/12/a-cooperacao-e-fundamental-no-combate-a-corrupcao.html(13.07.2017).

„држава во држава“ се доаѓа до целосна криминализација на политичкиот и економскиот систем, а државата се претвора во криминална организација[191]. И покрај тесната врска помеѓу организираниот криминал и корупција тие сепак се посебно издеференцирани феномени кои можат да дејствуваат и посебно. Во научните кругови постои мислењето дека секаде каде што има организиран криминал има и корупција, меѓутоа секаде каде што има корупција не мора да има и организиран криминал. Во прилог на горното тврдење е следното: Ниту еден од типовите и облиците на организиран криминал не може да се одржи подолго време во остварувањето на високопрофитни криминални дејанија, доколку не е поврзан со одредени структури од власта. Поврзаноста на структурите од власта во овие организирани криминални активности е всушност корупцијата[192]. Додека пак во прилог на тоа дека секаде каде што има корупција немора да има и организиран криминал може да се согледа од следниов пример: доколку некое лице ги искористило своите роднински (пријателски) врски со лице од државната или јавната администрација за добивање на работно место,се работи за непотизам или кронизам, но сепак тука нема елементи за  организиран криминал.

[191]Лабовиќ М.,Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност, Скопје, 2016, стр.284.
[192]Ибид.285.

**ГЛАВАII**

# МОДЕЛИ НА ХИБРИДНИ ЗАКАНИ ВО 21 ВЕК

# 1. АЛ КАЕДА

## 1.1. Историски развој на Ал Каеда

Постојат повеќе значења на арапскиот збор „Каеда" и тоа: база на операции, основа, правило, метод[193]. Сепак најголемиот број на исламски милитанти го прифаќаат значењето „база„ или „основа".Формирана е во 1988 година од страна на Осама бин Ладен (Usama Bin Laden) и Абуду- лахАзам (Abdallah Azzam) во Кандахар(Авганистан), во почетокот поради организирање на арапите кои сакаат да се борат против Русите во Авганистан, а подоцна поради поради продолжување на џихадот во целиот свет[194]. Ал Каеда се заснова на идејата за сеисламско братство и нејзина крајна целе создавање на единствена исламска држава (Umma), која би била уредена согласно исламските прописи(владеење според Куранот и шеријатските закони), а на нејзино чело е еден и единствен господар – Бог (Allah)[195]. Во првите петнаесетина години ОсамабинЛаден преферирарал хиерархиска организациска структура. Така Ал Каеда се состоела од шура совет и повеќе комитети, како на пример комитети кои биле посветени на војската, медиумите, финансиите и верски прашања.Шура советот бил најмоќниот комитет, и служел како советодавно тело на Осама бин Ладен, кој бил нивен емир[196]. И покрај оваа централизирана структура Ал Каеда и другите движења инспирирани од Осама бин Ладен вклучиле одреден степен на децантрализација. Така во февруари 1998 година,по потпишувањето на Фатвата од страна на Осама бин Ладен и другите, вклучени се голем број на организации, како на пример Џихад групата во Египет и Џамиат-ул-улема-е во Пакистан, која ветила дека ќе ги "убие Американците и нивните сојузници. . . во било која земја, во која е можно да го направи тоа[197]. "По соборувањето на талибанскиот режим и губењето на засолништето на Ал Каеда во Авганистан, движењето почна да се децентрализира. Денес, тоа може да биде поделено во четири групи: јадро на Ал каеда,

---

[193]http://isites.harvard.edu/fs/docs/icb.topic283413.files/al%20qaeda.pdf

[194]Радомир Кеча, ТЕРОРИЗАМ – глобална безбједносна пријетња,Европски дефендологија центар за научна, политичка, економска, социјална, безбједносна, социолошка и криминолошкаистраживања, БањаЛука,2012, стр.77.

[195]Ибид.

[196]Seth G. Jones ,A Persistent Threat The Evolution of al Qa'ida and Other Salafi Jihadists,RAND National Defense Research Institute,стр.9,,достапно на:http://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/research_reports/RR600/RR637/RAND_RR637.pdf(20.01.2017).

[197]Ибид.

групи поврзани со Ал Каеда , други салафистичко - џихадистички групи, и инспирирани поединци и мрежи[198]. Најистакнатa личност на Ал-Каеда бил Осама Бин Ладен (1957-2011) син на билионер од Саудиска Арабија, роден како 17 дете од 51 дете кои ги имал Мухамед Бин Ладен. Тој се смета за таткото и највисок бранител или уште познат како „принцот" или „емирот". Од својот татко има наследено огромно богатство и градежна фирма од која што целокупниот промет го користел за финансирање на Ал-Каеда. Убиен е од страна на специјалците на САД во операцијата Џеронимо во Пакистан на 2 мај 2011[199] година.

Нападот врз светскиот трговски центар односно нападот врз САД е без сомнение најпознатиот и најголемиот терористички напад во светот. Како се одвивал нападот: Два авиони од аеродромот Логан во Бостон летот 11 и 175 биле киднапирани по нивното полетување во 08.00 и 08.15, од аеродромот Далес во Вашингтон истотака бил киднапиран авион во 08.10 часот и од аеродромот во Њуџерси киднапиран летот 93 во 08.40. Овие авиони биле изберени поради големите количества на керозин што ги носеле за долгиот пат што им претстоел. Во 08.46 летот бр.11 удира во Северната кула а околу 09.02 летот 175 удира во Јужната кула на светскиот трговски центар. Настанал хаос, голем број на луѓе загинале од експлозијата, еден дел заробени од чадот и топлината мораle да бегаат на погорните катови, некои пак избезумени се фрлале од зградите. Во 10.05 се урива Јужната кула а половина час подоцна и Северната кула. Со што покрај луѓето од зградите загинаа и огромен број на пожарникари и полицајци. Додека се одвивала оваа драма летот бр.77 се урнал во Пентагон убивајќи голем број на воени и цивилни соработници. Четвртиот авион 93 се урнал во Пенсилванија, најверојатно бидејќи патниците слушнале по мобилен што се случило со останатите авиони па се обиделе да ги совладаат терористите[200].

Ал Каеда вршела терористички напади и пред нападите врз САД од 09.11.2001 година, па така Ал Каеда и нејзините придружнички се одговорни за следните поголеми терористички напади: операивците на Ал Каеда вршеле тренинг на сомалијците во

[198]Ибид.

[199] Syed Hussain Shaheed Soherwordi,Shahid Ali Khattak, Operation Geronimo: Assassination of Osama Bin Ladin and its implications on the US-Pakistan relations, War on Terror, Pakistan and Al-Qaeda, стр.4, достапно на:http://pu.edu.pk/images/journal/csas/PDF/V_26_No_2_8Dr.%20Hussain%20Shoherwardi.pdf(22.01.2017).

[200]Поопширно на:http://www.encyclopedia.com/history/united-states-and-canada/us-history/11-sep(23.01.2017).

деведесетите години од минатиот век, и ја потврдуваат својата вмешаност во убиствата на американските војници за време на битката во Могадишу во октомври 1993 година, истотака една ќелија од Ал Каеда во Источна Африка ги организирала бомбашките напади врз америчките амбасади во Кенија и Танзанија во кои загинале 12 американци и над 200 локални жители[201]. Нападите на Ал Каеда продолжува по 9/11:На 11 март 2004 година биле извршени симултани бомбашки напади на четири патнички возови во Мадрид, загинале 191 луѓе, а биле повредени повеќе од 2.000. Сличен напад бил извршен во Лондон на 7 јули2005 година, кога загинале повеќе од 52 луѓе во лондонското метро и во автобус на Тависток плоштадот[202]. Оперативци на Ал Каеда детонирале автомобил-бомба на 2 јуни, 2008 година, пред данската амбасада во Пакистан, при што загинале најмалку пет луѓе, како одмазда за цртањето на карикатурите на пророкот Мухамед и присуството на данските војници во Авганистан.

Општо земено, денес, Ал Каеда има директни и / или индиректно присуство во Јужна Азија, Централна Азија, Северна Азија, регионот на Персискиот залив, Северна Африка, Магреб, Сахел, Левант и Југоисточна Азија[203].

1.2. Идеологија

Идеолошката агенда на Ал Каеда, е споделенана различни степени во нејзините филијали и другигрупи, и се фокусира на протерување на странските сили и влијанија од традиционално или претежно исламските општества, како и евентуално создавање на исламска држава управувана од страна на систем на Исламскиот закон (шеријатот)[204]. За да се постигнат овие цели Ал Каеда ги повикува своите членови да превземат одредени мерки вклучуваќи ги:

---

[201] KATHERINE ZIMMERMAN, The al Qaeda Network A New Framework for Defining the Enemy, A report by AEI's critical Threats project, септембер 2013, стр.3, достапно на:http://www.aei.org/wp-content/uploads/2013/09/-the-al-qaeda-network-a-new-framework-for-defining-the-enemy_133443407958.pdf.
[202]Ибид.
[203] Rajeshwari Krishnamurthy, Three Years after Osama bin Laden Al Qaeda Today: Transitions and Trajectories,IPCS Special Report # 165 October 2014, стр.5, достапно на:http://www.ipcs.org/pdf_file/issue/SR165-alQaeda-Rajeshwari.pdf(24.01.2017).
[204]Carla E. Humud, Alexis Arieff ,Lauren P. Blanchard, Christopher M. Blanchard, Jeremy M. Sharp, Kenneth Katzman, Al Qaeda-Affiliated Groups: Middle East and Africa, Congressional Research Service,October 10, 2014, стр.2, достапно на:file:///C:/Users/kiro/Downloads/nps75-102314-11.pdf

- Салафистички исламски реформи – групата се залага за строго спроведување на шеријатот, иако помеѓу раководството постојат разлики околу тоа колку бргу треба да се спроведе шеријатот врз популацијата под нивна контрола или контрола на нивните афилијации;
- Дефанзивен џихад. Следбениците се повикувани да извршуваат вооружен отпор, и да се спротивставуваат на она што Ал Каеда го нарекува Западна агресија.Тие се обучуваат да се борат против западното влијание, како што е присуството на американски војници на Арапскиот Полуостров или водруги области што тие сметаат дека се муслимански земји;
- Напади на далечната територија на непријателот. Организацијата во голема мера ја стекна својата слава токму порадисеријата фатални напади што ги планирала и спроведувала против симболични цели,вклучувајќи ги и нападите од 11 септември во САД и последователните напади воЛондон, Мадрид и Истанбул. Овие напади ги оправдува како дел од напорите да се истиснат странските влијанија во нивните земји;
- Отстранување на отпаднатите режими. Водачите на АЛ Каеда ги опишуваат демократските принципи на владеење како неисламски кои се еднакви на отпад, и треба да се осудат со смрт. Истотака Ал Каеда повикува на отстранување на режимите што не се исламски како што е режимот во Саудиска Арабија;
- Економско војување. Бин Ладен и Завахири ги повикуваат следбениците да ги нападнат економските цели за да се ослабнат и Западот и на локалните режими. Особено, тие ги повикааподдржувачите да спроведат напади врз нафтената инфраструктура во регионот да се одврати Западот од пристапот до нафтените ресурси во регионот
- Напади врз не-сунитски муслимански верски групи. Ал Каеда ги смета шиитски муслимани за отпадници, и некои лидери на Ал Каеда ги охрабруваат нападите врз локалното шиитско население. Останатите лидери на Ал Каеда тврди дека таквите напади не треба да бидат приоритет. Лидерите на Ал Каеда исто така, редовно употребуваат антиизраелски реторика, па така имало неколку оперативните мисии насочени против Израел.

Во нивните напори за регрутирање, лидерите на Ал Каеда, изразија поддршка и апелирааа до не-арапските муслимани, особено оние кои се ангажирани во конфликтите во Чеченија, Босна,Кашмир, и Филипините-нагласувајќи дека муслиманите сочинуваат една глобална нација или ummah.

### 1.3. Афилијации (придружнички) на Ал Каеда

Почнувајќи од средината на 2000-тите, одредени групи што оперираат на Блискиот Исток и Африка почна формално да изразуваат верност на лидерите на Ал Каеда. Со исклучок на Ал Каеда на Арапскиот полуостров иАл Нусра, останатите афилијации на Ал Каеда првин предизвикувале локални конфликти и дури потоа ја изразувале својата верност кон Ал Каеда. Пред создавањето на Исламската Држава во 2013 година, како филијали на Ал Каеда на Блискиот Исток и Африка билеопфатени следните групи[205]:

- Ал Каеда во Ирак (AQI) изразила верност кон Ал Каеда во 2004 година,
- Ал Каеда во исламски Магреб (AQIM) изразила верност кон Ал Каеда во
- 2006година,
- Ал Каеда на Арапскиот полуостров (AQAP) формирана во 2009 година,
- Ал Шабааб официјално се приклучи на Ал Каеда во 2012 година,
- Нусра фронт се појавува во Сирија кон крајот на 2011 година, како огранок на Исламската Држава на Ирак (ISI). Ал Нусра фронтот бил назначен од страна на Стејт департментот, какоафилијација на AQI во декември 2012 година, иако тие јавно ја изјавиле својата верност со Ал Каеда во 2013 година. Во јули 2016 година, Нусра фронт се преименува JabhatФатах ал Шам и изјавиле дека групата ќе нема поврзаност со надворешни лица.

### 1.4. Финансирање на Ал Каеда

Според извештајот на ЦИА, финансиските барања на Ал Каеда пред нападите на 11 септември 2001 изнесувале 30 милиони американски долари годишно.[206] Овие пари биле наменети заизвршување на напади, за одржување на својот квази-военапарат, заобука и индоктринацијанасвоитечленови, заприданесвоталибанскирежим, но, истотака, и

[205] https://fas.org/sgp/crs/mideast/R43756.pdf
[206] http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pot/article/view/113/html

заповременаподдршканаповрзанитерористичкиорганизации.Во моментов е многутешкодасенаправиверодостојнапроценканаоперативнитетрошоцинаАлкаеда, бидејќисегадејствувапрекуголембројнаќелии и сателитскитерористичкигрупи (афилијации)коисепомалкуилиповеќеавтономни.

Табела бр.4 Направени трошоци за реализирање на одредени терористички нападитe[207]

| Терористички напад | Време | Проценети трошоци |
|---|---|---|
| Лондонското метро/автобус | 7 јули 2005 | 8.000 франци |
| Железничка станица во Мадрид | 11 март 2004 | 100.000 евра |
| Нападите во Истанбул | 15 и 20 ноември 2003 | 40.000 долари |
| Мериот Хотел Џакарта | 5 август 2003 | 30.000 долари |
| Бомбашкиот напад на Бали | 12 октомври 2002 | 50.000 долари |
| Тер. Напад САД | 11 септември 2001 | 400.000-500.000 долари |
| Нападот врз БРОД НА сад ВО Аден | 12 октомври 2000 | 10.000 долари |
| Американски амбасади во Кенија и Танзанија | 7 август 1998 | 50.000 долари |

Терористичките организации треба да ги надоместат и трошоците за вршење на напад, како и трошоците за одржување на организацијата и ширење на нивната идеологија. Во прилог на ова покрај купување на оружје, возила, експлозив и детонатори кои се користат во нападите, терористичките групи имаат и други потреби, како што се[208]:

[207]Ибид.
[208]Ибид.

- дневни трошоци за живот за своите членови, а понекогаш и на нивните семејства. Овие трошоци се значителни, и покрај генерално скромните животни стилови на терористите. Трошоците варираат во зависност од близината на терористите на нивните цели. Трошоците за активностите во Западна Европа ќе бидат значително повисоки од оние во Африка или Азија;
- секоја терористичка ќелија, исто така, треба за своите членови да обезбеди канали за комуникација, вклучувајќи многу тајни канали на своето раководство, од кои ги добива своите инструкции. Иако комуникациски трошоци се значително намалени, преку употреба на мобилни телефони, при-пејд картички и e-mail (често се испраќаат од интернет кафулиња), набавката и употреба на алатки за комуникација може да вклучува значителни трошоци;
- Обуката на нови регрути претставува голема инвестиција за терористичките групи, како во однос на идеолошката индоктринација, така и практични подготовки за напади. Иако дел од општата подготовка може да се врши во терористички кампови за обука, некои специфични операции може да бараат специјализирани вештини (како управување со авиони), која може да се постигне само со скапа обука;
- трошоци за патување на членовите на групата за подготовка на напад и изработка на лажни документи , кое исто така може да вклучува патување. Потребно е и патување за сретнат со други членови на мрежата, за да се состане со високи членови на хиерархијата или да се сретнат со лица способни да обезбедат материјална или финансиска поддршка;
- ширење на пропаганда преку различни канали на комуникација. Голема способност на Ал Каеда за користење на камери и емитувањена своите видео снимки. Оваа терористичка организација, исто така, има широка употреба на интернетот за регрутирање, за упатување на своите џихадистички пораки и за собирање на средства. Ал каеда успеа да се развие силна пропаганда преку материјали во кои се залага за насилство, самоубиствени напади и убиство на неверниците - кое вклучува голем број муслимани кои отстапуваат од Салафистичките идеали според Ал Каеда и нејзините афилијации;

- добротворни активности како средство за социјална легитимност со цел да победат и да се одржат во одредените места се исто така дел од трошоците за некои организации што ги постигнуваат своите цели со помош на тероризам (сепак, тоа не се однесува на Ал Каеда, колку што на некои други терористички групи).

## 1.5. Хибридни карактеристики на Ал Каеда

### 1.5.1. Тероризам

Ал Каеда во намерата за остварување на своите цели користи и акти на тероризам. Како главна алатка за постигнување на своите цели е самоубиствениот тероризам. Важно е да се напомене дека голем дел од терористичките напади на АЛ Каеда се насочени кон цивилното население. Такви се нападите врз Светскиот Трговски Центар во САД, нападите во Мадрид, Лондон чија што главна цел е цел сеење на страв и несигурност кај цивилното население.

### 1.5.2. Криминални активности

Ал Каеда и нејзините афилијации се занимаваат и со криминални активности, како такви нелегални активности се трговијата со дрога, киднапирање заради земање на откуп, многупати реализирани и во соработка со меѓународните криминални структури[209].Ал Каеда во исламски Магреб, на пример, од 2003 година се одржува првенствено од приходите кои произлегуваат земање на заложници, во најголем дел од западните земји. Таа, исто така се занимава со трговија со дрога и добивањето на донации. Киднапирањето заради откуп, особено е изразено во Северна Африка, каде што Ал Каеда од оваа дејност генерира многу милиони долари[210].Преклопувањето на организираниот криминал и тероризмот стана многу силно до тој степен што некои

[209] http://edition.cnn.com/2011/OPINION/05/03/ehrenfeld.al.qaeda.funding/(13.02.2017).
[210]Ибид.

аналитичари сметаат дека Ал Каеда се занимава со криминална активност не за примарната цел за финансирање на тероризам туку за правење на пари[211].

1.5.3. Бунтовништво

Од структурата на Ал Каеда може да се види дека таа има свој лидер, герила, политичко крило, воен комитет, комитет за медиуми. Сите овие елементи ја прават Ал Каеда бунтовничка организација.

1.5.4. Пропаганда и информациско војување

Моќта на пропагандата и на информациското војување Осама бин Ладен ја знаел многу добро. Па така тој направил преседан за пропаганда, со издавањето на две фатва пораки како декларации на војна против САД во 1995 година и 1998 година[212]. Неговите џихадистичките идеали биле инспирација да се објават илјадници видеа од члемновите на Ал Каеда со содржина во која се повикува да се брани исламскиот начин на живот од според нив западната корупција. Моќта на зборот преку средствата за јавно информирање добро ја знаел и Ал Завахири. Тој инспирацијата за користењето на медиумите ја добил од ајтолахот Хомеини кои ги користел касетите како средство за да ја започне војната против шахот во Иран во 1970 година[213]. Ал Каеда користи комбинација на мултимедијална пропаганда и напредни комуникациски технологии за да се создаде многу софистициран облик на психолошка војна. Осама бин Ладен инеговите следбеници се концентрираат на нивните напори за пропаганда на интернет, каде што посетителите на АлКаеда бројни веб-сајтови имаат пристап на видео и аудио снимките преснимани од CD-ROM, DVD, фотографии.

---

[211]Al-Qaeda and organized crime: two sides of the same coin, ENGLISH EDITION OF ASHARQ AL-AWSAT,http://english.aawsat.com/2011/01/article55247873/al-qaeda-and-organized-crime-two-sides-of-the-same-coin(13.02.2017).
[212] http://digitalscholarship.unlv.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=2267&context=thesesdissertations
[213]Ибид.

## 2. Исламска Држава во Ирак и Левант/Сирија(ИСИЛ/ИСИС)

Исламската Држава во Ирак и Левант (ИСИЛ/ИСИС), претставува една од најголемите хибридни закани по глобалната безбедност. До овој заклучок се доаѓа поради постигнувањето на големи успеси во Сирија и Ирак и создавањето на Исламската држава во Ирак и Левант, проширувањето на дејствијата на територијата на Либија како и способноста за изведување на терористички акции во било кој дел од светот, што се докажа со терористичките акции на тлото на Европа.

Исламската држава претставува симбиоза на бунтовништвото, тероризмот и организираниот криминал, а сето ова и овозможувапокрај конвенционалниот начин на војување да употребува и неконвенционални средства на војување, вршејќи разни терористички акти и криминални активности, кои што овозможија ИСИЛ да создаде de facto држава која што не е меѓународно призната со аспирации за понатамошно проширување на својата територија во светски рамки.

Поради своите бруталности преку употреба на терористички методи, убиства, силувања, мачења на огромен број на цивили во Ирак, Сирија, во последно време во Либија и секако терористичките напади на тлото на Европа, ИСИС заработи меѓународна осуда. Исламската Држава согласно успесите што ги постигна на Блискиот Исток па и пошироко, претставува најголема недржавна, хибридна закана по глобалната безбедност.

### 2.1 Создавање и развој на Исламската Држава во Ирак и Левант

Терористичката група позната како „ Исламска држава во Ирак и Левант“ првично била основана од Абу Мусаб ал – Заркави. Абу Мусаб ал – Заркави бил роден во Зарга[214], Јордан со правилно име Ахмад Фадил Назал ал Калајах, подоцна како и многу други џихадисти зема име по местото од каде што потекнува и станува познат под псевдонимот Абу Мусаб ал – Заркави.  Првата врска на Ал Заркави со Осама бин Ладен била во 2000 година кога Заркави побарал помош од Осама бин Ладен во креирањето на

[214] Jessica Stern and J.M. Berger,ISIS the state of terror, HarperColins Publishers, 2015,p13.

групатаJamaatal-Tawhid wal-Jihad, група фокусирана за симнување на јорданската власт[215]. Во 2004 година групатаJamaat al-Tawhid wal-Jihad официјално постанува филијала на Ал каеда кога Заркави изразил верност на Осама Бин Ладен[216]. GрупатаJamaat al-Tawhid wal-Jihadгоменувасвоетоимево Al-Qaeda in the Land of the Two Rivers, позната како AlQaeda in Iraq(AQI)[217].

Абу Мусаб ал – Заркавибил убиен на 7 јуни 2006[218] година,од страна на воздухопловните сили на САД[219], во неговото скривалиште 20 милји северно од Багдад. На негово место доаѓа “Abu Hamza al-Muhajir,” (aka Abu Ayub al-Masri)[220].Во 2006 година групата го смени своето име во Исламска Држава во Ирак[221], сигнализирајќи ја својата намера да се фокусира на освојување на територијата на Ирак, каде ќе го создаде шеријатот.Сепак најголемиот подем на ИСИС започнува од мај 2010 година кога за лидер на ИСИ( исламска држава во Ирак) е поставен Ибрахим Авад Ибрахим Али ал - Бадри ал – Самараи кој се претставува под псевдонимот Абу Бакар ал Багдади[222]. Под негово водство во периодот 2010 – 2011 година ИСИ ја покажува својата бруталностпри што ги зачестила нападите и честопати во еден ден се случувале по неколку самоубиствени напади на повеќе различни локации. На 13 април 2013 Багдади најави спојување на Исламска држава во Ирак и Ал нусра во една организација позната под името Исламска држава во Ирак и Левант (ИСИС)[223].Лидерите на Ал каеда и на Ал нусра не се сложиле со оваа идеја а Ал нусра изјавила верност кон Централната ал каеда со што Ал нусра и ИСИС влегле во директна конфронтација. Користејќи ги војните во Сирија и Ирак, ИСИС успеа да завземе голем дел од територијата на овие држави, превземајќи ги пред се завземените територии од останатите терористички организации кои биле послаби од ИСИС.

[215]https://www.start.umd.edu/pubs/START_EvolutionofISILRelationships_FactSheet_June2014.pdf,p.1.
[216]https://www.clarionproject.org/sites/default/files/islamic-state-isis-isil-factsheet-1.pdf,p.8.(08.08.2016).
[217]https://www.clarionproject.org/sites/default/files/islamic-state-isis-isil-factsheet-1.pdf,p.8.
[218]https://www.theguardian.com/news/2006/jun/09/guardianobituaries.alqaida
[219]Bobby Ghosh,ISIS: A Short History: The terrorist group's evolution from fervid fantasy to death cult ,p2,http://www.burlington.org/departments/library/docs/Oct_16_readings_Islamic_State.pdf
[220]Policy Report FROM AL-QAIDA AFFILIATE TO THE RISE OF THE ISLAMIC CALIPHATE: THE EVOLUTION OF THE ISLAMIC STATE OF IRAQ AND SYRIA (ISIS),p.8, available https://www.rsis.edu.sg/wp-content/uploads/2014/12/PR141212_The_Evolution_of_ISIS.pdf(12.09.2016).
[221]https://www.clarionproject.org/sites/default/files/islamic-state-isis-isil-factsheet-1.pdf,п.9.
[222] Jessica Stern and J.M. Berger,ISIS the state of terror, HarperColins Publishers, 2015,p33.
[223] Ibid,p.42.

На 29 јуни 2014 година на првиот ден од Рамазан, ИСИС се прогласи за калифат а Ал Багдади како калиф Ибрахим, повикувајќи ги на лојалност муслиманите од целиот свет[224].

ИСИС ги споделува истите цели што ги има и Бин Ладен а тоа е воспоставувањето на глобален калифат, гледајќи го Западот и нејзините сојузници како непријатели и го гледа насилството како најефикасен начин за постигнување на своите цели[225]. Меѓутоа ИСИС делува посебно од Ал каеда бидејќи Ал Багдади не сака да биде под команда на Ал каеда.

## 2.2. Хибридни карактеристики на Исламската Држава

Иако Исламската Држава е класифицирана како типична терористичка организација, со текот на евулуцијата, успесите кои што ги постигна во борба со своите паравоени единици, воспоставувањето и обезбедувањето на ефикасна (непризната) држава на тлото на Сирија и Ирак и промената на своите modus operandi, се доволни показатели дека треба да се даде еден нов пристап кон еден субјект кој претставува хибрид на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал.

Следните шест карактеристики даваат појасна слика зошто Исламската Држава претставува хибридна закана:

- Комбинирани тактики: хибридните закани комбинираат конвенционални воени единици со мали единици со герилска тактика, асиметрични напади, како и високо мобилни системи за ангажирање,
- Флексибилна и приспособлива структура: Хибридните закани обично се состојат од паравоени сили кои можат да се организираат во масовни конвенционални формации како и во мали издвоени ќелии. Хибридните закани создаваат управувачка компонента за да се воспостави стабилност и подршка на операциите,
- Тероризам: Хибридните закани користат терористички кампањи за да предизвикаат омраза и очај, како и да предизвикаат страв кај непријателот.

[224]https://pietervanostaeyen.com/2014/06/29/the-islamic-state-restores-the-caliphate/
[225] M. Morell, The great war of our time, HachetteBookGroup,2015,p.307.

Насочени се кон уништување на културните икони и симболи, за да ги уништат идентитетот, наследството и вербата на системите кои се противат на нивната идеологија,

- Пропаганда и информациско војување: Хибридните закани ги експлоатираат глобалните комуникациски мрежи за ширење на џихадистичка пропаганда, собирање на средства и за регрутација,
- Криминални активности: Хибридните закани користат криминал за прибирање на финансиски средства како сигурни извори на приход за да се борат, регрутираат, регулирање и одржување на операциите. Непочитување на меѓународното право. Хибридните закани ги гледаат меѓународните закони како пречка за остварување експлоатација врз нивните непријатели[226].

### 2.2.1. Тероризам

Исламската Држава во рамките на своите дејствија насочени за освојување и контрола на освоените територии користи сурови акти на тероризам врз локалното население со цел ширење на страв и покорување на истото. Две битни карактеристики на тероризмот поседува Исламската држава што ја дистанцираат од другите видови на насилство. Прво таа е насочена кон луѓето што не се борци. Тоа е карактеристика на тероризмот што го разликува од легитимните борбени дејствија[227]. Второ терористите користат насилство за драматични цели: влевајќи страв во целната публика, нешто што е поважно од постигнатите физички резултати[228]. Исламската Држава користи брутални методи против населението што не е од муслиманска вероисповед. Оние што не сакат да ја прифатат верата и да се приклучат на Исламската Држава се мачени и убивани. Така против Јазидите и Христијаните се водат геноцидни кампањи во кои тие се

[226] Scott Jasper and Scott Moreland, The Islamic State Is a Hybrid Threat: Why Does That Matter?, Small Wars Journal, 01.12.2014, see http://smallwarsjournal.com/ jrnl/art/the-islamic-state-is-a-hybridthreat-why-does-that-matter(08.09.2016).
[227] Jessica Stern and J.M. Berger,ISIS the state of terror, HarperColins Publishers, 2015,p10.
[228]Ибид.

распнувани,каменувани и јавно масакрирани со над повеќе од 4000 жртви[229].Исламската Држава користи три[230] видови на тактика во борбените операции. Првата тактика е урбаниот тероризам. Тука се вклучени нападите на градовите преку комбинирани напади со автомобили-бомби, самоубиствени напади и таргетирани атентати. Втората тактика е класична герилска војна, во која мали мобилни единици вршат краткотрајни напади врз безбедносните и воените цели. Тие се вообичаено лесно вооружени единици кои избегаваат директен судир со редовните сили. Третата е конвенционалната воена сила каде што се користи тешка артилерија, оклопни возила и тенкови, како и разни видови на наведувани и ненаведувани проектили.Самоубистениот тероризам е мошне често користена алатка на Ислмската Држава за постигнување на своите цели.Согласно статистичките податоци од универзитетот во Чикаго преку проектот за безбедноста и тероризмот (CPOST), ИСИС (заедно со своите афилијации кои го имаат зборот Исламска Држава во своето име) извршила дури 384[231] самоубиствени терористички напади до крајот на 2015 година.

Уништувањето на културните наследства истотака е дел од тактиката на Исламската Држава. Голем дел од културните наследства на Сирија и Ирак кои се или биле под контрола на Исламската Држава се уништени. Нивната идеологија заради која се уништува културното наследство е елиминирање на многубоштвото, да не се остават траги од било каква претходна култура и цивилизација и слично, еден таков пример ни е уништувањето на древниот град Палмира.

2.2.2. Бунтовништво

Бунтовништвото вообичаено се дефинира како вооружен бунт од страна на недржавни актери против призната влада.Ако се погледне структуратана ИСИС даденавографиконот 1, се забележува дека согласно структурата ИСИС функционира како една непризната влада. На нејзино чело е Абу Бакар ал Багдади, кој има двајца свои

[229] Scott Jasper and Scott Moreland, The Islamic State Is a Hybrid Threat: Why Does That Matter?, Small Wars Journal, 01.12.2014, see http://smallwarsjournal.com/ jrnl/art/the-islamic-state-is-a-hybridthreat-why-does-that-matter(08.09.2016).
[230]http://www.iai.it/sites/default/files/iaiwp1552.pdf
[231]Поопширно видси на:http://cpostdata.uchicago.edu/search_results_new.php.

заменици по еден за Сирија и Ирак.Тој исто така има кабинет со министри секој со јасно одредена улога, плата и делегирани овластувања. Има министерство за финансии, транспорт, безбедност како и министер задолжен за регрутирање на странски борци[232].Според изјавите на заменикот на државениот секретар за блискоисточни прашања Brett McGurk, ИСИС одсвоето дно како терористичка организација кое го достигнала во пролетта 2010 година, евоуилара во комплетна армија[233]. Кога се зборува за военото присуство на ИСИС во Ирак и Сирија точната бројка не е утврдена па така според проценките на The meiramit intelligence and terrorism information center има околу 25000 оперативци во Ирак и Сирија а нивниот број константно расте, согласно овие проценки околу 12000 борци се оперативци од Сирија и Ирак а 13000 се странски борци[234]. Според сириската опсерваторија за човекови права се претпоставува дека оваа терористичка организација има околу 50 000 вооружени борци, според други дека таа бројка достигнува и до 200 000[235].За разлика од Ал каеда и другите терористички организации кои изведуваат исклучиво терористички акции, ИСИС при изведувањето на своите напади користи и класични воени формации и напаѓа со чети или баталјони врз Ирачките сили, а по нивното протерување врши чистење и обезбедување на освоената територија. Типичен пример за освојувањето со употреба на класични воени сили е завземањето на вториот по големина ирачки град-Мосул. Основната тактика им е да се направи изненаден напад, да се нанесе што поголем број на жртви, да се посее страв кај непријателот а потоа чекаат ирачките сили и непријателски расположеното население да се повлече од нападнатата територија[236]. Територијата која што ја контролира ИСИС е една третина од територијата на Ирак и помеѓу една третина и една четвртина од територијата на Сирија[237], секако ова бројка е променлива согласно успесите и неуспесите што ги постигниува Исламската

[232]Special report the islamic state достапно на https://www.clarionproject.org/sites/default/files/islamic-state-isis-isil-factsheet-1.pdf,(06.04.2016).

[233] Michael Knights,ISIL's Political-Military Power in Iraq, Combating terrorism center at west point,p.1,, available at: file:///C:/Users/kiro/Downloads/nps73-090814-09.pdf(11.09.2016).

[234] ISIS: Portrait of a Jihadi Terrorist Organization,p.3, available at:http://www.crethiplethi.com/files/cp_0115.pdf(11.09.2016).

[235]http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/iraq-war-on-terror/rise-of-isis/what-an-estimate-of-10000-isis-fighters-killed-doesnt-tell-us/(18.09.2015).

[236]http://www.academia.edu/7632564/ISIS_MILITARY_STRATEGY(23.10.2015).

[237] ISIS: Portrait of a Jihadi Terrorist Organization,p.3, available at:http://www.crethiplethi.com/files/cp_0115.pdf(11.09.2016).

Држава во борбите во Ирак и Сирија. Самиот факт што Исламската Држава контролира одредена територија над која има сопствена власт, има своја цел, поседува униформирани воени сили таа ги има својствата не само на терористичка организација туку и на една бунтовничка организација.

Графикон бр.2. СТРУКТУРА НА ИСИС




Source: Erin Marie Saltman & Charlie Winter Foreword by Maajid Nawaz, Islamic State: The Changing Face of Modern Jihadism, Quilliam, 2014,P.37

### 2.2.3.Криминални активности

ИСИС е користи широк спектар на криминални активности големи и мали. ИСИС краде добиток, продава пасоши на странски борци, зема даноци од малцинствата, земјоделците, камионџиите, врши изнудување на рекет, грабнување на цивили за плаќање на откуп и др. ИСИС ограбува банки, па такакога ја освои Фалуџа, ИСИС ја ограбила централната банка со што приграбиле 425 милиони долари[238].Истотака заработува по неколку милиони долари само од даноци во Мосул. Повеќето од овие даноци се наметнуваат на компаниите како и на поедници[239]. Големи средства ИСИС собира и преку контролата на нафтените полиња и продажбата на нафта.Сирија во 2011 година произведувала 425,000 барели дневно на нафта, но ова производство паднало на нула кон крајот на 2013 година откако бунтовниците ја презеле контролата врз нафтените полиња[240].

### 2.2.4. Пропаганда и информациско војување

Карактеристично за оваа организација е тоа што таа знае мошне вешто да ги користи социјалните мрежи како твитер, фејсбук на кои ги објавува своите успеси. Потоа користејќи ги медиумите и зборувајќи на течен англсики јазик, нејзините борци ја придобиваат публиката од целиот свет. Интернетот и медиумите се користат и за сеење на страв помеѓу оние што не ја прифаќаат ИСИС па тие јавно прикажуваат егзекуции на странци и на војници и цивили од Сирија и Ирак кои се борат против ИСИС.

Во 2014 година светското првенство во фудбал беше многу актуелно на твитер. Околу 672 милиони твитови биле поставени за овој глобален настан, достигнувајќи и до 600 000 твитови во минута во екот на најголемите возбудувања[241]. На 14 јуни фановите од арапското говорно подрачје кои што се вклучија на твитер за последните резултати открија дека ИСИС го има урнато системот на Твитер. Миксот од слики и дискусии за

---

[238]http://www.washingtonpost.com/news/morning-mix/wp/2014/06/12/isis-just-stole-425-million-and-became-the-worlds-richest-terrorist-group/( 23.10.2016 )
[239]https://www.washingtoninstitute.org/uploads/Documents/testimony/LevittTestimony20141113.pdf
[240]ResseErlich, Inside Syria, Prometeus Books, New York, 2014,p.130.
[241] Jessica Stern and J.M. Berger, ISIS the state of terror, HarperCollins Publishers, New York,2015,p.147.

резултатите бил заменет со слики на ИСИС борците кои егзекутираат илјадници заробени и невооружени Ирачки војници и други злосторства кои ги извршиле[242].

2.3. Компаративна анализа помеѓу ИСИС и Ал каеда

Со оглед на фактот дека ИСИС и Ал каеда се најголемите  недржавни закани, во трудот е направена  една компаративна анализа помеѓу нив, со што ќе се докаже која од нив претставува поголема  закана по глобалната безбедност. Со направена споредба на целите и методите кои што ги користат ќе се согледа колкава е опасноста од овие две терористички организации по глобалната безбедност.  За тоа кои се целите на Ал каеда има повеќе различни мислења, сепак најдобар преглед за целите може да се направи од еден говор на  John Brennan in 2011 кој ги истакнува следните четири цели[243]:

- Тероризирање на САД за да се повлече од светската сцена,
- Користење на долга војна за да финансиски се исцрпи САД, а во исто време да се зголеми антиамерикаснкото расположение,
- Да ги бранат правата на муслиманите,
- Нивната заблуда преку Грандиозната визија за глобална доминација преку насилен исламски калифат.

Целите на ИСИС се следните:

- Главна цел на ИСИС е формирање на исламска држава на териториите на Ирак и Сирија каде што ќе се владее според шеријатот,
- Проширување на територијата на делови во Азија и Африка а по можност и во целиот свет.

Иако главна цел на Ал каеда е соборувањето на корумпираните арапски влади и на нивно место поставување на „вистински“исламски влади, сепак нивен примарен непријател е САД[244]. Тие сметаат дека доколку САД се изворот на проблемите на

[242]Ибид.
[243] http://foreignpolicy.com/2012/03/06/what-does-al-qaeda-want/(15.10.2016)
[244] https://www.brookings.edu/testimonies/comparing-al-qaeda-and-isis-different-goals-different-targets/(15.10.2016).

Блискиот Исток, затоа се обидуваат да ги принудат САД да стават крај на поддршката на ваквите режими, сошто овие режими би станали ранливи од внатре. Целокупните напади биле главно преку употреба на терористички методи. Ал каеда претежно е определена за извршување на терористички напади насочени против САД и сојузниците и давање на подршка на терористичките групи кои се борат против САД. Главна цел пак на ИСИС не се САД туку отпадните режими во арапскиот свет пред се во Ирак и Сирија[245]. ИСИС при изведувањето на своите напади користи класични воени формации и напаѓа со чети или баталјони врз Ирачките сили, а по нивното протерување врши чистење и обезбедување на освоената територија. Основната тактика им е да се направи изненаден напад, да се нанесе што поголем број на жртви, да се посее страв кај непријателот а потоа чекаат ирачките сили и непријателски расположеното население да се повлече од нападнатата територија[246]. Според веќе изнесеното во трудот за ИСИС а тоа е употребата на терористички методи, класични воени единици кои дејствуваат конвенционално, поседуваат сајбер капацитети, тргуваат со нафта, имаат контрола на голема територија која што de facto претставува непризната држава, може да се заклучи дека ИСИС од класична терористичка организација евоуилара од недржавен во државен(непризнат) актер, на кој главна цел му е создавање на една глобална исламска држава, за разлика од Ал каеда која е фокусирана пред се на САД како најголем непријател и арапските влади, користи воглавно терористички методи, еминентно е дека ИСИС без конкуренција претставува најголема хибридна недржавна закана.

### 2.4. Можен тек на настаните поврзани со бробата против Исламската држава

Предвидувањето на настаните во иднина е многу тешко. Сепак од современите настани кои што се случуваат во моментот може да се извлечат некои индикатори за настаните што ќе се случуваат во иднина. Па така во последно време хибридните закани стануваат се поголема закана по безбедноста на државите, следствено на тоа можеме да кажеме и по глобалната безбедност. Почнувајќи од Хезболах, па ситуацијата во Украина и на крај ситуацијата во Ирак и Сирија. Исламската Држава како еден современ хибрид на

[245] Ибид.
[246] http://www.academia.edu/7632564/ISIS_MILITARY_STRATEGY (23.10.2015)

тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал несомнено ја претставува најголемата хибридна закана во 21 век. Таа во изминатите години успеа да создаде држава, се разбира меѓународно непризната на териториите на Ирак и Сирија, која што во одреден период зафаќаше пространство поголемо од Велика Британија. Не само што создаде сопствена влада, војска, институции, туку успеа успешно да се спротивстави и на воздушните напади предводени од САД и сојузниците, воздушните напади од Русија, нападите на копно против вооружените сили на Сирија, Ирак и нивните подржувачи и што е најбитно успеа да ги прошири своите дејствија и надвор од овие две држави, првенствено во Либија,со амбиции да се прошири и во други држави во Азија и Африка. Користејќи ја мигрантската криза, преку рутите на мигрантите огромен број на терористи се префрлија на тлото на Европа. Тука започнаа со координирани терористички напади, па ни се случија Париз, Брисел, Ница, Берлин.Заканите не застануваат тука, огромен број на терористи сеуште се на слобода и го чекаат правиот момент за нови терористички напади.Голем дел од регрутираните борци кои се враќаат во своите држави претставуваат реална опасност да продолжат со вакви терористички активности и во нивните држави.За неутрализирање на Исламската Држава потребна е заедничка координирана акција на големите сили пред се САД, Русија како и на големите регионални играчи Турција, Саудиска Арабија, Иран, Израел за да со заеднички сили се уништи Исламската Држава, и да се врати мирот на Блискиот Исток пред се во Ирак и Сирија а секако се искоренат и заканите и опасностите кои ги создава Исламската држава и на глобално ниво. Дискутабилно е и прашањето што ќе се случи доколку за брзо време се уништи Исламската Држава. Дали огромниот број на радикализирани борци кои од боиштата ќе се вратат во своите држави, нема да започнат со извршување на класични терористички напади во матичните држави? Дали ИСИС нема да се префрли на територијата на некои други фрагилни држави и продолжи со своите активности, или пак повеќето терористички и бунтовнички групации се фузираат во некоја нова хибридна организација која ќе ги прошири своите дејствија на други територии, кои се во склад со геополитичките интереси на некои големи регионални и светски сили?

## 3. Конфликтот во Украина

Иако во март 1991 година, на референдумот кој го распиша, Горбачов, повеќе од 70% од гласачите се изјаснија за „зачувување на Советскиот Сојуз како обновена федерација на суверени републики со еднакви права“[247], по неуспешните преговори и обидот за пуч, сепак Советскиот Сојуз доживеа распад. По распадот на Советскиот Сојуз и формирањето на 15 нови држави во 1991 година, доаѓа до промена на геополитичката сцена. Односно со распадот на Советскиот Сојуз остана доминантен само едниот блок т.е. НАТО. Оваа поволност ја искористија САД и ЕУ, и додека Русија се бавеше со нејзините внатрешни економско – политички проблеми, голем дел од државите од поранешниот Источен Блок сега беа примени во НАТО. Па така првин влегоа Чешка и Унгарија, потоа влегоа Балтичките држави – Естонија, Литванија и Латвија, потоа Бугарија, Романија, Словачка. Во 1999 година беше извршен напад врз тогашната СР Југославија која беше проруски ориентирана а во 2008 година беа примени и Хрватска и Албанија. Иако со распадот на Советскиот Сојуз заврши студената војна и односите помеѓу САД и Русија тргнаа по нагорна линија сепак во последно време односите помеѓу овие две светски сили драстично се влошија. Причината лежи во доближувањето на земјите од НАТО пактот кон Русија. На Русија и беше ветено дека поранешните членки на Совестскиот Сојуз кои се соседи на Русија нема да бидат примени во НАТО. Меѓутоа Западните земји не го одржаа своето ветување и продолжија со проширувањето на НАТО до границите на Русија, следна цел им станаа и Украина и Грузија кои се директни соседи на Русија. Украина држава која зафаќа простор од 600 000 километри квадратни претставува тампон зона помеѓу Западот и Русија. По влегувањето на Балтичките држави во НАТО, растојанието помеѓу НАТО и Санк Петерсбург се намали од 1600 км на нешто повеќе од 160 км. Со губењето на Украина, западот уште повеќе ќе се приближи на Русија односно би дошле на само 480 км од Москва а сето тоа негативно би влијаело врз безбедноста на самата Русија. Како што има изјавено Бжежински Русија без Украина не е више царство, односно можеби Русија ќе остане регионална сила меѓутоа не и свестска сила. На Русија и е потребен Крим преку кој излегува на Црното Море. Русија истотака транспортот на гас за Западна Европа го врши низ територијата на Украина. Во областа Донбас е срцето на украинската индустрија пред се јагленокопите кои се простираат се до Русија, тие се

[247] http://www.dw.de/како-бесшимно-се-распадна-ссср/a-15325004

четврти по големина во Европа со резерви околу 10 милијарди тони[248]. Овој реон сместен околу градот Донецк, зафаќа 5 % од површината на Украина. Од индустријата на овој регион се создаваа 20% од националниот БПД и се обезбедува четвртина од извозот на Украина. Овој дел е од големо значење за Русија бидејќи тука се наоѓаат фирмите што обезбедуваат суровини и производи за руската воена индустрија. Дополнително на сето ова влијае и распоредувањето на ракетниот штит во некои поранешни припаднички на Советскиот Сојуз особено во Полска, бидејќи Русија ги обвинува САД дека овој ракетен штит е насочен против неа. Иако САД и Западните земји негираат дека сите превземени активности се против Русија и велат дека е невозможно да ја нападнат Русија, сепак Русија со право стравува од развојот на ваквите настани.

### 3.1. Односот на Украина со НАТО и Русија (1991 – 2013)

Во периодот 1992 – 1995 година со Украина раководи Леонид Кравчук, иако Украина е во тој период е во составот на Заедницата на Независни Држави, Кравчук не е толку наклонет кон Русија. На негово место во 1995 година доаѓа Леонид Кучма кој пак се залагал за приближување кон Русија. Во двата мандата на Кучма иако Украина била приклонета кон Русија сепак останала во добри врски и со Запад. Во овој период се формира и Партијата на регионот на Јанукович. Значајно за овој период е што во тоа време во светот апсолутна доминација има САД и НАТО, додека Русија беше во голема економско – политичка криза и можеби го имаше достигнато своето дно во поновата историја. Во ова време во Украина има околу 20 % етнички Руси и нешто повеќе од 20 % проруски ориентирани Украинци кои што се загрижени околу тоа каде ќе ги одведе некоја идна власт во Украина. Поради сето ова Јанукович се залага за регионализација на Украина. Неговата партија во првиот круг на изборите беше во водство и пред победа над Виктор Јушченко, меѓутоа се случува портокаловата револуција па на власт доаѓа Јушченко. Неговата власт трае кратко и на парламентарните избори во 2006 година победува партијата на Јанукович. Во 2007 година Јушченко како претседател распишува предвремени парламентарни избори на кои пак победува партијата на Јанукович, меѓутоа партиите на Јанукович и Тимошенко формираат коалиција која е потребна за функционирање на новата власт и тие ја превземаат власта до 2010 година. На изборите во

[248]http://a1on.mk/archives/319369

2010 година победува Партијата на Регионот заедно со Комунистичката Партија формираат нова влада. Иако во 2008 година беше дадено зелено светло за прием на Украина во НАТО, по доаѓањето на власт на Јанукович иако тој се залагаше за добри односи со НАТО, сепак тој изјави дека влезот во НАТО не е на листата на негови приоритети.

Во меѓувреме НАТО успева добро да се инфлиртира во украинската војска. Високи воени офицери со години се усовршуваат во НАТО одбранбениот колеџ во Рим – Италија, потоа Обермегау – Германија каде што се обработуваат теми за интеграција на Украина во НАТО. Беше зголемена научно – технолошката соработка во полето на одбраната како полесно би се интегрирала Украина во здружените операции за одржување на мирот под водство на НАТО. Бидејќи не постои само она што е јавно видливо со сигурност може да потврдиме дека НАТО пред се САД имаат добро испреплетена мрежа помеѓу цивилните и воените структури во Украина.

3.2. Анексијата на Крим

Настанатата ситуација во Украина во 2014 година е уште еден показател за тоа колку се опасни хибридните закани по националаната безбедност и опстанокот на државите. Руската анексија на Крим каде што беше извршено завземање на територија без употреба на конвенционална воена сила е доказ за нивното хибридно делување во Украина. И покрај тоа што не се сосема нови, нивните тактики претставуваат посебна новина во современиот свет, нешто што го признава и шефот на Генералштабот Валериј Герасимов, во објавена статија од 2013 година, во која тој го истакнал следното[249]: "Улогата на невоените средства за постигнување на политички и стратешки цели се зголеми,и, во многу случаи, ја надминаа моќта на оружјето во нивната ефикасност ". Според Герасимов, лекциите од Арапската пролет се дека ако "правилата на војната" се сменат, последиците не се менуваат – па така резултатите од "обоените револуции" се дека "просперитетна држава може, во период од неколку месеци, па дури и неколку денови, да се трансформира во арена на жесток вооружен конфликт, да стане жртва на странска интервенција и да потоне во хаос, хуманитарна катастрофа и граѓанска војна.

[249]Agnieszka Pikulicka-Wilczewska, Richard Sakwa, People, Politics,Propaganda andPerspectives, Bristol, UK2015,p.156.

"Во однос на обемот на жртвите и уништувањето ... таквите конфликти од нов тип се споредливи со последиците од каква било вистинска војна ". Затоа, руските вооружени сили треба да имаат" јасно разбирање на формите и методите на употреба и примена на сила [250].

Во времето кога се одигруваа зимските олимписки игри во Сочи , Русија, кога вниманието на руските разузнувачки служби беше насочено кон спроведување на максимална безбедност на ЗОИ од терористички напади, САД доста лукаво решија да ги искористат прозападните опозициски сили и да го започнат процесот на влегувањето на Украина во НАТО. Откако претседателот Јанукович одлучи да го прекине процесот за влегување во Европската Унија и најави поблиска соработка со Русија, на 21 ноември започнаа демонстрациите на десетици илјади демонстранти насочени против ваквата одлука. Бројот на демонстрантите константно се зголемуваше и на први декември бројката на демонстранти изнесуваше 300 000.

По започнувањето на протестите Путин реши прв да повлече потег и најави дека Русија ќе купи украински акции во вредност од 15 милијарди долари и дека ќе ги преполови цените на рускиот гас за Украина. Ваквиот расплет на настаните не и одговараше на САД и ЕУ и преку прозападните сили повторно предизвикуваат демонстрации на плоштадот Мајдан во Киев. Интересно е тука да се напомене дека се протестираше против добивање на поголема помош од Русија, а за одење кон ЕУ која не нудеше  скоро никаквата помош.За да дојде до зголемувањето на критичната маса за време на протестите беше пукано и во демонстрантите и во полицијата од страна на снајперисти за кои што беше речено дека се припадници на специјалната единица Беркут. Голема е веројатноста дека тоа не беше Беркут туку прозападни платеници кои што со убиствата на цивилите требаше да го навлечат гневот против претседателот Јанукович. Во прилог на ова оди и снимениот разговор помеѓу ерменскиот министер и Кетрин Ештон на која снимка естонскиот министер изложува сомнение дека снајперисите  не ги ангажирал Јанукович туку биле од опозицијата. Иако снимката била автетична оваа вест во западните медиуми бргу исчезна, за разлика од тоа што претходно сите западни медиуми постојано

[250] Andrew Monaghan,Putin's Way of War,The 'War' in Russia's 'Hybrid Warfare' available at:http://ssi.armywarcollege.edu/pubs/parameters/issues/Winter_2015-16/9_Monaghan.pdf(29.10.2017).

известуваа за жртвите од снајперистите на Јанукович. Со продолжувањето на крвавите протести и притисокот од Запад, а во согласност со Русија претседателот Јанукович се согласи на некои отстапки со кои требаше да се намалат ингеренциите на претседателот а да се зголемат ингеренциите на парламентот. Овој пат Русија и Јанукович беа измамени од страна на Западот бидејќи по отстапките на Јанукович наместо да се продолжи со преговори, Јанукович беше експресно симнат од власта на 22 февруари кога парламнетот гласаше за симнување на Јанукович од претседателската функција и одржување на предвремени избори на 25 мај. Од страна на врховната рада Олександар Турчинов беше назначен за вршител на должност претседател на Украина. САД и сојузниците се најдоа пред остварување на својата стратегиска цел, сметајќи дека Русија нема да има храброст воено да интервенира во Украина. Но тука беше направена погрешна проценка од страна на разузнавачките служби на САД и западот, бидејќи на 1 март рускиот парламент го одобри барањето на Владимир Путин за употреба на руските вооружени сили во Украина со цел заштита на руските интереси. По сето ова следеше анексијата на Крим.

Преземањето на Крим започнало со завземање на зградата на Парламентот во Симферопол со групи од силно вооружени маскирани мажи во воени униформи[251]. Слични групи наскоро почнале да се појавуваат на владини згради, аеродроми и други клучни инфраструктурни точки низ Крим, со што станало јасно дека во тек е голема воена операција. Овие мистериозни мажи не носеле ознаки и негирале дека се руски војници, и покрај тоа што дејствувале на очигледно воен начин, и истотака ја поседувале најновата опрема на руските специјални сили[252]. Русија ги поддржала овие негирања, тврдејќи дека војниците биле само волонтерски одбранбени сили, кои биле составени од локалната заедница.Таканаречените "мали зелени мажи" станале симболи на новата форма на хибридна војна на Путин, обезбедувајќи го Кремљ со силно физичко присуство на теренот и веродостојно одбивање на директно вклучување во конфликтот. Со криењето на улогата на руската војска во преземањето, Москва била во можност да ги прикаже настаните на Крим како чин на самоопределување од страна на локалното население.

[251]Russian hybrid war in ukrainehttp://bunews.com.ua/component/zoo/item/debunking-putins-crimea-claims
[252]Ибид.

По завземањето на сите витални објекти без борба,во исто време биле блокирани сите влезови и излези од Крим со што украинските сили биле одсечени од остатокот на вооружените сили, паралелно со тоа било извршено блокирање на телекомуникациите и била спречена комуникацијата на украинските сили. Искористувањето на медиумите на кои се пуштал пропаганден материјал за присоединувањето на Крим кон Русија придонело до опаѓање на моралот на украинските вооружени сили кои се предале без водење на борба. За сето ова да биде регуларно беше организиран референдум на Крим. На одржаниот референдум во Крим на 16 март 2014 година дури 95,5% од гласачите[253] се изјасниле за приклучување на Крим кон Русија, а два дена подоцна на 18 март претседателот Путин го потпишува законот за приклучување на полуостровот Крим кон Руската Федерација. Со ова на многу брз и ефикасен начин без ниту еден испукан куршум Крим бил анектиран од страна на Русктата Федерација.

## 3.3. Конфликтот во Источна Украина (Донбас)

Владимир Путин цврсто верува, како што е наведено во многу изјави, дека битката за регионот на Донбас во источна Украина е прокси-војна со Западот. Соединетите Американски Држави и Европа сакаат да ја ослабнат Русија, тврди Путин, повлекувајќи го клучниот руски сојузник, Украина, во нивната сфера на влијание[254].

Според мислењето на Путин, Западот во февруари 2014 година ја поттикнал промената на режимот во Киев, од истите причини како и кога САД ги поддржувале муџахедините во Авганистан во 1980-тите - за да го поткопаат авторитетот на Москва во целиот регион. Путин, исто така, тврди дека Западот ги потпомогнал и ги поттикнал чеченците во текот на 1990-тите и во 2000-тите да ја дестабилизираат Руската Федерација.

---

[253]Crimea referendum: Voters 'back Russia union'http://www.bbc.com/news/world-europe-26606097

[254]Fiona Hill,Hybrid war: The real reason fighting stopped in Ukraine – for now, available at:http://blogs.reuters.com/great-debate/2015/02/26/hybrid-war-the-real-reason-fighting-stopped-in-ukraine-for-now/(27.10.2017).

Значи, според логиката на Путин, Авганистан бил западна прокси-војна со Советскиот Сојуз. Украина е западна прокси-војна со Русија[255]. Поради сето ова негова цел е да го спречи Киев во обидот да се приклучи на Европската унија и НАТО.

По анексијата на Крим, на 7 април 2014 година, демонстрантите во источно-украинските градови Донецк, Луганск и Харков, исто така, побарале референдум. Секако овие демонстрации и барањето за референдум не би се случиле доколку проруските демонстранти немале подршка од Русија. Во овие делови биле заземени и телевизиските канали и била емитувана пропагандна програма за одржување на референдум за независност. Следеше натамошна ескалација на протестите каде што биле завземани и полициските станици и касарните, бидејќи поголем дел од полициските службеници биле истомисленици и во роднински и пријателски врски со протестанитите, тие го предаваа оружјето без борба и се приклучуваа на протестите. Така постепено во овие области се формираа вооружени единици за одбрана на градот од незаконската влада во Киев. На 15 април вршителот на должноста претседател на Украина - Олександар Турчинов најави антитерористички акции против проруските сепаратисти. Во почетокот овие акции немале некој поголем успех бидејќи Украинската војска не сакала да дејствува против својот народ, па тие го предавале оружјето и опремата на бунтовниците и си заминувале дома. Во меѓувреме во Киев тајно пристигнува директорот на ЦИА – Џон Бренан. Паралелно се неговото пристигнување започнуваат и таканаречените антитерористички операции на Истокот од земјата. Поучени од успехот на Русија во Крим, гледајќи дека истото сценарио почнува да се повторува и во источните делови на Украина, САД и незаконската влада на Украина прават нова тактика, во своите редови украинската влада ги става фашистичкиот десен сектор, потоа платеници од американската компанија Академи позната под старото име Блекводер, како и припадници на ЦИА и ФБИ кои раководат со акциите против бунтовниците. Иако првично информациите за присуството на платениците беше демантирано, подоцна ова информација излезе и во весниците во Германија каде што се наведува дека околу 400 припадници на оваа организација оперираат во Украина[256]. Информациите се доставени врз основа на пресретнати комуникации помеѓу платениците

---

[255]Ибид.

[256]Поопширно види: 400 US mercenaries 'deployed on ground' in Ukraine military op available at: https://www.rt.com/news/158212-academi-blackwater-ukraine-military/

кои ги доставила Русија до Германија. Од друга страна и проруските демонстранти иако послабо вооружени, најверојатно подучени од руските специјалци за кои што не се докажа дека оперираат во вој регион (Американскиот Стејт департмент објави фотографии со кои наводно се поврзуваат руските специјални сили со групата наречена „Мали зелени луѓе, кои држат под окупација згради во источна Украина[257]) успешно се спротивставуваа на вооружените сили успевајќи и да соборат три МИ-24 хелихоптери на украинската армија. Паралелно со престрелките во мирниот град Одеса се случи едно големо злосторство. Односно една голема група на припадници од Десниот сектор и Самоодбрана од Харков и Киев, кои биле вооружени со огнено оружје, молотови коктели и палки сурово ги нападнале мирните протестанти пред зградата на сојузот на регионални синдикати. По повлекувањето на протестантите во зградата со молотови коктели била запалена зградата а во исто време е пукано и со огнено оружје кон цивилите во зградата. Луѓето што се обидувале да излезат од зградата биле дотепувани со палки а останатите биле оставени живи да изгорат во зградата. Западот продолжи да се однесува сенилно кон ова злосторство за кое што не беше изразено никакво жалење ниту осуда на извршителите. Во меѓувреме борбите продолжуваат, а со тоа и бројот на цивилните жртви продолжува да расте. Таинствените снајперисти продолжија со безмилосното убивање на цивилите. Самопрогласените народни републики Донецк и Луганск во источна Украина одржале референдуми за самоопределување на 11-ти мај, а повеќе од 90 отсто од гласачите се изјасниле дека се за поголема автономија[258]. Републиките се прогласиле за суверени држави, а Донецк планирал да побара приклучување кон Русија. Проруските сепаратисти во Донецк на 12 мај 2014 година прогласуваат независност и бараат од Москва да распореди руски трупи и да размисли за припојување на источниот украински регион. Во меѓувреме и по неколкуте обиди за прекин на конфликтот поготово преговорите во Минск – Белорусија, сеуште нема решение за конфликтот во Источна Украина, а поради судирот на интереси на САД и Русија тешко е да се очекува решавање на конфликот во блиска иднина.

[257] https://www.slobodnaevropa.mk/a/25357544.html

[258]DonetskPeople's Republic,availableat:https://www.globalsecurity.org/military/world/para/dnr.htm (27.10.2017).

## 4. Конфликтот во Сирија

Просторот на Сирија во минатото бил место каде што се одвивале воени судири помеѓу различни цивилизации, култури и интереси, судири кои што останале карактеристични за оваа земја се до денес. Својата независност Сирија ја стекнува со деколонизацијата од Франција во 1946 година.Периодот по осамостојувањето го одбележува политичката нестабилност, воените удари, односно доминацијата на арапските националисти и социјалисти од партијата БААС. Во 1970 година министерот за за одбрана Хафез ал Асад извршил државен удар и ја презел власта во Сирија. Иако бил припадник на малцинската група Алавити, успеал да ја зацврсти својата автократска власт и да владе со Сирија се до својата смрт. По смртта на Хафез ал Асад во Сирија него го заменува неговиот син Башар ал Асад кој веднаш се зафатил со една недемократска мерка, променувајќи ја одредбата од Уставот, смалувајќи го бројот на старосни години од 40 на 34, за да може тој да ја превземе власта. Со неговото доаѓање на власт се појавила надеж за политички и социјални реформи, меѓутоа резултатите биле скромни. Политичките противници биле апсени, а нивните барања за слободни избори биле задушени. Истотака растел и судирот со Курдите кои го населуваат североисточниот дел на Сирија. Состојбата со граѓанските права и граѓанските слободи била многу слаба. Напоредно со сето ова дошло и до опаѓање на економскиот пораст, се зголемила невработеноста и се намалил животниот стандард[259].

Сириската граѓанска војна претставува најголем вооружен конфликт во светот во втората деценија од 21 век. Војната започнува со преливањето на немирите од арапската пролет на просторот на Сирија, кои подоцна прераснуваат во граѓанска војна. Првата недела од протестите во Сирија од 15 до 22 март 2011 година, од страна на глобалните медиуми била претставена како почеток на „сирискиот бунт“[260].На 20 март во Дари, по отварањето на оган од страна на силите за безбедност лојални на претседателот Асад врз насилно расположените демонстранти ( загинале 15 демонстранти и 7 полицајци),

---

[259]Рат у сирији – ко све ратује, са којим циљем и против кога, достапно на:file:///C:/Users/kiro/Downloads/rat-u-siriji-ko-sve-ratuje-sa-kojim-ciljem-i-protiv-koga%20(1).pdf(29.05.2017).

[260]Александар Саша Гајић,Грађански рат у сирији –геополитички оквир, достапно на:http://kpolisa.com/KP27/KP27-I-2_Gajic.pdf(29.05.2017).

демонстрантите го запалиле локалното седиште на владејачката БААС партија, градскиот суд и поштата, па така политичките протести  почнале постепено да прераснуваат во поширок вооружен конфликт, во типичен воен бунт[261]. На 30 март во говорот пред демонстрантите Асад истакнал дека позади организацијата на демонстрациите стојат лица со силна странска поддршка кои што имаат намера насилно да ја срушат владата во Дамаск.

Кон крајот на пролетта и почетокот на летото, во 2011 година, нивото на насилство од страна на владините сили се интензивира. Пристапот до градовите каде што се одвиваа демонстрациите бил блокиран од оклопни возила, со цел да се спречи дистрибуција на храна и лекови.Насилните протести прераснуваат во прав вооружен бунт во текот на месец јуни. На 4 јуни во градот Јиср ал Шугор, блиску турската граница, по пукањето на силите за безбедност од покривот на поштата во толпата на луѓе која одела на погребна церемонија, демонстрантите се разгневиле, се упатиле кон поштата ја запалиле и притоа ги убиле сите осум припадници на полицијата, за да потоа ја завземат и опљачкаат тамошната полициска станица[262]. Со тој настан отпочнала правата герилска војна во Сирија. Во текот на летото бројот на загинати пораснал на преку 2000 лица (1600 демонстранти/герилци и околу 500 припадници на силите за безбедност). Веќе на 29 јули од дезертираните официри и војници се формира таканаречената сириска слободна армија, која што за неполн месец го добива и своето политичко крило-Сириски национален совет, како бунтовничко политичко тело со седиште на територијата на Турција. Основната цел на ова политичко крило било да ги организира сите опозициски фракции и бунтовнички групи за борба против режимот во Сирија.

На 3 август  2011 година, Советот за безбедност на ООН издал соопштение во кое се осудува насилствотопротив демонстрантите од страна на владините сили[263].На почетокот на ноември,сириската влада се согласува да го запре насилството против демонстрантите и да се применува  акциониот план за повторно воспоставување мир,

---

[261]Ибид.

[262]Поопширно за граѓанската војна во Сирија: Jenkins Michael, „Dynamics of Syrian Civil War", Rand corporation, Santa Monica, 2014.

[263]Statement of the President of the Security Council, no. S/PRST/2011/16, 3 August 2011. Available at: http://www.securitycouncilreport.org/atf/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8CD3-

даден од страна на членките на арапската лига[264]. Сепак борбите и понатаму продолжиле. Во текот на месец април и мај 2012 година, договорено е примирје помеѓу завојуваните страни кое го иницирале ООН и претставниците на Арапската лига, кое по само два месеци пропаднало. Во наредната година дена почнувајќи од борбите во Хофи, доаѓа до уште поголема ескалација на судирите, при што бунтовниците зазеле некои градови во провинциите Хомс и Идлиб, а потоа ги насочиле своите дејства кон двата најголеми градови во Сирија – Алепо и Дамаск. Сепак офанзивата на големите градови не била успешна па бунтовниците ја завземаат границата помеѓу Сирија и Турција во внатрешноста на провинцијата Ал Раках за да можат да ја создадат потребната стратешка предност во наредните борби. Главниот штаб на Слободната сириска армија преминал од просторот на Турција во Северна Сирија.

Користејќи ја војната помеѓу силите на Башар Ал Асад и разните бунтовнички фракции кои се бореле против режимот на Асад, Ал Багдади лидерот на ИСИС, првин ги завземал слободните територии од бунтовниците и од Ал Нусра, бидејќи силите на Башар Ал Асад биле помногубројни од бунтовниците и потешко можел да напредува против нив.Главно упориште на ИСИС во Сирија била Рака.

Борбите што се водеа во Сирија помеѓу разните фракции добиваа на интензитет, притоа не водејќи се сметка за големиот број цивилни жртви, во борбите се употребуваше и хемиско оружје. Првиот познат хемиски напад се случи во Кан ал Асал во близина на Алепо на 19 март 2013[265] година, што резултираше со десетици жртви, вклучувајќи ги владините војници и цивилите. Сириската влада покани руски експерти да го испитаат нападот. Според руската проценка поднесена до ООН, во хемискиот напад бил користен нервен гас-сарин, а како одговорни за неговата употреба биле посочени бунтовниците.

Подоцна според извештајот на групата истражувачиод Обиденитите нации за употреба на хемиско оружје, беше потврдено дека и на 21 август 2013[266] година, во

---

[264]Arab League Council Resolution 7438 [Plan of Action], 2 November 2011. Available at: http://www.lcil.cam.ac.uk/sites/default/files/LCIL/documents/arabspring/syria/Syria_33_AL_Council_Resolution_7438.pdf ( accessed on 16 April 2016).

[265] https://www.rt.com/news/335711-rt-syrian-war-timeline/

[266] The Syrian Civil War REGIME OF BASHAR AL-ASSAD,STANFORD MODEL UNITE D NATIONS CONFERENCE 2014,available at:http://web.stanford.edu/group/sias/cgi-bin/smunc/wp-content/uploads/2014/10/Syria-Govt.pdf

инцидентот во Гута предградието на Дамаск е користен нервен отровен гас-сарин[267]. Во извештајот на главниот истражувач на ООН, Аке Селстром од Шведска се вели:Врз основа на доказите добиени за време на истрагата за инцидентот во Гута, заклучокот е дека хемиското оружје се користело во тековниот конфликт меѓу страните во Сириската Арапска Република, исто така во голем обем и против цивилите вклучувајќи ги и децата[268]. Тимот на ООН испитуваше само дали се користело хемиско оружје во смртоносниот напад во предградието на Дамаск. Извештајот не кажува кој го извршил нападот иако американските, британските и француските претставници изјавија дека деталите во него укажуваат на вина на владата.САД и Русија склучија договор за уништување на хемиското оружје на Сирија. На 14 септември, ООН потврдија дека Сирија пристапила кон Конвенцијата за хемиско оружје, која ги обврзува членовите да ги уништат своите залихи[269]. Во договорот меѓу САД и Русија севели дека двете земји "постигнале заедничка проценка за висината и видот на хемиското оружје што треба да се уништи", односно дека се работи за околу 1000 тони хемиско оружје.

Долготрајната војна во Сирија предизвика огромен бегалски бран. Врз основа на податоците доставени од страна на УНХЦР, од 18 мај 2016 година, бројот на регистрирани бегалци е точно 5.848.456[270]. Се однесува на оние кои безбедноста ја побарале надвор од сириската граница. Од тој број 50,4 отсто биле жени, а 49,6 проценти мажи. Бројот на внатрешно раселените лица (ова се луѓе кои не ја преминале меѓународна граница да побараат засолниште,туку останале во матичната земја) се проценува на околу 7,65 милиони. Од презентираните бројки можеме може со сигурност да се каже дека во Сирија за пет години граѓанска војна, се раселени околу 13 милиони или повеќе од 50 проценти од населението на Сирија пред војната кое броело околу 22 милиони луѓе.

---

[267]U.N. confirms sarin used in Syria attack; U.S., UK, France blame Assad available at: http://www.reuters.com/article/us-syria-crisis-un-idUSBRE98F0ED20130916(29.07.2017).

[268] Ibid.

[269]Q&A: Syria chemical weapons disarmament deal, достапно на:http://www.bbc.com/news/world-middle-east-23876085

[270] Sirijska migrantska kriza: više od 50 % stanovništva raseljeno i vrijeme da se kriza počne riješavati u Siriji,достапно на :http://novipogledi.hr/politika/sirijska-migrantska-kriza-vise-od-50-stanovnistva-raseljeno-vrijeme-da-se-kriza-pocne-rijesavati-siriji/

Вклучувањето на Русија преку извршувањето на воздушни напади и зголемената поддршка од Иран со копнени сили, доведе до смена на ситуацијата во конфликтот во корист на сириската влада во периодот 2015-2016 година[271]. Истовремено во многу објавени извештаи се известува за враќање на граѓаните во своите куќи. Повратниците во Сирија му даваат тежина на аргументот дека запирањето на војната преку посредници (proxy war) против Сирија е клучна работа за решавањето на проблемот со мигрантите и раселените лица.

4.1. Причини за појава на конфликтот во Сирија

Иако војната во Сирија е последица на многу фактори: локални, регионални и меѓународни, еден важен фактор на меѓународно ниво се покажа како пресуден за ваквиот развој на настаните. Во прашање е регионалната промена на балансот на силите, односно нарушување на нивната воспоставена рамнотежа, која што ги предизвикала практично сите меѓународни играчи на драстично зголемување на своето влијание во целиот регион, за да се промени ваквата ситуација[272]. Американската инвазија на Ирак во 2003 година и политичката ситуација по окупацијата на оваа земја па се до повлекувањето на американските единици во 2011 година, директно се одразила на промената на односот на силите во целиот регион. Со доаѓањето на „арапската пролет“ која ја потпомагале западните сили и нивните глобални медиуми, настанува колапс на режимот на Мубарак во Египет и раст на дотогаш од режимот потиснато исламистичко движење- „Муслиманско братство“, кое што дури по неколку години ќе го потисне египетската воена хунта на чело со генералот Сиси[273]. Значи и вториот значаен регионален играч Египет со силно влијание на просторот на Сирија бил исфрлен од игра. Турција пак под раководство на Ердоган почнува да ја редифинира својата политика на Блискиот Исток, и да ја гледа Сирија во зоната на сопствено влијание особено нејзиниот северозападен дел, етнички и историски поврзан со курдската Анадолија, која се наоѓа во Турција. Американците преку арапската пролет сакале да ја остварат својата цел за Голем Блиски Исток, чија што реализација ја започнале со инвазијата на Ирак во 2003 година.

[271] Tim Anderson,Rat u Siriji i evropska migrantska kriza, достапно на:http://pisjournal.com/images/3/PIS03-05.pdf
[272] Љубиша Деспотовић, Веселин Конатар, Поља геополитике - зборник радова,Култура полиса, Факултет за европске правно политичке студије, 2016, стр.176.
[273]Ибид.

Друга причина за конфликтот е планот на Иран за воспоставување на проектот „плиновод на пријателството“ каде што плиноводот требало да оди од Иран, Ирак, Сирија и Либан, а како краен корисник да биде Европа[274]. Во 2011 година Иран, Ирак и Сирија потпишале договор за изградба на плиноводот вреден 10 милијарди евра. Поради војната во Сирија овој проект не е реализиран.

Трета причина е одбивањето на Асад да се гради гасовод од Катар за Европа. Односно Катар барал да гради гасовод преку Саудиска Арабија, Јордан, Сирија до Турција[275]. Овој гасовод би бил нов извор на енергија за Европа и би ја намалил зависноста на Западот од рускиот гас.

## 4.2. Инволвирани страни во конфликтот

Во сирискиот конфликт учествуваат повеќе регионални и две светски сили- Русија и САД и повеќе недржавни актери, екстремистички и терористички организации, како и бројни муслимански, сунитски и шиитски, секташки милиции[276]. САД, Турција, Катар и Саудиска Арабија и нивните сојузници од редот на земјичленки на Советот за соработка во Заливот - GCC, од самиот почеток ги вооружиле, обучиле и цело време ги финансираат бунтовничките групации во Сирија, вклучувајќи ги и оние екстремистичките, меѓу кои предничат Jabhat al-Nusra (Фронт на победата) или сирискиот огранок на Ал каеда Harakat Ahrar ash-Sham al-Islamiyya (Коалиција на селафистичките исламистички одреди) и таканаречената Исламска држава-ИСИС[277] .Од друга страна пак Русија, Иран и Хезболах даваат поддршка на режимот на Асад.

[274] Osman Softić, Rat u Siriji: sektaški sukobili borba za energetske resurse?, достапно на:http://pisjournal.com/images/1/PIS01_06.pdf
[275] Erlich Reese, Inside Syria, Prometheus books, NewYork, 2014, str.219.
[276] Osman Softić, Rat u Siriji: sektaški sukobili borba za energetske resurse?, достапно на:http://pisjournal.com/images/1/PIS01_06.pdf
[277] Ибид.

Силите на Башар ал Асад

Се проценува дека бројот на вооружените силина режимот на Асад изнесувапомеѓу 100.000 и 200.000 војници[278]. Во своите редови имаат тешко воено оружје како што се: тенкови, хеликоптери, оклопни возила, артилериски орудија и слично. Сирискиот режим за себе вели дека тој е цел на заедничка стратегија од страна на Израел, Западот и прозападните арапски држави. Целта на оваа стратегија според нив е да се наметнат интересите на Западот и Израел во регионот, со помош на Саудиска Арабија и Катар и да се отстранат сите оние актери кои се спротивставиваат на таквиот вид на реорганизација на регионалната политика[279]. Поддршка  на режимот на Басар ал Асад даваат: Русија, Иран и Хезболах, додека пак САД, Турција, Катар и Судиска Арабија даваат подршка на опозициските бунтовници.

Сириската опозиција-Сириска ослободителна армија, ги претставува вооружените формации на опозициските политички сили во Сирија. Со помош на САД, Турција и некои други арапски и западни земји, како основна цел им е симнување од власт на Башар Ал Асад и формирање на како што велат тие„ Слободна демократска Сирија“[280]. Целите на Сириската опозиција се идентични со целите на САД и другите нивни поддржувачи.

ИСИС- за која веќе е напишано претходно во трудот.

Сириски Курдистан-Западен Курдистан со своите народно ослободителни единици води значајна борба против ИСИС, а истовремено води и борба за автономија на Курдите во Сирија, за сопствен идентитет, или пак за соединување на сите Курди кои живеат во три држави на североистокот на Сирија, Западен Ирак и на југоистокот на Турција[281].

---

[278] https://www.amo.cz/wp-content/uploads/2016/01/PSS-Current-Crisis-in-Syria-NATO.pdf

[279] Muriel Asseburg and Heiko Wimmen, The civil war in Syria and the impotence of international politics,p.3, available at https://www.swp-berlin.org/fileadmin/contents/products/fachpublikationen/Friedensgutachten_engBeitragAsseburg.pdf(03.06.2017).

[280]http://srbin.info/2016/09/03/rat-u-siriji-ko-sve-ratuje-sa-kojim-ciljem-i-protiv-koga/(16.07.2017).

[281]Ибид.

Катар

Давањето на финансиска и дипломатска помош на Палестинците, посебно на палестинското исламско движење на отпорот, Хамас, може да се посматра не само како морален и хуманитарен гест, туку и како тактички потег на Катар, со кој ќе се обиде да ги придобие симпатиите на муслиманите ширум светот, со оглед на осетливоста за нерешеното Палестинско прашање[282]. Како една од вистинските причини за оваа неконвенционална катарска дипломатија, може да биде и обидот на Катар да ја прекине врската на Хамас со Иран, имајќи во предвид дека Иран е еден од главните потпомагачи финансиери на Хезболах и Хамас кои што се спротивставуваат на хегемонијата на Израел на Блискиот Исток.

Саудиска Арабија

Саудиска Арабија по секоја цена се обидува да го намали влијанието на својот регионален ривал Иран, па затоа нивна цел е симнувањето на Асад од власт. Огромен број на борци од Саудиска Арабија учествуваат во борбите против претседателот Асад. Саудиска Арабија сето ова долго време го демантираше за да кон крајот на 2013 година признаат дека околу 1125 Саудиски граѓани заминале да се борат во Сирија во претходните две години, од кои околу 180 загинале[283].

Иран

Иран по секоја цена сака да го зачува и прошири своето влијание во Сирија. Цел му е да ја зачува територијалната шиитска поврзаност од шиитските области во Ирак, преку Сирија до зоната на шиитското влијание на Хезболах во Либан.

Турција

Турските интереси во Сирија се блиски со интересите на Катар. Катар всушност е главниот а можеби и единствениот сојузник на Турција на Средниот Исток. Званичната позиција на Турција е дека таа ја поддржува таканаречената сириска умерена опозиција.

---

[282]Osman Softić, Rat u Siriji: sektaški sukobili borba za energetske resurse?, достапно на:http://pisjournal.com/images/1/PIS01_06.pdf

[283] Erlich Reese, Inside Syria, Prometheus books, NewYork, 2014, str.230.

Турција честопати беше обвинувана дека дава помош на екстемистички групации вклучувајќи го и ИСИС, чии што припадници ја користеја територијата на Турција за влегување во Сирија,  како и за логистичка поддршка на своите операции. Турција никогаш не ги прифати ваквите обвинувања. Официјално таа ја поддржува сириската опозиција.Токму Турција и Катар  важат за глави спонзори и логистички помагачи на сириската опозиција.

Соединети Американски Држави

Ангажирањето на САД во сириската војна е спротивно  на меѓународното право, тие без барање од владата на Сирија самоволно се вклучија во вооружениот конфликт, нарушувајќи го интегритетот и суверенитетот  на Сирија. Со изговор дека нивните напади се насочени против ИСИС, честопати тие ги напаѓаа и силите на претседателот Асад. Секако САД интензивно работат на создавање широка подршка од запад и арапските земји на сириската опозиција што би овозможило симнување на Асад од власт. ЦИА започна директно да ги вооружува и тренира бунтовниците од почетокот на 2013 година[284].

Стејт Департментот, ЦИА и останатите владини агенции, отворено прокламираат дека САД мора да бидат инволвирани во конфликтот во Сирија за да ги заштитат Американските национални интереси[285]. Кои би биле национални интереси на САД? Во реонот на Персискиот Залив кој ги вклучува: Саудиска Арабија, Кувајт, Ирак, Иран и Обединетите Арапски Емирати се произведува околу 30% од вкупното производство на нафта во светот и 50 % од резервите во светот. Заштитата на ова производство и профитот од него е важен дел од американскиот национален интерес[286]. Од витален интерес на САД е и прекинот на оската Иран, Сирија, Хезболах кои САД и Израел ги сметаат за најголеми нивни непријатели, како и намалувањето на влијанието на Русија и Кина на Блискиот Исток.

---

[284] Erlich Reese, Inside Syria, Prometheus books, NewYork, 2014, str.214.
[285] Erlich Reese, Inside Syria, Prometheus books, NewYork, 2014, str.217.
[286]Ибид,218.

Русија

Сирија претставува клучен регионален сојузник на Русија. Токму во Сирија во Тартус, се наоѓа единствената база на Русија надвор од нејзините граници, преку која Русија ја покажува својата поморска и политичка моќ во Медитеранот.Според весникот „Москва Тајмс“ руските компании имаат големи вложувања во сириската инфраструктура, туризмот и енергетската индустрија. Продажбата на оружје на Сирија изнесува 10% од вкупната продажба на оружје на Русија[287].

Русија се вклучи официјално  во војната во Сирија во септември 2015 година, со изведувањето на првите воздушни напади на тлото на Сирија. Според известувањето на Министерството за одбрана на Русија цели биле:воена опрема, комуникации,складови со оружје, муниција и гориво[288]. За разлика од САД, Русија се вклучи во конфликтот во Сирија по барање на актуелниот претседател Башар Ал Асад.

[287] Erlich Reese, Inside Syria, Prometheus books, NewYork, 2014, str.228.
[288] http://vesti-online.com/Vesti/Svet/522422/VIDEO-Rusija-pocela-vazdusne-napade-u-Siriji(26.07.2017).

**<u>ГЛАВА III</u>**

# БОРБА ПРОТИВ ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Борба против тероризмот и бунтовништвото

Нападот што се случи врз САД од 11 септември 2001 година, го смени односот на САД кон тероризмот по што администрацијата на Буш му објави војна на тероризмот. По ова САД решија да извршат интервенција односно со употреба на сила да ги уништат територијалните бази на терористичките организации. Први на мета беа Талибаните за кои се сметаше дека му даваат огромна подршка на Осама Бин Ладен и неговата Ал-каеда. По серијата неуспешни барања од Талибаните да го предададатОсама Бин Ладен, во октомври 2001 година започна воената кампања во Авганистан. Регионалните и меѓународните алијанси беа принудени да ја подржуваат кампањата, па така и Пакистан кој беше формален сојузник на Талибаните, беше принуден да ја подржи кампањата како и Узбекистан и Таџикистан. САД формираа меѓународна коалиција со цел да ја легализираат војната против тероризмот. Паралелно со воената акција се засилија активностите на ЦИА како и на разузнавачките агенции од Европа кои што апсеа сомнителни лица поврзани со Ал-каеда. Многумина од апсените беа задржувани во затворот во Гвантанамо во Куба и подвргнувани на разни тортури се со цел за да се дознае што повеќе за Осама Бин Ладен и неговата Ал-каеда.

Годинешниот извештај на Државниот секретеријат за 2001 година ја опиша американската политика на следниот начин:

- да нема никакви концесии за терористите и да нема дилови ако се фатат заробеници;
- терористите да се судат (т.е. да им се суди во САД);
- изолација и присилување на државите кои го присилуваат тероризмот да го сменат своето однесување;
- поттик на контратерористички активности на земји кои им помагаат на САД[289].

Во февруари 2003 година администрацијата на САД ја објави **Националната стратегија за борба против тероризам**(Nacional Strategy for Combating Terrorism). Стратегијата се базира врз претпоставките дека нападите на 11-ти септември се воени

[289]Одри К. Кронин, Џејмс М. Лудс, Напад на тероризмот, Нампрес ,Скопје 2009 стр.85.

акти, дека тероризмот, сега веќе не се нарекуваше противник, туку непријател, и дека пораз за тероризмот е прв и неодложен приоритет  на Американската влада.Стратегијата за борба против тероризмот би требало да биде рамка во која релевантните политички извршители и државните органи и институции ќе делуваат како би ги оневозможиле терористичките напади врз САД, нејзините граѓани, интереси, пријатели и сојузници. Освен тоа стратегијата би требало да допринесе за стварање на меѓународно опкружување кое не им одговара на терористите и сите оние кои што ги подржуваат. Складно на наведеното, дефинирана е стратегија за борба против  тероризмот, која се состои од формулата 4Д:defeat – да се порази, deny – одбие, diminish – намали i defend – одбрани.[290] Во заклучокот на Американската национална стратегија за борба против тероризмот помеѓу останатото пишува: „дека војната против тероризмот не е исто што и судир на цивилизациите. Односно таа претставува судир помеѓу цивилизацијата и оние кои што сакаат да ја уништуваат. Ако терористите ги користат предностите на глобалното опкружување како би делувале низ целиот свет, американскиот одговор мора да биде глобален“. Авторите на наведената стратегија сметаат дека борбата против тероризмот претставува посебен вид на војна и дека завршувањето на конфликтот нема да биде ниту брзо, а ниту лесно. Во борбата против тероризмот САД се решителни и спремни да ги употребат сите потенцијали на националната моќ, и во таа борба да ги победат терористите во сите подрачја[291].

Иако САД во минатото ја презедоа водечката улога во борбата против тероризмот факт е дека  сами не можат да го победат тероризмот. Затоа вклучувањето на владите на другите земји е многу важна во борбата против тероризмот. Меѓутоа секоја држава не се однесува исто кон тероризмот, некои го третираат како приоритет од понизок ред за сметка на потешки, национални проблеми и затоа се пасивни кога е во прашање тероризмот. Други пак покажуваат загриженост но немаат капацитет да се справат со тероризмот. Трети пак се плашат од директна одмазда или ризик од непознати локални групи во своите заедници доколку се спротивстават на ИСИС, Ал-каеда и нивните симпатизери.

[290]Branko Mihaljević, Martina Mihalinčić, Strategije borbe protiv terorizma: primjeri sad, europske unije i republike hrvatskefile:///C:/Users/kiro/Downloads/30-92-1-PB.pdf
[291]Ибид.

Во 2011 година, започна ненасилен политички предизвик за симнување на диктаторот Моамер ал-Гадафи од власт во Либија,кој брзо се претвори во вооружен конфликт за соборување на режимот. Бруталниот одговор на режимот на протестите беше изговор, НАТО брзо да се согласи на барањата на Европа, а потоа и на САД воено да интервенира. Воздушните напади на САД / НАТО, одобрени од Советот за безбедност на ОН за хуманитарна заштита, веднаш се претворија во уште една воена кампања за промена на режимот на Блискиот Исток. Гадафи беше симнат од власт, заробен и убиен, а земјата се спушти во вртлогот на конкурентските сили. Екстремистички исламистички сили се појавија меѓу најмоќните, а огромен арсенал на оружје на режимот исчезна од магацинитеи почна да се појавува во земјата и надвор од границите на Либија, кое оружје беше силен погон за новите главно исламистички бунтови во Африка и на Блискиот Исток[292]. Ситуацијата во Либија, интервенциите на САД во Авганистан, Ирак и Сирија го ставаат под знак прашалник тоа дали вистинската намера на САД на Блискиот Исток е борбата против тероризмот, дали правилно се спроведува истата, или тероризмот е добра алатка во функција на остварување на зацртаните геополитички цели.

За успешна организација на борбата против тероризмот потребно е да се придржува на следните противтерористички принципи: превентивност, сеопфатност, централизираност, офанзивност, информираност, доследност, самокритичност и законитост[293]. Под принцип на превентивност се подразбира збир на мерки и активности со кои субјектите на системот на безбедност настојуваат да ги спречат терористичките акти, или да се ублажат последиците, ако терористичкиот акт е веќе извршен. Истотака превентивноста може да се согледа и од аспект на организирањето на борбата против тероризмот, затоа што адекватно и ефикасно организираната борба против тероризмот во голема мера придонесува за спречување на терористичките акти. Сеопфатност подразбира неопходно и потребно ангажирање на сите субјекти и сили на системот за безбедност во границите на неговата надлежност. Тоа подразбира постоење на јасни граници на надлежност на поединечните субјекти и сили на системот на безбедност, како и прецизно дефинирани обврски во постапување во случај на терористички напад. Сето ова е неопходно за постигнување што поголема ефикасност во организирањето на борбата

[292]Bennis, P. *Understanding ISIS and the new global war on terror,*Стр.33
[293]M. Mijalkovski, Terorizam i protivteroristička borba, Vojna akademija, Beograd, 2003, str. 71.

против тероризмот. Со принципот на централизираност на силите и субјектите на системот на безбедност се обезбедува единство во постапувањето во случај на терористички акт, со кое се овозможува обединување на нивните можности во организирањето на борбата против тероризмот. Почитувајќи го овој принцип, многу држави пристапија на организирање на посебни организациони тела, чија што примарна функција е координирање на сите сили и субјекти за безбедност при организирање на борба против тероризмот. Офанзивност, како принцип против тероризмот опфаќа непрекинато, динамично, агресивно делување на субјектите и силите на системот на безбедност против терористите, со цел на нивно попречување, дискредитирање и оневозможување да ги извршуваат планираните терористички акти, во сите услови, во секое време и на секое место. Принципот на информираност може да се согледа од два аспекта. Првиот подразбира располагање со неопходните разузнавачки и други податоци кои се од големо значење за успешно организирање на борбата против тероризмот. Тука пред се се мисли на податоците за терористичките организации и нивното делување, односно за планирање, подготвување и извршување на терористичките акти. Од друга страна пак принципот на информираност подразбира постоење на јасна свест и слика за тероризмот како појава, како кај силите и субјектите на системот за безбедност, така и кај сите други државни и општествени субјекти. Законитост е првиот принцип во организирањето на борбата против тероризмот. Силите и субјектите на системот за безбедност поаѓаат од овој принцип, кога организираат борба против тероризмот, што значи дека мора да бидат исполнети сите законски услови за преземање како на превентивни така и на репресивни мерки и активности.

Бидејќи се работи за многу опасна и брутална општествена појава, законодавците во многу држави, се почесто го издвојуваат тероризмот како посебна категорија и на посебен начин ја уредуваат борбата против тероризмот. Борбата против тероризмот треба да се води со почитување на правата на луѓето  и начелата на самата држава кои се регулирани со закон. Треба многу добро да се проучи на кого му припаѓа одговорноста за направените дела, бидејќи криминалната одговорност е секогаш лична и неможе да се однесува на религии, нации или етничка групи на кои терористите им припаѓаат. Како посебни принципи на постапување во кризни ситуации, по извршувањето на терористичките акти се:

- Да не се преговара со терористите за да не им се даде легимитет (основната цел на терористите е да се наметнат како релевантна политичка сила подобна за преговори и изнудување на отстапки.Тоа барање никогаш не треба да се исполни),
- Да не се попушта пред барањата на терористите ( овој принцип не е возможно секогаш да се оствари, посебно во ситуации кога се земаат заложници. Тогаш привремено мора да се направат моментални отстапки од тактички причини),
- Треба да се биде енергичен во ситуација кога се превземаат полициски акции против терористите,
- Внимателно да се проучи секоја терористичка акција и да се соберат докази ( увид, сослушувања и сл.),
- По терористичките акции да се спречи предизвикување на масовна хистерија и паника помеѓу граѓаните, бидејќи тоа е целта на терористите. Во такви ситуации државата и политиката треба да одреагираат рационално и смирувачки (за да се постигне сето тоа треба да има однапред подготвени планови и да се спроведе обука за постапување во кризни ситуации),
- Контролирање на информациите кои одат на медиумите ( медиумското известување не треба да поттикнува паника, реваншизам спрема недолжните, ниту пак да го увеличува успехот на терористите. Во извештаите треба да се потенцира криминалната и злочинската волја и постапувањето на терористите како би се постигнал општ консензус на осуда од страна на јавноста),
- По извршениот терористички акт да не се превземаат непотребни мерки на репресија и освета спрема недолжните. На пример освета применува израелската полиција спрема палестинската популација преку убиства на недолжни, гранатирајќи градови и села, бомбардирања со авиони и слично, со што се остварува таканаречен државен тероризам, со што се повеќе се поттикнува насилството, омразата и тероризмот.

Синтија Лам, Лесли Кенеди и Алисон Ширли во 2006 година спровеле сеопфатна анализа на стратегиите за откривање и спречување на тероризмот, за да како резултат издвојат шест конкретни области на делување во кои што со примена на адекватни методи може да се постигнат позитивни резултати. Предложиле зголемени безбедносни контроли и вградување на метални детектори на аеродромите, зголемена заштита на дипломатите и амбасадите, ригорозни казни затвор за осудени терористи, доследна примена на резолуциите на ООН во бробата против тероризмот, употреба на воени напади и/или одмазди и промени во политичкото управување. Меѓутоа деталната статистичка анализа на предложените решенија покажала дека интервенциите во многу конкретни ситуации не ги даваат резултатите кои се очекувани во стручната литература, со што е докажано дека постоечките антитерористички стратегии не се адекватни на предизивиците на денешницата[294].

Врз основа на направена анализа од досегашната пракса за борба против тероризмот и финансирањето на тероризмот Н. Гудељ и Ј. Р. Крстић во своето дело „Десет основних проблема у борби против тероризма и финансирања тероризма“ ги детектираат следните десет проблеми за успешна борба против тероризмот[295]:

1. Претежно бирократски пристап. После изучувањето и дефинирањето на феноменот тероризам, перење на пари и финансирање на тероризам, се наметнува заклучокот дека во пракса, благодарејќи на преовладувачката бирократска самодоволност, воглавно на рамниште на меѓународната заедница , а во врска со имплементирањето на стандарди и мерки за спречување на перење на пари и финансирање на тероризмот, донекаде е промашена поентата за борба против ваквата врста на криминал.
2. Најголемата потешкотија во праксата е недостатокот на финансирање. Имно се поставува прашањето зошто владите на државите не обезбедуваат поголеми средства на своите криминалистички, антитерористички и даночните полиции, како и на правосудните органи кои се неопходни за борба против тероризмот и криминалот.

294 Lum C., Kennedy L.W., Sherley A. J. (eds.), The Effectiveness of Counter-Terrorism Strategies, A Campbell Systematic Review, Campbell Collaboration, 2006, pp 1-49.

295 Надежда Гудељ, Јован Р. Крстић,Десет основних проблема у борби против тероризма и финансирања тероризма, достапно на:http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2016-2/68-2016-2-19-Gudelj.pdf(27.05.2017).

3. Претежно законско обврзување на пониските елементи на системот. Посебно во поглед на перењето на пари и финансирањето на тероризмот, наместо финансирање на специјализираните служби и единици, со законите се обврзуваат поединци и индустријата за финансиски услуги, но и други законски обврзници да го сработат делот од работата кој во суштина е државен, а за кој нивните вработени не се добро обучени ниту адекватно опремени и припремени.
4. Концептот на нормирање не е адекватен. Тоа е очигледно во спречувањето на перње на пари и финансирање на тероризмот, затоа што се поставува клучното прашање: дали со таков став и законодавно формална поставка недвосмислено, иако во завиена законодавна и политичка форма, би се признало дека владините институции ја изгубиле таа важна битка? Односно признаваат дека својот терет го префрлиле на граѓаните, финансиските и други сектори.
5. Недостаток на племенита етика на нормирање. Имено раководејќи се со моралните и етичките принципи, повеќето оправдано се прашуваат дали на тој начин генерално се поттикнува сеопшто денунцирање на основа на сомнежот во етиката, моралот и професионализмот на различните стручни профили, кога станува збор за сомнителни трансакции и други сомнителни активности.
6. Опасност од повреда на човечките права и граѓанските слободи. Во последно време не се ретки прашањата, па и озбилните протести во врска со ограничувањата на човечките права и слободи кои произлегоа од исполнувањето на обврските наметнати од националните законодавства со кои се регулира оваа материја.
7. Проблемот на (не)праведност и (не)еднаквост во производните односи во либералниот капитализам, како клучен криминоген фактор (како во секое општество или историски период). Истотака по повод односите во производството се наметнува заклучок дека денешните економии егзистираат во свет без морал. Нивните планери и носители со мирна совест ги доведуваат трговијата со луѓе во исто рамниште со профитабилноста, криумчарењето на оружје, наркотици или дијаманти.
8. Недостатоци во разузнувачко-безбедносната заедница и во односите на цивилниот и воениот сектор во општеството. Ако се земе во предвид значењето на сите наведени проблеми и постоечката ситуација, произлегува дека владите и нивните

разузнувачки служби доста пасивно набљудувале како криминалните и терористичките групи ги ширеле изворите  на својата моќ, а да последиците биле, или можат да бидат глобални.

9. Постоењето на таканаречени „пропаднати држави“. Обединетите нации донесоа документи за постапка со земјите кои не можат да ги контролираат своите територии. Некои земјиво Јужна Америка, Африка и Азија доживеале потполен колапс, оставајќи на мафијата и терористите да одговорат на прашањето за тоа каде да го насочат своето внимание и активности.
10. Во контекст на глобализацијата во суштина државите и регионите веќе неможат да си допуштат да ги истакнуваат единствено прашњата за својата национална безбедност, без признавање дека апстрактните концепти како што се : вредностите, нормите и очекувањата, истотака имаат влијание. Општествата било да се работи за земји во развој или од развиениот свет, сведоци се за напнатоста која се шири: додека постојат очекувања од државата да ги штити своите граѓани, граѓаните се повеќе ја сметаат својата држава за одговорна. Оние кои ја водат политиката и донесуватт критични одлуки во име на државата  мора да бидат насочени на видовите на традиционалната  национална безбедност во кои воените сили продолжуваат да играат истакната улога, како и на видовите на човечката безбедност во кои преовладуваат нетрадиционални прашања за безбедноста. Спрема тоа сведоци сме повторно внимание насочено кон пропаднатите држави и на оние кои пропаѓаат и кои со најдобра поддршка можат да опстанат како немоќни држави.

Водечката улога во борбата против тероризмот и бунтовништвото треба да ја има меѓународната заедница, која заеднички во рамките на Обединетите Нации треба да гради стратегии за справување од вакви закани. Поради зголемените геополитички апетити на големите сили, ООН ја немаат потребната улога во борбата против тероризмот и бунтовништвото. Поделеноста и неединството на големите сили може да се види во тековните конфликти во Украина и Сирија. Во Украина видлива е поддршката на бунтовниците од страна на Русија, додека пак САД и нивните сојузници во Сирија даваат поддршка на таканаречените умерени бунтовници. Меѓународните конвенции и други

меѓународни акти од ваков тип имаат значајна улога во борбата против тероризмот, во продолжение на трудот е направена аналаиза на некои од нив.

### 1.1. Меѓународна конвенција за спречување на финансирањето на тероризмот

Оваа конвенција е донесена имајќи ги во предвид фактите дека финансирањето на тероризмот предизвикува голема загриженост кај меѓународната заедница во целина, како и дека застапеноста на меѓународниот тероризам е во директна корелација со финансиските средства кои што терористите можат да ги набават. Поради тоа што нема обединета меѓународна правна регулатива, произлегува неопходноста да се зајакне меѓународната соработка помеѓу државите во креирањето и усвојувањето на ефикасни мерки за спречување на финансирањето на тероризмот, како и негово спречување. Генералното собрание на ООН на 9 декември 1999 година ја усвојува Конвенцијата за спречување на финансирање на тероризмот. Во оваа конвенција кривичното дело тероризам во член 2 е дефинирана како: Секое лице извршува дело во рамките на значењето на Конвенцијата, доколку тоа лице на било кој начин, непосредно или посредно, незаконски и намерно, обезбеди или собере средства со намера тие да се употребат, или знаејќи дека тие ќе бидат употребени, во целост или делумно, поради извршување:

- Некое дело кое претставува кривично дело според еден од договорите наведени во анексот,
- Било кое друго дело чија што цел е да предизвика смрт или потешка телесна повреда на цивили или било кое друго лице кое што не учествува активно во непријателствата во ситуација на вооружен конфликт, кога целта на таквото дело по негова природа или контекст е да го заплаши населението, или да примора некоја влада или меѓународна организација да направи или да се воздржи од извршување на некое дело.

Не е неопходно да се искористени средтвата за извршување на злочин од став 1, за да има својство на кривично дело, туку е доволна само намерата за собирање на средства за извршување на кривично дело – тероризам.

Некои одредби од конвенцијата имаат за цел да во националните законодавства и правните системи им се овозможи доколку не постои да се воведе кривични дела за финансирање на тероризмот. Така во членот 5 се предлага да се воведе кривична, граѓанска  и раководна одговорност за правни лица, додека пак во членот 8 се бара да се превземат соодветни мерки за идентификација, откривање, замрзнување и конфискација на сите средства кои се  користеле или се одредени со цел извршување на злочини дадени во член 2, како и приходите стекнати со такви кривични дела.

### 1.2. Конвенција за перење, барање, заплена и конфискација на приходи стекнати со криминал и за финансирање на тероризмот (Варшавска Конвенција)

Советот на Европа во 2003 година одлучил да ја осовремени и да го прошири делокругот на Стразбурската конвенција, земајќи го во обзир фактот дека е возможно финансирање на тероризмот не само со перење на пари од криминални активности, туку и со пари кои потекнуваат од законски активности. Овој процес е завршен во 2005 година, кога на 3 мај е усвоена Конвенција за за перење, барање, заплена и конфискација на приходи стекнати со криминал и за финансирање на тероризмот[296]. Второто поглавје на Конвенцијата се однесува на финансирање на тероризмот, а во поглавјата 2 и 3 со Конвенцијата се предвидени мерки кои земјите потписнички треба да ги превземат на национално и меѓународно рамниште се со цел спречување на перење на пари како и спречување на финансирањето на тероризмот. Во членот 7 се предвидени законски и други мерки кои земјите потписнички треба да ги донесат во рамките на истражните постапки:

- Барање на податоци за постоење една или повеќе банкарски сметки на физичко или правно лице,
- Барање за доставување на податоци за банкарските сметки,
- Барање за следење на прометот на банкарските сметки,,
- Гарантирање дека банката дека банката на својот клиент или на некоја трета личност нема да им открие дека податоцте биле барани или набавени или дека се работело за истрага.

[296] http://www.apml.gov.rs/srp43/saradnja/Savet-Evrope-(COE).html(07.05.2017).

### 1.3. Европска безбедносна стратегија

Донесувањето на првата безбедносна стратегија на Европската Унија секако претставува чекор повеќе во постигнувањето на поголем степен на безбедностна ЕУ, и воопшто на меѓународната безбедност. Променетиот контекст на безбедносното, меѓународнополитичкото и господарското опкружување придонесе да на 12.12. 2003 година на самитот во Брисел, биде прифатена првата безбедносна стратегија(анг. European Security Strategy - ESS).[297] Согласно стратегијата глобални предизвици и закани по европската безбедност се:

1. Тероризам,
2. Пролифелација на оружјето за масовно уништување,
3. Регионалните конфликти,
4. Слабите држави, односно државите во колапс (failed states),
5. Организираниот криминал.

Со стратегијата за борба против тероризмот на Европската Унија постигнат е значаен напредок во стратешката определба на Европската Унија за борба против оваа глобална закана. Стратегијата на Европската Унија за борба против тероризмот се состои од четири столба: превенција, заштита, гонење и одговор. Секоја од овие области има за цел борба против глобалниот теоризам, при што се истакнува, дека нема да има негативно влијание врз почитувањето на човековите права, ниту пак ќе им пречи на граѓаните на ЕУ да живеат во слобода, безбедност и правда.

Под превенција се подразбира одвраќање на граѓаните од прифаќање на тероризмот како средство за водење на политичка борба. Нејзина цел е да ги елиминира причините кои можат да доведат до радикализација на политичките прилики и регрутурање на терористи во Европа и на меѓународно рамниште.

Заштитата на граѓаните и инфраструктурата, односно смалување на нивната ранливост во случај на напад. Во овој столб е вклучен поголем степен на безбедност на границите, транспортот и критичната инфраструктура.

[297] Tonči Prodan, Protuteroristička politika europske unije, стр.5, достапно на: www.hrcak.srce.hr/file/73541(27.05.2017).

Гонење на терористите како во Европската Унија така и на глобално рамниште. Гонењето ги опфаќа попречувањето на планирањето на напади , непречените патувања и комуникација на терористите, односно пресекување на каналите за логистичка поддршка вклучувајќи ги и финансирањето и набавките на оружје. Цел на гонењето е и терористите да ги направи достапни на правосудните органи.

Одговорот претставува спремност на државите членки на ЕУ да во духот на солидарноста, управуваат со кризите и ги минимализираат последиците од терористичките напади, во прв ред преку подобрување на сопствените способности да се справат со последиците и координација на одговорите и реагирањата за потребите на жртвите.

## 2. Борба против организираниот криминал и корупцијата

Сузбивањето и откривањето на корупцијата и организираниот криминал не се постигнува само со откривање, пресудување и казнување на извршителите на овие кривични дела, иако тоа претставува еден од клучните елементи не само за сузбивање на организираниот криминал туку и за стабилизација на правниот систем воопшто. Пред се треба да се превземат мерки за воведување на европски стандарди за борба против организираниот криминал на начин што ќе се:

- Воспостават институции и донесат закони во согласност со европските стандарди како работата на полицијата би се потпомогнала со адекватен правосуден систем,
- Да се примени антикорупциска стратегија (соработка со јавноста и спроведување на антикорупциски закони),
- Засилување на капацитетите за финасиска истрага, контрола на перење на пари и заплена и конфискација на приходите стекнати од криминал,
- Да се обезбеди да органите на државната управа поседуваат практични технички средства за борба против поедини криминалци и организирани криминални групи,

- Да се обезбеди да сите овие мерки додатно да ја зајакнат соработката, размената на информации и координацихјата во секоја земја,
- Да се обезбеди подршка од јавноста во борбата против криминалот на начин што ќе се стимулира јасна порака на јавноста за потребата за сузбивање на криминалот[298].

## 2.1. Позначајни меѓународни документи за борба против организираниот криминал и корупцијата

### 2.1.1Конвенцијата на ООН за незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанции (Виенска конвенција)

Во настојувањето да се најде адекватен одговор против организираниот криминал во минатото се донесени повеќе меѓународни конвенции па така:

Конвенцијата на ООН за незаконски промет на опојни дроги и психотропни супстанции донесена во 1988 година, претставува прва конвенција во која експлицитно се третира проблематиката за проширено одземање на имотната корист стекната преку криминални дела. Во преамбулата од овој документ се констатира дека незаконскиот промет на дрога носи голема финансиска добивка и богатство кое на транснационалните криминални организации им овозможува да навлегуваат во структурите на власта, во деловниот и финансискиот свет и во структурите на општеството на сите рамништа и да ги расипуваат и корумпираат, како и дека стекнувањто на добивка претставува главен поттик за таквото делување[299]. Следствено на ова од клучно значење е и членот 5 од Виенската конвенција, со кој е предвидена можност за конфискување на поедини добра, употреба на нови истражни овластувања, како и префрлање на докажувањето во постапка за одземање на криминалната добивка. Во ст.1 од членот се предвидува можност за конфискација на приходите стекнати од трговија со дрога, односно имот чија што вредност одговара на висината на таквата добивка, додека пак во ст.2 се предвидени посебните истражни овластувања кои по тој повод можат да се користат: увид во

[298] http://www.iu-travnik.com/v2/images/ZavrsniMagistarskiRadovi/Magistarski%20rad_Ivana_Lelas.pdf,70
[299]Супростављање савременом организованом криминалу и тероризму, Криминалистичко-полицијска академија, књига4, Београд 2012, стр.35.

банкарска, финансиска или комерцијална документација, односно ставање на располагање на таквата документација, а по потреба и нејзино одземање. Во овие случаи се исклучува можноста за повикување на банкарска тајна. Членот 6 предвидува екстрадиција на извршителите на кривични дела трговија со дрога и психотропни супстанции и перење на пари. Од големо значење е и членот 7 во конвенцијата кој се однесува на обезбедување на меѓудржавна основа за взаемна правна помош во истрагата, гонењето и судењето во врска со перењето на пари и другите тешки прекршувања на Конвенцијата. Со овј член исто така е предвидено  државите потписнички да неможат да ја одбијат правната помош и информаци, доколку единствена основа за одбивање е законот за банкарска тајна. Конвенцијата од 1988 година ги дефинира основните смерници во борбата против перењето на пари а исто така дава голем допринос и во меѓународната борба против недозволено производство и промет на опојни дроги и психотропни супстанции.

### 2.1.2. Конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал (Конвенцијата од Палермо)

Собранието на ООН на 15 дкември 2000 година ја усвои Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал како и два протоколи – против трговијата со луѓе и криумчарење на мигранти[300]. Конвенцијата стапила на сила во септември 2003 година, а двата оригинални протоколи во декември 2003 односно во јануари 2004 година. Целта на оваа конвенција е на поефикасен начин да ја унапреди соработката во поглед на спречување и борбата против транснационалниот организиран криминал. Таа се однесува на спречување и судско гонење за тешки кривични дела и злочини направени од страна на организирани групи на криминалци.

Со членот 3 од Конвенцијата се одредува поимот и карактеристиките на кривичното дело перење на пари. Добивањето на пари преку криминал според оваа

[300] Слободан Радоњић, Укључивање нелегално стечене имовине у легалне токове и њен утицај на економски развој и прерасподелу друштвеног богатства, докторска дисертација,Универзитет унион у Београду ,Београдска банкарска академија Факултет за банкарство, осигурање и финансије, Београд, 2015,стр.76.
http://union.edu.rs/wp-content/uploads/2015/06/S.Radonjic-disertacija.pdf

конвенција би било спречувано, откривано, процесуирано по пат на усвојување на неопходните законодавни и други мерки со кои се дефинираат како кривични дела[301]:

- Претварање или пренос на имот, знаејќи дека до тој имот се дошло со криминал, а со цел да се сокрие и прикрие незаконското потекло на имотот, или помагањето на лице кое е вмешано во предикатното кривично дело како би ги избегнало законските последици за тоа што го направило,
- Скривање или прикривање на вистинската природа, изворот, локацијата, располагањата, движењето или сопственииштвото или правото на имот, знаејќи дека таквиот имот е стекнат со криминал,
- Набавување, поседување или користење на имот знаејќи во моментот на прием на истиот, дека е добиен со криминал,
- Учествување, поврзување или здружување поради извршување, обидување за извршување и помагање, поттикнување, овозможување и давање на совети во поглед на извршување на било кое кривично дело востановено во склад со овој член.

Освен перењто на пари Конвенцијата пропишува уште три кривични дела: во член 5 учество во групи кои се занимаваат со организиран криминал, во член 8 е корупцијата и во членот 23 е опструкцијата на правдата.

### 2.1.3. Конвенција на ООН против корупцијата

Оваа конвенција е донесена во Њујорк во 2003 година. Во оваа конвенција како и во претходните во општите одредби се дадени дефиниции на клучните поими како поимите: имот,запленување, конфискација. Карактеристичен за оваа конвенција е членот 31 кој го третира прашањето за привремено и трајно одземање на добрата стекнати со кривичните дела кои се предмет на конвенцијата[302].Во делот на овој член се наоѓаат и одредбите за одземање на средства кои се делумно или во целост трансформирани или

[301]Ибид.
[302]Супростављање савременом организованом криминалу и тероризму, Криминалистичко-полицијска академија, књига4, Београд 2012, стр.39.

заменети со друг имот, како и за одземање на средства кои се помешани со законски стекнатиот имот, до проценката на вредноста на делот од измешаниот имот кој е стекнат со кривични дела. Приход или други придобивки кои произлегуваат од сретствата стекнати со вршење на кривични дела исто така се предмет на одземање.

## 3. Современи методи за спротиставување на хибридните закани

Активностите и мерките кои што се применуваат во постапката на откривање и докажување на кривичните дела се делат на оперативно – тактички и истражни мерки, односно доказни мерки. Diferentia specifica на едните во однос на другите е во тоа што со првите се доаѓа до индиции а со другите до докази како правно релевантни факти. Оперативните мерки и активности се ослободени од строгиот формализам во нивната реализација и се превземаат во рамките на општите правни принципи и знаења и начелата на криминалистиката. За разлика од нив, активностите на докажување се со законпрецизно нормирани, како во поглед на условите на преземање, така и во формите на извршување и документирање. Последниве децении со експанзијата на организираниот криминал и тероризмот како најсложени и врвни форми на криминално однесување во современите општества, се појавува потреба од пронаоѓање на адекватни мерки и постапки наменети за нивно спротивставување. Вклучувајќи ја новата технологија, современите научни достигнувања, и донекаде променетите криминалистичко-политички цели, таквите мерки и активности мораат да сочинуваат добра основа во борбата против најтешките облици на криминал во сегашното време. Користењето на современите научни и технолошки достигнувања во спротивставувањето на организираниот криминал и тероризмот, поготово во делот на нивното откривање и обезбедување на докази, се смета за императив во современите услови. Органите за внатрешни работи можат да имаат успех во сузбивањето на тешки кривични дела, поготово за организиран криминал и тероризам, само со користење на современите технички средства. Спрема тоа нема дилема дали државните органи, посебно органите за откривање и гонење, а првенственополициските

органи треба да ги користат современите технолошки достигнувања во сузбивањето на криминалот.[303]

Исто така не би требало да има дилема и околу тоа ваквите технолошки средства и методи треба да се користат не само за обезбедување на докази, туку и во цели за спречување на криминал и тероризам, со обезбедување на благовремени и квалитетни информации за припрема и планирање на кривични дела.

### 3.1. Оперативно – тактички мерки кои се превземаат во борбата против хибридните закани

#### 3.1.1. Патролна дејност

Под поимот патролна дејност се подразбира планска и стратегиски ориентирана, постојана или привремена обиколка од страна на униформираните полициски службеници на одредени места од територијалниот сектор што се должни оперативно и физички да го покриваат, со цел проактивно и реактивно настапување против безбедносните проблеми во дадена област. Врвна цел на патролната дејност е преку функционирањето и развивањето современи патролни служби да воспостави контакти со локалното население и со подршка од граѓаните и на општествените субјекти да превземат превентивни програми во интерес на целата локална заедница[304].Со постојаното патролирање, на едно исто место од страна на полицијата, добро се запознава околината, лужето, околните објекти и слично, па секоја промена лесно се забележува. Така појава на доселување на нови луѓе, собирање на одредени групи на луѓе во одредени места, појава на радикализација навремено можат да бидат воочени од страна на патролните служби, секако и добрата соработка со локалното население и информациите добиени од нив се од особена важност.

#### 3.1.2 Информативна дејност

Доколку при вршење на патролната дејност се забележат одредени сомнителни промени, чудно однесување, облекување, појава на радикализација и слично, се јавува

[303] Симовић, М.: Кривично процесно право, Правни факултет, Бихаћ, 2005, стр. 157.
[304]Ангелески М. Оперативна криминалистика, Скопје , 2005 година, стр. 307.

потребата од спроведување на информативна дејност. Собирањето на информаци може да го вршат лицата кои што вршат патролирање во текот на извршувањето на своите редовни задачи, меѓутоа кога се работи за тероризам или организиран криминал потребно е директно и офанзивно пробивање во средината каде што се мисли дека тие дејствуваат.

За ваквите дела најдобро е директно инфилтрирање на полициски информатор-инфилтратор. Полициски информатор-инфилтратор е поединец што тајно соработува со полицијата и кој што по нејзино барање (а под услови што претходно се договараат) се уфрла во криминалната срединаи под лажно име прикриено прибира и доставува информации[305].

Полициското инфилтрирање е можеби најдобар начин навремено да се дојде до неопходните информации, но и најризичен бидејќи непосредно се доведува во животна опасност животот на инфилтраторот.

Друг деликатен и суптилен извор на информации се информаторите. Под поимот информатор подразбираме физичко лице кое на полициските службеници систематски, перманентно и на дискретен начин (тајно) им доставува информациииза криминални однесувања и за деликвенти[306]. Информациите се многу битен сегмент во спречувањето на извршувањето на терористички акти, како и навремена криминалистичка превенција на дела од делокругот на организираниот криминал. Па така сите релевантни информации добиени од информаторите и од полициските инфилтратори се од круцијална важност во борбата против хибридните закани. Треба да се напомене дека информациите се моќно оружје во превенцијата од хибридните закани, но само доколку тие што располагаат со нив знаат правилно да ги употребат за превенирање на ваквите појави.

### 3.1.3 Криминалистички евиденции

Криминалистичките евиденции претставуваат планирано и организирано собирање и обработка на податоци за извршени и подготвувани кривични дела, извршители, предмети и трагови од кривични дела, како и криминалистички активности и мерки кои се од голема важност за откривање н разјаснување на кривични дела, откривање на извршителите, нивна идентификација и воопшто за превземање на превентивни криминалистички мерки

[305]Ангелески М. Вовед во криминалистика, Скопје 2007 година, стр.283.
[306]Ибид.,стр 284.

за спречување на вршење на нови кривични дела од страна на евидентираните извршители.

Во борбата против хибридните закани како најкорисни можат да бидат следните евиденции: евиденција на лажни имиња на терористите, бунтовниците, евиденција на прекари, фотоалбуми на познати терористи, припадници на бунтовнички организации или организирани криминални групи, евиденција на моторни возила, сомнителни лица, евиденција на досиејата на лица осомничени за вакви кривични дела и слично.

Користењето на евиденциите е од особена важност за успешно завршување на одредена криминалистичка обработка, па затоа е потребно да се води голема грижа при нивното пополување и составување. Евиденциите кои не се комплетни и не се вистинити не само што не се од големо значење туку истите можат да ја одведат оперативната дејност во погрешна насока.

3.1.4. Заседа

Заседа е организирана криминалистичко – тактичка активност која се состои од тајно набљудување и надгледување на просторот или објектот поради откривање и апсење на извршителите на кривични дела. За успешност на заседата битно е да се придржува на криминалистичките начела на брзина, изненадување и конспиративност (тајност). Според видливоста на оперативните работници заседата може да биде тајна или прикриена. Конспиративноста е многу битен фактор во текот на припремањето на заседата а се состои од тајно извидување на местото на поставување на заседата, тајно проверување на лицата кои се предмет на интерес и секако тајна работа на секој оперативец учесник во заседата. Апсењето на лицето или лицата мора да биде изненадно и брзо, во спротивно заседата нема да биде ефикасна.Заседата се поставува на погодно место каде што се очекува поминување на сомнителните лица. Со заседата се откриваат лица кои што се бават со различни кривични дела па така тоа може да бидат припадници на некоја организирана криминална група, водачи на терористички организации и слично. Пример доколку се дојде до информација за местото каде што би се извршил прием на пратка со дрога, полицијата тајно поставува заседа на тоа место, пример, пристаниште магацин и слично. Кога се работи кај заседи за во борбата против тероризмот и бунтовништвото, овие заседи обично ги извршуваат припадниците на специјалните единици. Овие заседи во зависност

од конфигурацијата на теренот можат да бидат еднолиниски, дволиниски, полукружни, заседа во облик на буквата П, правоаголна заседа. Непосредно пред заседата се прави подготовка (брифинг) за извршување на заседата. На подготовката одговорното лице за спроведување на заседата ги дава местото на заседа, целите, видот на заседата, начинот на комуникација, се даваат информации за лицата кои што треба да бидат уапсени, правилата на употреба на сила и слично.

3.1.5. Употреба на службени кучиња

Во многу сегменти од полициската работа се користат специјално дресирани кучиња, кои понекогаш се од непроценлива важност за полицијата. Кучињата во рамките на борбата против хибридните закани можат да се употребат како кучиња чувари и кучиња за откривање на дрога и експлозив. Ако се има во предвид специфичноста и интензитетот на мирисот на некои droги, службените кучиња можат да се издресираат најбргу за откривање на канабис и опиум, додека за пронаоѓање на хероин, морфиум и кокаин е потребна подолготрајна дресура. Со поминување на посебна обука службените кучиња се оспособуваат и за откривање на секаков вид на експлозив. Претражувањето на дрогата или експлозивот мора да биде со контрола на водачот на службеното куче. Работејќи под негова контрола претрагата може да се прави на сомнителни објекти, превозни средства, сомнителни лица и слично. Добро дресирано куче на пример може да открие хашиш на длабочина од дури 30 см или во толпа од луѓе да пронајдат лице кое што поседува експлозив. Службените кучиња се од големо значење во борбата против ваквите закани бидејќи имаат значајна улога во откривањето на експлозиви, било да се скриени во некој објект, или поставени за нивно активирање, или пак да се работи за бомбаш самоубиец кој носи со себе големи количини на експлозив. Секако не е од помала важност и откривањето на дрога, исчезнати лица и слично. Како превентивна мерка кучињата чувари можат да с еупотребат и за обезбедување на објекти од јавен интерес, ВИП личности, резиденции, касарни и слично.

3.1.6. Рација

Рацијата е исто така оперативно тактичка мерка која се спроведува во борбата против хибридните закани. Рацијата претставува ограничување на движењето на лица на одреден простор, кое се состои од истовремено затворање на сите влезови и излези поради

вршење на контрола и превземање на други активности спрема одредени лица во тој објект или простор од старна на полицијата[307]. Целта на рацијата е да се пронајдат и уапсат бараните криминалци, на пример трговци со дрога, растурачи на дрога, макроа, или пак доколку се работи за терористички организации, да се уапсат бараните терористи, да се откријат нивните скривалишта, откривање и одземање на предмети наменети за извршување на терористички акт и слично.

Успешноста на рацијата зависи од правилната реализација на две групи на активности:

- Подготовка на рацијата и
- Нејзино спроведување[308].

Подготовката на рацијата подразбира потполна тајност во сите фази на нејзиното спроведување, интензивно извидување на местото што треба да се блокира, воспоставувањње на врски со соодветните установи (пр. Судство, здравствни служби и слично), спроведување на претходно потребните договори, подготовка на луѓето и опремата за акција, односно изработка на конкретен план за реализација на рацијата. Основен услов за успешна реализација на рацијата претставува факторот на изненадување, со што се постигнува парализирање на престапникот, и во најголем дел се оневозможени да пружаат отпор. По завршувањето на рацијата следува дебрифинг за степенот на постигнатиот успех, слабостите, организираноста на рацијата и слично.

### 3.2. Употребата на посебните истражни мерки во борбата против хибридните закани

Растот на кривичните дела поготово од областа на организираниот криминал и тероризмот со сите негови појавни облици ја налага потребата од осовременување и создавање на нови начини на борба против ваквите кривични дела.

---

307 file:///C:/Users/Kire/Downloads/updoc.tips_kriminalistika.pdf,стр12.
308 file:///C:/Users/Kire/Downloads/document.pdf, стр.130

Посебните истражни мерки или специјалните истражни мерки подразбираат употреба на посебно специјализирани методи, кои под исто име се предвидени и во Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал. Со оваа конвенција е предвидено примена на овие мерки, така што овие мерки би се употребувале ако тоа го дозволуваат основните принципи на домашниот правен систем на секоја земја потписничка, и тоа во рамките на можностите на секоја држава и под услови пропишани во нејзиното законодавство.

Па така во ситуации во кои вообичаените методи и техники кои им се на располагање на органите на прогонот, не ги даваат потребните резултати се употребуваат посебните истражни мерки. Во законот за кривична постапка на Република Македонија во членот 252 се утврдени посебните истражни мерки:

1. Следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во постапка утврдена со закон,
2. Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие просториии заради создавање услови за следење на комуникации,
3. Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен,
4. Таен увид и пребарување на компјутерски систем,
5. Автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци,
6. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,
7. Симулиран откуп на предмети,
8. Симулирано давање и примање на поткуп,
9. Контролирана испорака и превоз на лица и предмети,
10. Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци,
11. Отварање симулирана банкарска сметка и
12. Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојани правни лица за собирање на податоци.[309]

[309]Закон за кривична постапка, член 252 „Службен весник на РМ“бр.150/2010.

Во членот 253 се дадени кривичните дела за кои што може да се определат посебните истражни мерки:

Посебните истражни мерки може да се определат, кога постојат основи на сомневање: 1) за кривични дела за кои е пропишана казна за- твор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здруже- ние или 2) за кривичните дела убиство од членот 123; грабнување од членот 141; посредување во проституција од членот 191 ставови (1), (3) и (4); прикажување на пор- нографски материјали на малолетник од членот 193; производство и дистрибуција на детска порнографија од членот 193-а; намамување на обљуба или друго по- лово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години од членот 193-б; неовластено производство и пу- штање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 ставови (1) и (3); оштетување и неовластено навлегување во компју- терски систем од членот 251 ставови (4) и (6); изнуда од членот 258; уцена од членот 259 став (2); присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост од членот 265; изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или при- родни реткости од членот 266 став (1); отуѓување на културно наследство од особено значење во државната сопственост од членот 266-а; перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273 ставови (1), (2) и (3) и од ставови (5), (6), (8) и (12); криумчарење од членот 278 ставови (3) и (5); царинска измама од членот 278-а; злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353; проневера во службата од чле- нот 354; измама во службата од членот 355; послужу- вање во службата од членот 356; примање на поткуп од членот 357 ставови (1), (4), (5) и (6); давање на поткуп од членот 358 ставови (1) и (4); противзаконито посредување од членот 359 став (6); незаконито влијание врзсведоци од членот 368-а став (3); злосторничко здру- жување од членот 394 став (3); терористичка организа- ција од членот 394-а ставови (1), (2) и (3); тероризам од членот 394-б и финансирање тероризам од членот 394- в сите од Кривичниот законик или 3) за кривични дела против државата (Глава XXVIII), кривични дела против човечноста и меѓународното право (Глава XXXIV) од Кривичниот законик[310].

---

[310]Ибид член 253.

Наредба за покренување на посебните истражни мерки издава надлежно јавно обвинителство, а за извршувањето надлежни се Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа на Република Македонија.

Употребата на посебните истражни мерки во сузбивањето на хибридните закани е од суштинско значење. Со мерките од ставовите 1,2 и 3 се врши тајно следење, фотографирање и снимање на сомнителни лица за кои се верува дека припаѓаат на одредени организирани криминални или терористички групи, а преку снимањето на нивните телефонски разговори до детали може да бидат откриени нивните планови за извршување на некој терористички напад или друго криминално дело, истите овие докази би помогнале за успешно спречување на извршувањето на ваквите кривични дела како и за обезбедување на доволно докази за судската постапка против лицата кои се дел од организирана криминална група или терористичка организација. Со мерките од ставовите 4,5 и 6 е овозможено следење на електронските и телефонските разговори на лицата осомничени како криминалци или терористи и од овие разговори да се добијат детални информации за евентуални цели на напад, време, место, начин на извршување на терористичкиот акт и слично. Ставовите 7,8,9,11 и 12 се добра можност за откривање на финансиските детали односно начинот на финансирање, каналите на финансирање, изворите на приходи, начините на перење на парите, трансакциските сметки кои се користат од организираните криминални групи или терористички организации и слично.

Ставот 10 ја дава можноста за инфилтрирање на лице од безбедносните служби во самата организирана криминална група или терористичка организација, со цел да собере повеќе информации за таргетираната група нивните цели, планови, начин на функционирање, финансирање, поврзаност со други групи, комуникации, податоци за вооружувањето со кое располагаат и слично. Тука мора да се напомене дека оваа мерка е најризична и го доведува во опасност животот на инфилтрираното лице во криминалната организација, бидејќи секогаш постои можност лицето да биде разоткриено и елиминирано. Сепак колку и да се ризични посебните истражни мерки тие понекогаш се единствениот начин за разоткривање и сузбивање на дејствата кои би биле предизвикани од припадниците на терористичките групи, организираните криминални групи или бунтовниците, бидејќи со самиот технолошки напредок и користењето на интернетот како сретство за регрутирање на нови припадници, современи уреди за комуникација, најнови

видови на оружја, електронското банкарство и слично е многу тешко скоро и невозможно на друг начин да се обезбедат доволно информации и докази кои би биле клуччни во сузбивањето на хибридните закани.

## 3.3. Специјални единици и нивна улога во борбата против хибридните закани

Голем број на  земји во светот имаат обучено специјални единици кои се наменети за справување со хибридните закани.Специјалните единици воглавно се основаат во рамките на регуларните воени и полициски сили. Наменети се пред се за извршување на посебни задачи кои бараат посебни знаења и вештини, обука и опрема која што регуларните единици не ја поседуваат во потребниот обем.

Креирањето на вакви единици, е од проста причина што дејствата на терористичките, бунтовничките организации или пак на организираните криминални банди  неможат секогаш да се превенираат и дека постојат ситуации каде што има потреба од вакви сили. Овие единици можат да се користат во разни ситуаци како што се ослободување на заложници во земјата и странство, елиминирање на терористички групи, борба против бунтовници, справување со криминални банди и слично. Најпознати специјални единици се американските Делта , руските Спецназ, британските САС и други.

### 3.3.1. Оперативен одред на специјалните сили – Делта (Delta Force)

Оперативен одред на специјални сили или претходно познат како група за борбени намени е дел од американската здружена команда за специјални операции(*Joint Special Operations Command,* JSOC). Основни задачи на оваа единица се борба против тероризмот, директни акции, спасување на заложници, рации, препади и друго.

Единицата е основана во 1977 година, поради големиот број на терористички инциденти во седумдесетите годино од минатиот век. Непосредно по основањето во 1979 година Делта силите ја добиваат првата задача а тоа е ослободувањето на заложниците во американската амбасада во Техеран, позната како операција Орлова канџа. Поради технички проблеми на воздухопловите оваа мисија е откажана. Позначајни акции во кои

учествувале овие припадници се: учество во „Пустинска олуја “, потоа 1993 година во Могадишо, Сомалија во акцијата на апсење на воени лица од висок приоритет, во оваа акција загинуваат 5 припадници на единицата, земаат активо учествопри инвазијата на Ирак во 2003 година, при нападот на американската амбасада во Бенгази, Либија 2012 година, двајца припадници на Делта силите помагаат во евакуацијата на преживеаните дипломати, и многу друг акции со висок степен на ризик.

### 3.3.2.Спецназ

Спецназ претставува елитна специјална руска единица. Се сметаат заедно со американските за едни од најдобрите специјални единици во светот. Премногу податоци за оваа единица не можат јавно да се најдат. Нивни главни задачи се борба против тероризмот и терористичките групи, нивно апсење, ликвидација, уништување на секој непријател кој ја загрозува безбедноста на земјата, задушување на вооружени бунтови, решавање на кризни ситуации, извидување, учество во разузнавачки операции, вршење на операции на непријателска територија, решавање на заложнички ситуации, спроведување на диверзантски и противдиверзантски акции и други борбени мисии[311].

Припадниците на Спецназ поминуваат низ сите фази на обука: напорна пешадиска обука, падобранство, нуркање, практично гаѓање, снајперско дејствување. Истотака се учат странски јазици и боречки вештини.

Учествувале во голем број на операции во конфликтите во Чеченија, Северен Кавказ, Абхазија, Московскиот театар 2002, училиштето во Беслан 2004 година.

Западните медиуми констатирале дека специјалната операција на Крим била изведена шокантно брзо, ефектно и со употреба на напредна технологија. Тие оценуваат дека операцијата на Крим е изведена без ниту една човечка жртва и со голема оперативна безбедност, така што ни американските разузнувачки служби не биле во состојба да ја предвидат[312].

---

[311] http://webtribune.rs/ruski-specnaz-najbolja-specijalna-jedinica-na-svetu-video/
[312]Ибид.

### 3.3.3.Специјална воздухопловна служба – САС

Специјалната воздухопловна служба – САС е воена специјална единица во состав на британската армија. Поради политиката на заштита на нивните припадници има многу малку јавно достапни информации за нив. Според податоците кои што можат да се најдат полкот брои помеѓу 400-600 припадници. Нивно мото е „кој се осмелува победува“.

За влезот во САС може да се пријават само припадници на британската армија, но не и цивили. Најголемиот успех оваа единица го достигнува во борбите на Фокландите, остров за кој се спореа Аргентина и Велика Британија. Во борбите на Фокландите САС успеал да уништи 11 авиони на противникот[313]. Ианку САС учество земал и во заливската војна и „Пустинска олуја“ каде што посебно се бавеле со онеспособување на радарски станици, ракетни лансирни рампи, минирање на воени складишта и уништување на сообраќајници и инфраструктура. Истот така ја наведувале сојузничката авијација и собирале разузнувачки податоци од терен од првите борбени линии[314].

### 3.3.4. Европска – Атлас група

Здружението на Атлас групата беше иницирано од страна на белгиската единица ДСУ, а официјално групата беше формирана на самитот на 15 команданти на европските антитерористички единици во Брисел во октомври 2001 година. На овој состанок беа дефинирани главните цели на групата и правилата на нејзиното функционирање[315].

Потврдата за соработка на единиците групирани во Атлас е формализирана на австриска иницијатива вклучена во Одлуката на Советот на Европската Унија од 23 јуни 2008 година, со цел за подобрување на соработката помеѓу специјалните единици за интервенција на земјите-членки на Европската Унија во криза ситуации. Одлуката од 1 јануари 2009 година им овозможува на полициските единице кои припаѓаат на Атлас групата, да дадат на друга европска земја помош, доколку таа земја побара асистенција или експертиза.

---

[313] https://www.bastabalkana.com/2013/07/engleski-specijalci-sas-specijalne-vazdusne-sluzbe-uk/

[314]Ибид.

[315] ATLAS Platform, достапно на:http://www.antyterroryzm.gov.pl/eng/anti-terrorism/foreign-cooperation/atlas-platform/686,dok.html(11.06.2018).

Атлас групата, која ги поврзува централните антитерористички единици на полицијата на земјите од Европската унија, беше назначена со цел да им обезбеди на граѓаните на ЕУ високо ниво на безбедност преку заедничка соработка, размена на информации и искуства помеѓу надлежните полициски сили. Како една од главните цели на Атлас, исто така е постојаното зголемување на нивото на професионалност на нејзините единици, взаемна поддршка, спроведување на заеднички проекти и операции во случај на терористичка закана во голем обем[316].

Размената на информации за неопходни за борба против тероризмот и организираниот криминал помеѓу специјалните антитерористички единици на Европската Унија е од клучно значење за зголемување на безбедноста на секоја земја членка на Унијата.

### 3.3.5. Специјални единици во Република Македонија

#### 3.3.5.1.Полк за специјални операции во Република Македонија(пСО)

На 1 март 1994 година за прв пат во Армијата на Република Македонија беше формирана единица за специјални намени под името „Волци“, како команда на специјални единици функционираше од 2002 до 2003 година, во декември 2003 година со одлука на Врховниот Командант на Армијата на Република Македонија единицата е преструктуирана во одред за специјални намени (пСО).

Во ноември 2006 година извршено е преструктуирање на единицата во полк за специјални операции (пСО)[317]. Во составот на полкот за специјални операции влегуваат баталјонот за специјални намени и ренџерскиот баталјон. Мисија на полкот за специјални операции е да обезбедува потполно организирани, обучени и опремени единици за изведување на специјални операции и специфични конвенционални операции, самостојно или во содејство со други единици на АРМ и други коалициони сили, во сите временски и земјишни услови за време на мир, кризна состојба и војна за поддршка на мирот и превенција на конфликти како дел од севкупните напори за поддршка на внатрешната

[316] Ибид.
[317] http://www.arm.mil.mk/baza/edinici/pso/pso_istorija.html

безбедност и надворешната политика на Република Македонија[318]. Процесот на селекција е доста ригорозен и вообичаено само околу 10% од вкупниот број на кандидати успеваат да ги исполнат сите услови неопходни за прием во оваа единица. А условите се следните:

- Завршено средно училиште – IV степен;
- Отслужен воен рок;
- Висина 170 см;
- Возраст до 29 години, вработени во АРМ;
- Предселективни проверки;
- Психофизички проверки – 206 поени (минимално 60 поени по дисциплина);
- Проверка на здравствената состојба;
- Проверка во пливање;
- Селективен курс (12/24 дена).

Припадниците на оваа единица покрај учеството во голем број на меѓународни вежби каде што постигнувале високи резултати, истите имаат учествувано и на мисии надвор од територијата на Република Македонија и тоа:

- Полкот за Специјални Операции од јуни 2003 до јуни 2008 година учествуваше со 11 ротации на контингенти во мисијата „Слобода за Ирак“;
- Учество во мировната мисија „ISAF-Phoenix“ во И.Р. Авганистан во период од мај до декември 2010 година;
- Учество на поединци во состав на мисиите во Босна и Херцеговина, Либан и И.Р. Авганистан.

### 3.3.4.2. Единица за брзо распоредување ЕБР

Единицата е формирана за време на вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година како единица за брзи интервенции. По завршувањето на конфликтот и распуштањето на Лавовите, дел од припадниците на Лавовите преминуваат во единицата за брзи интервенции, при што единицата го добила името Специјална полициска единица за брзо распоредување, подоцна е трансформирана и го добува името единица за брзо распоредување – ЕБР.

[318] Ибид.

Задачи на оваа единица се:

- воспоставување и одржување на јавен ред и мир при немири и демонстрации,
- спроведување на лица барани со локални и меѓународни потерници,
- анти-терористички акции и сите останати подфати од висок ризик,
- обезбедување на домашни и странски ВИП личности,
- давање асистенции на сите институции во Република Македонија,
- пружање помош на населението при природни елементарни непогоди и катастрофи.

За влез во оваа единица исто така е неопходно исполнување на одредени услови за прием, па така кандидатите поминуваат низ селективен тест, физички проверки и селективна обука. Најтежок дел е секако селективната обука која трае 21 ден, која што обука ја поминуваат само најспособните односно психофизички најиздржливите кандидати.

Својата професионалност и обученост овие единици ја докажаа на 7 ноември 2007 година кога заедно со Тигрите изведоа акција против терористичко-криминални групи стационирани на поширокиот реон на Тетово. Во акцијата позната под името „Планинска Бура"од страна на македонските специјални единици се убиени 8 албански екстремисти.

Уапсени се 12 екстремисти, а воедно е запленето големо количество на огнено и тешко оружје. Според полициски извори оваа количина на оружје била доволна за вооружување на околу 150 лице и за водење на повеќемесечна вооружена борба[319].

На 9 и 10 мај 2015 година, истот така од страна на специјалните единици ЕБР и Тигар, беше спроведена акција против криминално-терористичка група при што беа убиени 10 терористи. Исто така во оваа операција загинаа 8 припадници на специјалните сили.

Единица за специјални задачи – ЕСЗ Тигар

Единицата е формирана на 13 март 1981[320] година под името - Одделение за специјални задачи и претставува најстара специјална единица во Република Македонија.

[319] Бруталната акција на Македонските Специјални Единици, достапно на:http://misija24.com/brutalnata-akcija-na-makedonskite-specijalni-edinici/(28.04.2018).
[320] 37 години Единица за специјални задачи "ТИГАР" достапно на: https://opserver.mk/izdvojuvame/37-godini-edinica-za-specijalni-zadachi-tigar/(11.06.2018).

По реформите во Министерството за Внатрешни Работи на 7 мај 1992[321] година го добива името Единица за специјални задачи – ЕСЗ. Во 1999 година единицата усвојува нов амблем – глава на тигар со отворена уста и го добива суфиксот „Тигар".

Оваа единица е посебно обучена и опремена за[322]:

- планирање, организирање и извршување на задачи и активности во борбата против организираниот криминал и тероризмот на тактичко рамниште,
- решавање на заложнички ситуации во објекти или киднапирани превозни средства,
- упад во објекти или превозни средства поради апсење на осомничени лиц,
- реализирање на високоризични апсења,
- работи и задачи за блиска заштита на одредени лица и објекти од посебно значење за државата во редовна ситуација, како и во ситуација кога постои реална закана од напад,
- обезбедување на транспорт на лица и предмети од посебно значење,
- давање на стручна помош и поддршка на останатите организациони единици во рамки на полицијата во ситуации кога се реализираат сложени задачи,
- организирање и изведување на обука со други полициски единици,
- пружање на помош со луѓе и опрема во случај на елементарни непогоди и други несреќи од поголеми размери.

Организацијата на единицата е направена според потребите на националниот безбедносен систем на Република Македонија а по пример на елитните антитерористички единици во странство. Според систематизацијата единицата се состои од : Команда, антитерористички тимови во рамките на кои се наоѓаат и некои специјалистички групи, тим за преговарање, тим за пратење и набљудување како и група за планирање, контрола и поддршка. За влез во единицата треба да се поминат строги психофизички тестови, по поминувањето на тестовите се оди на селективен курс, после тоа се врши рангирање на кандидатите и се одлучува врз основа на постигнатите резултати кои ќе останат а кои ќе се вратат во матичните единици.

---

[321] https://specijalne-jedinice.com/Inostranstvo/Region/Jedinica-za-specijalne-zadatke-Tigrovi-Republike-Makedonije.html#sthash.mBs48Lzj.dpbs
[322]Ибид.

Земаат активно учество воконфликтот во 2001 година, како и во акциите во Бродец 2007 година и Куманово во 2015 година.

3.4. Репресивни мерки

Фактор кој прави разлика за појавата на не државен тероризам, или за неговото непојавување, претставува присуството на тоталитарен политички систем или моќна авторитарна држава. Овој вид држави имаат многу ефективни разузнавачки агенции како дел од нивниот контролен механизам[323]. Силните тоталитарни држави имаат голема контрола врз општеството, и поради нивната способност да ги елиминираат терористичките и бунтовничките организации или потенцијалните терористички и бунтовнички организации пред целосно да се организираат, истите успеваат да ги спречат заканите од ваков вид.Репресијата на насилните групи претставува опција за сите држави вклучувајќи ги и демократските. Всушност секоја држава која се соочува со некоја хибридна закана  избира репресија доколку процени дека ваквите акции би биле успешни.Регуларните  сили за безбедност (особено специјалните единици)со помош на разузнавачките служби откриваат и уништуваат поголем дел од дисидентните групи кои преминуваат на тероризам пред тие да претставуваат вистинска закана за државата.

Меѓутоа пред да се употребат репресивните мерки треба да се направи добра проценка дали истите би биле успешни.Репресијата може дури да биде и контрапродуктивна ако тероризмот може да предизвика репресија од власта, која стимулира натамошен тероризам, кој предизвикува повеќе репресија[324]. Израел и покрај големата политичка,воена и економска моќ, поддршката која што му ја даваат големите сили пред се САД, сеуште и покрај силните репресивни мерки не успеал да ги спречи терористичките акти од страна на палестинците на окупираните територии.Истотака и Колумбија не успеа да ја поврати контролата на целата своја територија со употребата на репресивни мерки па долги години еден дел е под контрола на Револуционерни

[323]Heymann, P. B., “Dealing with Terrorism: An Overview,” International Security, 2001/2, стр. 34
[324]Crenshaw, M., “Introduction: Reflections on the Effects of Terrorism,” in M. Crenshaw (ed.) Terrorism, Legitimacy, and Power: The Consequences of Political Violence, Middletown, CT: Wesleyan University Press, 1983, стр. 6

вооружени  сили на Колумбија-ФАРК. Во Република Македонија пак нерешителноста и слабата употреба на репресивни мрки, допринесе да ОНА која што во почетокот беше прогласена за терористичка организација од страна на повеќе држави меѓу кои и САД, да ја зголеми својата моќ и да премине во бунтовничка организација, за да подоцна под притисок на меѓународната заедница се потпише Охридскиот мировен договор.

## 3.5. Превентивни акции

Земјите можат да превземат превентивни акции, а тоа може да биде неопходна стратегија ако заканата од одмазда нема ефект на одвраќање[325].Превентивните напади можат да бидат изведени против држави поддржувачи на тероризмот како и против терористички или бунтовнички групи.

По терористичките напади врз САД во 2001 година САД решија да извршат интервенција односно со употреба на сила да ги уништат територијалните бази на терористичките организации. Први на мета беа Талибаните за кои се сметаше дека му даваат огромна подршка  на Осама Бин Ладен и неговата Ал-каеда. По серијата неуспешни барања од  Талибан да го предаде Бин Ладен во октомври 2001 година започна воената кампања во Авганистан.По уништувањето на базите на Ал-каеда во Авганистан, САД се свртеа кон режимот на Садам Хусеин сомневајќи се дека Ирак поседува оружје за масовно уништување и дека ја подржува Ал-каеда. Главен услов за успешноста на превентивните акции е да се поседуваат добри разузнувачки информации, односно без детални информации за местоположбата, опремата, персоналот, не е возможно да се идентификуваат и да се неутрализираат во целост ваквиот вид на закани. Исто така доколку ваквите групации се мрежно лабаво поврзани успешноста од превентивни напади е многу мала. На пример поради лабавата мрежна поврзаност на приврзаниците на Ал каеда,  убиството на нивниот лидер Осама Бин Ладен не ја намали нивната оперативна способност.

---

[325]Richelson, J. T., “When Kindness Fails: Assassination as a National Security Option,” International Journal of Intelligence and Counterintelligence, 2002, стр. 246 .

### 3.6. Мерки за спречување на финансирање на хибридните закани

За реализација на своите активности на терористичките и бунтовничките организации им се неопходни финансиски средства со кои би се вршела набавка на потребното оружје, опрема, финансирање на нивните членови и слично. Бидејќи е тесна врската помеѓу терористичките и бунтовничките организации, а и најголемиот број на бунтовничките организации го применуваат тероризмот во одредени фази на нивно дејствување, мерките за борба против нив, воглавно се дефинирани како мерки за спречување за финансирање на тероризам.

Финансирање на тероризам е обезбедување или собирање на средства на било кој начин, директно или индиректно, незаконски и свесно, со намера тие да бидат употребени или со знаење дека тие ќе бидат искористени целосно или делумно заради преземање на[326]:

- дејство предвидено како кривично дело, терористичка организација, злосторство против човечноста, грабнување воздухоплов или брод, загрозување на безбедноста на воздушниот сообраќај, тероризам, меѓународен тероризам, земање на заложници, сите дела предвидени со кривичниот законик на Република Македонија;
- секое друго дејство превземено со намера да се предизвика смрт или тешка телесна повреда на цивилно лице или на кое било друго лице кое не учествува активно во непријателствата во вооружен конфликт, кога целта на ваквото дејствување, според природата или контексот е да се заплаши населението или да се принуди некоја влада или меѓународна организација да стори или да се откаже од сторување на некое дејствие;
- финансирањето тероризам е предвидено како посебно кривично дело во член 394-в од Кривичниот Законик на Република Македонија .

[326] Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите, Министерство за финансии, 2010 година.

Извори на финансирање на тероризмот се[327]:

- преку фондови на влади на држави, официјално наменети за хуманитарна помош, а кои што тајно се пренасочуваат кон терористички и други бунтовнички организации,
- преку тајни (црни) фондови на разузнавачките служби,
- преку директно финансирање од големите нарко-криминални организации, инструирани за тоа од разузнавачките служби,
- преку компензација оружје за дрога, што ја даваат кокаинските картели на терористичките организации, под инструкции и контрола на разузнавачките служби,
- директно шверцување дрога од раководните лица на терористичките или други бунтовнички организации,
- од приватни извори, преку доброволни прилози од богати бизнисмени, кои гледаат остварување на некоја своја цел од финансирањето на терористички организации и остварувањето на нивните цели,
- од други криминални извори, како што се: недозволената трговија со луѓе, оружје, изнуди, данок од трговија со дрога и други недозволени криминални активности, што терористичките организации, како помоќни организации им ги наметнуваат на организираните криминални групи, измами со кредитни картички и други облици на криминал, кои што терористичките организации ги преземаат непосредно или во соработка со организирани криминални групи и друго.

Во извештајот на MONEYVAL[328] од 2007 година за направена еваулација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Република Македонија се вели дека постојат врски помеѓу криминални групи од Република Македонија со криминални групи од Бугарија, Руската Федерација, Албанија, Чешка, Турција, земјите од Блискиот Исток, а особено со криминални групи активни на

[327]Лабовиќ М.,Системската корупција и организираниот криминал, Факултет за безбедност, Скопје, 2016, стр.316.

[328]MONEYVAL е Комитет на експерти за евалуација на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

териториите на Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора и Србија. Постојат индиции и за врски со организирани криминални групи од земјите од Западна Европа, кои што во многу случаи претставуваат крајни дестинации за криминалните активности.Врските помеѓу ваквите групи особено се видливи во полето на недозволената трговија со наркотици и психотропни супстанции, трговија со луѓе, илегална трговија со оружје и кражби на автомобили[329] .

Примената на финансиските контроли е мошне значаен сегмент во борбата против тероризмот.Примената на финансиските контроли е исплатлива од најмалку две причини[330]:

- првата се однесува на напорите за намалување на ударот на дејствата што не можеле да бидат спречени. Така според официјални извори на САД, првиот напад на Светскиот трговски центар се случил порано од планираното и бил многу помалку застрашувачки отколку што било замислено од Рамзи Јусуф, осудениот организатор на нападот поради ограничените финансиски ресурси на групата;
- втората, следењето на финансиските трансакции може да биде корисно при истражувањата по конкретен наод. На пример, благодарение токму на финансиската информација, за првпат се утврди врската помеќу грабнувачите од единаесетти септември и другите заговарачи.

Во Република Македонија постои посебна единица за финансиско разузнавање под името Управа за финансиско разузнавање. Управата функционира од 2002[331] година најпрвин под името Дирекција за спречување на перење пари, па потоа под името Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, за подоцна да го добие сегашното име. Основна надлежност на управата е да прибира, обработува и доставува податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам[332].

За целите на зајакнување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам досега беа подготвени и реализирани четири стратешки документа, и тоа:

[329]MONEYVAL – Third round detailed assessment report , The former Yugoslav Republic of Macedonia, стр.20, ,достапно на:http://www.ufr.gov.mk/files/docs/MONEYVAL_Report_3Evaluation.pdf
[330]Дина З., Хенк Б., Дамјан З.,Глобален организиран криминал, Магор, Скопје 2009 година.
[331] http://www.ufr.gov.mk/?q=node/(15.06.2018).
[332] Ибид.

Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2005 - 2008), Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2009 - 2011) и Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2012 - 2014) и Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2017- 2020)[333].Стратегијата утврдува сеопфатен комплекс на активности, со обврска за реализација на сите релевантни институции во насока на надминување на утврдените слабости и недостатоци заради унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Република Македонија.

Стратегијата е изготвена со примена на пристапот базиран на ризик утврден согласно Извештајот за спроведената национална проценка на ризик од перење пари и финансирање тероризам, како и имплементација на Препораките на ФАТФ (од 2012) и одредбите на ЕУ Директивата 2015/849, а со крајна цел зголемување на степенот на ефикасност на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на национално ниво[334].

Активностите утврдени со оваа стратегија треба да бидат имплементирани од субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање тероризам, органите на надзор, Управата за финансиско разузнавање, како и органите надлежни за гонење на сторителите на кривични дела перење пари и финансирање тероризам.

## 3.7. Дипломатија

Голема улога во решавањето на  проблемите настанати од хибридните закани има политиката, односно политичките ставови што се добро осмислени и реалистични се од огромна корист и помош за конципирање и примена на сите мерки неопходни за превенирање на ваквите дејствија. Меѓународните договори постигнати преку дипломатијата се уште една додатна можност за справување со тероризмот. Соработката

[333] Поопширно види:Националната стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2017- 2020), 2017 година, достапна на : http://www.ufr.gov.mk/files/docs/NS.pdf
[334] Ибид.

помеѓу народите во смисла на справување со хибридните закани, особено тероризмот и организираниот криминал е зголемена, обезбедувајќи надеж дека овој пристап може да помогне во превенцијата од нив.

Ниту еден бунт не би бил успешен доколку нема поддршка од надвор. Токму политиката односно дипломатијата тука ја има главната улога, во напорите да легитимната влада ја добие потребната меѓународна поддршка, а за сметка на тоа бунтовниците да бидат осудени и изолирани од меѓународната заедница. Прифаќањето на меѓународните конвенции, усогласувањето на меѓународните со националните закони на државите, постигнување на универзални дефиниции за тероризмот и бунтовништвото кои ќе бидат применувани од страна на членките на ООН, воведувањето на санкции кон државите кои го спонзорираат тероризмот се битни фактори во борбата против хибридните закани.

Во продолжеток ќе ја проанализираме примената на законите на војната при изведување на антитерористички операции. Шест фактори, сите поврзани со природата на спротивставувањето, укажуваат на потенцијалните проблеми при апликацијата на законите за војна во антитерористичките операции[335]:

- Ниту сите терористички активности, ниту сите антитерористички воени операции – дури и кога имаат интернационална димензија – неопходно придонесуваат за воен конфликт меѓу државите. Самите терористички движења најчесто имаат недржавен карактер. Затоа воените операции помеѓу државата и таквото движење, дури и ако ги вклучуваат државните вооружени сили кои дејствуваат надвор од државната територија, не ги доведуваат неопходно во рамките на самото подрачје на апликација на целокупниот ранг на одлуки кои се однесуваат на меѓународни вооружени конфликти според Женевската конвенција од 1949 и Женевскиот протокол 1 од 1977 година.
- Антитерористичките операции може да претпостават форма на акции од страна на државата против силите кои оперираат во рамките на нивната сопствена територија или поретко акции на спротивставените сили против државата која обврзува или подржува терористички дела. Во двата случаја конфликтот може да има карактер на интернационален воен конфликт (цивилна војна) повеќе

[335]Одри К. Кронин, Џејмс М. Лудс, Напад на тероризмот, Нампрес , Скопје, 2009 стр.192.

отколку меѓународна војна. Помалку правила на законот за војната можат формално да се применат на цивилната наспроти интернационалната војна, иако ситуацијата се менува во одредени случаи.

- Во многу случаи атрибутите и дејствијата на терористичкото движење можеби нема да влезат во полето на примена дури и на најскромното законодавно тело кое се поврзува со неинтернационалниот вооружен конфликт. Јавниот член 3 од Женевската конвенција од 1949 година, е центарот на овие правила, но кажува многу малку за подрачјето на неговата апликација. Главниот последователендоговор за неинтернационалниот вооружен конфликт, Женевскиот протокол 2 од 1977 година се базира на претпоставката дека постои конфликт помеѓу државните вооружени сили и организираните вооружени групи кои под одговорна команда вежбаат контрола на дел од нејзината територија и водат прифатливи и договорени воени операции. Протоколот не се однесува на ситуации поврзани со внатрешни безредија и тензии како што се немири и изолирани и спорадични чинови на насилство.
- Бидејќи терористичките сили често имаат малку почит за меѓународно договорените правила за воздржаност, решението на антитерористичките сили да ги применува може да биде ослабено, со ниски очекувања за репроцитет и тенденција одреден дел од јавноста која е нападната да го предвиди кршењето на правилата на нивните сопствени сили.
- Основниот принцип на законите на војната е дека нападите треба да бидат насочени директно кон непријателските воени сили наместо кон цивилите. Овој принцип кој го прекршуваат терористичките напади, особено насочени кон цивилите, тешко може да се примени во антитерористичките операции зашто терористичките движења не се составени од дефинирани воени сили кои јасно се оградуваат од цивилите.
- Некои заробени лица кои се членови на терористичките организации не го исполнуваат статусот на воени заробеници кој што е составен во 1949 со Женевската конвенција 3.

Сите овие фактори ни ги опишуваат потешкотиите на владите при примената на правилата во операциите против бунтовниците.Голем број на држави во минатото не ги применувале овие закони во целост како на пример САД во Виетнам, Израел при окупацијата на Јужен Либан 1982-2000 година.

**ГЛАВА IV**

# УЛОГАТА НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КОНФЛИКТИТЕ ВО 21 ВЕК

1. Причини за појава на приватните воени организации

Приватната воена индустрија се појавува во почетокот на 1990-тите. Причина за појавата на воената индустрија беше спојот на три значајни динамики и тоа: крајот на Студената војна и вакумот што го предизвика на пазарот на обезбедување, трансформациите во природата на војување, и нормативниот пораст на приватизација. Професионалните армии сенамалија од 1989 година, додека во исто време глобалната нестабилнострастеше[336]. Крајот на Студената војна и падот на Советскиот Сојуз ги промени воените цели на повеќето држави. Со отстранување на непосредната закана од војна, огромните конвенционални армии во дваесеттиот век стана излишни. Ова доведе до големи намалувања на армиите на големите сили "комбинираната воена сила падна од 6.873.000 во 1990 година на 3.283.000 во 1997 година[337], намалување за повеќе од 50%.Само во САД, активната воена сила во 2000 година претставуваше само 64% од вкупната во 1989година: " кај армијата на САД, морнарицата и воздухопловните сили е регистрирано намалување од околу 35% во периодот меѓу 1989 и 2000 година, а на Маринскиот корпус намалување за 12%[338].Се разбира, ова доведе и до промена на структурата на вооружените сили, кои се адаптираа на новите видови на закани. За време на Студената војна, европските држави генерално се потпираа на систем на регрутација на персоналот создавајќи големи армии. По падот на железната завеса најголемиот број на армии ја отфрлија воената обврска и создадоа мали професионални армии.

Приватните воени компании на некој начин им овозможија на владите да ги покриваат трагите од одредени нивни постапки или да избегнат одговорност за нив бидејќи истите не одговараат пред нив или пред јавноста, така што оставаат простор за легално заобиколување на одредени препреки. Конкретно, употребата на поголем број луѓе од приватните воени компании значи употреба на помал број регуларни војници во конфликтите. Од друга страна, можните жртви кај приватните воени компании би имале многу помало влијание на јавното мислење отколку можните жртви на регуларните воени

[336] Peter W. Singer ,The private military industry and iraq: what have we learned and where to next?,Geneva centre for the democratic control of armed forces (dcaf),Geneva,2004,p.5.
[337]Geraghty, Guns for Hire : The inside Story of Freelance Soldiering, 9.
[338]Carlos Ortiz, Private Armed Forces and Global Security : A Guide to the Issues, Contemporary Military, Strategic, and Security Issues (Santa Barbara, Calif.: Praeger, 2010), 52.

трупи[339].Подемот на приватниот сектор за безбедност на крајот од дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век беше без преседан: во 2010 година, приходите на оваа индустрија достигнаа 200 милијарди долари годишен приход[340]. Во нивните корпоративни форми, платеници да работат слободно на отворениот пазар, ваквите корпорации нудат воени и безбедносни услуги за одделни влади, приватните инвеститори и меѓународни невладини организации. Објаснувањето за ова ненадејна експанзија на приватниот сектор произлегува од: 1)  новата безбедносна средина во која сега работат државните актери; 2) идеолошки промени и општото отфрлање на ризикот, кое е одлика на демократските општества; и 3) на културатана аутсорсинг и приватизација на државните служби, кој е прифатен од страна на западнитевлади.

2. Употреба на приватните организации во решавањето на конфликтите ( Случајот со Ирак).

Употреба на ПВК во Ирак

Во 2003 година инвазијата на Ирак го допринесе најголемото вклучување на приватни воени компании во историјата на војните и повоената реконструкција.Несамо што Ирак е најголемиот американски воен ангажман во периодот од повеќе од една генерација, туку  претставува и најголем ангажманза приватната воена индустрија. Бројките за присуство ПМФ во Ирак се неспоредливо големи со било кои операции од минатото. Над 60 фирми вработуваат повеќеод 20.000 приватен персонал за вршење на воени функции[341].

Во текот на поголемиот дел од судирите и окупацијата речисисекое правно лице регистрирано во земјата, вклучувајќи ги владите, меѓународните организации,медиумски агенции и трговски претпријатија имале некое време ангажиражирано приватни

[339]Љубомир Томановски,Улогата на приватните воени компании во остварување на безбедносни и воени интереси, необјавен магистерски труд, Скопје 2016,стр.6.
[340]Ибид. 173
[341]Ибид,7.

обезбедувачи за да го обезбедат персоналот и имотот, како и да вршат други функции воподдршка на војската, стабилизација и реконструкција[342].

Поради широка употреба во Ирак, проблемите станааповидливи отколку порано.Во продолжение ќе ги презентираме главните предизвици на САД како силна држава и на Ирак како слаба држава од употребата на приватните воени компании.

Главните предизвици за САД се:

- намалување на меѓународниот углед поради имунитетот на ПВК во Ирак.
- нејасно дефинирање на "по природа владини функции" и нетранспарентни по природа приватни воени договори, коиму штетат на легитимитетот на аутсорсинг воените функции, а сето ова штети и на вредностите надемократија.
- Трошење долари на даночните обврзници поради неконкурентно склучување на договори и поради недостаток на надзор надоговори.
- Создавање на негативни ефекти на воените функции поради несигурноста на ПВК.

Главни предизвици кои се поврзани со опстанокот на демократски Ирак се:

- ПВК (особено оперативните функции) наметнуваат важна закана за суверенитетот на Ирак.
- користењето на ПВК ќе биде пречка во развојот напредокот на ирачките Безбедносните сили (ISF).
- што ПВК може да биде добра можност за етничките групи да бидат вооружени. Сето ова, пак, може да создаде дилема за безбедностапомеѓу фракциите[343].

---

[342] Jordi Palou-Loverdos (Dir.) Leticia Armendáriz ,The Privatization of Warfare, Violence and Private Military & Security Companies:A factual and legal approach to human rights abuses by PMSC in Iraq,п31.,достапно на:http://nova.cat/wp-content/uploads/2011/12/Informe_PMSC_Iraq_Nova_ok.pdf

[343] Dumlupinar, Nihat ,Regulation of private military companies in Iraq,Naval postgraduate school,Monterey,2010,P.12.

Во 2003 година, САД и нејзините сојузници извршија инвазија на Ирак со комбинирани сили од 300.000 војници, вклучувајќи 46.000 британски војници и значителен број на војници од Австралија и Полска.

Со брзата победа над Ирак од страна  на сојузничките конвенционални сили, кулминирајќи со предвремено  дадената  изјава на претседателот ЏорџБуш"Мисијата е завршена" на 1 мај 2003 година, сојузничките сили наскоро се најдоа изненадени, и не можеа да се справат со нивото на насилство кое продолжи да го дестабилизира Ирак, по официјалниот прекин на непријателствата. Безбедноста по инвазијата во 2003 година беше на многу ниско ниво, со извештаи за масовни грабежи кои што се случуваат, особено на археолошките локалитети во Ирак, вклучувајќи го и Националниот музеј на Ирак[344]. Најмалку 250.000 тони оружје и убојни средства кои исто така беа украдени, истите подоцна ќе допринесат до појава на бунтовништво.  Армиските сили беа ангажирани на заштита на болниците, браните, министерствата и нафтените рафинерии.

И покрај политичкиот крај на војната, насилство се зголеми кон крајот на 2003 година, со пораст на герилски напади. Бунтовништвото доби на интензитет во пролетта 2004 година, кога странски противници на окупацијата од соседните земји се собраа во Ирак. Организираниот бунт, бил, предводен од АбуМусаб ал Заркави кој ги охрабрилда вршат напади на ирачките цивили и безбедносните сили со серија на масовни бомбашки напади. Оваа кампања на насилство имала цел да ја предизвика новата преодна влада, и да се деморализираат ирачките безбедносни сили и граѓаните. Воедно, националистичките и исламистичкисунитски бунтовници, како и шиитската Махди армија, исто така, извршиле напади врз коалициските сили во обид да ги принудуват да ја напуштат земјата.

Во 2009 година, 173.000 приватни контракторидавале поддршка на работата на 146.000 американски војници.Од овие контрактори ангажирани од страна на Министерството за одбрана (Дод), Стејтдепартментои УСАИД, 49% биле локални Ирачани, 34% биле државјани на трети земји, а само17% биле граѓани од САД[345].

3. Блекvotер

[344]Clemens Reichel, "Catastrophe! The Looting and estruction of Iraq’s Past " The Oriental Institute of the University of Chicago, http://oi.uchicago.edu/museum/special/catastrophe/summary.html.
[345]http://etheses.lse.ac.uk/527/1/Varin_Mercenaries%20and%20the%20State.pdf

Блеквотер, со седиште во Мојок, Северна Каролина, САД е основана во 1997 година, истатапрераснува во една од најголемите даватели на приватни воени услуги во светот, нудејќиразновиден спектар на услуги, вклучувајќи лична безбедност, воена обука, авијациска поддршка, а поседуваат и сопствени оклопни возила. Пред војната во Ирак,фирмата нудела пред се обуки за спроведување на законот и воениот персонал. Сопочетокот на војната во Ирак, го прошируваат својот и се насочуваат кон склучување на приватни военидоговори. Блеквотер имале склучени договори со владата на САД во вредност од помалку од еден милион долари во 2001 година, а вредноста на договорите во 2006 година нараснала до повеќе од половинамилијарда долари. [346]

3.1. Кризата во Фалуџа 31.03.2004 година

Утрото на 31 март, 2004 година, четири припадници на Блеквотер, во два џипови придружувале испорака на камион со опрема од една воена база во друга. Сите четворица билепоранешни американски војници. Како што се возеле низ центарот на градот Фалуџа, налетале на блокада на патот, каде што бил извршен вооружен напад врз нив од страна на ирачките муџахедини. Слики од нивните изгорени возила и искасапени тела кои биле обесени на еден мост долго време се прикажувале во муслиманскиот и западниот свет во текот на следните недели[347]. Иако локалните марински команданти сакале да ги третираат убиствата како прашање на спроведување на законот и да работат за апсење на напаѓачите, секретарот за одбрана Рамсфелд одлучува да го нападне градот. Опсадата на Фалуџа започнала на 4 април 2004 година, но мисијата била прекината бидејќи американските војници наишле на силен отпор. Втората опсада, и заземањето на градот била во ноември истата година[348].

3.2. Убиството на цивили на плоштад Ниазор-Багдад 16.09.2007 година

На 16 септември 2007 година, бил отворен оган на плоштадот Ниазор во Багдад. Кога завршила престрелката, официјални лица потврдиле дека 28 невини ирачки цивили

---

[346]http://graphics8.nytimes.com/packages/pdf/national/20071001121609.pdf
[347]Rebecca Dunning,Blackwater, Private Security Companies, and the U.S. MilitaryП.8http://psm.du.edu/media/documents/reports_and_stats/think_tanks/duke_kenan_dunning_heroes-or-mercenaries.pdf
[348]Ибид.

загинале во инцидентот. Оганот го отворило лице кое не било од коалицијата, ниту пак од страна на бунтовниците, туку од страна на вработените на Блекvotер[349].

Компанијата била преименувана во "*“Xe Services”* " во 2009 година, и "Academi" во 2011 година. Истата била купена кон крајот на 2010 година од страна на група на приватни инвеститори кои го смениле името во Academi и поставиле нов одбор на директори и менаџери[350].

Кога се зборува за оправданоста на употребата на ПВК во конфликтите и ризиците кои што ги носи нивната употреба, главен предмет на дискусија е можноста на злоупотреби од страна на вработените во ПВК, недостатокот на законски норми за инволвирањето на ПВК во конфликти и опасноста да се стане зависен од овие компании. Злоупотребите направени од страна на припадниците на „Блекvotер“ најверојатно се најпознатите во светски рамки поради огромното медиумско покривање. Токму убиството на 28 невини ирачки цивили е само еден пример за злоупотребата на своите надлежности на ПВК. Покрај „Блекvotер“ постојат документирани и многу други случаи на злоупотреба, вклучувајќи ја улогата на припадниците на ПВК во скандалот со затворот „Абу Граиб“ при измачувањето на ирачките заробеници[351].

Приватните воени компаниииmaат таква важна улога, што според Питер Сингер, зависноста на САД од изведувачитеја опишува како опасна „зависност“ на американскиот национален безбедносенапарат кој е заклученво еден маѓепсан круг во кој „не може да победи со нив, но и не може да оди во војна без нив“[352].

Употребата на ПВК во Ирак е најдобар показател на зависноста на САД од услугите на ПВК, иако нивната употреба носи одредени ризици, најверојатно уште долго време ПВК би биле употребувани во конфликтите како од страна на САД, така и од страна на други држави кои што имаат финансиска моќ за ангажирање на ваквите компании.

---

[349]RutaNimkar, From Bosnia to Baghdad The Case for Regulating Private Military and Security Companies,п1,https://www.princeton.edu/jpia/past-issues-1/2009/1.pdf
[350]http://www.theblackvault.com/documentarchive/blackwater-academi-constellis-holdings-contracts-records/#
[351]https://www.humanrightsfirst.org/wpcontent/uploads/pdf/Examples_of_Contractor_Abuses.pdf-пристапено на 11.05.2016г.
[352] SingerP., „Can’t Win With ‘Em, Can’t Go to War Without ‘Em“.

## ГЛАВА V

# РАЗУЗНУВАЧКИТЕ СЛУЖБИ ВО БОРБА ПРОТИВ ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Дефинирање на поимот разузнавање и разузнавачки служби;

## 1.1 Дефинирање на поимот разузнавање

За поимот разузнавање постојат повеќе различни дефиниции во зависност од степенот на општост како и од тоа дали го разгледуваат разузнавањето како процес, продукт или организација. Според централната разузнувачка служба (CIA): Разузнавањето е знаење или потребно знаење за светот околу нас- вовед во одлучувањето и делувањето на креаторите на политиката на САД[353].

Според Марк Ловентал, постојат неколку начини на кои разузнавањето може да се разгледува, односно дефинира и тоа:

- Разузнавањето како процес - неопходност од одредени потребни и побарани информации кои се собрани, анализирани и доставени, односно како начин на кој конкретни видови на тајни дејства се планирани и реализирани,
- Разузнавањето како продукт – продукт од претходно наведените процеси како што се анализата на разузнавачките податоци или самите разузнувачки операции и
- Разузнавањето како организација – единици или организации кои планираат и реализираат различни функции[354].

## 1.2.Дефинирање на разузнавачките служби

Разузнувачките служби како дел од државниот апарат, се легални организации, засновани врз законски и други одредби на државата, но тие истовремено нелегално работат против други земји, поради што се наоѓаат во сложени услови, што бара висока стручност на кадрите, модерна технологија и специфичен начин на организирање посебно денес во современи услови[355]. Разузнавачките служби делуваат како систем меѓу чии што делови е извршена прецизна поделба на работите, а основен принцип на нивната севкупна работа – тајност – налага да тие уживаат поголем степен на автономност во

[353] Central Intelligence Agency, A Consumers Guide to Intellegence, Office of Public Affairs, 1999, str. Vii.
[354] Lowental M. Mark, Intellegence, From Secret to Policy, CQ Press, Washington DC 20037,2006, str.9.
[355]Види поопширно:Котовчевски Митко, Современи разузнувачки служби, Македонска Цивилизација, Скопје, 2002, стр.40.

работата во однос на другите институции на државната управа. Истовремено таквиот вид на автономија на разузнавачките служби произлегува од фактот дека тие се еден од основните инструменти за остварување на виталните интереси на вистинските носители на власта, кои затоа им ги обезбедуваат сите неопходни услови за што поефикасна работа[356]. Постигнувањето на успех во ангажирањето на разузнавачките служби не може да се замисли без почитување на основните правила за организирање на разузнавачките служби, како што се: сеопфатност во работата, непрекинатост и интензивност на делување, концентрација на разузнавачката и контраразузнавачката работа[357]. Внатрешната организација, односно системот на организациони единици, распоредот на задачите и работите и системот на врски изме́ѓу одделни делови ја претставуваат организационата структура на разузнавачките служби. Разузнавачките служби можат да се организираат по хоризонтален и вертикален модел[358].

Според Митко Котовчевски: разузнувачка служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на други држави, за научните откритија, за посредување поме́ѓу државите ( и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата[359].

Разузнувачките служби според предметот на интерес се делат на:воени, политички, економски, електронски и научно-технолошки[360].

2. Собирање на разузнавачки информации;

За решавање на било какви проблеми потребни се одредени информации. Сепак тоа што за некого претставува битна информација за друг е само безвредн сувишен

---

[356] Стајић Љ., Основи система безбедности, стр. 221-222.
[357]Поопширно види: Милошевић М., Систем државне безбедности, Полицијска академија Београд, 2001, стр. 28-45.
[358] Стајић Љ., Основи система безбедности, стр. 229.
[359]Котовчевски Митко, Современи разузнувачки служби, Македонска Цивилизација, Скопје, 2002, стр.41.
[360]Батковски Томе, Разузнавачка и безбедносно- контраразузнавачка тактика, Сларис принт, Скопје, 2008, стр.25.

податок. Една информација е важна само кога може да се искористи, а користа на информацијата зависи од нејзината точност и навременост.

Информацијата може да биде[361]:

- Тотална (дава општа претстава за проблемите и учесниците кои нас не интересираат- за индивидуите или групите во рамките на играта која ја предводиме;
- Тековна или оперативна ( ги прати промените на ситуацијата);
- Конкретна ( ги пополнува воочените празнини или одговара на одредени прашања);
- Посредна ( ги потврдува или оспорува одредените претпоставки, имајќи во предвид дека со нив е поврзана само посредно);
- Проценувачка ( ги разјаснува настаните и дава прогноза за нивниот иден развој; тоа се оптимално обработени податоци).

Како главен извор на информации се:

- Информирани луѓе,
- Документи,
- Средства за бежична и проводничка врска (телефони, телефакси, радиостаници...),
- Електронски средства за обработка на информации (компјутери, електронски маини за пишување..),
- Разни манифестации кои што се следат ( однесување, разговори, ефекти на делување)[362].

3. Обработка на податоците

Процесот на разузнувачкото истражување се состои од три циклуси[363]:

- Првиот циклус е донесување на на политички одлуки со кои се дефинира програмската ориентација на разузнувачкото истражување,
- Вториот е собирање на податоци и

[361]Роман Ронин, Обавештајни рад, Службен гласник, Београд, 2009, стр.29.
[362]Ибид.стр.30.
[363] Dzordzevic Obren Osnovi drzavne bezbednosti, Visa skola unutrasnih poslova, Beograd,1980, str.96.

- Третиот циклус го опфаќа користењето на разузнавачките податоци.

По прибирањето, суровите податоци, од соодветните организациски единици на разузнавачката служба ( центрите, подцентрите, пунктовите и деташираните професионални припадници), се доставуваат до Централата – организациска единица за обработување на податоци и изготвување завршни документи за интерно и екстерно информирање, што во разузнавачката практика популарно се нарекува - Аналитика[364]. Добиените сурови податоци се класификуваат според разузнавачката област на која се однесуваат, односно по одредена линија(проблем) на работа, географска-територијална припадност и објект на разработка. По класификацијата, следи оценување на податокот, утврдување на точноста на неговата содржина и негово стручно објаснување (толкување). Со тоа, фактички, започнува процесот на обработка на податоците. Во оваа фаза се применуваат сите познати методи што се во употреба при истражувањето на општествените, а во таа рамка, и безбедносните ( во најширока смисла на зборот ) појави. Имено станува збор за[365]:

- Аналитичко-синтетички метод,
- Метод на анализа на содржината,
- Метод на посматрање,
- Компаративниот метод,
- Историскиот метод,
- Дедуктивниот и индуктивен метод,
- Статистички метод,
- Методот на докажување и негирање,
- Метод на примероци,
- Студијата на случај,
- Метод на апстрахирање,
- Метод на воопштување,
- Метод на логичко поврзување на фактите.

Во приодот кон истражувањето на безбедносните појави, се тргнува од класичните фази за една истражувачка постапка:

---

[364]Батковски Томе, Разузнавачка и безбедносно- контраразузнавачка тактика, Сларис принт, Скопје, 2008, стр.132.
[365]Ибид.

- Формулирање на проблемот – одредување на предметот и целта на истражувањето,
- Поставување на појдовна хипотеза,
- Изработка на истражувачкиот проект,
- Прибирање на податоци(емпириска фаза),
- Класификација и обработка на прибраните податоци,
- Опис на предметот на истражување,
- Објаснување на предметот на истражување,
- Донесување на заклучок во врска со предметот на истражување,
- Прогнозирање (предвидување) на натамошниот развој на истражувачкиот предмет и препорака за идни зафати,
- Проверување на стручното и научното објаснување, заклучоците и предвидувањата.

3.1. Изработка на разузнавачките документи

Разузнавачките документи се делат на[366]:

- Поединечен разузнувачки документ ги опфаќа сознанијата за одреден настан и ги содржи сите аспекти на случајот кој е завршен.
- Збирен разузнувачки документ ги содржи синтетизираните разузнувачки податоци, соберени во одреден временски период за состојбата и ситуацијата во одредена област на разузнавачкото делување – во одредено време, подрачје и средина.
- Временски ( периодичен) разузнувачки документ ги содржи здобиените сознанија за делувањето на противникот во во одреден временски интервал. Овие податоци можат да бидат: дневни, неделни, петнаесетодневни, месечни, полугодишни и годишни прегледи на собереније разузнувачки податоци.
- Дневен преглед или билтен, ги содржи разузнавачките и другите сознанија до кои е дојдена службата. Обично се нарекуваат „дневен преглед на настани“, „преглед на дневната ситуација“ и др. Кај ове документиразузнавачките податоци се прикажуваат хронолошки и

[366] Dzordzevic Obren Osnovi drzavne bezbednosti, Visa skola unutrasnih poslova, Beograd,1980, str.97.

проблемски. Неделните, петнаесетодневните, тромесечните и другите слични документи го сочинуваат збирот од разузнавачките сознанија од дневните прегледи.

- Проблемски разузнувачки документ ги содржи разузнавачките податоциза определен предмет или објект на разузнавачкото истражување. Со синтетичка метода се поврзуваат фактите, се посматраат во нивната целовитост и меѓузависност на целината и деловите, а во заклучокот се дава оцена за истражуваната област и се одредува нејзиното значење. Тое е збир на сите сознанија за начините на делување на противникот, или на негови поединечни органи.

### 3.2. Презентирање на разузнувачките податоци

Презентирање на разузнавачките податоци подразбира прикажување на разузнавачките сознанија на корисниците, што значи дека разузнувачките податоцитреба да се направат достапни како би можеле да се користат како основен елемент при донесување на политичка одлука.

## 4. Улогата на разузнавачките служби во борбата против хибридните закани

### 4.1.Разузнавањето во борба против тероризмот и бунтовништвото

Во војна со друга држава разузнавачите собираат информации за непријателската држава, нејзините вооружени сили, надворешна политика, индустрија, економија и др. Во борбата против тероризмот и бунтовништвото е потребно да се собираат информации пред се за сопствената популација, условите во својата држава, перцепциите на популацијата, иако е потребно и собирање информации за држави кои ги подржуваат бунтовниците или терористите или за организации и групи кои делуваат во странство.По завршувањето на студената војна, а особено по нападите врз САД од септември 2001 година како најголеми закани по безбедноста на државите се тероризмот и бунтовништвото. Во оваа борба против овие закани главната улога ја има токму разузнавањето. Собирањето на информации е од витално значење, бидејќи со помош на нив, ќе се спречи планирањето и извршувањето на терористички акти и ќе се заштитат

потенцијалните жртви.  Како еден од изворите за осознавање на мислењата на популацијата се анкетите. Меѓутоа доколку постои недоверба на популацијата кон државните институции тоа значи дека тие не би ги изнеле своите вистински и критички ставови кон институциите на државата, надвор од средина во која имаат доверба[367]. Информациските операции се клучот на успех на сите други сегменти на операциите против бунтовниците и на нив треба да се гледа и од внатрешна и од надворешна перспектива. Од надворешна перспектива информациите за кампањата треба да имаат за цел две работи: изолација на бунтовниците од нивната поддршка и обнова на кредибилитетот на Владата со локалното население[368].Од внатрешна перспектива информациите се клучни за одржување на висок морал на поединците[369]. Без оглед на формите, разузнавањето наједноставно може да биде поделено на краткотраен рок со тесен фокус – тактичко, и долгорочно со оширен фокус – стратегиско разузнавање[370].

Разузнавачките служби поготово во високоразвиените европски држави освен собирање на информации за плановите на терористите и делувањето на организираните криминални групи, се занимаваат и со системската корупција и потенцијалните коруптивни врски во врвот на законодавната, судската и извршната власт. Таквите коруптивни врски секогаш претставуваат слаба точка на целокупниот систем на државната безбедност и со помош на нив по правило се врши реализација на безбедносните закани, вклучувајќи го тука и тероризмот.

Во општествените околности на модерниот свет, во кој постои изобилство на најразлични видови на извори на информации, главен проблем нее недостатокот туку хиперпродукцијата на информации. Ова хиперпродукција може да доведе до нарушување на квалитетот на разузнавањето, односно може да предизвика „разузнувачко слепило“[371]. Разузнувачките служби пред се благодарејќи на способните кадри, организационата структура која ќе биде прилагодена на безбедносните предизвици и успешна селекција на јавно достапните, проверени информации, би биле оспособени да формираат целовита

[367]Илиев Александар, Разузнавање во противбунтовништво, ЗД Графосервис, Струмица, 2014,стр.165.
[368] Countering irregular threats a comprehensive approach достапно на: www.fas.org/irp/dodder/usmc/irreg.pdf(14.12.2016).
[369]Ибид.
[370] Richard Hughbank, Intelligence and its role in protecting against terrorism, достапно на: www.scholarcommons.usf.edu
[371]http://nardus.mpn.gov.rs/bitstream/handle/123456789/5142/Disertacija764.pdf?sequence=1&isAllowed=y,181

разузнавачка слика за предметите на нивен интерес. Затоа во работата на разузнавачките служби се поголема улога имаат аналитичарите, а се помала оперативците. Улогата на оперативците кои што ги собираат информациите од своите соработници – агенти, и понатаму е доминантна во сверата за борба против тероризмот и организираниот криминал. Тоа е докажано на примерот со САД, кои по терористичкиот напад од 11 септември 2001 сватиле дека претерано дадената улога на техничките средства и запоставувањето на човечкиот фактор во разузнавачката работа може да доведе до големи пропусти со кобни последици[372]. Оперативците најмногу се користат во акции кои вклучуваат влијание на донесување на одлуки кои се релевантни за разузнавачката работа. На пример, во денешно време, оперативците во најразвиените разузнавачки структури се високопозиционирани службеници, па дури и политичари, кои благодарение на своето место во политичкиот систем на различни начини можат да влијаат на донесувањето на одлуки во целокупниот систем на власт на некоја земја. Тоа се или корпоративни службеници на безбедносните структури на друга земја, дипломати па дури и министри во влада или нивни советници, лидери на политички странки и други структури кои можат во клучни моменти директно или индиректно да влијаат на донесувањето на некоја битна одлука[373].

Уште еден од примерите каде што добро може да се види каква е улогата на разузнавањето во борбата против бунтовништвото и тероризмот е Ирак. Непосредно пред нападот на Ирак, најголемиот дел од разузнавачките податоци биле собирани од разузнавачките служби на САД. Така според известувањата на Сенатот[374], по извршените истраги за работата на разузнавачката заедница на САД, а во врска со оправдување на нападот врз Ирак доколку дојде до интервенција, се наведени пропусти но и точни проценки на разузнавачите. Како битен пропуст е причината за почеток на интервенцијата, пример информациите дека Ирак поседува оружје за масовно уништување, што подоцна излезе како неточно.

---

[372] Милошевић М., Срећковић З., Безбедносне службе света, Војноиздавачки завод, Београд, 2010, стр. 585.
[373] Фатић А., Модалитети обавештајног рада, Ревија за безбедност, бр. 3/2007, стр. 18.
[374]Види поопширно на http://nsarchive.gwu.edu/NSAEBB/NSAEBB254/doc12.pdf(17.12.2016).

4.2.Разузнавањето во борба против организираниот криминал

Организираниот криминал во неговите сложени облици претставува закана по националната безбедност на државите. Причината за тоа е огромните финансиски и материјални штети кои што настануваат како последица на некој од облиците на организиран криминал, и нивното влијание врз опстојувањето на стопанските капацитети на државите кои ги претставуваат економските столбови битни за стопанската и економската стабилност на државите, со тоа сериозно можат да го нарушат функционирањето на правниот систем и функционирањето на правната држава во исто време. Бидејќи организираниот криминал е прикриено криминално дејствување, на полицијата често не и е лесно да го дознае идентитетот на учесниците и точниот обем на криминалните потфати. За да дојдат до таа цел, службите задолжени за спроведување на законите мораат да собираат информации за евентуалните припадници на организираниот криминал што ќе им помогнат во иследувањата[375]. Собирањето на разузнувачки податоци, односно отварањето на разузнувачи досиеја, чии што податоци понатаму се користат при документирањето на инволвираноста на лицето во криминални активности е од голема полза во понатамошниот тек на истрагата. Сето ова ја наметнува потребата разузнавачкиот апарат на државата, во својот делокруг на интерес да ги има сложените облици на организираниот криминал, кое и е неопходно да се отстапат на јавното обвинителство[376].

Во однос на борбата против организираниот криминал, разузнавачките служби вообичаено најмногу внимание посветуваат следните негови облици[377]:

- Илегалната миграција,
- Илегалната трговија на оружје (особен интерес е она оружје кое во натамошната фаза се користи од страна на терористички групи и/или криминални банди),
- Недозволена трговија со наркотици,
- Корупција во рамките на јавната администрација (државниот апарат),

[375]Мајкл Д. Лајман, Гери В. Потер, Организиран криминал, четврто издание, Магор, Скопје, 2009 година, стр.481.
[376]Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнувачки операции, Соларис принт, Скопје 2010 година, стр.194.
[377]Ибид.

- Спрега на носители на јавни функции, државни службеници со структурите на организираниот криминал.

Разузнавањето кое се занимава со организиран криминал е познато како криминалистичко разузнавање. Криминалистичкото разузнавање претставува работење со поврзани и неповрзани веродсостојни факти кои подвргнати на анализа, можт да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето и профитот на кој било вид илегална активност и се употребуваат за да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат и контролираат активностите на организираниот криминал, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на организираниот криминал и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела[378].

Основна цел на собирањето на информации за криминалистичкото разузнавање е да му помогне на полицаецот при извршување на неговите должности. Тоа е процес кој се користи со најразлични креативни, но легални методи за собирање, анализа и дистрибуција на информации во поглед на потенцијални или актуелни криминални активности. Целни групи се[379]:

- Поединци припадници на организирани криминални групи или се членови на истите или пак на организации вклучени во илегални активности (трговија со луѓе, проституција, перење пари, фалсификување, трговија со оружје и сл.),
- Припадници на организирани групи за појава на нереди, уништување на имот или насилство,
- Припадници на организирани групи за тероризам, поставување на експлозивни направи и киднапирање,
- Припадници на организирани групи кои преку примена на насилство прават кривични дела насочени против животот и телото и против половата слобода и морал,
- Функцијата на полицијата на планот на криминалистичкото разузнавање треба да се следи постојано за да се осигура дека човековите права и слободи нема да бидат повредени без легална оправданост.

---

[378]Злате Димовски, Прирачник, Криминалистичко разузнавање, Графотранс, Скопје 2007 година, стр.12.
[379]Злате Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност,Скопје 2016,стр.18.

Криминалистичкото разузнавање како модел на реализирање на активности во функција на спротивставување на се повеќе растечкиот криминал, како сопствен предмет има[380]:

- Да разрешува дела на криминал,
- Да ги развие ефективните стратегии и тактики за превенирање на идни дела,
- Да се пронајдат и фатат сторителите,
- Да се поднесат соодветни пријави,
- Да се обезбеди доказен материјал,
- Да се подобри безбедноста и квалитетот на животот,
- Да се оптимизираат интерните операции,
- Да се даде приоритет на патролата и истрагата,
- Да се лоцираат ресурсите,
- Да се иницираат и поддржуваат идни истражувачки потреби,
- Да се едуцираат припадниците на своите редови, останатите од службите и агенциите и јавноста.

Криминалистичкото разузнавање се применува за проучување, следење, градење на стратегии, профилирање на сторители, настани и средства за извршување, насочување и обезбедување на доказен материјал за покренување на судски постапки спрема одредени лица осомничени за извршено одредено кривично дело. Најважна придобивка е што полицијата обезбедува средства за ефикасни стратегии со кои може проактивно да се делува на влијанието на организираниот криминал, а второстепената придобивка е способноста да се наосчи и искористи истиот процес за идентификација и разрешување на поедини кривични дела. Ефикасно организираното криминалистичко разузнавање подразбира покрај прибирање и интерпретација и примена на информациите за градење на стратегии за спротивставување на одредени облици на криминалитет[381]. Интерпретацијата ја дефинира аналитичкиот процес, а примената употребената вредност на крајниот производ.

Во основа криминалистичкото разузнавање се состои од[382]:

- Прибирање информации,

[380]Ибид.18.
[381]Ибид.19.
[382] Gottshalk, Petter,Policing Organized Crime, Intelligence Strategy Implementation, CRC Press, New York,2010.

- Пребарување низ добиените необработени податоци,
- Составување на информациите и податоците,
- Извлекување правилни заклучоци,
- Пренесување на истите до раководството.

5. Разузнавачка соработка

Размената на информации помеѓу разузнувачките служби на различни земји не е ништо ново. Без оглед дали се работи за некои од светските сили како што се САД, Русија, Кина или се работи за некои помали и послаби држави, размената на информации секогаш била еден од начините за собирање на неопходните информации бидејќи ниту една разузнавачка служба не може во целост сама да ги собере сите неопходни информации.

Колку и да се блиски односите помеѓу две држави на политички план, она што ќе се добие при размена на разузнувачки информации меѓу две разузнавачки служби од две (пријателски земји), не смее секогаш стопроцентно и безрезервно да се земе дека со апсолутна сигурност е точно и веродостојно во целост. Од друга страна, постои посебен феномен дека секоја разузнавачка служба за себеси смета дека е најдобра и дека информациите кои таа во вид на разузнавачки информации (производи) ги дистрибуира до другите (партнерски) служби ги смета единствено за објективни, целосни, проверени и точни[383].

Секој нареден контакт, односно размена на разузнавачки информации со сродна, партнерска, странска разузнавачка служба, може да предизвика многу опасности и ризици меѓу кои:

- Пробивање на разузнавањето од страна на некоја странска агенција или нејзините корисници,
- Небрежно работење со материјалот и негово протекување во јавноста или негово намерно користење при размената со другите разузнавачки контакти[384].

6. Контраразузнавање

[383]Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнувачки операции, Соларис принт, Скопје 2010 година, стр.205.
[384]Мајкл Херман,, Моќта на разузнавањето во мир и во војна, Академски печат, Скопје, 2009 година, стр.236.

Контраразузнавањето може да се дефинира како разузнавање за непријателски разузнувачки активности и капацитети за демаскирање на непријателски разузнувачки операции[385].

Контраразузнавање значи собирање на информации и спроведување на активности за заштита од шпионажа и други разузнавачки активности, саботажи, или атентати спроведени за или во име на странските сили, организации, лица или меѓународни терористички активности[386].

Според законот за Федералната служба за безбедност на Руската Федерација контраразузнавачката активност се дефинира како: делување со кое се откриваат, одвраќаат и пресекуваат разузнавачките и другите опасни делувања на странските разузнувачки служби, организации, поединци, кои се насочени кон загрозување на безбедноста на Руската Федерација[387].

Контраразузнавачка служба претставува дел од државната управа, што се занимава со откривање и спречување на дејствувањето на противничките разузнувачки служби, заштита на сопствените тајни и заштита на одредени објекти и работни места што можат да бидат мета на противничките служби[388]. Основната функција на контраразузнавачката служба претставува навременото откривање и оневозможување на дејствувањето на противничките разузнувачки служби на сопствената територија и спрема сопствената територија. Во таа смисла, оваа служба ги открива и спречува организациските единици на противничките разузнувачки служби – центри, потцентри и пунктови и нејзините професионални работници – разузнувачи што работат во нив, како и нивните агентурни мрежи на сопствената територија[389].

Најкарактеристична и најзначајна поделба на контраразузнавачките служби е на[390]:

- Офанзивни,

---

[385]Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков, Разузнувачки операции, Соларис принт, Скопје 2010 година, стр.157.

[386] Executive Order 12333, United States Intelligence Activities, 4 December 1981; counterintelligence is defined at section 3.4, subparagraph (a); copy of E.O. 12333 available at http://www.odci.gov/cia/information/eo12333.html.

[387] Федеральный Закон Об органах Федеральной службы безопасности в Российской Федерации, 03.04.95, Но. 40-ФЗ (СЗ Но. 15-95 г. ст. 1296), (Принят Государственной Думой 22.02.95.г., изме- нен и дополнен 01/12/99).

[388]Батковски Томе, Разузнавачка и безбедносно- контраразузнавачка тактика, Сларис принт, Скопје, 2008, стр.143.

[389]Ибид.

[390]Котовчевски Митко, Современи разузнувачки служби, Македонска Цивилизација, Скопје, 2002, стр.67.

- Дефанзивни,
- Ресорни,
- Територијални и
- Други служби.

Според законот за Федералната служба за безбедност на Руската Федерација контраразузнавачката активност во операционална смисла се гледа како реализација на следните сложени работи и задачи[391]:

- Откривање, превенција и спречување на разузнавачките и други операции кои ги спроведуваат странски разузнувачки и други агенции, организации и поединци кои ја загрозуваат безбедноста на Русија,

- Координација на контраразузнавачките активности и мерки со кои се штити безбедноста на самата служба,

- Борбата против организираниот криминал, корупцијата, криумчарењето, легализирањето на кривичното делување, илегалните миграции, илегалната трговија со оружје, муниција, експлозиви, токсични агенси, дроги и психотропни супстанции, употреба на технички средства за тајно собирање на податоци,

- Спротивставување на екстремистичко делување, вклучувајќи делување на илегални милитантни групи, криминални синдикати и банди, поединци и јавни здруженија кои работат на вооружен бунт, загрозување на уставниот поредок на Руската Федерација, насилно доаѓање или враќање на власт,

- Борба против терористичко и субверзивно дејствување,

- Спроведување на офанзивни разузнавачки операции,

- Собирање и обработка на разузнавачки податоци,

[391]http://prezentacije.mup.gov.rs/upravazaobrazovanje/aktuelno/bezbednost_1_2_2009.pdf

- Заштита на државните граници,
- Заштита на државни тајни и спречување на акции за прислушкување од странски агенции,
- Акции за инфилтрација во странски разузнавачки служби и организации и други контраразузнавачки операции,
- Заштита на информатичката безбедност и податоци кои се државна тајна.

## <u>ГЛАВА VI</u>

# РАНЛИВОСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И СУВЕРЕНИТЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ВЛИЈАНИЕТО НА ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ

1. Дефинирање, поставеност и функционирање на националната безбедност

Безбедноста претставува сложен и комплексен општествен проблем. Етимолошки поимот безбедност потекнува од латинските зборови securitas – atis што значи сигурност, отсуство, опасност, неустрашивост, заштитеност. Во англискиот јазик се користат два изрази security и safety. Терминот security се користи во смисла за националната безбедност(secure-сигурен, осигурен) - national security, што имплицира на остварување и чување на државниот национален интерес, додека пак терминот safety означува способност на делување, како не би дошло до несакани безбедносни ситуации, или такви прилики кои што можат да предизвикаат и безбедносни импликации[392]. Проучувањето на безбедноста во глобални рамки е поддисциплина на еден поголем предмет, познат како Меѓународни односи[393]. Линијата која ги разделува Меѓународните односи од нејзините поддисциплини не е сосема јасна. Значи студиите на безбедност настанале како поддисциплина на меѓународните односи, а имајќи во предвид дека основна сфера на интерес на меѓународните односи е динамиката на меѓудржавните односи, основен предмет на студиите по безбедност е меѓународната или меѓудржавната безбедност[394].

Хју П. Во своето дело „Поим за глобална безбедност" ни ги дава четирите парадигми во меѓународните односи и студиите по безбедност па така:

- Реалистите според кои главната улога во меѓународните односи ја имаат државите,
- Плуралистите кои сметаат дека множеството на актери наместо само држави, ќе извршат влијание на светската сцена,
- Марксистите според кои економските грижи, а не воените или пак прашањата на моќта, се тие кои отсекогаш ја утврдувале судбината на луѓето,

[392] https://defendologija.files.wordpress.com/2012/10/radomir-keca-terorizam.pdf,п.47
[393] Хју П.,Поим за Глобална безбедност,Табернакул, Скопје, 2009 година,стр.2.
[394] Lipovac M., Dragan, Medzunarodna bezbednost-teoriski pristupi,Akademska knjiga, Beograd, 2014 godina, str.11.

- Социјален конструктивизам според кој владите дејствуваат според идеи, а не според националниот интерес[395].

Липман В. вели: една нација е безбедна до степенот до кој не е во опасност да ги жртвува суштинските вредности, ако сака да одбегне војна и е способна, ако е предизвикана, да ги одржува вредностите со победа во една таква војна[396].

Според Дончев А. Безбедноста ја подразбираме како динамична, комплексна и мултидимензионална категорија која е присутна во целокупното опкружување на нашето живеење, во отсуство на надворешно и внатрешно загрозување[397].

Според Волферс А. Безбедноста во објективна смисла, е отсуство на закани по усвоените вредности, а во субјективна смисла, значи отсуство на страв дека тие вредности ќе бидат нападнати[398].

Стајич Љ. Ја дефинира безбедноста како својство на некој реален општествен, природен или технички субјект(суштества, градби или објекти) кој се прикажува како воспоставена, одржана и унапредена состојба и (или) вредност, изразена преку минимум исполнети одредени(безбедносни) стандарди својствени на тој субјект, што му овозможува реална основа за опстанок, работа, раст и развој без оглед на предизвиците, ризиците, заканите, времето и местото на загрозување[399].

Поимот национална безбедност иако често се употребува во академските дисциплини и во секојдневаната комуникација на различни теми, не е еднозначно одреден. Најчесто националната безбедност се доведува во врска или дури се поистоветува со државна безбедност,а се подразбира и како севкупност на безбедносните функции на одредена политичка заедница[400].

---

[395] Види поопширно: Хју П.,Поим за Глобална безбедност,Табернакул, Скопје, 2009 година,стр.2-7.
[396] Цитирано во: Бузан Б., Луѓе, држави и страв, проблемот со националната безбедност во меѓународните односи, Академски печат, Скопје, 2010 година, стр.261.
[397] Дончев А.,Современи безбедносни ситеми, Графос, Куманово, 2007,стр.38.
[398] Simic D., Nauka o bezbednosti, Sluzbeni list SRJ, Beograd, 2002, str.29.
[399] Цветкович В., Ризик,моч,заштита, Службен гласник, Београд, 2010,стр.330.
[400] Бодин, М., Менаџмент националне и људске безбедности, Факултет безбедности, Београд, 2015 година,стр.41.

Претставникот на реалистичката школа Моргентау го сфаќа нацоналниот интерес како објективна категорија. Тој го одредува националниот интерес во терминот сила, како звезда водилка на државната политика, тој е непроменлив во времето и просторот[401].

Лоув М. вели: националната безбедност вклучува традиционална политика за одбрана и невоени акции за една држава да го осигура својот вкупен капацитет, да преживее како политички ентитет за да извршува влијание и да извршува внатрешни и меѓународни цели[402].

Според Димитриевич В., Националната безбедност е речиси идентична со државната безбедност. Таа се брани против заканите од надвор и внатре, зависно од тоа од каде на елитата на власт и се заканува опасност[403].

Гризолд пак вели:националната безбедност е безбедност на државата, а нејзината содржина ја опфаќа безбедноста на националната територија (вклучувајќи ги и воздушниот простор и територијалните води), заштитата на животите на луѓето и нивниот имот, одржување на националната сувереност и остварувањето на темелните функции на државата.[404]

Национална безбедност претставува колективен термин за одбрана и за надворешни односи на земјата, заштита на интересите на земјата[405]. Националната безбедност е безбедно чување на нацијата како целина[406].

2. Националните интереси на Република Македонија и проценка на можностите за нивно загрозување од хибридните закани;

Безбедносните национални интереси произлегуваат од темелните вредности утврдени со Уставот на Република Македонија. Траен национален интерес претставува

[401] Dimitrijevic V., Bezbednost i politicka zaednica str.31.
[402] Цитирано во: Бузан Б., Луѓе, држави и страв, проблемот со националната безбедност во меѓународните односи, Академски печат, Скопје, 2010 година, стр.261.
[403] Dimitrijevic V., Bezbednost i politicka zaednica str.24, dostapno na:file:///C:/Users/kiro/Downloads/documents.tips_72810670-01-dimitrijevic-1973-bezbednost-i-politicka-zajednica.pdf(11.10.2016).
[404] Антон Гризолд, *Словенија во изменета безбедносна средина*, Министерство за одбрана на РМ, Скопје, 2006, стр. 20.
[405] http://www.dictionary.com/browse/national-security
[406] http://index.heritage.org/military/2015/important-essays-analysis/national-security/

зачувувањето на независноста, сувереноста, територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата, како и нејзиниот мултиетнички и мултикултурен карактер.

Витални национални интереси се:

- заштита и унапредување на мирот, безбедноста, здравјето и личната безбедност на граѓаните;
- унапредување на мултиетничката демократија и меѓуетничките односи;
- заштита и унапредување на демократските вредности на државата: човековите слободи и права, владеење на правото, политичкиот плурализам, отворен политички дијалог помеѓу политичките партии, начелото на поделба на власта, заштита на културниот идентитет и на наследство на сите граѓани;
- стимулирање одржлив економски и социјален развој на државата врз принципите на пазарната економија, сопственоста и претприемништвото;
- политичко-воена интеграција во НАТО;
- политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија[407].

### 3. Институции (субјекти) кои ја остваруваат безбедноста во Република Македонија

Основните субјекти кои активно се вклучени во остварувањето на функциите на системот за национална безбедност на Република Македонија се : Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Советот за национална безбедност, Министерството за внатрешни работи (Управата за безбедност и контраразузнавање), Агенцијата за разузнавање, Министерството за одбрана (Воената служба за безбедност и разузнавање), Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за правда и другите министерства, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекција за заштита на лични податоци, Национален координативен центар за интегрирано гранично

[407] Бела книга на одбраната, Министерство за одбрана, Скопје 2012,стр.21.

управување, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, општествените и други субјекти[408].

4. Компоненти на системот за национална безбедност во Република Македонија

Компоненти на системот на национална безбедност во Република Македонија се: вооружените сили на РМ, полициските сили и разузнавачко-безбедносни служби на РМ[409].

4.1. Вооружени сили на Република Македонија

По распадот на СФР Југославија и осамостојувањето Република Македонија се одлучи да има сопствени вооружени сили преку кои ќе ги заштитува територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Токму вооружените сили претставуваат една од главните компоненти на националната безбедност. Вооружените сили се претставени од Армијата на Република Македонија. Согласно определбата на Република Македонија за членство во НАТО, во изминативе години беа извршени низа на трансформации на Армијата, со цел исполнување на НАТО стандардите. Последната трансформација прилагодена согласно критериумите на НАТО беше во периодот 2012-2015 година.Армијата на Република Македонија има одобрена бројна состојба од 8.133 активен воен персонал, а пополнувањето континуирано ќе се одржува на ниво од минимум 90%[410]. Покрај активниот состав, во состав на АРМ се и резервните сили кои се состојат од актовна и општа резерва. Новата структура на Армијата на Република Македонија, чија имплементација започна согласно мисијата, критериумите на земјите членки на НАТО, научените лекции и искуства се состои од[411]:

- Борбени сили ( се состојат од сили за специјални операции и конвенционални сили),
- Сили за борбена подршка,
- Сили за логистичка подршка.

[408] Митко Котовчевски, Организациска поставеност на новиот модел на системот за национална безбедност на Република Македонија, Современа Македонска Одбрана, бр23.стр.22.
[409]Котески Горанчо, АРМ низ призмата на националната безбедност, Јофи-скен,Скопје 2014 година,стр.35-42.
[410]Бела книга на одбраната на Република Македонија, Arberia Design, Скопје 2012. Стр.36.
[411]Котески Горанчо, АРМ низ призмата на националната безбедност, Јофи-скен,Скопје 2014 година,стр.62.

Согласно долгорочниот план за развој на армијата 2014-2023 планирани се 215[412] милиони евра за осовременување на армијата што претставува импозантна бројка на средства кои би се вложиле за модернизација на АРМ. Согласно планот би се набавиле:

- Оклопни транспортери,
- Неборбени моторни возила,
- Опрема за колективна и индивидуална АБХ-заштита,
- Замена на личното вооружување и набавка на автоматски пушки 5.56мм,
- Набавка на артилериски системи,
- модернизација на дел од воздухопловите.

Согласно долгорочниот план за развој на Армијата, АРМ би требало да се развие во модерна вооружена сила која ќе биде способна да се справи со новите безбедносни предизвици како и остварување на мисијата и задачите утврдени со Уставот на Република Македонија.

## 4.2. Полициски сили на Република Македонија

Основна функција на Полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството[413]. Полициските сили се состојат од активен и резервен состав. Организациската структура на полицијата е составена од следните организациски елементи: Биро за јавна безбедност и Централни полициски служби[414].

---

[412] Долгорочен план за развој на армијата 2014-2023, Министерство за одбрана, Скопје 2014 година, стр.34.

[413] Закон за полиција,член 3, достапно на: http://www.mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20policija,%20precisten%20tekst%2015.04.2015%20.pdf

[414] Закон за полиција, член 15,16 и 17.

## 4.3. Разузнавачко-безбедносни служби на Република Македонија

### Агенција за разузнавање

Мисијата на Агенција за разузнавање е реализација на активности и развој на капацитети за навремен одговор на безбедносните закани, ризици и предизвици во тековниот и идниот период.

Приоритет во активностите на Агенција за разузнавање се следните стратешки области на делување[415]:

- Идентификација на заканите и оперативно-разузнавачко делување
- Превенција на заканите
- Информирање на државниот врв
- Меѓународна билатерална и мултилатерална соработка
- Меѓуинституционална соработка
- Законитост и јавност во работата

Делокругот со надлежности на Агенцијата за разузнавање пропишан во Законот за Агенција за разузнавање опфаќа[416]:

- рано предупредување, процена и прогнози за тенденциите и можните безбедносни ризици по националната безбедност на РМ,
- прибирање податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната, стопанските, политичките и другите витални интереси на државата,
- прибирање податоци и информации за спречување на меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал,
- анализи и истражувања на податоците и информациите кои се од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и за стопанските, политички и други интереси на државата,
- техничка поддршка,
- активности за логистичка поддршка и безбедност во работата на Агенцијата за разузнавање.

[415] http://ia.gov.mk/nadelzni.html(14.07.2017).
[416]Ибид.

Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК)

Управа за безбедност и контраразузнавање е формирана со Законот за внатрешни работи, донесен во 1995 година, со тоа што тогаш била именувана како Дирекција за безбедност и контраразузнавање. УБК врши работи од областа на безбедноста и контраразузнавањето.

Според законот за внатрешни работи  надлежности на УБК се :[417]:

- контраразузнавање;
- тероризам;
- активности кои ги загрозуваат демократските институции на земјата или поддржуваат нивно насилно отфрлање;
- организиран криминал кој потекнува од или е насочен кон демократските институции на земјата.

Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање (ССВБиР)

Сместена во рамките на Министерството за одбрана, ССВБиР доби мандат и надлежност со донесувањето на Законот за одбрана во 1992 година[418] кој беше заменет со Законот за одбрана во 2001 година во кој е подетално образложено нејзиното дејствување[419].

Како што е утврдено со Законот за одбрана од 2001 година, делокругот на работа на ССВБиР опфаќа[420]:

- собирање, документирање и анализирање разузнавачки податоци важни за националната одбрана;

---

[417] Закон за внатрешни работи. („Службен весник на Република Македонија бр. 92/09"),член 16.
[418] Закон за одбрана. („Службен весник на Република Македонија бр. 8/92"). Член 119,
[419] Закон за одбрана. („Службен весник на Република Македонија бр. 42/2011"). Член 133.
[420] Закон за одбрана. („Службен весник на Република Македонија бр. 42/2011"). Член 133

- откривање и спречување субверзивни активности кои потекнуваат од странски разузнавачки агенции или други меѓународни групи (како терористички организации) важни за националната одбрана;
- заштита на вооружените сили;
- заштита на доверливи информации од одбраната.

## 5. Облици на загрозување на националната безбедност на Република Македонија

### 5.1. Актуелни и потенцијални закани по националната безбедност на Република Македонија

Во последната деценија се поголем е бројот на политичари, експерти, професори и обични луѓе кои што веруваат дека токму хибридните закани се егзистенцијална закана по светот. Опасноста од појава на хибридните закани за Република Македонија е реална, а степенот на загрозеноста ќе го добиеме врз основа на безбедносна проценка за ваков вид на закани.

#### 5.1.1. Директни безбедносни закани

##### 5.1.1.1. Лица повратници од вооружените судири на Блискиот Исток

Појавата на голем број на граѓани од Република Македонија и од нашето соседство поготово од Косово кои учествуваат во воените судири во земјите на Блискиот Исток, особено во Сирија. Дел од овие учесници ги губат животите на бојните полиња но голем дел се враќаат во своите матични земји. Постојат низа на вакви примери па така во еден натпис во курир од 2013 година е изнесена проценката на Илир Кула, безбедносен експерт од Албанија кој проценува дека само во неколку месеци во 2013 година, најмалку 300 Албанци од Албанија, Косово и Македонија заминале во Сирија за да се борат во име на светата војна. Нивните уверувања доаѓаат од исламската вера. Тие не се трговци, туку волонтери убедени дека се борат за добри цели. Склони на религиозни манипулации дека војната во Сирија навистина е света војна – нагласува Кула. Во Сирија во август 2014 година, загинува дваесет и тригодишниот Бурхан Беслими од скопската населба Гази Баба, загинал како борец на една од радикалните исламистички сили на

боиштето во Сирија. Тогаш беше објавено дека според непотврдените информации, Беслими во Сирија се борел во редовите на џихадистичкото движење Исламска држава под името Абу Бакр ал-Сидик. Во јануари истата година порталот на алабански јазик Portalb јави дека 22-годишниот Алим Османи од Скопје тогаш беше четвртиот Албанец од Македонија кој загинал во Сирија борејќи се на страната на Слободната сириска армија (FSA) против војската на владата на сирискиот претседател Башар ал-Асад. Веста тогаш ја потврдија неговите најблиски кои изјавиле дека Османи заминал во Сирија во средината на минатата 2013 година за да им се придружи на бунтовниците кои се борат против власта на Асад. Во мај 2013 година беше убиен 28-годишниот Расим Зеќири од гостиварското село Беловишта, кој подолго време живеел во Австрија. Осум месеци пред да биде убиен заминал за Сирија и се борел на страната на Џабхат ан-Нусра односно сириското крило на Ал Каеда. Потоа беше убиен оџата од Скопје, Сами Абдулахи. Тој загинал во жестоките борби меѓу сириските бунтовници и милициите на Курдите во Сирија кон средината на јули кај Рас ал-Аин каде им беше нанесен тежок пораз на борците на движењата Фронтот ал-Нусра во кој според разузнавачки информации се борат и платеници и исламски фундаменталисти од Босна и Херцеговина, јужна Србија, Косово и Македонија[421]. Во полициската акција позната под кодно име „Ќелија“полицијата откри дека во интернет кафе, во џамијата Тутунсуз, во приватни куќи и во објекти на невладини организации се подготвувале и се врбувале нови војници од Македонија за да се борат на страната на терористичката организација на боиштата во Сирија[422]. На врвот на групата се наоѓал имамот Реџеп Мемиши, кој се смета за еден од идеолозите на ова екстремистичко движење во Македонија. Полицијата претресувала 28 објекти, од кои 21 во Скопје, четири во Гостивар и по еден објект во Тетово, Куманово и Струга. Претреси биле извршени во џамијата Тутунсуз којашто не е под контрола на Исламската верска заедница, во интернет кафе како и во објектите на невладините „Искара на Милоската“ и „Исламска младина“ во Сарај[423]. Регрутирањето на членовите

---

[421]Медиуми: Во борбите во Сирија загинал македонски државјанин,http://makfax.com.mk/makedonija/mediumi-vo-borbite-vo-sirija-zaginal-makedonski-drzavjanin/

[422]МВР: Во џамии, невладини и интернет кафулиња се регрутирале борци за Сирија,https://kajgana.com/mvr-vo-dzhamii-nevladini-i-internet-kafulinja-se-regrutirale-borci-za-sirija(11.02.2018).

[423]Ибид.

бил долготраен процес, осомничените заминувале со фалсификувани патни исправи преку Турција за да се борат во Сирија на страната на терористичките организации. Социјалните мрежи биле една од главните алатки за врбување на членовите. Подоцна 6 лица се осудени на 5 години затвор, додека еден е осуден на 7 години затвор. Оџата од чаир Реџеп Мемиши, по спогодбата со обвинителството добил 7 години затвор, за учество и организирање паравојска и регрутирање војници за борба во Сирија. Другите 5 лица биле вклучени во групата која учествувала во логистика и организирање на војниците за во Сирија[424]. Подоцна се осудени уште 5 обвинети на казни од две до четирииипол години. Според проценките на МВР во 2015 година, околу 130 граѓани се бореле или се борат на боиштата во Сирија а 16 биле загинати. Оваа бројка секако не е дефинитивна и постојано се менува. Претседателот Ѓорге Иванов во една изјава во 2016 година, посочува дека „Само во Македонија имаме 72 повратници, лица што учествувале на боиштата“[425].

Во периодот 2015 -2016 година се случија голем број на терористички напади на тлото на Европа - На 19 декември 2016 година радикализиран Тунижанец со украден камион влета во Божиќниот базар во Берлин и притоа усмрти 12 лица. Во нападот имаше десетици повредени лица. Напаѓачот побегна од местото на нападот и беше ликвидиран во Милано од италијанската полиција.

- На 14 јули 2016 година, радикализиран маж, кој живеел во Ница, со камион прегази мноштво луѓе, кои биле собрани на крајбрежниото шеталиште во градот на Денот на националниот празник на Франција. Во нападот загинаа 86 лица и стотици беа повредени.

- На 22 март 2016 година, атентатори се кренаа во воздух на аеродромот во Брисел и на метро-станица во градот и притоа усмртија 32 лица. Стотици други беа повредени. Истрагата утврди дека атентаторите се поврзани со групата која ги изврши нападите во Париз, на 13 ноември.

---

[424]Високо ниво на безбедност: Македонија ги следи вратените борци од Сирија, http://faktor.mk/visoko-nivo-na-bezbednost-makedonija-gi-sledi-vratenite-bortsi-od-sirija/.

[425]Кој ги контролира македонските џихадисти повратници од Сирија?,http://www.dw.com/mk

- На 13 ноември 2015 година, напаѓачи ја нападнаа концертната сала Батаклан во Париз и уште неколку објекти низ градот и притоа убија 130 лица. Во нападите имаше стотици повредени. Атентаторите беа поврзани со Исламската Држава.
- Во периодот од 7 до 9 јануари 2015 година напаѓачи упаднаа во редакцијата на „Шарли ебдо" во Париз и убија 12 лица, а паралелно со нив напаѓач зеде заложници во еврејски супермаркет во Париз и уби четири лица. Напаѓачите беа поврзани истовремено и со Ал Каеда на Арапскиот Полуостров и со Исламска држава.

Во голем дел од горенаведените терористички напади на тлото на Европа беа инволвирани учесници во војната во Сирија, кои заедно со мигрантите преминале на територијата на Европа.

5.1.1.2. Организираниот криминал и корупцијата

Закана за безбедноста по Република Македонија претставуваат и организираните криминални групи, особено поради нивната поврзаност со бунтовничките и терористичките групи. Организираните криминални групи не го користат тероризмот како алатка за остварување на своите цели, меѓутоа честопати се во тесна соработка со терористичките групи заради остварување на сопствените цели.

Распадот на СФР Југославија, кој беше проследен со војни на нејзината територија еден подолг период и бавната транзиција, создадоа плодна почва за развој на организираниот криминал на оваа територија. Така и во Република Македонија, како млада демократија која помина во еден турбулентен период на бавна транзиција, период проследен со блокади од јужниот сосед, терористички напади, конфликт во 2001 година постоеше поволна состојба за развој на организирани криминални структури. Во Република Македонија, најдоминантен тип е институционалниот тип на организиран криминал, а најдоминантен облик е организираниот финансиски криминал[426].

Организираниот финансиски криминал во Република Македонија најмногу ги опфаќа: кривичните дела од областа на корупцијата, кривичните дела против јавните

[426]Лабовиќ М.........стр275.

финансии, платниот промет и стопанството и кривичните дела против имотот. Карактеристично за Република Македонија е тоа што одредени облици на организиран криминал, како што се недозволена трговија со дрога, трговија со луѓе, криумчарење на мигранти, недозволена трговија со оружје иако се присутни, не се остваруваат преку инволвираност на највисоки функционери од државните структури, освен инцидентна поврзаност на претставници од високите, средните и пониските ешалони на државната власт со активности на организираните криминални групи[427]. Токму големата застапеност на институционалниот тип на организиран криминал со инволвирање на лица од самиот државен врв, беше причина за формирање на специјалното обвинителство, кое што покрена повеќе судски процеси против високи функционери од Република Македонија, овие процеси се сеуште во тек без судски пресуди.

Проф. Милан Мијалковски прави поделба на организираниот криминал на системски и вонсистемски облик на организиран криминал. Во системски облик спаѓаат злоупотребата на службената положба и овластувања, додека во вонсистемскиот се трговијата со луѓе, наркокриминалот,перењето пари, трговијата со оружје, насислтвото, шверцот со акцизни стоки. Организираните криминални структури во Република Македонија кои што се бават со вонсистемски организиран криминал, главна цел им претставува стекнувањето наматеријална корист преку трговија со оружје, дрога, трговија со луѓе, криумчарење на мигранти, акцизни стоки и други нелегални дејствија од кои што се остваруваат големи нелегални профити.

#### 5.1.1.3. Зелена трансверзала

Поимот зелена трансверзала за првпат се појавува во 14 век, тоа е тектонска пукнатина низ која турците го ширеле своето влијание на Балканот. Линијата на продорот се движела од Тракија, преку Македонија, Косово, Санџак па се до реката Уна во Босна и Херцеговина. Подоцна со поразите на Турција во балкаснките војни и Првата светска војна овој поим го губи своето значење. Зелената трансверзала во последно време пак станува актуелна особено се поизразеното влијание на Турција на Балканот. Според оваа теорија би се формирала една муслиманска супер држава која би опфаќала делови од

[427]Проценка на закани од сериозен и организиран криминал, МВР на РМ, 2016, стр.15

Албанија, Косово, Македонија, Бугарија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Со помош на овој проект Турција би го зголемила своето влијание на Балканот а со тоа и врз Европа. Во прилог на оваа теза оди и тоа што најголемиот број на муслимани на Балканот живеат токму во деловите вдолж трансверзалата, постојат само две пукнатини вдолж тој ланец и тоа Источна Македонија која ги двои најисточните Албанци од Кумановските села со најзападните таканаречени Помаци во југозападна Бугарија во  Благоевградската област. Втората е триаголникот Варош-Приеполе-Плевја по должина на патот и железничката пруга Белград – Бар[428].

Турскиот премиер Реџеп Таип Ердоган за време на посетата на Косово, во своето обраќање во Призрен изјавил:„Драги браќа и пријатели, ние имаме заедничка култура и цивилизација, немојте да заборавете дека Турска е Косово и Косово е Турска, ние сме толку блиски, така што авторот на турската химна Мехмет Акиф Ерсој е од Пеќ, Косово“[429].Турскиот министер за надворешни работи Ахмет Даватуоглу при една посета на Сараево изјавил: „Ние сакаме нов Балкан втемелен на политички вредности, економска независност, кооперација и културна хармонија“. Исто покрај останатото истакнува: Тоа е слично на Отоманскиот Балкан. Ние сакаме да го оживееме таквиот регион на Балканот... Отоманските векови биле успешна приказна и треба да бидат обновени[430].

Секако за остварување на ваквата теза можат да се искористат остатокот на радикални исламистички движења  кои учествуваа во војните на поранешна Југославија, на просторите на Босна и Херцеговина, Косово, Република Македонија и се сеуште присутни на Балканот.

#### 5.1.1.4. Проект Голема Албанија односно Република Илирида

Создавањето на Голема Албанија добива на интензитет по распадот на СФР Југославија кога се формираат терористички организации кои под мотото дека се борат за човекови права на Албанците, всушност дејствуваа во насока на создавање на една голема

---

[428] Zelena transverzala – Autor: Dr Srđa Trifković, достапно на:http://jadovno.com/zelena-transverzala-autor-dr-srdja-trifkovic/#.Wxma2C5ubIU (07.06.2018).

[429]*Момчило* Сакан ,ГЕОПОЛИТИКА РЕПУБЛИКЕ ТУРСКЕ, достапно на:http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_1-2015/67-2015-1-05-Sakan.pdf(08.06.2018).

[430]Јефтић-Шарчевић, Н, *Западни Балкан у пројекцији „Турске стратешке визије*" УДК: 355.43(497+560). (http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2010/0025-85551004691J.pdf 30.1.2012).

албанска држава. Корените на оваа идеја датираат од 1878 година, кога од 5 до 17 јуни во Призрен е формирано здружение за одбрана на албанскиот народ или познато како Призренска лига[431].За време на втората светска војна во Призрен во 1943 година е обновена идејата на Призренската лига за Голема Албанија, овој настан го добил името Втора призренска лига, додека пак во 1946 година во САД група на албански имигранти излегле со воена политичка организација таканаречена Трета призренска лига а целта била иста како и претходните создавање на Голема Албанија. Дејствувањето на терористички организации за остварување на овој концепт на просторот на поранешна Југославија продолжило и по завршувањето на Втората Светска војна, поготово на територијата на АП Косово. Во овој период во АП Косово се вршело населување на просторот со Албанци и иселување на неалбанското население. Така во периодот 1948-1956 година се дојдени околу 40 000 Албанци во СФР Југославија[432], додека во периодот 1941-1987 година протерани биле околу 500 000 Срби и Црногорци[433]. Паралелно со сето ова растел и бројот на терористички организации на Косово кој во периодот 1981-1988 се зголемил за 22 пати во споредба со претходниот осумгодишен период. Според Радослав Гацинович парите од федералниот буџет што се издвојувале за ревалитизација на Косовското земјоделство всушност биле трошени за купување српските куќи под притисок на Албанците[434]. Истото се случувало и во Македонија, така според Јован Трифуновски после Втората светска војна албанското население во пределот на Западна Македонија го откупувало земјиштето на Македонците, Торбешите, Турците кои пак во голем дел се иселувале. На тој начин се вршело живо внатрешно разместување на албанското население во Западна Македонија[435]. Така албанското население практично се споило со Албанците од Албанија и Косово. Бранко Павлица објаснува дека во суштина целта на косовските и македонските Албанци, била и останала да со висок природен прираст-етничко запоседнување, односно етничко чистење од една страна и со насилство од друга

[431] Petrit Imami, Srbi I Albanci kroz vekove, Beograd 1998, str.76.
[432]Пантелич Н.,Генеза албанског екстремизма и тероризма на Косову и Метохији, стр.105-106.
[433]Попович В., Прошлост Косова и Метохије, упозорење за будучност, Косово и Метохија-изазови и одговори, Институт за геополитичке студије, Београд, 1997, стр 404.
[434]Марко Филијович, Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), докторска дисертација, Београд, 2014,стр,187.
[435]Трифуновски Ј.,Западна Македонија, стр.650, превземено од: Марко Филијович, Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), докторска дисертација, Београд, 2014,стр,189.

страна конечно да се остваро враќањето на албанските етнички територии. Авторот заклучува дека ваквиот распоред на албанското население во Македонија, стратегиски е потполно согласен за подготовките за реализација на плановите на Првата, Втората и Третата призренска лига, односно за создавање на Голема Албанија, бидејќи оживувањето на исламот на Балканот во демографска смисла (било и останало) во функција на таа историска идеја[436]. Аспирациите за реализација на оваа идеја продолжуваат и по распадот на СФР Југославија.  За време на бунтот против режимот на Сали Бериша во Албанија во 1997 година, граѓаните ги демолирале касарните и одзеле преку 650 000 различни парчиња на оружје кое подоцна завршило во рацете на припадниците на ОВК во Косово и ОНА  во Република Македонија. На 20 октомври 1998 година е изработена „Платформа за решавање на албанското национално прашање од страна на Албанската академија на науки од Тирана, која била преведена на англиски јазик и доставена на сите релевантни политички органи во светот. Единствена цел на Албанците, според „Меморандумот“ е нивно обединување во единствена самостална албанска држава. Албанската академија на науки во дадениот документ во 1998 година докажувала дека обединувањето на сите етнички албански територии во една национална држава е оправдана желба на сите Албанци. Во платформата се тргнува од фактот дека Албанците на Балканот практично се поделени во 5 држави и дека е потребно нивно интегрирање[437]. Во 1990 година била формирана Ослободителната војска на Косово (ОВК). Политичките раководства на сите влијателни политички партии на Косово ги дефиниралљ заедничките цели на дејствување формирајќи „Национален фронт за ослободување на Косово“. Наведената организација во својата програма имала два правци на делување и тоа: првиот правец да со политички средства се решава проблемот на Косово и вториот формирање на ОВК која со вооружена борба би обезбедила создавање на Република Косово. Усвојувајќи ја Декларацијата за независност на Косово и  Уставот на Република  Косово, албанските екстремисти на основа на тие документи основаат свои илегални органи и власти. Напоредно со сето ова започнале подготовки за создавање на сопствени вооружени сили кои ќе обезбедат услови

---

[436]Павлица Б, Албанска мањина у Републици Македонији – од међуетничких сукоба до албанског тероризма 1991-2001, стр.345, превземено од: Марко Филијович, Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), докторска дисертација, Београд, 2014,стр,190.
[437]Марко Филијович, Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), докторска дисертација, Београд, 2014,стр,218.

за отцепување и создавање на сопствена држава. Наведената цел требало да се одвива во три фази:во првата би се основале сепаратистички организации, во втората би се извршила масовност на движењето, а во третата би се превземале вооружени акции[438]. Во периодот 1991-1997 година се реализираат првите две фази. Првин се создавале силни терористички организации и банди ко ги напаѓале цивилите претежно Албанци лојални кон државата, припадниците на полицијата и на армијата. Основна цел на овие операции била да се зголеми моралот на припадниците на терористичките банди, да се регрутираат нови припадници како и да се насочи вниманието на светската јавност за проблемот на Косово. Третат фаза ја реализират од 1997 година кога започнуваат да се појавуваат како униформирани воени единици па се до 1999 година по донесувањето на Резулуцијата 1244 на Советот за Безбедност на ООН на 10 јуни 1999 година. За да ги настават своите активности на останатите „албански територии“ се формираат нови терористички организации, како што се : Ослободителна народна армија (ОНА), Ослободителна војкса на Прешево, Бујановац и Медвеѓе (ОВПМБ), Ослободителна војска на источно Косово (ОВИК), Ослободителна војкса на Плава и Гусиња (ОВПГ) и Албанска национална армија (АНА)[439]. Овие организации се формирани од довчерашните припадници на ОВК, а нивната цел била усмерена кон Западна Македонија, како и во општините Прешево, Бујановац и Медвеѓе.Во 2008 година Косово станува независна држава.

Со сличен модел на делување како и на Косово, албанското малцинство се служело и во Република Македонија уште од процесот на осамостојување на Република Македонија. Па така тие не сакале во Уставот на РМ да бидат малцинство туку конститутивен народ. Својот револт го изразувале преку бојкот на референдумот, непризнавање на уставот на Република Македонија, противуставно распишување на референдум за република „Илирида“ со седиште во Тетово 10-12.02.1992, демонстративно истакнување на знамето на Република Албанија во Тетово и Гостивар (1992,1995,1997) и други слични активности со кои сакале да го истакнат своето незадоволство. Во 2001 година ОНА започнува со вооружени дејствија на територијата на Република Македонија, за што говоревме во

[438]Тероризам на Косову и Метохији и Албанија, Бела књига, Савезно министарство за иностране послове СРЈ,Београд, 1998 , стр.184.
[439]Марко Филијович, Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), докторска дисертација, Београд, 2014,стр,226.

претходните поглавја на трудот. По завршувањето на конфликтот во 2001 година, дејствувањето на терористичките организации на територијата на Република Македонија не престанува. Во 2004 година францускиот експерт за контратероризам Клод Монике изјавува дека во Република Македонија оперираат помеѓу 10 и 100 лица кои се поврзани со терористички организации[440]. Во Бродец во 2007 година, беше изведена акција против криминално терористичка група каде што беше пронајдено огромно количество на оружје кое се подготвувало да се користи за долготрајна борба. Потоа настаните од Смиљковко во 2012 година, како и во кумановско во 2015 година. Спроведувањето на тиранската платформа, преку барањето за двојазичност на цела територија на Република Македонија, истакнувањето на транспаренти на Голема Албанија на спортски натпревари, како и употреба на слоганот Илирида, позирањето со маичка Куманово е Албанија[441] од страна на поранешен репрезентативец на Република Македонија Таулант Сефери, писмото на арачиновецот Насуф Беќири еден од обвинетите за случајот во Диво Насеље, објавено во порталот на албански јазик „Без цензура", во кое што се заканува дека припадници на УЧК се насекаде во „албанските територии" и ако политичарите не се во можност да работат за интересите на албанскиот народ под ПЈРМ, тие ќе ја донесат на крајот многу посакуваната слобода[442], продолжувањето на раселувањето на неалбанското население од просторот на Западна Македонија, сите овие настани се добри показатели дека проектот за Голема Албанија, никогаш не престанал да се спроведува, и доколку не се превземат конкретни чекори постои голема опасност од негова имплементација во блиска иднина и на деловите на Западна Македонија и Јужна Србија.

### 5.1.2. Индиректни закани

#### 5.1.2.1.Меѓународниот капитал и транснационалните компании

Транснационалните компании се фирми кои имаат седиште во една држава, меѓутоа имаат формирано свои деловни единици во повеќе држави во светот.На глобално ниво најголема економска моќ поседуваат токму транснационалните компании и банките кои се

[440]Ибид.237.
[441]Провокација од екс македонскиот репрезентативец: Куманово е Албанија!, достапно на:https://republika.mk/924658(09.06.2018).
[442]Ако албанските политичари не донесат слобода во ПЈРМ, ќе ја донесе УЧК, достапно на: https://vesnik.com/makedonija/ako-albanskite-politichari-ne-donesat-sloboda-vo-pjrm-kje-ja-donese-uchk(09.06.2018).

водени од самиот интерес за остварување на се поголеми профити, а притоа истовремено овие глобални играчи се залагаат за што поголемо укинување на границите кои ги поставуваат националните економии.

Суштинска карактеристика на транснационалните компании е нивниот гигантизам, односно нивната огромна производствено-финансиска моќ со која тие добиваат водечка улога во економскиот живот на земјите (во нив е сконцентриран поголемиот дел од работната сила, капиталот и новите технологии)[443].

Вкупниот годишен промет на некои од овие џиновски компании и нивната актива многу често се поголеми од вредноста на БДП на поголемиот број земји во светот. Во почетокот на новиот милениум, според податоците на Светска банка, 64 држави имаа вкупен годишен бруто-производ помал од десет милијарди американски долари. Во исто време, според податоците на Центарот за следење на работењето на транснационалните компании при Обединетите нации, 68 транснационални компании од областа на рударството и на индустријата, 50 транснационални банки и 30 транснационални осигурителни компании имаа активи поголеми од тој износ. Оттука, цитирајќи го американскиот економист Ладвел Дени (Ludwell Denny), на најдобар начин може да се изрази суштината на американскиот начин на влијание на светот: „Не треба да ја повториме грешката на Британија - премудри сме за да владееме со светот, ние само ќе го поседуваме[444]. Според државниот завод за статистика во периодот 2003-2007 година, странските директни инвестиции во Република Македонија изнесуваат 1017,7 милиони долари[445]. Најголеми странски инвеститори во овој период во Република Македонија се: Австрија, Словенија, Холандија, Бугарија и Швајцарија. На овие 5 земји припаѓаат 63,4% од вкупните странските директни инвестиции. Во периодот од 2007 – 2016 година странските директни инвестиции во Република Македонија изнесуваат 637,20 милиони долари[446].

---

[443]Митко Кочовски, Меѓународни организации и интеграции, Штип 2013,стр.61. достапно на: http://eprints.ugd.edu.mk
[444]Ибид.
[445] http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.9.01.pdf
[446] http://investicii.prizma.mk/mk/rezultati/

За ваквите транснационални компании кои фигурираат на територијата на Република Македонија, иако можностите за терористички напади врз нив се големи, сепак до сега тие не биле предмет на напад на разните терористички групации. Секако тоа не значи дека терористите барајќи разни начини за постигнување на голем ефект ќе ги заобиколуваат ваквите објекти, напротив во минатото постоеле напади и врз нив, па така во 1993 година биле подметнати бомби во светскиот трговски центар, и подоцна во 2001 година кулите близначки во САД, каде што биле сместени претставништва на најголемите светски компании.

Од претходно изнесеното може да заклучиме дека постои низок степен на загрозеност на транснационалните компании од дејствата на хибридните закани.

#### 5.1.2.2. Странски дипломатски, конзуларни и други претставништва во Република Македонија

Дипломатско-конзуларни претставништва се[447]:

- Постојаните дипломатски мисии и
- Конзуларните претставништва.

Постојани дипломатски мисии се: амбасади кои се основаат во други држави и постојани мисии кои се основаат при меѓународни организации. Конзуларните претставништва можат да бидат основани во ранг на:генерален конзулат, конзулат, конзуларни канцеларии, почесен конзулат.

На територијата на Република Македонија дипломатските и конзуларните претставништва се стационирани пред се во главниот град на Република Македонија и еден помал дел во Битола.

Голем број од државите кои што имаат свои дипломатско-конзуларни претставништва во Република Македонија се наоѓаат под директни закани од различни терористички структури.

[447] http://www.mfa.gov.rs/sr/index.php/diplomatsko-konzularna-predstavnistva?lang=lat(14.06.2018).

Во минатото постојат голем дел на примери за напади врз вакви објекти, па така утрото на 4-ти ноември 1979 година околу 3000 студенти подржувачи на ајтолахот Хомеини го заземале комплексот на американската амбасада а вработените ги задржале како заложници. Во комплексот на амбасадата биле земени 63 заложници и 3 заложници во иранското Министерство за надворешни работи. Во наредните недели се ослободени неколку жени и неколку Афро – Американци при што останале 53 заложници. Подоцна е ослободен уште еден болен при што останале 52 заложници. Овие 52 заробеници се држани 444 дена во заробеништво.

На 18 април 1983 година[448] беше изведен самоубиствен бомбашки напад врз амбасадата на САД при што имаше голем број на загинати односно загинаа 63 членови на амбасадата на САД меѓу нив и осум припадници на ЦИА и неколку војници и еден маринец.

На 12 декември 1983 година шиитски екстремисти активирале автомобили бомби испред американската и француската амбасада во Кувајт[449]. Епилогот бил 5 загинати и 86 повредени.

На 7 август 1998 година во периодот од 10.30 до 10.40 часот по локално време 2 камиони бомби натоварени со експлозив речиси истовремено експлодираат пред американските амбасади во Дар ел Салам и Најроби при што загинале 223 лица и биле повредени над 4000 лица.На 20 ноември 2003 година, Ал каеда изведува терористички напад на британскиот конзулат во Истанбул.

Во нападот кој се случил врз американскиот конзулат во Бенгази, Либија на 11 септември 2012 година, бил убиен американскиот амбасадор Џеј Кристофер Стивенс и уште други 3 американски функционери[450].

---

[448] http://www.telegraf.rs/vesti/1863658-krvavi-uspon-dzihada-bomba-detonirana-18-aprila-1983-u-1303h-u-bejrutu-jos-uvek-odjekuje-foto

[449] Hronologija napada na američke ciljeve, достапно на: https://www.vreme.com/cms/view.php?id=296795(14.06.2018).

[450] Islamisti ubili ambasadora SAD, достапно на:https://www.b92.net/info/vesti/index.php?yyyy=2012&mm=09&dd=12&nav_category=78&nav_id=642349

Од примерите јасно можеме да видиме дека на врвот на листата на терористичките структури се САД и нивните дипломатско-конзуларни претставништва во светот. Секако потоа следат земјите од Европската Унија и Русија. Во Република Македонија до сега не се случил терористички напад на дипломатско-конзуларни претставништва, иако во март 1999 година за време на НАТО кампањата против СР Југославија беше нападната и опожарена американската амбасада во Скопје, но нападот не беше од терористички карактер.

Бидејќи во Скопје се наоѓа една од најголемите американски амбасади на Балканот секако дека таа би била една од потенцијалните цели на некои меѓународни терористички или бунтовнички структури, а истотака потенцијални цели би биле и амбасадите на земјите од Европската Унија и Русија.

Според погоре изнесеното постојат ризици за напади на дипломатско-конзуларни претставништва на територијата на Република Македонија, со среден степен на загрозеност.

6. Влијанието на сиромаштијата врз безбедноста на Република Македонија

Иако понекогаш не е можно да се согледаат поединечно сите фактори што придонесуваат за конфликтите, има многу докази кои потврдуваат дека сиромаштијата и намалените примања се критични двигатели за насилните конфликти во неразвиените земји[451]. Нафзигер и Овинен докажале дека стагнирањето и намалувањето на БДП, големата нееднаквост во примањата, големата стапка на воени трошоци од домашниот буџет и традицијата за насилни конфликти се извори на вонредни околности, Колиер пак вели дека може да има различна економска мотивација за конфликтите, како сиромаштијата, економската неправда, алчноста и слично[452].

Сиромаштијата како негативна општествена појава не ја заобиколува ниту Република Македонија. Така осиромашувањето на широки категории на народот (вклучувајќи ги веќе сиромашните, но исто така и средната класа) е континуиран процес во Македонија, кој трае уште од почетокот на трансформацијата на општествено-економскиот систем во раните 90-ти години.Сиромаштијата во Македонија во последните

[451]Вилијамс Д. Пол, Студии по безбедност, Арс Ламина ДОО, Скопје,2012, стр.254.
[452]Ибид.

години доживува експанзија, со постојан негативен тренд којшто се продлабочува, главно поради големата разлика во примањата и високата стапка на невработеност. За тоа колкава е разликата во примањата говори фактот штоминималната плата од 8.050 денари, воведена во повеќето сектори во 2012 година, е 631 пат пониска од највисоката плата во 2011 година[453]. Со другизборови, работникот кој зема минимална плата треба да работи631 месец, односно 52 години и 7 месеци за да заработи само еднамесечна плата на најплатениот менаџер во 2011 година[454]. Според податоците на државниот завод за статистика во 2015 година, стапката на сиромашнилица во Република Македонија изнесувала 21.5%[455].

Големата разлика во примањата и големата стапка на невработеност како и воопшто ниските парични примања на поголемиот дел од населението во Република Македонија може дабиде причина за појава на незадоволство помеѓу населението, кое би довело до масовна појава на штрајкови, демонстрации, а пак ваквата состојба во државата лесно може да биде искористена од некои националистичко-сепаратистички групи во Република Македонија за започнување на сеционистички бунт, односно за отцепување на одредени делови од територијата на Република Македонија и нивно припојување кон некоја од соседните држави.

## 7. Анализа на случај (Case study)

### 7.1. Конфликтот во 2001 година

Пред да извршиме анализа на конфликтот од 2001 година, од битно значење е да се истакне Платформата за решавање на албанското национално прашање,објавена во октомври 1998 година. Таа е, според воведното објаснување, официјален производ на Албанската академија на науките, “загрижена не само за статусот на Косово, туку и за иднината на целата албанска нација”[456].Всушност, платформата е навестување на

[453]З.Савески, А. Садику, К. Василев, Богатството и сиромаштијата во Македонија 2008-2012, Левичарско движење солидарност, Скопје, 2013 година, стр.32.
[454]Ибид.
[455] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115
[456] Димитар Мирчев ,Балканскиот мегаетникум, националните доктрини на македонските соседи, Risto Stefov Publications, 2017,стр.56, достапно на:http://www.pollitecon.com/html/ebooks/risto-stefov/Balkanskiot-megaetnikum.pdf

разврската на косовското прашање, но и на настаните што следуваа во Србија и во Македонија. Од сиот текст на Платформата е очебиен фактот на синхронизираноста на албанскиот етно-радикализам во балканскиот простор, но и во странство, вклучувајќи ги албанските лобисти во Европа и во САД.Платформата на Албанската академија е повторување и обновување на романтизмот за Голема Албанија од времето на Призренската лига. Сепак, во однос на програмата на Призренската лига од 1877-8 година, во анализата треба да се оддели нејзиниот национално-еманципаторски и ослободителен карактер од нејзиниот големо-албански и експанзионистички карактер[457]. Набргу по објавувањето на платформата се случи косовската криза а подоцна во 2001 и конфликтот во Република Македонија.

Во 2001 година Република Македонија беше зафатена со еден комплексен, комбиниран конфликт. Кризата започна по инцидентот во с.Танушевци а се заврши со потпишувањето на Охридскиот мировен договор.

Според д-р. Зоран Нацев:„ Во 2001 година во РМ беше манифестирано насилство од страна на организирани екстремистички групи кои преку вооружени дејствија тргнаа во остварувањето на проектираните интереси и цели. Екстремистичките групи беа длабоко убедени дека насилните методи се единствена алтернатива за остварување на аспирациите во одделни историски околности и состојби[458].

Според д-р. Митко Котовчевски:„ Воениот конфликт во РМ имаше некои обележја на судир со низок интензитет во кој доминираа терористичките дејства со променлив интензитет,и што е најзначајно, во ниедна фаза не дојде до нивна ескалација надвор од границите на овој вид конфликти[459].

Генералот Панде Петровски во своето дело „Сведоштва 2001“ вели[460]:„Согледувајќи ги елементите, односно карактеристиките на една класична војна, и споредувајки ги со она што и се случи на Р. Македонија, се доаѓа до заклучок дека станува

[457]Ибид.57.
[458]Современа македонска одбрана , број 7, јуни 2003 година, стр. 19.
[459]Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација Скопје 2003 година, стр.11.
[460] Панде Петровски, Сведоштва 2001, Risto Stefov Publications,Торонто,2015, стр.11, достапно на: http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Svedoshtva%20-%202001%20-%20e-book%20Macedonian.pdf

збор за војна, односно за агресија од една држава врз друга. На РМ во 2001 година, и се случи војна со елементи на воена криза. Дали таа војна, или воена криза беше договорена со тогашните државни - политички структури во РМ или не, ќе оценат историчарите. Јас, кој подоцна се вклучив во разрешувањето на кризата и учествував во планирањето и изведувањето на воените операции, освен во воените дејствија во с. Танушевци и с. Малино Маало, имам намера да ги изнесам моите видувања и факти, кои укажуваат на многу елементи, дека, сепак тоа беше воена криза планирана однадвор со строго разработени инструменти за контрола на кризата, а секако за постигнување на политички цели“[461]. Дека е воена криза планирана однадвор во прилог оди и изјавата на Марк Алмонд, стручњак за Балканот од Ориел колеџот во Оксфорд, кој исто така ја нагласи круцијалната природа на западната интервенција во Македонија – интересот за нафтоводот:„Зошто Западот би сакал  да го преземе управувањето со една мала и сиромашна земја каква што е Македонија, којашто – патем речено има малку природни ресурси? Одговорот е стратешки. Земјата се наоѓа на маршрутата по која ќе поминува нафтоводот од Црно Море на Исток, па се до албанскиот дел на јадранскиот брег. Контролата врз нафтоводот е суштиска  за долгорочните енергетски планови на Западот[462].

7.1.1. Ослободителна Народна Армија (ОНА)

Главен носител на терористичките активности во конфликтот во 2001 година беше таканаречената Ослободителна Народна Армија (ОНА). Од многуте интервјуа и соопштенија дадени од страна на командантите и политичките претставници на ОНА се дознава дека оваа организација делувала на територијата на Западна Македонија, каде Албанците сочинуваат огромно мнозинство. Иако има многу претпоставки во однос на ова прашање, сепак не е сосема јасно кој стои зад организирањето на ОНА. Тоа што со сигурност се знае е фактот дека на 15 јануари 2000 година, новинската агенција Косовапрес за првпат објави едно соопштение на ОНА преку кое се преземаше одговорноста за нападот на полицајците во село Арачиново во Македонија (каде беа

[461] Ибид.
[462] Филипс Џ., Македонија господари на војната и бунтовници на балканот, Фондација институт отворено општество , стр.80, достапно на:http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/FIOOM-gospodari-na-vojnata.pdf,

убиени тројца македонски полицајци)[463]. Нападот на полициската станица во Теарце се случи на 22 јануари 2001 година[464] во кој имаше еден загинат и пет повредени. Веднаш по нападот во Теарце во јавноста се огласи и ОНА која ја презеде одговорноста за случајот во своето комунике бр.4, притоа предупредувајќи[465]:„Униформата на македонските окупатори ќе биде напаѓана до ослободување на албанскиот народ. Се повикуваат полицајците да се вратат во своите домови, да не го даваат животот залудно поради илузорните македонски планови за доминација врз албанското мнозинство".

Бидејќи ОНА немаше јасно дефинирани цели според некои индиции во почетокот на конфликтот може да се каже дека - Целта на ОНА била да се одделат делови од Република Македонија и да се направи голема Албанија[466]. Во тој период имало потврди дека членовите на ОНА сакале областите со мнозинско албанско население да ги отцепат од државата, иако високи членови на ОНА сето тоа го демантирале[467]. На сето ова во прилог оди и изјавата на тогашниот претседател на Република Македонија, Борис Трајковски кој за CNN на 3 мај 2001 година ја дал следната изјава: „Терористите во Македонија немаат ништо заедничко со барањето на граѓански права или политички дијалог. Нивните активности не се ништо друго туку само злосторства и нивната борба е за територија. Овие луѓе ги жртвуваат своите деца и не водат сметка за цивилите"[468]. Слична е и изјавата на југословенскиот претседател Воислав Коштуница кој вели: „Албанските терористи во Македонија не се борат за своите права, туку за проширување на нивните територии. Нивната амбиција не е да се стекнат со човекови права туку да формираат голема држава без оглед дали ќе се вика „голема Албанија" или „големо Косово". Јас сум против насилството и екстремизмот на Косово. Злото од Косово се префрли во Македонија. Сите ние сме заложници на тероризмот во овој момент"[469]. Арбен Џафери поранешен претседател на ДПА има изјавено: „Еден договор се постигна помеѓу албанските политички партии во поранешна Југославија, а тоа беше да се бориме против

[463] Исеини М., Петрит М., Османи Р., Избор текстови за конфликтот 2001 година, Фондација институт отворено општество, Скопје 2008, стр. 5.
[464]
[465]
[466] http://wikivisually.com/wiki/2001_insurgency_in_the_Republic_of_Macedonia
[467]Ибид.
[468]Иван Бабановски, ОНА терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје,2002, стр.205.
[469]Ибид,207.

Југославија, за да се обединиме со Албанија или најмалку албанските краишта под Македонија, Црна Гора и Србија да се обединат со Косово“[470]. Фатмир Лимани поранешен припадник на ОНА, сегашен функционер на ДУИ, во дебатна емисија на телевизија Алсат-М изјави: идејата беше да почнеме војна за обединување, но поради притисоците на меѓународниот фактор, таа се разви во војна за соживот[471]. Подоцна ОНА согледувјќи ја реалната ситуација ги променила своите цели и како главна цел била зајакнување на политичките и економските права за етничките Албанци[472]. Поранешниот амбасадор на САД во ООН, Ричард Холбрук во своето интервју за грчкиот весник „То Вима“, од 24 март 2001 година, истакна дека најголема закана за стабилноста на Балканот е сонот за создавање на Голема Албанија. Тогашниот инцидент во Македонија и Србија според Холбрук, е дело на најекстремните Албанци, преку кои тие се обидувале да ја реализираат идејата за создавање на Голема Албанија, односно проектот кој предвидува обединување на сите Албанци кои живеат на Балканот во една албанска држава, која би ги опфаќала деловите од територииите на Србија, Црна Гора, Македонија и Грција[473].Новинарот Дејвид Бајндер, во „Њузвик”, од 22 март 2001, го цитира Ахмети кој вели: „Нашата единствена цел е да ги отстраниме словенските сили од територијата што е историски албанска”[474].Мендух Тачи на Канал 5, во ТВ емисијата КОД на С. Лупевска, на 26 јуни 2011, рече: „Војни се водат само затеритори. Човекови права се бараат на друг начин[475]”.

Според други толкувања:Целта на ОНА била со нејзините акции да испровоцира остра реакција кај македонската војска и полиција, исто како што тоа го направи две години порано Ослободителната војска на Косово. Од таква една реакција ОНА ќе добиеше легимитет, и пред се ќе обезбедеше широка поддршка како од албанскиот народ

[470]Илиев А., Разузнавање во противбунтовништво, ЛУБ„Благој Јанков Мучето, Струмица 2014, стр.84.
[471]Војната во 2001 почна за обединување на етничките територии на Албанците, достапно на:http://www.dnevnik.mk/?ItemID=F39F773EA2D09D40B2AF12A45942EF06(21.02.2017).
[472] http://www.globalsecurity.org/military/world/war/macedonia.htm
[473]М.Митревска,А.Гризолд,В.Бучковски, Превенција и менаџирање на конфликти, случај Македонија, Скопје, 2009, стр.114.
[474] Ристо Никовски, УЛОГАТА НА САД ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ (1991-2013), ВТОРО, ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ,Скопје 2013,стр.84. достапни на:http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Ulogata%20na%20SAD%202%20-%20e-book.pdf(27.02.2017).
[475]Ибид.

во Македонија, така и од меѓународниот фактор. Доколку се постигне тоа тогаш мисијата на ОНА речиси да ја поминала најтешката алка[476].

### 7.1.2.Структура наОНА

Таканаречената ОНА своите единици ги нарекува бригади и ги разликувала според географското подрачје: карадачка, шарска и дебарско – струшка[477]. За да се направи камуфлажа на територијалната припадност се пристапува со одбележување со трицифрен број. Први се активирани таканаречената 112 бригада, во близината на Куманово, и 113 бригада во близина на Тетотво[478]. Функционирањето на снабдувањето со оружје е поврзано со силните финансиски извори што ОНА ги има во Германија, Швајцарија, Австрија и во други земји. Една од главните задачи на претставниците од овие земји била собирање на придонесите од Албанците кои живеат на Запад. Има индиции кои укажуваат дека постоело присилно собирање на пари за фондовите, таканаречената – такса за глава. Според проценките од Западот, финансиските средства собрани од Албанците кои живеат во странство претставуваат само 10 проценти од приходите собрани пред и по војната на Косово[479]. ОНА претежно била составена од Албанци од Македонија на возраст од 20 до 30 години, при што границата меѓу бунтовниците и организираниот криминал е незабележлива бидејќи герилците учествувале во нелегалната трговија со оружје, цигари и со наркотични средства.Според одредени написи во весникот вечер[480]во редовите на ОНА во 2001 година, се бореле над 150 војници од странство приврзаници на радикалниот ислам, кои биле распоредени низ повеќе единици а јадрото го сочинувал муџахединскиот вод „Имер Елези“ кој бил во склоп на 113 бригада, која дејствувала во кумановскиот регион. Одредувањето на количеството на залихи на оружје на ОНА започнува со

---

[476] МаирИсени,Петрит Менај, Руфи Османи, Избор текстови за конфликтот во 2001 година, Фондација институт отворено општество, Скопје, 2001, стр.6.
[477]Иван Бабановски, ОНА терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје,2002, стр.203.
[478]Ибид,стр204.
[479]Ибид.204.
[480]Муџахедините се тука две децении, а во Сирија и Ирак се нивните ученици, достапно на: http://vecer.mk/makedonija/dojdoa-se-borea-i-si-zaminaa-sega-se-na-red-nivnite-uchenici(21.02.2017).

проценката на големината на ОНА. ОНА тврдела дека има шест бригади кои делуваат во Македонија . Тоа се 111, 113, и 114. Бригада кои дејствуваа во регионот на Скопска Црна Гора, додека 112-та бригада контролира голем број на баталјони воТетовско, 116 бригада била одговорна за обласа околу Гостивар и 115. Бригада во областите северно од Скопје, вклучувајќи ја и Радуша. ОНА тврдела дека имаатпотенцијална сила околу 16,000 членови[481].Спротивно на ова, претставниците на ОБСЕ тврдеа дека ОНА има вкупно 10 бригади, но само шесте наведени погоре се активни, што значи дека ОНА имала прилично голема резерва[482].

7.1.3.Хибридни карактеристики на ОНА

Бунтовништво

За да се утврди дали ОНА била бунтовничка организација се тргнува од тоа кои елементи ги поседува ОНА што би ја карактеризирале како бунтовничка организација. Претходно во трудот беше утврдено дека една бунтовничка организација ги има следните типови на членови:лидери, вооружени елементи, кадри, помошни членови, подземје, масовна база.

Лидери – како главен лидер на ОНА се јавува Али Ахмети, шеф на штабот на ОНА бил Гзим Острени .

Али Ахмети, роден 1959 година во село Зајас, Кичево[483]. Познат и под псевдониот Абаз. Своите сепаратистички активности ги започнува за време на своите студии во Косово, каде што бил и двапати притворан. Подоцна одреден период емигрира во Швајцарија. Бил потпреседател на нелегалната екстремна терористичка организација „НДК“(Народно движење на Косово)[484]. За НДК се знаеше дека долго време ја фаворизира оружената борба за независност на Косово и за обединување на Албанците, особено на оние од поранешна Југославија. Според нив Косово започнува во Тивар ( Бар во Црна Гора) и завршува во Манастир (Битола во Македонија)[485]. Во 1996 година Али Ахмети

---

[481] Suzette R. Grillot, Wolf-Christian Paes, Hans Risser, and Shelly O. StonemanA Fragile Peace: Guns and Security in Post-conflict Macedonia,A joint publication of the United Nations Development Programme and the Small Arms Survey, june 2004,p.28.

[482]Ибид.стр.28.

[483]Петрит Менај, Порака и надеж, том 2, стр.141

[484]Иван Бабановски, ОНА терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје,2002, стр.245.

[485]Џон Филипс, Македонија, Господари на војната и бунтовници на Балканот, Yale University Press,стр-8.

станува еден од основачите на Ослободителната војска на Косово, во 1998 година, на почетокот на војната е избран за член на генералштабот на ОВК[486]. Во првите месеци од конфликтот во Македонија Али Ахмети се враќа во Македонија, каде што е избран за врховен командант и политички претставник на Ослободителната народна армија[487]. Во јуни 2002 година формира политичка партија – Демократска унија за интеграција (ДУИ). Во септември 2002 година партијата го добива мнозинството на гласови од албанскиот гласачки електорат, каде и самиот тој е избран како пратеник, и партијата влегува во владината коалиција добивајќи ги функциите заменик премиер, четири министри, пет заменик министри согласно Охридскиот рамковен договор[488].

ОНА поседувала и вооружени елементи односно имала воени единици – бригади[489] како што биле 112 и 113 бригада, кои ги извршувале воените дејства. Овие единици имале свои униформи и обележја на истите.

Кадрите се тие кои го формираат политичкиот дел на организацијата и можат да преминат во политичка организација. Како главен политичар на ОНА се претставувал лидерот на ОНА Али Ахмети, иако ОНА добивала политичка подршка и од политичките партии на Албанците во Република Македонија.

Помошни членови- во периодот 1998-2001 година се пронајдени големи количини на оружје, некои во обид на шверц преку граничните премини, некои во импровизирани бункери како и кај поголем број на припадници од албанска националност. Сето ова е доволен доказ дека ОНА имала и помошни членови кои вршеле дотур на оружје, чување на оружјето и опремата како и вршење на различни курирски должности.

---

[486]Петрит Менај, Порака и надеж, том 2, стр.141

[487]Ибид.стр.141.

[488]Ибид,стр.143.

[489]Петрит Менај во своето дело порака и надеж(втор дел) ја опишува структурата на 112 бригада, како што вели таа била составена од штаб на бригадата и два пешадиски баталјони, неколку мали единици на ниво на водови кои во случај на потреба ги формирале и дополнителните два баталјони, баталјоните се состоеле од чети, кои се биле составени од водови. Од сето ова можеме да заклучиме дека она имала класични воени формации.

Подземје - Еден од изворите за финансирање на активностите на ОНА биле и пари од подземјето кои се стекнувале на нелегални начини преку трговија со дрога, луѓе, оружје и слично. Заова ни говорат и следните примери:

- Принцот Добоши"-бос на целата трговија со хероин во Средна Европа, од неговите сметки се слевале пари за таканаречената ОНА во Тетово и тетовско[490],
- Беџет Пацоли со парите што ги печалел во авиопревозот, шверцот со цигари, дрога и проституција ја финансирал ОНА[491],
- Бунтовниците кои што се борат во ридовите во Македонија и јужна Србија се паравоено крило на албанската мафија која извезува дрога и тргува со луѓе во Европа и подалеку.

Масовна подршка – Таканаречената Ослободителна народна армија имала голема подршка од албанското население, тоа можеме да го забележиме од следниве примери:

- така жителите на Танушевци го изјавиле следното:Тие беа наши деца, не заштитуваа, ги жртвуваа своите животи борејќи се за нашите права[492],
- Според натпис од 11.08.2001 година во весникот Вест се вели: Во жестокиот вкрстен оган врз АРМ и полицијата во Тетово, се вклучија и жители, етнички Албанци, кои пукаат од становите. Полесно повредени тројца војници на АРМ и двајца полицајци, но и цивили, Македонци[493],
- Миљаим Фејзиу, претседател на Демократскиот форум за заштита на човековите права од Гостивар изјавил: "Случувањата кај Танушевци се кулминантната точка на постојаниот државен оружен терор, а појавата на Ослободителната национална војска е легитимен акт, последица од силата која произведува сила. Албанците во Македонија не го зедоа

[490]Иван Бабановски, ОНА терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје,2002, стр.213.
[491]Ибид.
[492]Сандра Исмановски,Конфликтот во Република Македонија 2001: Тероризам или борба за права, Фондација институт отворено општество, Скопје, 2008, стр. 9.
[493] http://star.vest.com.mk/default.asp?id=12947&idg=2&idb=328&rubrika=Makedonija

оружјето в раце за да го убиваат македонскиот народ, туку за да се заштитат себеси и својот национален и културен идентитет", рече Фејзиу. Според него, "македонската ОВК бара уставно право за редефинирање на Македонија која како унитарна држава не може повеќе да опстојува. " Тоа барање е барање на сиот албански народ во Македонија и има ултимативен карактер"[494].

Тероризам

Ослободителната Народна Армија за остварувањето на своите цели најпрвин користела исклучиво тероризам, па така познати се повеќе терористички акти извршени од страна на ОНА:

- На 11 јануари 2000 година на влезот од селото Арачиново беа убиени инспекторот Ерол Готак и полицајците: Кирил Петрушевски и Ацо Ангеловски[495],
- На 19 јануари 2000 година со рачен ракетен фрлач беше нападната полициската станица „Осломеј“ во Кичево, при што беше причинета материјална штета
- Нападот на полициската станицаво Теарце на 22 јануари 2001 година , еден загинат и тројца потешко повредени,
- Мотелот Бриони кај Челопек беше миниран на 26 август 2001 година. Објектот беше дигнат во воздух заедно со распарчените тела на двајцата вработени во задругата[496],
- Киднапирањето и исчезнувањето на 12 македонци и 6 албанци и 1 бугарски државјанин[497].

Претходно за потребите на трудот се дојде до заклучок дека тероризмот го карактеризираат следните битни елементи: Закана од употреба или употреба на сила и насилство,политички карактер,предизвикување на страв и ужас, насочен против цивилното

[494] http://star.vest.com.mk/default.asp?id=2681&idg=1&idb=205&rubrika=Makedonija
[495]Иван Бабановски, ОНА терористичка паравојска во Македонија, Веда, Скопје,2002, стр.361.
[496] http://www.utrinski.mk/?ItemID=5DC9899FDD3E9644A4F85ECCC1DD94B8
[497]Поопширно види на:http://fokus.mk/chetirite-tela-na-kidnapiranite-makedontsi-vek-e-tsela-detsenija-lezhat-vo-frizhiderite-na-sudska-meditsina/

население,неконвенционалност,извршител е група, движење, организација. Од сето ова ако ги погледнеме горенаведените случаи јасно се гледа дека ОНА во почетокот на своето создавање и подоцна во текот на своето дејствување го користела тероризмот како тактика за остварување на своите цели.

Криминал

Огромни суми на пари се слевале и од организираната трговија со луѓе и дрога, како од Косово така и од Македонија. Самите припадници на ОНА се бавеле со организирани криминални активности, па затоа било многу тешко да се одделат криминалците од герилците.

Помош од надвор

Ослободителната војска на Косово (ОВК) и на Ослободителната национална армија (ОНА), беа обучувани во Македонија од страна на британските специјални сили и опремени од страна на ЦИА[498]. Британски воени извори потврдуваат дека Гзим Остреми, командант на ОНА, бил спонзориран од страна на ОН и обучен од страна на британските специјални сили за да се упати во Косовскиот заштитен корпус (КЗК). Кога Остреми ја напуштил својата работа како директор на Обединетите нации за да се приклучи какокомандант на ОНА, тој и понатаму останал на платен список на ОН[499]. Според М. Чошудовски:ОВК-ОНА се добро организирана платеничка војска, која вклучува регрути од земјите членки на НАТО, како и муџахедини ( "свети воини") од голем број на муслиманските земји[500].

[498]CIA Double deals im Macedonia available at inhttp://projectcensored.org/10-cia-double-deals-in-macedonia/
[499]Ибид.
[500]Michel Chossudovsky,The military occupation of Macedonia available at http://www.voy.com/36093/31.html(03.03.2017).

## 7.2. Тек и Разрешување на кризата

Пред почетокот на конфликтот Армијата на Република Македонија започна реформски процеси со цел да се трансформира согласно стандардите на НАТО. Како помош во реорганизацијата на АРМ, тогашната Влада наРМ потпиша договор со САД, односно со еден тимпензионирани старешини од САД, МПРИ,со таканаречени инструктори -тим на воени ветерани[501].Таа група инструктори предложи свој план за реорганизација наАРМкој од генералштабот и МО не беше прифатен. Вопредлогот беше Република Македонија да има армија со една бригада- леснапешадиска бригада со два лесни баталјони и дел одспецијалните единици. (да нема артилерија, оклопни единици,воздухопловство итн.)[502]. Се поставува прашањето: Дали во една конфликтна ситуација на Балканот, АРМ треба да се трансформира согласно насоките на МПРИ – тимот?Армија без артилерија, оклопни единици, воздухопловство со само една лесна пешадиска бригада, во време кога сеуште се водат војни на Балканот, не би претставувала Армија способна да ги брани државните национални интереси. Која била улогата и целта на МПРИ во кризата во 2001 година?

Амбасадорот Боб Фровик, кој во земјата работеше како претставник на ОБСЕ, издејствува една спогодба, позната како Призренска спогодба, што ја потпишаа Џафери и Имери за ДПА и ПДП и водачот на ОНА, Али Ахмети[503]. Во Призренската декларација потпишана на 22 мај 2001, се опфатени скоро сите основни елементи од претстојниот Рамковендоговор.Во неа се вели:Албанските лидери во Македонија, свесни за историскиот момент преку кој поминува РМ, се согласуваат за заедничко дејствување во проширен национален и општествен консенсус, кој треба да ја реформира РМ, на тој начин што ќе биде демократска држава на сите граѓани и на сите национални заедници. Постигнатиот консензус меѓу албанските лидери се потпира над овие принципи[504]:

- признавање на фактот дека реформите за кои се ангажираат Албанците имаат за цел зачувување на интегритетот и мултиетничкиот карактер на Македонија;

---

[501] Панде Петровски, Сведоштва 2001, Risto Stefov Publications,Торонто,2015, стр.6, достапно на: http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Svedoshtva%20-%202001%20-%20e-book%20Macedonian.pdf
[502]Ибид.
[503] http://soros.org.mk/dokumenti/Sprecuvanje-vojna-vnatresni-mark-lejti.pdf
[504] http://zeqirja-rexhepi.blogspot.mk/2008/01/32.html

- признавање дека нема етничко територијално решение за проблемите во РМ. и секој обид за етничко територијално распарчување донесува штета за самите граѓани на Македонија и мирот во регионот;
- признавање дека нема воено решение за проблемите во РМ; признавање дека процесот на трансформи-рање на РМ треба да оди само преку Евроатлантските интеграции;
- признавање дека решението ќе се најде внатре во политичките процеси, со олеснување од страна на САД и Европската Заедница.

Врз основа на овие принципи, албанските лидери во Македонија се одлучни да учествуваат во процесот на реформистичкиот дијалог, обработувајќи ги овие прашања:

- амандманите на Уставот на Македонија;
- непреченото употребување на Албанскиот јазик, како службен јазик во Македонија;
- етничкото пропорционално претставување на институциите на државата;
- проширување на надлежностите на локал-ната власт;
- потполна секуларизација на уставот, значи државата;
- воспоставување на консенсуалната демократија, за прашањата во врска со националните права. Ограничување на процесот на надгласување во сферите за етничките права;
- правото за неограничено и слободно комуницирање во албанскиот културен простор;
- Исто така, “внатре” се мерките за трансформирање на животот на членовите на ОНА, во разни професионални форми, опфаќајќи ги и тие внатре владините институции;

Меѓу оваа расправа, посебно внимание ќе биде посветено на[505]:

- рехабилитација и потполна ресоцијализација на сите членови на ОНА;

[505] Ибид.

- изградба на селата и семејните економии уништени за време на борбите, како и водење грижа за воените жртви (инвалидите, семејствата на убиените, сирачињата, и др.).
- извршување на воената служба во АРМ, во родната општина. Во дијалогот, кој ќе се одржи на тркалезната маса на лидерите на коалициона влада, воден од претседателот на републиката и со олеснување на САД и Европската Унија, ќе се создаде консесуалната форма на учествување на албанскиот политички фактор".

Македонската влада се разгневи и изјави дека тука завршуваат напорите да се изнајде политичко решение и дека ќе се засилат воените дејствија. Ристо Никовски во неговото дело Улогата на САДво македонскитеголготи(1991-2013)вели[506]: Непогрешливоиспланирано од американските служби – Роберт Фровик гоиспратија со специјален статус во Мисијата на ОБСЕ воСкопје, во најкритичните мигови за земјата. Тој неспорнобеше човек на ЦИА, иако се тврди дека бил и поранешенамерикански дипломат. Ако и бил, сигурно работел позадачи на Агенцијата.

Меѓународната јавност се огради од ваквите дејствија на Фровик па така: Британскиот амбасадор, Марк Дикинсон, истапи со цврста изјава од името на ЕУ со која ја осуди спогодбата, а амбасадорот на САД укажа дека Фровик не работел од името на Американците[507].

Според Марк Лејти кризата се продлабочуваше, зашто Владата во Скопје реши да бара воено решение[508]. Во меѓународната заедница главно се сметаше дека таквата политика е осудена на неуспех. Во тоа време речиси сите борби се водеа источно од Скопје во етнички албанските села северно од Куманово. Набрзо се виде дека македонските безбедносни сили беа слаби, а користењето тешко вооружување со кое од далеку гранатираа села беше и тактички неделотворно и стратегиски контрапродуктивно, зашто го продлабочуваше се поголемото непријателство меѓу етничките групи[509].

---

[506]Ристо Никовски,Улогата на садво македонскитеголготи(1991-2013)второ, дополнето издание,Скопје 2013, стр.92.
[507] http://soros.org.mk/dokumenti/Sprecuvanje-vojna-vnatresni-mark-lejti.pdf
[508]Марк Лејти, Спречување војна во Македонија-превентивна дипломатија за 21 век, Фондација институт отворено општество, Скопје 2009,стр14.
[509]Ибид.

Неселективното гранатирање само регрутираше нови борци во ОНА, токму како што НАТО повеќепати ја предупредуваше Владата во Скопје. Владините сили ја губеа битката на теренот, но и забрзано го туркаа нископрофилниот бунт кон граѓанска војна. ОНА, пак, се покажуваше како делотворна герилска група која успешно напаѓаше од заседа и постојано го зголемуваше подрачјето под своја контрола. Иако Владата ја нарекуваше терористичка организација, таа сепак го избегнуваше поголемиот дел од испадите на таквите групи, додека релативно гледано, нејзините барања главно беа умерени[510]. Сепак, НАТО отворено го осуди ваквиот обид да се поткопа една легитимно избрана влада. Лорд Робертсон ги нарече „крволочни силеџии“, а НАТО силно ја поддржуваше Владата во Скопје, и покрај личните стравувања поради методите со кои се справуваа со кризата.

Најдобар одговор на ваквата негативната пропаганда насочена кон Република Македонија и нејзините капацитети да се справи со ОНА ја дава генералот Панде Петровски во своето дело Сведоштва каде што вели[511]: „Исто така тогаш беше пласирана една теза од некои западнидржави: “како АРМ не е во состојба да ги разбие ‘вооруженитеетнички албански групи’, бидејќи не е доволно оспособена и нерасполага со софистицирани средства”. Оваа пропаганда имашеза цел да ја спречи одлуката за конечна завршна офанзива нацелиот простор - а тие “пријателски земји” добро знаеја со што“располага АРМ, а со што т.н. ОНА”. Исто така добро им бешепознат начинот на кој ги изведовме борбените дејства. Тие“пријатели”отворено презедоа и политички притисок конУкраина, поради тоа што испорачуваше на РМ дел од военатаопрема“.

Веројатно, покрај другото и затоа мораа да го измислатАрачиново и да ја “прикажат” АРМ дека со воени средства неможе да се справи со ДТГ, па да се седне и политички да сереши случајот, а пред тоа да се прекинат сите воени дејства. Вотаквата намера мупомогнаа и внатрешно политичкитеструктури, а и медиумите, несвесно прикажувајќи ја нереалносостојбата.

Во разрешување на кризата беше инволвиран и Питер Фејт, личен претставник на генералниот секретар на НАТО, кој ги координираше сите активности помеѓу безбедносните сили на Република Македонија и ОНА, и тоа директно со посредување. Од

---

[510]Ибид.

[511] Панде Петровски, Сведоштва 2001, Risto Stefov Publications,Торонто,2015, стр.93, достапно на: http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Svedoshtva%20-%202001%20-%20e-book%20Macedonian.pdf

Фејт беше испратено писмо до Владата на Република Македонија, што претставува одговор  на барањето на претседателот Борис Трајковски. Во него се вели[512]: Како одговор на писмото од претседателот Борис Трајковски од 14 јуни 2001 година, со кое се бара помош од НАТО за разоружување на етничките албански вооружени групи. Предуслов за разместување на сили на НАТО беа:

- траен прекин на огнот почитуван од сите страни,
- општ политички договор меѓу главните политички партии,
- договор со Властите на Република Македонија за статусот на наменските сили „Суштинска жетва" и услови под кои наменските сили „Суштинска жетва" ќе ја спроведуваат својата мисија,
- план претставен од НАТО, а прифатен од Владата на Република Македонија кој ги определува модалитетите и временскиот простор за предавањето на оружјето, вклучувајќи и експлицитна согласност на етничките албански вооружени групи за нивна подготвенсот да го предадат целосно своето оружје.

Каков бил ставот на Питер Фејт за таканаречената ОНА јасно се гледа во изјавата на генералот Панде Петровски во неговото дело„Сведоштва 2001"каде што се вели:Уште припрекинот на операцијата во Арачиново - Питер Фејт отворено ми рече: "Господине генерале, тоа не се терористи, тоа еетиничка востаничка вооружена организација и војска која гибара своите права во вашата држава, со нив мора да сепостапува според Женевската конвенција"[513].

Точките од Охридскиот рамковен договор даваат усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Македонија и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Република Македонија и Евро-атлантската заедница. Овој Рамковен договор ќе го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајќи го етничкио тидентитет и интересите на сите

[512]М.Митревска,А.Гризолд,В.Бучковски, Превенција и менаџирање на конфликти, случај Македонија, Скопје, 2009, стр.123.

[513] Панде Петровски, Сведоштва 2001, Risto Stefov Publications,Торонто,2015, стр.126, достапно на: http://www.macedonianhistory.ca/Stefov_Risto/Svedoshtva%20-%202001%20-%20e-book%20Macedonian.pdf

македонски граѓани. Во прилог на сето ова се дадени и некои од поважните точки од договорот[514]:

1. Основни принципи

- Целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја загарантираат стабилната и демократска иднина на Македонија,
- Суверенитетот и територијалниот интегритет наМакедонија, и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања.
- Мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот.
- Една современа демократска држава, во природниот тек на својот развој и созревање,мора постојано да обезбеди нејзиниот Устав целосно да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди, коишто и самите постојано се развиваат.
- Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот, и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

7.3. Прекин на непријателствата

Страните го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001 година. Ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи, и нивно целосно доброволно распуштање.Тие го прифаќаат фактот дека за донесување Одлука од страна на НАТО да помогне во овој контекст, ќе биде потребно воспоставување општ, безусловен и неограничен прекин на огнот, согласност за политичко решение за проблемите на оваа земја, јасна заложба на вооружените групи доброволно да се разоружаат, и прифаќање од сите договорни страни на условите и ограничувањата во рамките на кои ќе делуваат силите на НАТО.

[514]http://www.siofa.gov.mk/data/file/Ramkoven_dogovor_mk.pdf(27.02.2017).

Во анексот А на рамковниот договор кој се однесува на уставните амандмани, преамбулата се заменува со следниот текст[515]:

Граѓаните на Република Македонија, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во  нивнитезаложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија, и одговорни пред идните генерации за зачувувањето и развојот на се што е вредно од богатото културно наследство и соживотот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро – Република Македонија – во согласност со традицијата на Крушевската Република и одлукитена АСНОМ, и на референдумот од 8 септември 1991 година одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсне владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори, усвојуваат...

Анекс Ц кој се однесува наимплементација и мерки за градење на довербатамеѓу другото е истакнато[516]:

- Страните ја поканувaат меѓународната заедница да го олесни, набљудува и помогне имплементирањето на одредбите од Рамковниот договор и Анексите конистиот, и бараат таквите напори да се координираат од страна на ЕУ, во соработка со Советот за стабилизација и асоцијација.
- Страните го потврдуваат барањето за меѓународно надгледување од страна на Советот на Европа и Европската комисија на пописот кој ќе се спроведе во октомври 2001 година.

Во Република Македонија нема судења за воени злосторства. Законот за амнестија кој беше донесен во 2002 година овозможи амнестија на сите припадници на вооружени формации за кои постоеше сомнение дека направиле кривични дела во периодот на

[515] Ибид.
[516] Ибид.

конфликтот, заклучно со 26 септември 2001 година. Според тој закон, амнестијата не се однесуваше на дела за кои е покрената постапка пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). На 19 јули 2011 година, на иницијатива на албанските политички партии (Демократска партија на Албанците – ДПА и Демократската унија за интеграција – ДУИ) се покрена постапка за автентичното толкување на Законот за амнестија од страна на Собранието на Република Македонија. Истиот ден, иницијативата беше усвоена со 63 гласа за и 29 против, со што практично се откажа кривичната правда за тешки повреди на човековите права во текот на вооружениот судир во Македонија[517].

Од гореизнесената анализа можеме да заклучиме дека Ослободителната Народна Армија настанала како огранок од Ослободителната Војска на Косово, првин дејствувајќи како терористичка организација вршејќи класични дела на тероризам. Подоцна со создавањето на услови за започнување на бунт, оваа организација преминува во бунтовничка организација која водела сецеонистички бунт, правјеќи обид за отцепување од државата и присоединување кон Косово и Албанија. Поради силниот притисок на меѓународната заедница бунтот преминал во револуционерен бунт или бунт за рамноправност. Иако според идеологијата и начинот на војување ОНА била бунтовничка организација сепак нејзиното делување може да се смета и како хибридно, бидејќи во бунтовничките акции го користела и тероризмот како метода за постигнување на своите политички цели, вршеле дела на организиран криминал, имале поддршка од странство, распространета разузнувачка мрежа, успеале да ги убедат западните земји да извршат политички притисок врз Република Македонија за прекин на борбените дејствија и потпишување на Охридскиот рамковен договор.

## 8. Терористичкиот акт кај Смиљковското езеро – април 2012 година

На ден 12.04.2012 година кај Смиљковското езеро беа убиени четири момчиња и едно постаро лице. На Велигден, еден од најсветите празници за христијаните, Македонците ја оплакуваа смртта на пет македонски мажи, шпекулациите дека нивните убијци биле етнички Албанци, предизвикуваа стравувања за нова рунда на меѓусебно

[517] ТРАНЗИЦИОНА ПРАВДА во Република Македонија, Извештај за 2010-2011 година, стр.10, достапно на:http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2013/02/Izvestaj-TP_voMK-2010-11_-FINAL.pdf(21.02.2017).

насилство[518]. По убиствата се одржаа протести на граѓаните од Радишани кои бараа итно расчистување на случајот. Тие велеа дека момчињата биле мирни и не згрешиле никому[519]. Малку фалеше гневот да ја фрли земјата во граѓанска војна. Полицијата реагираше бргу. Три недели по масакрот, беа уапсени дваесетина лица, следбеници на радикалниот ислам, кои според МВР, се одговорни за убиствата[520]. Според обвинителниот акт, напишан на 5 страни, Алил Демири, браќата Африм и Агим Исмаиловиќ, Фејзи Азири, Сејди Рами ќе одговараат за тероризам како директни извршители на петкратното убиство, а Хаки Хазири, обвинетиот, кој првично беше заштитен сведок, ќе одговара за помагање[521]. За масакрот, на доживотен затвор за кривично дело тероризам беа осудени Алил Демири, браќата Африм и Агим Исмаиловиќ, Фејзи Азири, Хаки Азири и Сами Љута. Еден осомничен, Сејди Рама, беше ослободен од обвинението бидејќи судот не пронашол цврсти докази за негова инволвираност[522].

9. Борба против терористичко – криминалната група во Куманово, мај 2015 година

Пред да се случат настаните во Диво Насеље во Куманово на 21 април 2015 година, се случи терористички напад врз Караулата Гошинце. Според изјавата на тогашниот портпарол на МВР, Иво Котески, вооружена група од Косово ја нападнала караулата, каде што на дежурство биле четворица полициски службеници, ги разоружиле и им се обратиле на албански јазик со преведувач со зборовите дека сакаат нивна држава и оти не сакаат никакви Охридски договори[523]. Истотака членовите на групата го одзеле оружјето кое го пронашле во полициската караула и радиоврските на полициските службеници и им ги искршиле мобилните телефони. На 9 мај се случи најсериозното и најтешкото нарушување на безбедносната состојба во Македонија по воениот конфликт во 2001

[518] http://www.nytimes.com/2012/04/16/world/europe/killings-heighten-ethnic-tensions-in-macedonia.html?_r=3&emc=tnt&tntemail0=y(23.10.2016).
[519] http://www.telegraf.mk/aktuelno/hronika/ns-newsarticle-masakr-sto-ja-potrese-makedonija-cetiri-godini-od-ubistvoto-na-momcinata-i-ribarot-kaj-smilkovsko-ezero.nspx
[520] http://mkd-news.com/zoshto-i-kako-umrea-momchinata-kaj-smilkovskoto-ezero-2-godini-od-ubistvoto/
[521] http://denesen.mk/web/?p=143061
[522] http://www.telegraf.mk/aktuelno/hronika/ns-newsarticle-masakr-sto-ja-potrese-makedonija-cetiri-godini-od-ubistvoto-na-momcinata-i-ribarot-kaj-smilkovsko-ezero.nspx
[523] http://www.akademik.mk/mvr-vooruzhena-grupa-od-kosovo-izvrshila-teroristichki-napad-vrz-politsiskata-stanitsa-vo-goshintse-3/

година, вооружениот судир и престрелка со терористичката група во населбата Диво Насеље во Куманово. Во жестоката вооружена престрелка во траење од околу 28 часови загинаа 8 македонски полицајци припадници на единицата за специјални задачи, а беа убиени 14 терористи додека 30 терористи се предале на полицијата[524]. Подоцна официјалниот број на убиени терористи беше намален на 10 загинати, што остава простор за разните гласини за учество и вмешаност на странски лица како инструктори и помагачи на вооружената терористичка група, по примерот на битката во Арачиново во 2001 година[525]. Според обвинителството 29-мината уапсени, двајца кои избегаа и уште десетмина кои загинаа во Диво Насеље од почетокот на годината почнале со организација на терористички активности кои кулминираа со крвавата пресметка на 9-ти и 10-ти мај. Целта им била да предизвикаат чувство на несигурност и страв меѓу граѓаните – стои во обвинението[526]. Обвинетите и покрај огромниот број на приложени докази, тврдат дека се невини, судската постапка е сеуште во тек.

Потпишувањето на Охридскиот рамковен договор не ги реши сите проблеми помеѓу Македонците како мнозинство и Албанците кои го претставуваат најголемото малцинство во Република Македонија. Ваквата состојба лесно може да биде искористена за повторна ескалација на конфликт во Република Македонија со употреба на тероризам или бунт како средства во една од фазите за водење на хибридна војна, а се со цел остварување на геостратешки и геополитички интереси на некои од големите сили. Во прилог на ова тврдење одат: Терористичкиот акт кај Смиљковското езеро – април 2012 година и борбата против терористичко – криминалната група во Куманово, мај 2015 година.

---

[524] Шаревски М.,Геополитичката положба на Македонија какоранлива точкана балканскиот појас на кршливост во услови на бегалската криза достапно на: https://www.academia.edu/25981002(27.10.2016).

[525] Ибид.

[526] http://daily.mk/makedonija/sudenje-teroristite-kumanovsko-divo-naselje

## <u>ГЛАВА VII</u>

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАПРАВЕНАТА АНКЕТА ЗА СТАВОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА ВО РМ И СТРУЧНАТА ЈАВНОСТ, ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА ХИБРИДНИТЕ ЗАКАНИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ОПСТАНОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ, БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Резултати од истражувањето

Основно при утврдување на мостарата е да се избегне пристрастноста. Тоа се обезбедуваше преку примената на случајноста во изборот. При изборот на примерокот на сите им се дава еднаква шанса за избор во анкетирањето. Анкетирањето беше извршено во 8 институции во Република Македонија. Резултатите се поделени на 2 дела. Првин беше извршено анкетирање на дел од студентите, односно 110 студенти од 3,4 и 5 година на следните факултети:

- Универзитет св.Климент Охридски - Факултетот за безбедност,
- Воената Академија- генерал Михаило Апостолски,
- МИТ универзитетот –факултетот за безбедност,
- Првиот приватен универзитет ФОН- Факултет за безбедност и детективи.

Потоа беше извршено анкетирање на дел од стручната јавност од следните 8 институции:

- Дел од професорите од Универзитет св.Климент Охридски - Факултетот за безбедност, Воената Академија, МИТ универзитетот - Факултетот за безбедност,Првиот приватен универзитет ФОН-Факултет за безбедност и детективи, како и
- На дел од вработените од Армијата на Република Македонија, Управата за безбедност и контраразузнавање, Дирекцијата за заштита и спасување и Агенцијата за разузнавање.

Изборот на целните групи – студенти од областа на безбедноста и одбраната и стручната јавност која врши обврски од делокругот на безбедноста и одбраната е направен поради специфичноста на темата односно употребата на терминот хибридни закани кој е понов термн, за кој што обичните граѓани немаат доволно познавање за истиот. За да се добијат померодавни резултати направена е компаративна анализа помеѓу резултатите добиени од анкетирањето на студентите со резултатите добиени од анкетирањето на стручната јавност. Обработката на податоците беше извршена во софтверскиот пакет SPSS.

Компаративна анализа на резултатите добиени од анкетирањето на студентите и стручната јавност

Компаративната анализа е направена врз основа на резултатите добиени со анкетирањето на студентите и стручната јавност.Компаративната анализа, има за цел да помогне во споредувањето на ставовите на студентите од областа на безбедноста и одбраната и стручната јавност од истата област, во врска со хибридните закани а со цел откривање на причините за нивната појава, нивните цели, извлекување на одредени заклучоци и препораки со кои би се подобрила работата на безбедносните служби во борбата против хибридните закани.

**Табела бр.5. Испитаници според полот**

| | студенти | стручна јав. |
|---|---|---|
| машки | 61 | 57 |
| женски | 49 | 33 |
| Вкупно | 110 | 90 |

Во однос на половата припадност кај студентите се опфатени 110 студенти од кои 61 или 55,5% се машки а 49 односно 44,5% се женски, кај стручната јавност беа опфатени 90 испитаници, од кои 57 или 63,3% се машки а 33 односно 36,7% се женски.

**Табела бр.6. Испитаници според возраст**

| | студенти | стручна јав, |
|---|---|---|
| до 20 години | 10 | 2 |
| 20-30 години | 99 | 13 |
| 30-40 години | | 28 |
| 40-50 години | 1 | 36 |
| 50-60 години | | 9 |
| Над 60 години | | 1 |
| Нема одговор | | 1 |
| Вкупно | 110 | 90 |

Во анкетирањето се опфатени студенти во следните возрасни групи: старост до 20 години – 10 студенти или 9,1 %, 20-30 години 99 студенти или 90 % и 40-50 години – 1 студент или 0,9%. Најголемиот број на испитаници очекувано се во групата од 20-30 години дури 90% поради фактот што испитувањето беше извршено на студенти од горенаваедените факултети, кај стручната јавност пак се опфатени следните возрасни групи: старост до 20 години – 2 испитаници или 2,2 %, 20-30 години 13 или 14,4 % , 30-40 години 28 испитаници или 31,1 %, 40-50 години -36 испитаници или 40%, 50-60 години – 9 испитаници или 10%, над 60 години - 1 испитаник и 1 испитаник или 1,1% не дал одговор.

**Табела бр.7. Испитаници според образование**

| | студенти | стручна јав. |
|---|---|---|
| ССС | 96 | 9 |
| ВСС | 14 | 44 |
| Магистратура | | 22 |
| Докторат | | 15 |
| Total | 110 | 90 |

Образовната структура кај студентите е следна со средна стручна спрема се анкетирани 96 испитаници или 87,3 %, додека пак со виско образование 14 испитаници или 12,7%, додека пак образовната структура кај стручната јавност е: со средна стручна спрема се анкетирани 9 испитаници или 10 %, висока стручна спрема 44 или 48,9%, магистратура 22 или 24,4% додека пак со докторат 15 испитаници или 16,7%.

На почетокот анализата се задржува на перцепциите на студентите и стручната јавност за нивната безбедност и тоа: физичка безбедност, во својот дом, во градот на живеење и во Република Македонија. Чувството на безбедност за секоја од претходно наведените категории е мерено на Ликертова скала со пет степени.

График бр.3. Во која мерка се чувствувате безбедно- вашата физичка безбедност




Во графиконот бр.3 направена е споредба на ставовите на анкетираните студенти со ставовите на анкетираните лица од стручната јавност во врска со нивното чувство за безбедност поточно нивната физичка безбедност. Идентично за двете групи испитаници е дека најголемиот број се чувствуваат делумно безбедно. Така процентот на одговор е скоро ист  60,9% од студентите и 60% од стручната јавност се чувствувале делумно безбедно. Поголем број од испитаниците од стручната јавност се чувствуваат целосно безбедно за разлика од студентите, така целосно безбедно се чувствувале 29% од стручната јавност и  20,9 од студентите. Иако не се работи за голем процент сепак нешто повеќе од дупло од студентите немале свој став за чувството на безбеднот за разлика од стручната јавност, па така – со незнам одговориле 7,3% од студентите наспроти 3,3% од стручната јавност, сличен е соодносот и со испитаниците кои се чувствуваат главно небезбедно 6,4% наспроти 3,3%. Поголем број од испитаниците од стручната јавност се чувствува небезбедно за разлика од студентите па така тој соодноc е: 3,3% од стручната јавност наспроти само 0,9% од студентите. Одговор не дале 3,6% од студентите и 1,1% од стручната јавност. Доколку се земат делумно безбедно и безбедно за одговори според кои испитаниците се чувствуваат безбедно може да се заклучи дека најголемиот број на испитаници од двете групи се чувствуваат безбедно кога се работи занивната физичка безбедност и тоа дури 89% од стручната јавност и 81,8% од студентите.

Графикон бр.4 Во која мерка се чувствувате безбедно-во својот дом




Перцепцијата за чувството за безбедност во својот дом е следна: 65,5% проценти од студентите се чувствуваат целосно безбедно наспроти 44,4% од анкетираните лица од стручната јавност, делумно безбедно се чувствуваат 41,4% од стручната јавност наспроти 29,1% од студентите. Мал број на испитаници 0,9 од студентите и 4,4% од стручната јавност немале свој став по ова прашање, односно одговориле со незнам, небезбедно не се чувствувал ниту еден испитаник кај студентите наспроти 4,4% од стручната јавност, главно небезбедно 0,9% од студентите наспроти 4,4% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 3,6% од студентите и 1,1% од стручната јавност. Доколку се земат делумно безбедно и безбедно за одговори според кои испитаниците се чувствуваат безбедно може да се заклучи дека најголемиот број на испитаници од двете групи се чувствуваат безбедно кога се работи за нивната безбедност во својот дом па така 94,6% од студентите и 85,8% од стручната јавност се чувствувале безбедно во својот дом.

Графикон бр.5 Каков е вашиот став за безбедноста, во која мерка се чувствувате безбедно – во местото (град) на живеење




Кај двете групи на испитаници според дистрибуцијата на одговорите за нивниот став за чувството за безбедност во местото (град) на живеење преовладуваат одговорите дека се чувствуваат делумно безбедно па така 65,6 % од стручната јавност и 44,5% од студентите одговориле со делумно безбедно, целосно безбедно 22,7 % од студентите наспроти 13,3% од стручната јавност, со незнам одговориле идентично по 10 % од испитаниците, главно небезбедно се чувствувале 15,5% од студентите, додека кај стручната јавност само 6,7% се чувствувале главно небезбедно. Небезбедно се чувствувале 3,6% од студентите и приближно исто односно 3,3% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 3,6% од студентит и 1,1% од стручната јавност.Доколку се земат делумно безбедно и безбедно за одговори според кои испитаниците се чувствуваат безбедно може да се заклучи дека поголемиот број на испитаници од двете групи се чувствуваат безбедно кога се работи за нивната безбедност во нивниот град на живеење, па така 67,2% од студентите и 78,9% од стручната јавност се чувствувале безбедно во својот град..

Графикон бр.6 Каков е вашиот став за безбедноста, во која мерка се чувствувате безбедно –во Република Македонија




Од дистрибуцијата на одговорите за безбедноста во Република Македонија може да се заклучи дека анкетираните лица од стручната јавност се чувствуваат безбедно, бидејќи дури 73,3 % од нив се чувствуваат делумно безбедно додека само 36,4% од студентите го дале истиот одговор, целосно безбедно се чувствуваат 9,1% од студентите и 5,6% од стручната јавност. Свој став по ова прашање немале 15,5% од студентите и 8,9% од стручната јавност нивниот одговор бил незнам. За главно небезбедно се чувствувале 26,4% од студентите за разлика од стручната јавност каде што само 5,6% се чувствувале главно небезбедно, небезбедно се чувствувале 9,1% од студентите и 4,4% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 3,6% од студентите и 2,2% од стручната јавност.Доколку се земат делумно безбедно и безбедно за одговори според кои испитаниците се чувствуваат безбедно може да се заклучи дека најголемиот број на испитаници од стручната јавност се чувствуваат безбедно во Република Македонија и тоа 78,9% од анкетираните, додека кај студентите само 45,5% се чувствувале безбедно во Република Македонија, тука е видлива разликата во ставот за безбедноста каде што поголем дел од студентите не се чувствуваат безбедно за разлика од стручната јавност каде што најголемиот дел од испитиците се чувствуваат безбедно во Република Македонија.

Графикон бр.7 Кој од државните органи е одговорен за вашето чувство на безбедност?




Мислењето на студентите и стручната јавност е скоро идентично за тоа кој од државните органи е одговорен за нивното чувство за безбедност па така 75,5% од студентите и 73,3% од стручната јавност се изјасниле дека тоа е полицијата, потоа следи армијата според 19,1% од студентите и 14,4% од стручната јавност, па останатите со сосема мал процент на одговори од двете групи на испитаници. Одговор на ова прашање не дале 0,9% од студентите и 7,8% од стручната јавност.

Графикон бр.8 По ваше мислење кои се доминантни закани по безбедноста на РМ?




Според добиените одговори на прашањето кои се доминантни закани по безбедноста на Република Македонија можеме да заклучиме дека тоа се организираниот криминал, политиката и тероризмот, сумирано 71,8% од студентите и 73% од стручната јавност се изјасниле за нив. Како доминантна закана според студентите е политиката за овој одговор се изјасниле 30,5% од студентите за организираниот криминал и корупција се изјасниле 23,6% и тероризмот 17,7% од студентите. Кај стручната јавност доминантна закана е организираниот криминал и корупцијата за него се изјасниле 30,6% од испитаниците следи политиката со 23% и тероризмот со 19,4%. Кршењето на човековите права како доминантна закана било кај 12,1% од студентите и 14% од стручната јавност, потоа следат останатите.

Графикон бр.9 Кои начини според вас се најпогодни за откривање на бунт или терористички акт?




За најпогодни начини за откривање на бунт или терористички акт и според студентите и според стручната јавност се оперативно тактичките мерки и истражните мерки, па така кај студентите 31,1% се истражните мерки и 29,1% оперативно тактичките мерки, додека пак кај стручната јавност првин се оперативно тактичките мерки со 44,9% и истражните мерки со 22,7%. Потоа следат кај студентите јавното озборување со 12,1% и медиумите со 11,2% а кај стручната јавност тоа се пријава од сведок со 13,3 и медиумите со 7%, потоа следат останатите со значително помал процент на застапеност во одговорите.

Графикон бр.10 Дали би пријавиле во сл.да дознаете дека се подготвува терористички акт?




Во графиконот бр.10 е прикажана дистрибуцијата на одговорите на прашањето дали би пријавиле во случај да дознаете дека се подготвува терористички акт, каде што процентот на испитаниците студенти и стручна јавност е приближно ист односно 94,5% од студентите и 93,3% од стручната јавност потврдно одговориле на ова прашање. Негативен одговор дале 3,6% од студентите и 5,6% од стручната јавност, додека пак 1,8% од студентите и 1,1% од стручната јавност недале одговор на ова прашање. Согласно ова може да се заклучи дека студентите и стручната јавност се подготвени да соработуваат со полицијата се со цел превенирање и спречување на извршување на терористички напади во Република Македонија.

Графикон бр.11 Дали имате доверба во органите за спроведување на законот?




Дека е потребна реорганизација и подобрување на работата на органите за спроведување на редот говори фактот што дури 61,8% од студентите и 51,1% од стручната јавност немаат доверба во работата на овие органи. Потврдно одговориле 36,4% од студентите и 45,6% од стручната јавност. Одговор не дале 1,8% од студентите и 3,3% од стручната јавност.

Графикон бр.12 Дали сметате дека органите за спроведување на законот имаат доволни капацитети за справување со истите?



Постои голема недоверба и за капацитетите на органите за спроведување на законот за справување со тероризмот и бунтовништвото, па така 65,5% од студентите и 56,7% од стручната јавност сметаат дека органите за спроведување на редот немаат доволни капацитети да се справат со ваквиот вид на закни, потврден одговор дале 32,7% од студентите и 38,9% од стручната јавност. Одговор не дале 1,8% од студентите и 4,4% од стручната јавност.

Графикон бр.13 Дали сметате дека конфликтот од 2001 година е:




Постои поделеност на ставовите и кај студентите и кај стручната јавност во врска што претставува конфликтот во 2001 година, меѓутоа и кај двете групи на испитаници преовладиваат два исти одговори и тоа за терористичко делување се одлучиле 27,3 од студентите и 24,5 од стручната јавност и за политичка игра 29,1% од студентите и 21,1% од стручната јавност, следи одговорот дека конфликтот претставува вооружен бунт 11,8% студенти и 18,9% од стручната јавност, незадоволство од политички и економски побуди 10% од студентите и 12,2% од стручната јавност, упад од странство 5,5% студенти и 6,7% стручна јавност, за останато се одлучиле 1,8% од студентите и 4,4% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 14,5% студенти и 12,2%стручна јавност. Самиот факт што нема еден посебен одговор на ова прашање туку имаме еден поширок дијапазон на одговори ја потврдува тезата дека дејствувањето на ОНА претставува хибридна закана опфаќајќи ги тероризмот, бунтовништвото, помош од надвор, организиран криминал и

корупција, политички притисоци, а сето ова придонесува за различните перцепции на испитаниците за тоа што претставува конфликтот од 2001 година.

Графикон бр.14 Што мислите за настаните во Диво Насеље во Куманово од 09.05.2015 година?




За разлика од конфликтот во 2001 година за настаните во Диво Насеље во Куманово од 09.05.2015 година преовладува мислењето кај двете групи на испитаници дека се работи за група на платеници кои работат за туѓи интереси, па така 60% од студентите и 56,7% од стручната јавност дале ваков одговор, за класичен терористички акт одговориле 22,7% од студентите и 16,7% од стручната јавност, криминална група 4,6% студенти и 6,7% од стручната јавност, друго 5,5 студенти и 8,9% од стручната јавност. Одговор не дале 7,1% студенти и 11,1% од стручната јавност. Ваквата дистрибуција на одговори оди во прилог на тезата дека ваквите криминално-терористички акти се во прилог на остварувањето на некои поголеми геополитички интерси.

Графикон бр.15Дали постојст терористички организации во Република Македонија?




Во Република Македонија како едена од главните закани по националната безбедност отсекогаш бил и тероризмот. Иако по завршувањето на конфликтот во 2001 година за тероризмот и за терористичките организации во Република Македонија многу малку е посветено внимание, сепак некои настани од минатото како настаните на Смиљковското Езеро во 2012 година и во Куманово во 2015 година, потоа заминувањето на граѓани од Република Македонија да се борат на страната на ИСИС и другите терористички организации во Сирија, претставуваат добар показател дека опасноста од појава на тероизам во Република Македонија сеуште постои. Според дистрибуцијата на одговорите на прашањето дали постојат терористички организации во Република Македонија и од страна на студентите и стручната јавност, во Република Македонија постојат терористички организации. Па така потврден одговор дале 71,8% од студентите и 57,8% од стручната јавност, дека не постојат се одлучиле 21,8% од студентите и 34,4% од стручната јавност. Без одговор биле 6,4 % студенти и 7,8% од стручната јавност.

Графикон бр.16 Доколку на претходното прашање сте одговориле со да, наведете кои терористички организации постојатво РМ?




Одговорите на прашањето кои терористички организации постојат во Република Македонија кај студентите и стручната јавност се исти, според двете групи на испитаници во најголем број на одговори се АНА, ОНА и ИСИС, така кај студентите доминира АНА со 35,1%, ОНА 27,9% и ИСИС со 25,2%, кај стручната јавност распоредот е нешто поразличен најмногу испитаници се изјасниле за ОНА со 29,4%, следи ИСИС 27,8% и АНА со 23,8%. Дадени се одговори во нешто помал процент и тоа за Ал каеда и Ал нусра идентично со по 4,5% од студентите и 7,1% од стручната јавност, друго 2,8% од студентите и 4,8% од стручната јавност. Сумирано 88,2% од одговорите на студентите и 81% од стручната јавност се дека теористички организации во Република Македонија се ОНА, АНА и ИСИС.

Графикон бр.17 Дали некогаш сте прифатиле да дадете или примите мито за да некој ви заврши некоја услуга?




Од дадените одговори на прашањето може да се заклучи дека целните групи на испитаници не се подложни за примање и давање мито, односно кај нив корупцијата е на многу ниско ниво, до овој заклучок се доаѓа бидејќи 78,2% од студентите и 86,7% од стручната јавност не прифатиле да дадат илипримат мито. Позитивно се изјасниле 19,1% од студентите и 11,1% од стручната јавност. Кај студентите степенот на корупција е повисок и согласно дадените одговори скоро секој петти студент е подложен на примање или давање мито, додека кај стручната јавност тоа е секој деветти  испитаник.

Графикон бр.18 Дали лесно се откриваат коруптивните активности?




Кај девете групи на испитаници преовладува мислењето дека коруптивните активности не се откриваат лесно па така 52,7% од студентите и 44,4% од стручната јавност се согласуваат дека коруптивните активности се тешки за откривање. Дека лесно може да се откријат коруптивните активности одговориле 20,9% од студентите и 36,7& од стручната јавност, со незнам одговориле 23,6% од студентите и 16,7% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 2,7% од студентите и 2,2% од стручната јавност.

Графикон бр.19 Според вас која институција е најкорумпирана во РМ?




Според студентите најкорумпирана институција е полицијата со 32,7% од испитаниците додека кај стручната јавност тоа е здравството со 42,2% од испитаниците, пота кај студентите следи здравството со 30%, а кај стручната јавност полицијата со 14,4%. Понатамошната дистрибуција на одговорите кај студентите е образованието со5,5%, судството со 2,7% , армијата со 0,9%, останато 0,9%. Кај стручната јавност судството 11,1%, останато 3,3%, образованието 2,2% и армијата со 1,1%. Како најмалку корумпирана институција кај двете групи на испитаници е армијата. Одговор на ова прашање не дале 27,3% од студентите и 25,6% од стручната јавност.

Графикон бр.20 Дали постои организиран криминал во РМ?




Двете групи на испитаници се согласни дека во Република Македонија постои организиран криминал, до овој заклучок се доаѓа од дистрибуцијата на одговорите на прашањето дали постои организиран криминал во Република Македонија, каде што дури 87,3% од студентите и 82,2% од стручната јавност потврдно одговориле на ова прашање, со не нема ниту еден одговор кај анкетираните студенти додека кај стручната јавност само 2,2% не веруваат дека остои организиран криминал во Република Македонија. Со незнам одговириле 10,9% од студентите и 13,3% од стручната јавност, одговор не дале 1,8% од студентите и 2,2% од стручната јавност.

Графикон бр.21 Кој тип на организиран криминал според вас е најраспространет во РМ?




Различна е дистрибуцијата на одговорите на прашањето за тоа кој тип на организиран криминал според вас е најраспространет во Република Македонија меѓутоа и кај двете групи на испитаници доминантни се институционалниот тип на организиран криминал како модус на генералниот концепт на системски корумпирана политика и институционалниот тип на организиран кримиал па така за првиот тип се одлучиле 23,6% од студентите и 35,6% од стручната јавнсост, а за вториот 22,7% од студентите и 20% од стручната јавност. Сумирано двата типа на институционален организиран криминал зафаќаат 46,3% од одговорите на студентите и 55,6% од стручната јавност.

Графикон бр.22 Дали сметате дека во РМ се превземаат доволно мерки за спречување на организиран криминал, со стратешката определба за борба против орг.криминал?




Во Република Македонија не се превземаат доволно мерки за спречување на организиран криминал, со стратешката определба за борба против орг.криминал, до овој заклучок се доаѓа од одговорите на студентите и стручната јавност, каде што и кај двете групи за ваквиот став се определиле поголемиот дел на испитаници и тоа високи 57,3% од студентите и дури 66,7% стручната јавност, на став дека се превземаат доволно мерки се 11,8% од студентите и само 6,7% од стручната јавност, со незнам се изјасниле 2% од стручната јавност, додека пак ниту еден студент не дал одговор незнам. Одговор на ова прашање не дале 30,9% студенти и 22,4% од стручната јавност.

Графикон бр.23 Дали знаете дека постои транснационален организиран криминал во РМ?




Графиконот бр.23 е креиран врз основа на одговорите на студентите и на стручната јавност на прашањетодали знаат дека постои транснационален организиран криминал во Република Македонија. Кај двете групи на испитаници преовладува одговорот дека знаат за постоењето на транснационалниот организиран криминал во Република Македонија, потврдно одговориле 52,7% од студентите и 57,8% од стручната јавност, дека не се запознати одговориле 42,7% од студентите и 36,7% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 4,5% студенти и 5,6% од стручната јавност

Графикон бр.24 Дали знаете што се хибридни закани?




На графиконот бр.24 е прикажана дистрибуцијата на одгворите на прашањето дали знаат што се хибридни закани. Најголемиот дел од двете групи на испитаници одговориле потврдно со тоа што дури 85,6% од стручната јавност додека кај студентите овој процент е помал и изнесува 57,3%, негативно одговориле 40,9% од студентите и само 11,1% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 1,8% од студентите и 3,3% од стручната јавност.

Графикон бр.25 Кои се причините за појава на хибридните закани?




Хибридни закани е релативно нов поим кој се употребува за поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал на двете групи испитаници е поставено прашањето дали знаат што се хибридни закани. Иако кај двете групи на испитаници преовладува одговорт дека знаат сепак стручната јавност е повече запозната со оваа проблематика за разлика од студентите, така со да одговориле 57,3% од студентите а кај стручната јавност дури 85,6% , негативен одгвор дале дури 40,9% од студентите, а само 11,1 % од стру,ната јавност. Одговор на ова прашање не дале 1,8% од студентите и 3,3% од стручната јавност.

Графикон бр.26 Која е приоритетна причина за појава на хибридните закани?




Има разлика во ставовите помеѓу двете групи на испитаници за тоа која е најголема причина за појава на хибридните закани, така кај студентите приоритет се политичките причини со 51,8% од одговорите, кај стручната јавност за оваа причина се изјасниле 20% од испитаниците, додека пак кај стручната јавност приоритетна причина со најголем процент на одговори е остварувањето на геополитичките цели со 34,4% од одговорите, а за оваа причина се одлучиле 13,6% од студентите. Другите причини како приоритет се во многу помал процент па така за економските придобивки како приоритетна причина се одлучиле 13,6 студенти и 17,8% од стручната јавност, сиромаштијата само 0,9% од студентите и 10% стручна јавност, верската нетрпеливост 8,2% од студентите и 3,3% од стручната јавност за останато 0,9% студенти и 4,4% од стручната јавност. Одговор на ова прашање не дале 10,9% од студентите и 10% од стручната јавност.

Графикон бр.27 Клучни фактори за поефикасна борба против хибридните закани се:




Ставовите на стручната јавност и на студентите кога се работи за клучните фактори се слични едни со други, така и според двете групи на испитаници – силните државни институции се еден од клучните фактори за борба против хибридните закани, ваков одговор дале 45,9% од студентите и 39,4% од стручната јавност, потоа следат подобрувањето на стандардот на граѓаните, членството во ЕУ и НАТО и ефикасната правна регулатива и тоа за подобар стандард на граѓаните 16,3% студенти и 21,2% стручна јавност, членство во НАТО и ЕУ 16,3 % студенти и 20,4% стручна јавност, ефикасна правана регулатива 20% студенти и 17,5% од стручната јавност, за останато се одлучиле идентично по 1,5% од двете групи на испитаници.

Графикон бр.28 Кои се целите на хибридните закани?




На графиконот бр.28 е прикажана дистрибуцијата на одговорите на прашањето за целите на хибридните закани, каде што споредбено според двете групи како главна цел се истакнува дестабилизацијата на државите, таков одговор дале 45,3% од студентите и 47,1% од стручната јавност. Следно кај студентите е рушење на политичкиот систем со 21,3% па следат внесување на расна, национална, верска нетрпеливост со 18,7% и рушење на економскиот систем со 10,7% , останатите се со помал процент и тоа одвраќање на странски инвестиции со 2,6%, сите заедно 0,7% и друго 0,7%. Кај стручната јавност следно е внесување на расна, национална, верска нетрпеливост со 17,2%, рушење на економскиот систем 15%, рушење на политичкиот систем со 14,3%, потоа следат останатите со помал процент на одговори и тоа одвраќање на странски инвестиции со 4,3% и останато со 2,1%.

Графикон бр.29 Какви капацитети има РМ за справување со хибридните закани?




На графиконот бр.29 е претставена дистрибуцијата на одгворите на прашањето за тоа какви капацитети има Република Македонија за справување со хибридните закани. Користена е ликертова скала од пет степени каде како можни одговори се дадени: недоволни, доволни, добри, многу добри и одлични капацитети. Иако постојат видни разлики во процентот на одговорите кај двете групи сепак двете групи на испитаници се сложни дека Република Македонија нема добри капацитети за справување со хибридните закани. До овој заклучок се доаѓа бидејќи за одговорот одлични капацитети се изјасниле само 0,9% од студентите и 1,1% од стручната јавност, истотака многу мал процент кај двете групи е и за многу добри капацитети каде што само 5,5% од студентите и 2,2% од стручната јавност дале ваков одговор. Одговорот добри го дале 33,6% од студентите и 21,1% од стручната јавност, за доволни се одлучиле 26,4% студенти и 28,9% од стручната јавност. Најголемиот дел испитаници од стручната јавност дале одговор дека Република Македонија нема доволни капацитети за справување со хибридните закани ваков одговор дале 42,2% од испитаниците, висок процент на ваков одговор е и кај студентите, каде што 30,9% од студентите се сложуваат дека Република Македонија нема доволни капацитети за справување со ваквите закани.

Графикон бр.30 Дали меѓународната заедница е заинтересирана да и помогне на РМ во борбата против хибридните закани?




За дистрибуцијата на одговорите на прашањето- Дали меѓународната заедница е заинтересирана да и помогне на РМ во борбата против хибридните закани негативниот одговор, односно дека меѓународната заедница не е заинтересирана да и помогне на РМ во борбата против хибридните закани е идентичен по 30% кај двете групи на испитаници, додека пак позитивно се изјаниле само13,7% од студентите, овој процент е повисок кај стручната јавност и изнесува  32,2%, одговор не дале 4,5% од студентите и 3,3% од стручната јавност.

Графикон бр.31 Ако постои опасност од хибридните закани наведи кои ризици ги детерминираат истите?




На прашањето за ризиците кои ги детерминираат хибридните закани кај двете групи на испитаници преовладува одговорот дека тоа се сите заедно од понудените па така 65% од стручната јавност и 33,1% од студентите го дале овој одговор. Иако кај двете групи на испитаници преовладува овој одговор се забележува дека кај студентите е во многу помал процент и разликата со следниот одговор со најмногу одговри е многу мала, па така за  политичките ризици се одлучиле  26,5% , и кај стручната јавност следни се политичките ризици со 12,8% сепак тука разликата на дистрибуцијата на одговорите помеѓу овие два ризика е многу поголема. Потоа следат останатите и тоа кај студентите 17,6% етничките, 13,2% религиозните и економските со 9,6% а кај стручната јавност економските со 9,6%, религиозните 8,5% и етничките со 4,2%.

Графикон бр.32 Дали верувате во можноста од превенција од хибридните закани?




Можноста од превенција од хибридните закани постои, согласно дистрибуцијата на одговорите 58,2% од студентите и 75,6% од стручната јавност веруваат дека е вознможно да се изврши превенција од ваквите закани, 38,2% од студентите и 21,1% од стручната јавност не веруваат во можноста да се превенираат хибридните закани. Одговор на ова прашање не дале 3,6% студенти и 3,3% од стручната јавност.

Графикон бр.33 Според ваше мислење дали РМ превзема доволно мерки за превенција од хибридните закани?



Република Македонија не превзема доволно мерки за превенција од хибридните закани, до ваквиот став се доаѓа од одговорите на студентите и стручната јавност каде што 50% од студентите и 55,5% од стручната јавност одговориле дека Република Македонија не превзема доволно мерки за спречување на ваквите закани, дека превзема доволно мерки одговориле само 9,1% од студентите и 8,9% од стручната јавност, голем дел односно 37,3% студенти и 30% од стручната јавност не се запознати дали Република Македонија превзема доволно мерки, 3,6% студенти и 5,6% од стручната јавност не дале одговор на ова прашање.

Графикон бр.34 Дали се согласувате со превенција преку превземање на репресивни мерки?




Кај најголемиот дел од испитаниците преовладува ставот дека е потребно превземање на репресивни мерки со цел превенција на појавата на хибридните закани, па така со овој став се согласуваат 70,9% од студентите и 57,8% од стручната јавност, против биле 23,6% студенти и 33,3% од стручната јавност. Одговор не дале 5,5% студенти и 8,9% од стручната јавност.

Графикон бр.35 Дали согласно вашите сознанија РМ соработува со меѓународни организации и институции за борба против хибридните закани?




На графикон бр.35 е прикажана дистрибуцијата на одговорите на студентите и стручната јавност за нивниот став дали Република Македонија соработува со меѓународни организации и институции за борба против хибридните закани. Одговорите од двете групи на испитаници се идентични односно кај двете групи преовладуваат истиот тип на одговори. Одговорите укажуваат воглавно укажуваат на два типа на испитаници оние испитаници кои се запознати дека Република Македонија соработува со меѓународните организации и другите кои што не се запознати. Па така, кај студентите со да односно дека Република Македонија соработува со меѓународните организации, одгвориле 45,5% студенти и 55,6% кај стручната јавност, со незнам или оние кои што не се запознати дали Република Македонија соработува или не со меѓународните организации, одгвориле 41,8%од студентите и 32,2% од стручната јавност, потоа слеат негативните одговори со 9,1 % студенти и 7,8% од стручната јавност и одговор не дале 3,6% студенти и 4,4% од стручната јавност.

Графикон бр.36 На која меѓународна институција би и дале приоритет за соработка со РМ во борбата против хибридните закани?




Испитаниците студенти и стручната јавност приоритет за соработка во борбата против хибридните закани од меѓународните институции најмногу даваат на НАТО и ООН, па така 30% од студентите и 38,9% од стручната јавност се определиле за НАТО, 28,2% од студентите  и 23,3% од стручната јавност за Интерпол, потоа следат кај студентите ОБСЕ со 10%, европол9,1%, ООН со 7,3% и други со 0,9%, кај стручната јавност Европол со 13,3%, ОБСЕ и ООН со по 4,4% и друго со 1,1%. Одговор на ова прашање не дале 14,5% од студентите и 14,4% од стручната јавност.

На прашањето -Доколу не се чувствувате безбедно одговорете кој или што ја загрозува вашата безбедност?

На ова прашање иако од двете групи на испитаници има голем број на понудени разновидни одговори кај двете групи на испитаници се среќаваат и исти причини кои ја загрозуваат нивната безбедност такви се следните:

- Политичката ситуација,
- Можноста од терористички напади,
- Корупцијата,

- Националните малцински групи со територијални претензии,
- Некомпетентни стручни и професионални кадри,
- Кражбите,
- Елементарните непогоди.

На прашањето - Што предлагате вие за зголемување на безбедноста? Се добиени следните исти предлози:

- Поголема професионалност на безбедносните служби,
- Соработка со граѓаните и решавање на нивните проблеми,
- Зголемување на позорна и патролна дејност,
- Поефикасна работа на службите задолжени за безбедноста во Република Македонија,
- Поголемо финансирање на безбедносните институции,
- Стручност, ефикасност на безбедносните органи,
- Непартизирано судство,
- Непартизирани полиција и армија,
- Поголеми контроли на границата,
- Подобра соработка на институциите надлежни за безбедност во државата

И на На прашањето доколку веруваат во превенција од хибридните закани, превенцијата би била изразена преку- добиени се следните предлози кои се застапени кај двете групи на испитаници:

- Подобра организација на безбедносните служби,
- Подобрување на економската состојба на граѓаните
- Изградба на силни државни субјекти,
- Економски просперитет,
- Размена на информации и соработка со странски служби,
- Рамноправност, недискриминација,
- Едукација, обука за запознавање со ваквиот вид на закани.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

Од анализата на теоријата, практичните примери, компаративната анализа направена врз основа на резултатите добиени со анкетирање на студентите и стручната јавност од обласка на безбедноста и одбраната освен што се потврдува главната хипотеза - Хибридните закани – односно поврзаноста на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал претставува опасност за безбедноста, и ги зголемува заканите и ризиците по опстанокот на државите како и нејзините витални национални интереси, може да се извлечат следните и заклучоци:

1. Од аспект на научното согледување на поимите тероризам, бунтовништво и организиран криминал, може да се заклучи дека не постои ниту една универзална дефиниција на глобално ниво за дефинирање на овие поими. Тероризмот и бунтовништвото се толку тесно поврзани, при што многу пати тероризмот се третира како бунт и обратно. Проблемот овде нетреба да се гледа во неможноста да се дефинираат тероризмот и бунтовништвото туку во огромната политичка употребна вредност на овој поим.Честопати терористите се прикажани како умерени бунтовници, герилци, борци за слобода, согласно тоа дали целите на терористите се совпаѓаат со интересите на засегнатите државни актери во конфликтот, поготово интересите на големите сили.Дополнителен проблем при согледувањето на тероризмот, бунтовништвото и организираниот криминал е нивната меѓусебна функционална поврзаност каде што организираниот криминал се става во функција на тероризмот и бунтовништвото. Оваа поврзаност може да биде во две насоки: Кога терористичките и бунтовничките организации се баваат со организиран криминал заради прибирање на средства неопходни за нивните активности, и кога организираните криминални групи превземаат терористички активности заради стекнување на профит.
2. За разлика во минатото кога единствена цел на организираните криминални групи бил профитот, во поново време имаат и други цели. Се позабележителна е поврзаноста на криминалните структури со одредени економски, политички и некои центри на финансиска моќ односно со одредени облици на еколошки,

економски и политички криминал. Особено значен е да се истакне институционалниот тип на организиран криминал кој што потекнува и е организиран од највисоки претставници од институционалната хиерархија на државно-политичката структура на една земја.Организираниот криминал и корупција посебно институционалниот тип на организиран криминал предизвикуваат огромни штети и стагнација на економскиот развој поради сивата економија, затајување на данок, перењето на пари со што се загрозува националната безбедност, се создава буџетски дефицит, раст на надворешниот долг, доаѓа до појава на незадоволство, социјални немири, политичка нестабилност.

3. Хибридните закани го завземаат местото на класичните војни, во 21 век најголемиот број на конфликти биле оние во кои што се користи спој од асиметричните закани, политичи, економски притисоци се со цел остварување на зацртаните геополитички цели.
4. Блискиот Исток, Балканот, земјите од бившиот Советски Сојуз кои што се граничат со Русија се наоѓаат на линијата на огнот во борбата за глобална доминација помеѓу САД и Русија, затоа овие простори се изложени на влијанието на хибридните закани кои што ја загрозуваат националната безбедност и опстанок на овие држави. Примерите со Украина, Сирија, Либија, обидите за дестабилизација на земјите од Западен Балкан се доказ за деструктивната моќ на хибридните закани.
5. Слабите и фрагилни држави, во кои наместо правна држава, владеат организираниот криминал и корупцијата се најранливи од влијанието на хибридните закани – такви примери се случаите со Украина и Сирија.
6. ИСИС претставува најголема хибридна недржавна закана по глобалната безбедност. Оваа хибридна организација се залага за соединување на сите муслимани во борба против немуслиманскиот свет и формирање на една муслиманска држава.
7. Големите сили пред се САД и Русија ги користат сите свои капацитети за остварување на геополитича надмоќ во своја полза, почнувајќи од употреба на регуларни воени сили, разузнувачки служби, поддршка и поттикнување на

внатрешни бунтови, шарени револуции, употреба на приватни воени компании, економски и политички притисоци, се со цел остварување на своите геополитички цели. Такво примери се: Арапската пролет, Либија, Украина, Сирија, состојбата во Република Македонија.

8. Тероризмот и бунтовништвото претставуваат средства за водење на хибридните војни, кои пак честопати се во спрега со организираните криминални групи или пак самите се бават со криминал се со цел обезбедување на финансиски средства кои ќе се искористат за финансирање на терористичките и бунтовничките организации.
9. Клучната улога во борбата против хибридните закани ја имаат разузнавачките служби на државите, но исто така некои држави ги користат тајните разузнавачки служби за инструментализација на терористичките и бунтовничките организации со помош на кои би се остварила дестабилизација на целната држава.
10. Република Македонија како важна раскрсница на Балканот, не е имуна од влијанието на хибридните закани. Во периодот по прогласувањето на независност таа е постојана цел на ваквите закани, почнувајќи од атентатот врз Киро Глигоров - Претседателот на Република Македонија, конфликтот во 2001 година, Смиљковското езеро во 2012 година, борбата против криминално-терористичката група во Куманово во 2015 година, мешањето во внатрешните работи на Република Македонија од страна на САД, ЕУ и Русија.
11. Слабата економска развиеност, големата сиромаштија, етничката нетрпеливост, политичата нестабилност, организираниот криминал и корупцијата лесно можат да бидат искористени од странски фактори за предизвикување на нова криза во Република Македонија, каде што  хибридните закани би имале водечка улога во остварувањето на зацртаните геополитички цели.

## Препораки

Со оглед на тоа што клучната улога во борбата против хибридните закани ја имаат разузнавачките служби на државите, следствено на тоа и во Република Македонија,потребно е прецизно да се регулира работата на разузнавачките служби во Република Македонија со содветни законски и подзаконски акти. Во ваквите акти потребно е да се изнајдат соодветни механизми за спречување на злоупотребата на должноста од страна на разузнавачите,но и да се изнајдат соодветни механизми за заштита од притисоци и закани од страна на високите политички елити. Во борбата со хибридните закани разузнавачите треба да можат слободно да ги изнесат своите заклучоци за евентуална корумпираност на политичките елити и нивните погрешни одлуки што би произлегле од нивната корумпираност или нестручност. За таа цел во Република Македонија е потребно подигање на свеста на сите нивоа за неопходноста од реформи на разузнавачките служби и безбедносниот сектор во целина, со што би се овозможило безбедносниот сектор да даде соодветен одговор на современите закани и ризици, како и воспоставување на систем на контрола и надзор на работењето на безбедносно – разузнавачките служби во насока на заштита на човековите права и слободи. Реформите на разузнавачките служби би требало да ги опфатат следните битни сегменти:

- Департизација на разузнавачките служби и поставување на најспособните и најзаслужните лица на раководни функции а не партиски послушници,
- Континуирани обуки на припадниците на разузнавачките служби согласно новите современи закани и ризици,
- Зголемување на финансиските средства и набавка на современа суфистицирана опрема неопходна за работата на разузнавачките служби,
- Меѓусебна координација на разузнавачките служби и споделување на информациите меѓу нив,
- Борба против корупцијата во самите служби односно откривање и отстранување на корумпираните припадници на разузнавачките служби и спречување на одливот на разузнавачки информации кон разузнавачките служби на други земји,

- Создавање на посебен аналитички центар каде што ќе се слеваат сите информации од разузнавачките служби кои што информации би биле дистрибуирани до Претседателот на Република Македонија и Премиерот на Република Македонија.

За спроведување на ефективна контрола потребно е изнаоѓање на соодветни законски акти со кои би се дефинирале соодветни механизми за контрола на разузнавачките служби, како и пропишување на одредени казни за непочитување на обврските од двете страни.

Неопходна е континуирана обука на припадниците на собраниските комисии за контрола како и поставување на експерти од областа на безбедноста во составот на ваквите комисии. Потребна е и поголема транспарентност кон општествената заедница во врска со работата на разузнавачките служби, но во согласност со законските норми за класифицирани информации.

Согласно современите закани и ризици, мала е веројатноста дека врз Република Македонија ќе биде изведен класичен воен нападагресија од друга земја, меѓутоа постои голем ризик од појава на терористички активности во спрега со организираните криминални групи, како и опасност од појава на бунт како еден од начините на уривање на државниот поредок со помош на хибридните закани, зад кои стојат интереси на некои надворешни субјекти а со цел реализација на нечии геополитички цели. Од таа причина потребно е зголемување на бројот на армиските и полициските специјални единици, нивна пополна со квалитетен кадар, набавка на современа софистицирана опрема и оружје за нив и реализација на квалитетна обука во насока за полесно справување со ваквиот вид на закани.

Надлежните институции за справување со ваквиот вид на закани како што се: МВР, АРМ, ДЗС, ЦУК, Министерството за здравство иако организациски се поставени на оперативно ниво скоро воопшто и да не се функционални за превземање на соодветни превентивни и реактивни активности. За таа цел потребна е реализација на заеднички вежби со помош на кои би се подобрила координацијата помеѓу институциите, неопходно е допрецизирање на надлежностите на институциите, за тоа кој ќе биде главен носител и координатор во справувањето со ваквите закани. На пример доколку се изврши класичен терористички акт како главен координатор би била МВР, но доколку се користи оружје за масовно уништување тука главната улога би ја презело Министерството за здравство.

## 7. Библиографија


1. Albanese S. Jay, Organized Crime in Our Times, Fifth Edition, Anderson Publishing, 2007;

2. Albanese Jay, Reichel Philip, Transnational Organized Crime: An Overview from Six Continents, SAGE Publications,London, 2013;

3. Anderson H. Terry, Bush's Wars, Oxford University Press,New York, 2011;

4. Ангелевски Методија, Основи на економската криминалистика, Ѓурѓа, Скопје, 1999 година

5. Ангелевски Методија, Вовед во криминалистиката, Графос, Скопје 2007 година;

6. Ajami Fouad, The Syrian Rebbelion, Hoover Institution Press, Stanford, 2012;

7. Батковски Томе, Разузнувачка, безбедносна, контраразузнавачка тактика, Јофи скен, Скопје 2008

8. Бабановски Иван, Новинари и репортери како шпиони, том 1 и 2, Академски Печат,Скопје,2014

9. Бабановски Иван- ОНА – Терористичка паравојска во Република Македонија, Веда, Скопје 2002 година;
10. Бабановски Иван – Европа таргет: во сатанското мени на Ал-Каеда, CityPrint, Скопје 2010 година;

11. Бакрески Оливер, Милошевиќ Милан, Современи безбедносни системи, Аутопринт Т.А., Скопје,2010 година;

12. Бакрески Оливер, Триван Драган, Митевски Сашо, Корпорациски безбедносен систем, СТЕДА ГРАФИКА,Скопје, 2012;

13. Boyle A. Francis, Destroying Libya and World Order, Clarity Press,Atlanta, 2013;

14. Beyond the Islamic State: Iraq’s Sunni Insurgency,Middle East Security Report 24, October,2014, See http://www.understandingwar.org/sites/default/files/Sunni%20Insurgency%20in%20Iraq.pdf

15. Бери, Бузан: Луѓе држави и страв, Академски печат, Скопје 2010 год;

16. Бејлис Џон, Вирц Џејмс, Греј Колин, Коен Елиот – Стратегија во современиот свет, Нампрес, Скопје 2009 година;

17. Бек, Улрих: Што е глобализација, Тера Магика, Скопје, 2003 год;

18. Бункер Џ. Роберт, Не-државни закани и идни војни, Нампрес, Скопје 2009 година,

19. Brzezinski, Zbigniew: The Choise: Global Domination or Global Leadership, Basic Books, New York, 2004;

20. Витал Дејвид, Опстанокот на малите држави, Табернакул, Скопје, 2009 година,

21. Вилијамс Д. Пол, Студии по Безбедност Арс Ламина ДОО, Скопје, 2012;

22. Владо Водинелиќ, Криминалистика – откривање и докажување, 1 и 2 том, Факултет за безбедност, Скопје, 1985,

23. Whittaker J. David, Terrorism- understanding the global threat, Pearson Education, London 2007;

24. Гаќиновиќ, Р.: Тероризам у политичкој и правној теорији, Евро-ѓунти, Београд, 2010;

25. Гелке Адријан – Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем, Магор, Скопје 2009 година;

26. Георгиева Лидија - Творење на мирот, Виладорф, Скопје, 2004 година;

27. Георгиева Лидија – Менаџирање на ризици, Филозофски факултет, Скопје, 2006 година;

28. Гоцевски Трајан, Кризите во независна Република Македонија, Филозовски факултет, Скопје, 2010 година

29. Гоцевски Трајан -Колективна безбедност и одбрана на Македонија, Куманово 1994 година;

30. Гоцевски, Трајан: Република Македонија на патот кон евроатланските структури, Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ, Филозовски факултет, Скопје, 2006 год,

31. Гоцевски Трајан, Системот на Одбраната на Македонија, НИО Студентски Збор,Скопје, 1992;

32. Grabosky, Peter, 'The Internet, Technology, and Organised Crime', Asian Journal of Criminology, vol. 2, no. 2, pp. 145-161, 2007.

33. Група автори, Војната во Македонија во 2001 година, Матица Македонска, Скопје 2006 год;

34. Ghislaine Guillotreau, Art and crime, Presses universitaires de France in Paris, 1999;

35. Деспотович Љубиша, Дробац Милорад- Геополитика и тероризам во времето на глобализацијата,Stylos, Нови Сад 2008 година;

36. Димовски Злате – Тероризам, Графотранс, Скопје 2007 година;

37. Димовски Злате, Илијевски Ице – Меѓународен Тероризам, Факултет за безбедност, Скопје 2011 година;

38. Димовски Злате – Илегалната трговија со оружје и тероризмот во РМ, Графотранс, Скопје 2005 година ;

39. Димовски Злате – Прирачник за криминалистичко разузнавање, Графотранс Скопје 2007 година;

40. Дојчиновски Методија, Современо воено разузнавање, Соларис Принт,Скопје, 2009 година;

41. Дојчиновски Методија, Оџаков Фердинанд - Разузнувачки операции и асиметрични закани, Соларис Принт, Скопје 2010 година;

42. Duyne, v. P.: Definitons of Organized Crime from other countires, The Netherlands, 1996. In: Organized Crime Research, (www.organized-crime.de/OCDEF1.htm)

43. DoD, JP – 1-02 – Dictionary od Military Associated Terms, USA, 2010

44. Eisenstadt Michael and White Jeffrey, Assessing Iraqs Sunni Arab Insurgency, Policy Fokus#50,December2005,See http://www.washingtoninstitute.org/html/pdf/PolicyFocus50.pdf

45. Епископ Липљански Јован Ћулибрк, Милашиновић Радомир, The Balkans and the Middle East:Are They Mirroring Each Other?, Београд, Чигоја, 2013,

46. Erlich Reese, Inside Syria: The Backstory of Their Civil War and What the World Can Expect,New York, Prometheus Books, 2014;

47. Зигел Дина, Хенк ван де Бунт, Заич Дамјан – Глобален организиран криминал, Магор, Скопје 2009 година;

48. Iztok Prezelj, „The Fight Against Terrorism and Crisis Management in the Western Balkans“, NATO Public Diplomacy Division, Ljubljana, 2007;

49. Јан Арте Шолте: Глобализација, Критички вовед, Академски печат, Скопје 2008 год;

50. Journal of Criminalisticsand Law, Academy of Criminalistic and Police Studies, Belgrade, 2012, See http://www.kpa.edu.rs/cms/data/akademija/nbp/NBP_2012_1.pdf

51. Yekelchyk Serhy, The Conflict in Ukraine, Oxford University Press,New York, 2015;

52. Камбовски Владо -Казнено право, Култура, Скопје 2004 година;

53. Камбовски, Владо, “Казнено право” посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело АД, Скопје, 2003;

54. Камбовски Владо- Организиран криминал, 2-ри Август, Скопје 2005 година;

55. Котовчевски Митко – Национална безбедност на Република Македонија- прв дел, Македонска цивилизација, Скопје 2000 година;

56. Котовчевски Митко – Национална безбедност на Република Македонија- втор дел, Македонска цивилизација, Скопје 2000 година;

57. Котовчевски Митко – Национална безбедност на Република Македонија- трет дел, Македонска цивилизација, Скопје 2000 година;

58. Котовчевски Митко- Современи разузнувачки служби Македонска цивилизација, Скопје 2002 година;

59. Котовчевски Митко – Современ тероризам, Макдеонска цивилизација, Скопје 2003 година;

60. Котовчевски Митко – Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје 2004 година;

61. Котовчевски Митко – Прирачник за заштита од тероризам и насилнички криминал, МО на АРМ, Скопје 2005 година;

62. Кузев Стојан – Стратегија на одбраната, Југореклам, Скопје 2001 година;

63. Климовски Саво, Уставен и политички систем, Просветно дело,, Скопје, 1999;

64. Кревелд, Мартин: Трансформација на војната, Табернакул, Скопје, 2009 год;

65. Крист Стјуарт – Четвртата војна, Скопје 2005 година

66. Kiely Ray, Empire in the Age of Globalisation: US Hegemony and Neo-liberal Disorder, London, Pluto Press, 2005,

67. Клер Т. Маикл: Воини за ресурси, Захарии Стојанов, София, 2003 год;

68. Colarik M. Andrew – Cyber Terrorism: Political and Economic Implications, Idea group publishing, London 2006 year;

69. Crenshaw, Martha: Theories of Terrorism, *The Journal of Strategic Studies*, vol. 10, no. 4, 1987,

70. Cronin K. Audrey, How Terrorism Ends, Princeton University Press, 2009

71. Лабовиќ Миодраг, "Власта корумпира", Де Гама,Скопје, 2006

72. Лабовиќ Миодраг и Николовски Марјан. , Организиран криминал и корупција, Ван Гог, Скопје, 2010

73. L. Ali Khan , A Theory of International Terrorism, Understanding Islamic Militancy, Martinus Nijhoff Publishers,Boston, 2006,

74. Martha Crensaw-Terrorism in Context, University Park, Pensilvania State University Press,1995.

75. Михајло Маневски, Корупцијата во Република Македонија, Скопје, 2005,

76. Милан Милутиновиќ, Криминологија, Савремена администрација, Београд, 1985;

77. Нацев Зоран, Начевски Радко – Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Скопје 2000 година.

78. Нацев, Зоран: Начевски Ратко. Безбедност и националната одбрана, Македонска ризница, Куманово, 2001 год.

79. Нобсадаум Ерик- Глобализација, демократија и тероризам, Архипелаг, Белград 2008 година;

80. NATO, Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency (COIN) AJP-3.4.4, February 2011

81. Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс- Напад на тероризмот, Нампрес, Скопје 2009 година.

82. Петровски Панде, Сведоштва – 2001, Киро Дандаро, Битола, 2006;

83. Петрит Менај, ОНА – порака и надеж, Том 1 и 2, Фондација институт отворено општество – Македонија, КОМА, Скопје 2008;

84. Петров Зоран - Атентат, Нова Македонија, Скопје 1996 година;

85. Paoli Letizia, The Oxford Handbook of Organized Crime (Oxford Handbooks), Oxford Handbooks,New York, 2014;

86. Прирачник за спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите, Министерство за Финансии, Скопје 2010 година.

87. Rosoff, Stephen M., Pontell, Henry N., and Robert Tillman. Profit Without Honor: White Collar Crime and the Looting of America. Upper Saddle River, NJ: Prentice Hall, 1998.

88. Рејкел Филип, Прирачник за транснационален криминал и правда, Датапонс,Скопје, 2009;

89. Salehyan Idean, Rebels without Borders: Transnational Insurgencies in World PoliticsCornell University Press, , London, 2011;

90. Sakwa Richard, Frontline Ukraine: Crisis in the Borderlands, I.B.Tauris,London, 2015;

91. Sehmid P. Alex and J. De Graff –Violence as Communication, Sage Publications, London 1982.

92. Стојчев Ванчо - Воена историја на македонскиот народ, Скопје 2001;

93. Сун Цу Ву., "Вештина на војувањето", Штрк, Скопје, 1996 год.

94. Soros, George: The Bubble of American Supremacy, Correcting the Misuse of American Power, Public Affairs, New York, 2004,

95. Scott D. Peter, Drugs, Oil, and War: The United States in Afghanistan, Colombia, and Indochina, Maryland, Rowman&Littlefield Publishing Group, 2003;

96. SullivanP. John, From Drug Wars to Criminal Insurgency, See http://www.scivortex.org/6FromDrugWarsCriminalInsurgency.pdf

97. Сулјеманов Зоран - Криминологија, Скопје 2003 година.

98. Shapiro N. Jacob, The Terrorists Dilemma, Princeton University Press,New Jersey, 2013;

99. Shelley I.Louise, Dirty Entanglements – corruption,crime and terrorism, Cambrige University Press, New York, 2014;

100. Turek, Franjo: Globalizacija i globalna sigurnost, Hrvatska udruga za medunarodne studije – HUMS, Varazdin, 1999 god;

101. Understanding Organized Crime (Criminal Justice Illuminated), London, Jones & Bartlett Learning; 2 edition, 2011;

102. Hudson, Rex: Terrorist and Organized Crime Groups in the Tri-Border Area (TBA) of South America, Washington DC: U.S. Library of Congress, 2003: See http://www.loc.gov/rr/frd/pdf-files/TerrOrgCrime_TBA.pdf.

103. Hybrid threats: Implications for Moldova – 2014 See http://www.academia.edu/10303487/Hybrid_Threats_Moldova_2014

104. Хју Питер - Поим за Глобална Безбедност, Табернакул, Скопје 2009 година;

105. Херман Мајкл, Моќта на разузнавањето во Мир и Војна, Академски печат, Скопје, 2009

106. Held Virginia – How Terrorism is Wrong, Oxford University Press, New York 2008 year;

107. Headquarters of the Army, USA, FM 3-24, Counterinsurgency, Washington DC, December, 2006

108. Hoffman Bruce, Inside Terrorism, Columbia University Press,New York,2006,

109. Hoffman Bruce, Insurgency and counterinsurgency in Iraq, Rand Corporation, National Security Research Division, 2004;

110. Friedman Thomas Loren: The Lexus and the olive tree, Farrat Straus Giroux, New York, 1999

111. Filiu Jean Pierre, From Deep State to Islamic State, Oxford University Press, New York, 2015;

112. Џефри Т. Ричардсон- Разузнавачка заедница на САД, Магор, Скопје 2009 година;

113. Шалијан Жерар и Блин Арно, Историја на Тероризмот – од Антика до Ал каеда, Табернакул, Скопје, 2009;

114. *Шкулић Милан, Организовани криминалитет - Појам, појавни облици, кривична дела и кривични поступак,* „Службени гласник“, Београд, 2015

115. Шикман, Миле, Тероризам, Бања Лука: Факултет за безбједност и заштиту, 2009

116. Шикман, Миле,Организовани криминалитет. (друго издање). Бања Лука: Висока школа унутрашњих послова, 2011,

117. Шикман, Миле.: *Међународноправни стандарди сузбијања организованог криминала,* у: Међународна и национална сарадња и координација у супростављању криминалу, Зборник радова, Интернационална асоцијација криминалиста, Бања Лука, 2010.

**Закони и други документи**

1. Устав на Република Македонија
2. Закон за внатрешни работи
3. Закон за полиција
4. Закон за одбрана

5. Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам
6. Закон за Агенција за разузнавање
7. Кривичен законик на Република Македонија
8. Закон за кривична постапка
9. Закон за Државната комисија за спречување на корупција
10. Закон за финансиска полиција
11. Закон за спречување на корупција
12. Стратегија на Европската унија за борба против тероризмот
13. Стратегија за национална безбедност
14. Закон за следење на комуникациите
15. Закон за заштита и спасување

**Интернет извори:**

1. www.au.af.mil
2. www.adl.org
3. www.amnesty.org
4. www.cia.gov
5. www.nctc.gov
6. www.vlada.gov.mk
7. www.dzr.gov.mk
8. www.defense.gov
9. www.global.fundforpeace.org/index.php
10. www.statista.com
11. www.start.umd.edu
12. www.ict.org.il
13. www.intelligence.senate.gov
14. www.nato.int
15. www.rs.nato.int
16. www.occrp.org/en

17. www.longwarjournal.org/
18. www.washingtonpost.com
19. www.washingtoninstitute.org
20. www.britannica.com
21. www.transnationalterrorism.eu
22. www.crime-research.org
23. www.usip.org
24. www.morm.gov.mk
25. www.arm.mil.mk
26. www.rusi.org
27. www.princeton.edu
28. www.globalinitiative.net
29. www.du.edu
30. www.politika.co.rs
31. www.nytimes.com
32. www.scivortex.org
33. www.crime-research.org/
34. www.wilsoncenter.org
35. www.css.georgetown.edu/
36. www.legal.un.org/ola/
37. www.mccdc.marines.mil
38. www.conflictarm.com
39. www.usip.org
40. www2.hawaii.edu/~pine/Phil110/terrorism.html
41. www.comw.org/rma/fulltext/otherop.html